РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ НА ЕУ
(ИПА)
ПРОГРАМА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ
2014 - 2020

Скопје, февруари 2015

С О Д Р Ж И Н А

1. ИМЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ 11

2. ПРОФИЛ НА ДРЖАВАТА 11

2.1 Географски подрачја кои се покриени со Програмата 12

3. ОПИС НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА 12

3.1 Општ социо-економски контекст 12
3.1.1 Дефиниција за подрачја кои се поврзани со спроведување на Програмата 12
3.1.2 Демографска состојба 13
3.1.3 Административен систем 14
3.1.4 Економски двигатели, продуктивност и пораст 15
3.1.5 Пазар на труд 20
3.1.6 Образовен систем 21
3.1.7 Користење на земјиштето и сопственост 22
3.2. Перформанси на земјоделскиот, шумарскиот и прехранбениот сектор 25
3.2.1 Конкурентност на земјоделството и преработката на храна 25
3.2.2 Конкурентност на секторот шумарство 49
3.2.3 Конкурентност на рибарството и аквакултурата 52
3.2.4 Човечки капитал и трансфер на знаење 54
3.2.5 Образование за земјоделството и шумарството 54
3.2.6 Советодавни услуги 56
3.2.5 Пристап до кредит 58
3.3. Животна средина и управување со земјиште 59
3.3.1 Ризици на напуштање на земјиштето и маргинализација 59
3.3.2 Влијанието на климатските промени врз земјоделството, потреби од мерки за адаптација и ублажување 60
3.3.3 Биодиверзитет особено поврзан со земјоделството и шумарството 62
3.3.4 Земјоделство со висока природна вредност (ЗВПВ) 63
3.3.5 Квалитет на водата и нејзината врска со земјоделството 65
3.3.6 Емисии на стаклени гасови 65
3.3.7 Квалитет на почвата и ерозија 66
3.3.8 Обновливи извори на енергија 67
3.3.9 Употреба на пестициди и вештачки ѓубрива 69
3.4. Рурална економија 69
3.4.1 Потенцијал за рурален туризам 72
3.4.2 Промоција и развој на мали и средни претпријатија во руралните средини 73
3.4.3 Занаети 74
3.4.4 Обезбедување на услуги во руралните средини 75
3.4.5 Обезбедување на инфраструктура 76
3.4.6 Културно наследство и градежно опкружување во селата 78
3.5. Подготовка и имплементација на локалните стратегии за развој – ЛЕАДЕР 78

4. ПРЕДНОСТИ, СЛАБОСТИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ 80

4.1. Земјоделство, шумарство и прехранбена индустрија 80
4.2. Животна средина 83
4.3. Рурална економија и квалитет на живот 84

5. ГЛАВНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕТХОДНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА 86

5.1. Национална политика за поддршка во земјоделството и руралниот развој. 86
5.2. Преглед на ЕУ помошта 88
5.2.1 Преглед на ИПА-ТАИБ и TAIEX помошта 88
5.2.2 Преглед на спроведувањето на ИПАРД I 89
5.3. Преглед на билатерална и мултилатерална помош 91
5.4. Научени лекции од минатата ЕУ, билатерална и мултилатерална помош 94
5.5. Научени лекции од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2007 - 2013 95

6. ОПИС НА СТРАТЕГИЈАТА 97

6.1. Опис на програмата стратегија за рурален развој 97
6.1.1 Целите на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 97
6.1.2 ИПА II Цели на политиките за земјоделство и рурален развој 100
6.2. Идентификување на потребите и преглед на целокупната стратегија 101
6.2.1. Подобрување на одржливоста и конкурентноста на земјоделските стопанства во земјоделството и преработката на храна 109
6.2.2 Обновување, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството 110
6.2.3 Промовирање на рамномерен територијален развој во руралните средини 111
6.2.4 Трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и руралните средини 112
6.2.5 Хоризонтални и вкрстени приоритети 113
6.3. Конзистентност помеѓу предложената ИПАРД поддршка и Државниот стратешки документ (ДСД) 113
6.4. Интервентна матрица на Програмата, мерки и квантифицирани цели 116

7. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ПРОГРАМАТА 119

7.1. Максимален придонес на ЕУ за ИПАРД фондови 2014-2020, во ЕУР 119
7.2 Буџет на придонес на ЕУ по мерка 2014-2020, во ЕУР (само за цели за следење) 119
7.3 Процентуален распоред на ЕУ придонес по мерка 2014-2020 120
7.4. Финансиски План по мерка 2014-2020, во ЕУР 121
7.5. Индикативна поделба на буџетот по мерки 2014-2020, во ЕУР 122

8. ОПИС НА ИЗБРАНИТЕ МЕРКИ 123

8.1. Услови во однос на сите или неколку мерки 124
8.1.1 Барателi прифатливи за поддршка 124
8.1.2 Услови за поднесување барање за поддршка 125
8.1.3 Исплата на рати и аванси на инвестициската поддршка 126
8.1.4 Услови за финансирање 126
8.1.5 Прифатливи трошоци за инвестициска поддршка 127
8.1.6 Стандардни трошоци и претходни претпоставки на приходите 128
8.1.7 Правила за потекло 129
8.2. Управна постапка 129
8.2.1 Административни проверки 130
8.2.2 Проверка на прифатливост на трошоците и проценка на економската и финансиската одржливост 130
8.2.3 Контроли на лице место 130
8.2.4 Бодување и рангирање на проектите 130
8.2.5 Одобрување на проекти и договори 130
8.2.6 Одбивање на проекти 131
8.2.7 Имплементација на проектот 131
8.2.8 Одобрување на исплата 131
8.2.9 Ex-post контроли 132
8.3. Опис по мерки 132

МЕРКА ИНВЕСТИЦИИ ВО ФИЗИЧКИ (МАТЕРИЈАЛНИ) СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА 132

1. Образложение 132
2. Општи цели 133
2.1. Специфични цели 133
3. Поврзаност со други мерки во програмата и со националните мерки 133
4. Крајни корисници 135
4.1. Видови на корисници 135
4.2. Ограничувања 135
5. Општи критериуми за прифатливост 136
5.1. Основни услови за поддршка 136
5.2. Национални и ЕУ стандарди кои треба да се почитуваат 137
5.3. Економска одржливост на земјоделското стопанство 138

5.4. Други општи критериуми за прифатливост 139
6. СПЕЦФИЧНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ **140**
7. ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ **141**
7.1. Вид на прифатливи инвестиции 141
7.2. Приоритетни сектори 141
7.3. Примери на прифатливи инвестиции: 141
7.4. Прифатливите трошоци ќе бидат ограничени на: 142
8. КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА **143**
9. ВИСИНА НА ПОДДРШКА **144**
10. ИНДИКАТИВЕН БУЏЕТ **145**
11. ИНДИКАТОРИ **145**
12. АДМИНИСТРАТИВНА ПОСТАПКА **146**
13. ГЕОГРАФСКИ ОПСЕГ НА МЕРКАТА **146**

МЕРКА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ **146**

1. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ **146**
2. ОПШТИ ЦЕЛИ **147**
2.1. Специфични цели 147
3. ПОВРЗАНОСТ СО ДРУГИ МЕРКИ ВО ПРОГРАМАТА И СО НАЦИОНАЛНИТЕ МЕРКИ **147**
4. КРАЈНИ КОРИСНИЦИ **148**
4.1. Типови на корисници 148
4.2. Ограничувања и демаркација 149
5. ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ **150**
5.1. Општи услови за поддршка 150
5.2. Национални стандарди и ЕУ стандарди 150
5.3. Економска одржливост на претпријатието 151
5.4. Други општи критериуми за прифатливост 152
6. ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ **152**
7. ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ **152**
7.1. Вид на прифатливи инвестиции 152
7.2. Приоритетни сектори 152
7.3. Примери на прифатливи инвестиции: 153
7.4. Прифатливите трошоци ќе бидат ограничени на: 154
8. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР **155**
9. ВИСИНА НА ПОДРШКА **156**
10. ИНДИКАТИВЕН БУЏЕТ: **156**
11. ИНДИКАТОРИ **157**
12. АДМИНИСТРАТИВНА ПРОЦЕДУРА **157**
13. ГЕОГРАФСКИ ОПСЕГ НА МЕРКАТА **157**

МЕРКА ИНВЕСТИЦИИ ВО РУРАЛНАТА ЈАВНА ИНФРАСТРУКТУРА **157**

1. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ **157**
2. ОПШТИ ЦЕЛИ **159**
2.1. Специфицни цели 159
3. ПОВРЗАНОСТ СО ДРУГИ МЕРКИ ВО ПРОГРАМАТА И СО НАЦИОНАЛНИТЕ МЕРКИ **159**
4. КРАЈНИ КОРИСНИЦИ **160**
4.1. Видови на корисници 160
5. ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ **160**
5.1. Општи услови за поддршка 160
5.2. Националните и ЕУ стандарди 161
5.3. Економска/финансиска одржливост 161
5.4. Други општи критериуми за прифатливост 161
6. ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ **161**
7. ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ **161**
7.1. Вид на прифатливи инвестиции 161
7.2. Прифатливи инвестиции 162
7.3. Демаркација (разграничување) на поддршката 163
7.4. Прифатливите трошоци ќе бидат ограничени на: 163

8. Критериуми за селекција 164
9. Интензитет на поддршката 165
10. Индикативен буџет 165
11. Индикатори 165
12. Административна процедура 165
13. Географски опсег 166

МЕРКА: ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИТЕ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ 166

1. Образложение 166
2. Општи цели 167
2.1. Специфични цели 167
3. Поврзаност со други мерки во програмата и со националните мерки 168
4. Крајни Корисници 169
4.1. Видови корисници 169
4.2. Ограничувања и разграничување 170
5. Заеднички критериуми за прифатливост 170
5.1. Општи барања за поддршка 170
5.2. Национални стандарди кои треба да се почитуваат 171
5.3. Економската оправданост на земјоделското стопанство 172
5.4. Други општи критериуми за прифатливост 173
6. Посебни критериуми за прифатливост 174
7. Прифатливи трошоци 174
7.1. Вид на прифатливи инвестиции 174
7.2. Приоритетни сектори 174
7.3. Примери на прифатливи трошоци 176
7.4. Прифатливите трошоци се ограничени на: 176
8. Критериуми за избор 177
9. Висина на поддршка 178
10. Индикативен буџет 179
11. Индикатори 179
12. Административна постапка 179
13. Географски опсег на мерката 180

МЕРКА 501 ТЕХНИЧКА ПОМОШ 180

1. Образложение 180
2. Општи Цели 180
2.1. Специфични цели 180
3. Поврзаност со други мерки во програмата и со националните мерки 181
4. Крајни корисници 181
5. Општи критериуми за прифатливост 181
6. Прифатливи трошоци 182
6.1 Тип на прифатливи активности 182
6.2. Примери на прифатливи активности: 183
7. Висина на поддршка 184
8. Индикативен буџет 184
9. Индикатори 185
10. Административна Процедура 185
11. Географски Опсег на мерката 185
12. Преодни одредби 186

9. НАЦИОНАЛНА МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ 186

10. ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОМПЛЕМЕНТАРНОСТА НА ИПАРД СО МЕРКИТЕ ФИНАНСИРАНИ ОД ДРУГИ (НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ) ИЗВОРИ 189

10.1. Критериуми за демаркација на ИПАРД со поддршката во рамките на други области на ИПА политиката 189
10.2. Надополнување на ИПАРД со други донатори и МФИ инструменти 191
10.3. Критериуми за демаркација и комплементарност на ИПАРД мерките со националната политика 192

11. ОПИС НА ОПЕРАТИВНАТА СТРУКТУРА, ВКЛУЧИТЕЛНО СЛЕДЕЊЕ И ПРОЦЕНКА 192

11.1. Опис на Оперативната структура (Тело за управување и ИПАРД Агенција) и нивните главни функции 192
11.1.1 Тело за управување 192
11.1.2 ИПАРД Агенција 194
11.2. Опис на системите за мониторинг и евалуација 195
11.3. Планиран состав на Комитетот за следење 198

12. ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА СТРУКТУРАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА 199

12.1. Национален ИПА координатор (НИПАК) 199
12.2. Национален службеник за авторизација (НАО) 199

13. РЕЗУЛТАТИ ОД КОНСУЛТАЦИИТЕ ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ И ОДРЕДБИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ ВЛАСТИ И ОРГАНИ, КАКО И СООДВЕТНИТЕ ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ И ЕКОЛОШКИ ПАРТНЕРИ 202

13.1. Усвоени одредби за здружување на соодветните државни органи, тела и партнери 202
13.2 Избор на партнери за процесот на консултации – преглед 204
13.3. Резултати од консултациите - преглед 204

14. РЕЗУЛТАТИ И ПРЕПОРАКИ ОД *ПРЕТХОДНАТА* (EX-ANTE) ПРОЦЕНКА НА ПРОГРАМАТА 205

14.1. Опис на процесот 205
14.2. Преглед на екс-анте препораките 205

15. ПУБЛИЦИТЕТ, ВИДЛИВОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ИПА ЗАКОНОДАВСТВОТО 206

15.1. Активности предвидени за информирање на потенцијалните корисници, професионалните организации, економски, социјални и еколошки партнери, телата вклучени во промовирање еднаквост меѓу мажите и жените и невладини организации за можностите кои ги нуди програмата и правила за добивање пристап до финансиски средства. 208
15.2 Активности предвидени за информирање на корисниците за придонесот на ЕУ 208
15.3. Активности за информирање на јавноста за улогата на ЕУ во програмите и резултатите од него 209

16. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НЕ- ДИСКРИМИНАЦИЈА 210

17. ТЕХНИЧКИ И СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ 211

18. АНЕКСИ 212

АНЕКС 1: ЛИСТА НА РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА 212

АНЕКС 2: ЛИСТА НА ПЛАНИНСКИ ПОДРАЧЈА 217

АНЕКС 3: ЛИСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РЕГИОНИ 221

АНЕКС 4: СТАТИСТИКА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ХРАНА 221

АНЕКС 5: ЛИСТА НА ЛОКАЛНИ АДМИНИСТРАТИВНИ ЕДИНИЦИ ПРИФАТЛИВИ ВО МЕРКАТА «ИНВЕСТИЦИИ ВО РУРАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА» 230

АНЕКС 6: *EX-ANTE* МАТРИЦА СО ПРЕПОРАКИ 236

АНЕКС 7: СПИСОК НА КОНСУЛТИРАНИ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ПАРТНЕРИ 241

АНЕКС 8: КРАТОК ПРЕГЛЕД НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ 243

АНЕКС 9: ДЕФИНИЦИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 247

АНЕКС 10: СКЛАДИРАЊЕ И РАКУВАЊЕ СО ЃУБРИВО 248

АНЕКС 11: КОЕФИЦИЕНТИ ЗА СТОЧНИ ЕДИНИЦИ (LAU) 249

АНЕКС 12: ЛИСТА НА ПРОИЗВОДИ ОД АНЕКС I НА ДОГОВОРОТ 250

АНЕКС 13: ОПИС НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРОЦЕНКА НА ЕКОНОМСКАТА ОДРЖЛИВОСТ НА КОРИСНИЦИТЕ 253

КОНТАКТИ ПОВРЗАНИ СО УПРАВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА: 253

Т а б е л и

Табела 1: Административни и територијални согласно нивоата на NUTS 11
Табела 2: Население и територија на руралните подрачја 13
Табела 3: Население според старост 14
Табела 4: Општини според тип 15
Табела 5: Макроекономски податоци 16
Табела 6: Број на активни деловни ентитети по сектори 19
Табела 7: Стапка на вработеност 20
Табела 8: Економски активно население и вработени/невработени во руралните и урбаните региони 20
Табела 9: Искористеност на земјиштето 22
Табела 10: Подрачје на земјоделско земјиште (во 000 хектари) 22
Табела 11: Распределба на земјоделско земјиште во државна сопственост 23
Табела 12: Користење на земјиштето на основа на LPIS 24
Табела 13: Индикатори на економски развој за земјоделството и преработката на храна 25
Табела 14: Вкупен инпут на земјоделски труд (1000 ГРЕ) 26
Табела 15: Број на земјоделски стопанства и обработено подрачје/LSU 28
Табела 16: Структура на Бруто Земјоделскиот Аутпут 30
Табела 17: Структура на аутпут на земјоделските култури 31
Табела 18: Обработливо земјиште според категорија на употреба на култура во '000 ha 31
Табела 19: Структура на добиточен земјоделски аутпут 34
Табела 20: Број на добиток (во глави добиток) 34
Табела 21: Органско производство и структура на фарма 39
Табела 22: Број на одобрени и регистрирани капацитети за производство 42
Табела 23: Број на претпријатија кои преработуваат овошје и зеленчук и регионална распореденост 42
Табела 24: Производство на преработено овошје и зеленчук 42
Табела 25: Број на производители на вино и регионална распореденост 43
Табела 26: Број на мелнички претпријатија и регионална распореденост 44
Табела 27: Количини на откупено млеко 44
Табела 28: Број на регистрирани претпријатија за млеко и регионална распореденост 45
Табела 29: Структура на млекопреработувачи според инсталирани дневни капацитети за преработка 45
Табела 30: Број на претпријатија за преработка на месо и регионална распореденост 46
Табела 31: Број на кланици и регионална распореденост 46
Табела 32: Трговија со агро-прехранбени и рибни прозводи 48
Табела 33: Структура и големина на инсталираните капацитети за аквакултура 53
Табела 34: Производство на аквакултура и улов од комерцијален риболов 53
Табела 35: Број на запишани студенти во прва година високо образование 54
Табела 36: Број на примероци во колекцијата на ген-банка 62
Табела 37: Земјоделски стопанства и работната сила според вид на регион 71
Табела 38: Рурални деловни субјекти 73
Табела 39: Распореденост на руралното население според големината на населбата 76
Табела 40: Локални патишта по тип на регион 77
Табела 41: Интерес за користење на средства од ИПАРД Програмата по јавни повици 91

Табела 42: Временски распоред за програмирање и спроведување на мерките.....123

С л и к и

Слика 1: Класификација на земјоделските стопанства по тип на стопанска дејност.....29
Слика 2: Споредба на ИЗЗ по земјоделско стопанство со ЕУ и ЈИЕ (2010, 2012, ha).....30
Слика 3: Површина погодени од степенот на ерозија на почвата.....66
Слика 4: БДВ и вработување во руралните средини од страна на Секторот (%) (2012).....70
Слика 5: БДВ агро-храна и вработување во руралните средини (%) (2012).....70

Скратеници

АПРЗ	Агенција за поттикнување на развој на земјоделството
АФПЗРР	Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
АХВ	Агенцијата за храна и ветеринарство
БДП	Бруто домашен производ
БДВ	Бруто додадена вредност
BRC	Британски трговски конзорциум
ВЕТ	Стручно образование и обука
ГАП	Добра земјоделска пракса
ГЕФ	Глобалниот фонд за животна средина
ГИЗ	Германска агенција за меѓународна соработка (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit)
ГИС	Географски информативен систем
ГМО	Генетски модифицирани организми
ГРЕ	Годишни работни единици
GSM	Глобален систем за мобилни комуникации
ГТЗ	Германско друштво за техничка соработка

ГХГ	Емисија на стакленѝчки гасови
GWh	Гигавати на час
ДДВ	Данок на додадена вредност
ДЗС	Државен завод за статистика
EARDF	Европскиот фонд за земјоделство и рурален развој
ЕНП	Европска соседска политика
ЕНИ	Европски инструмент за соседство
ЕУ	Европска унија
ЕУ 25	Европската Унија од 25 земји-членки од 1 мај 2004 до 31 декември 2006 (Белгија, Чешка, Данска, Германија, Естонија, Ирска, Грција, Шпанија, Франција, Италија, Кипар, Летонија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија , Австрија, Полска, Португалија, Словенија, Словачка, Финска, Шведска, Велика Британија)
ЕУ 27	Европската Унија од 27 земји-членки од 1 јануари 2007 до 1 јули 2013 година (Белгија, Бугарија, Чешка, Данска, Германија, Естонија, Ирска, Грција, Шпанија, Франција, Италија, Кипар, Летонија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија , Австрија, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Словачка, Финска, Шведска, Велика Британија)
ЕУ 28	Европската Унија од 28 земји-членки од 1 јули 2013 година (Белгија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Данска, Германија, Естонија, Ирска, Грција, Шпанија, Франција, Италија, Кипар, Летонија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија , Австрија, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Словачка, Финска, Шведска, Велика Британија)
€/Евра	Валута на Европската унија
ЗВПВ	Земјоделство со висока вредност за природата
ЗКДФ	Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд
ЗЗП	Заедничката земјоделска политика (на ЕУ)
ИАКС	Интегриран административен и контролен систем
ИЗП	Искористена земјоделска површина
ИБРД	Меѓународна банка за обнова и развој
ИФАД	Меѓународен фонд за развој на земјоделството
ММФ	Меѓународн монетарен фонд
ИПА	Инструментот за претпристапна помош
ИПА ТАИБ	Инструментот за претпристапна помош - Техничка помош за градење на институции (исто така наречен ИПА Компонента I во програмскиот период 2007-2013 година)
ИПАРД	Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (исто така наречен ИПА Компонента V во програмскиот период 2007-2013)
ИПАРД I	Инструмент за претпристапна помош за рурален развој во програмскиот период 2007-2013)
ИПЦЦ	Меѓувладин панел за климатски промени
ИСКЗ	Интегрирано спречување и контрола на загадувањето
ISO	Меѓународна организација за стандардизација
IUCN	Меѓународна унија за заштита на природата
JBIC	Јапонски конзорциум за биолошка информатика
JICA	Јапонска агенција за меѓународна соработка
ЈИЕ	Југоисточна Европа
ЈПП	Јавно приватно партнерство
Комисијата	Европската комисија
LAU	Локални административни единици
ЛАГ	Локална Акциона Група

LEADER/ЛЕАДЕР	"Liaison Entre Actions de Développement de l'Économie Rurale", што значи "Врски помеѓу руралната економија и развој на акции"
LEE	Листа на прифатливи трошоци
LFA	Подрачја со ограничени можности
LPIS/ЛПИС	Систем за идентификација на земјишни парцели
МАП	Македонската асоцијација на преработувачи
МК	Комитет за следење/Мониторинг комитет
МААСП	Програма за поддршка на советодавните услуги во македонското земјоделство
МЗШВ	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МКД	Македонски денари (валутата на земјата)
МК	Министерството за култура
МЕ	Министерство за економија
МЖСПП	Министерство за животна средина и просторно планирање
МФ	Министерство за финансии
МЗ	Министерство за здравство
МЛС	Министерство за локална самоуправа
МОН	Министерство за образование и наука
МСП	Мали и средни претпријатија
МТВ	Министерство за транспорт и врски
МТСП	Министерство за труд и социјална политика
MW	Мега вати
НАО	Национален службеник за авторизација
НСЗРР	Националната стратегија за земјоделство и рурален развој
НКД	Националната класификација на дејности
НФ	Национален фонд (Министерство за финансии)
НВО	Невладина организација
НИПАК	Национален координатор за ИПА
НПАА	Национална програма за усвојување на правото на ЕУ
НМРР	Национална мрежа за рурален развој
NTEC/NUTS	Номенклатура на територијални единици за статистика
ОВЖС	Оценка на влијанието врз животната средина
OECD	Организација за економска соработка и развој
ОиЗ	Овошје и зеленчук
ОН	Обединети нации
ПРАГ	Практичен водич за јавни набавки на ЕУ
РМ	Република Македонија
SAA	Договор за стабилизација и асоцијација
СДИ	Странски директни инвестиции
СЕП	Секретаријат за европски прашања
СИДА	Шведската агенција за меѓународен развој
Сл.	Службен весник на Република Македонија
СЛР/LDS	Стратегија за локален развој
СМО	Заедничката организација на пазарот
СТО	Светската трговска организација
SWOT	Силни страни, слабости, можности и закани со анализа
TAIEX	Техничка помош и размена на информации
ТП	Техничка помош
ТРЕ	Вкупни јавни расходи
УНДП	Програма за развој на Обединетите нации,
УНЕП	Програма на Обединетите нации за животна средина
УНЕСКО	Организација на Обединетите нации за образование наука и култура
УНФЦЦЦ	Рамковна конвенција на Обединетите нации за климатски промени
УСАИД	Агенција на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој

УХТ	Ултра-висока температура (за млеко)
ФАДН	Мрежа на сметководствени податоци на фарма
ФАО	Организација за храна и земјоделство (на ОН)
ФФРМ	Федерација на фармери
ФМС	Систем за следење на фарма
ФТА	Договор за слободна трговија
HACCP	Анализа на опасности и критични контролни точки (стандард)
ЦЕФТА	Договор за слободна трговија во Централна Европа
CORINE	Координирана информација за Европската животна средина
СБ	Светска банка

1. ИМЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

ИПА Програма за рурален развој 2014-2020 (понатаму во текстот како „Програмата“).

2. ПРОФИЛ НА ДРЖАВАТА

Република Македонија се наоѓа на југо-западниот дел од Балканскиот Полуостров во југо-источниот дел на Европа. Државата зафаќа вкупна територија од 25 713 km^2, од која 857 km^2 се водени површини, додека пак 24 856 km^2 е копно. Согласно последниот попис на населението во 2002 година, државата е населена со 2,02 милиони жители.

Согласно националната номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, целата држава е класифицирана во нивоата НТЕС 1 и 2. Националната класификација и шифрирањето на административните единици е презентирана во Табела 1.

Табела 1: Административни и територијални согласно нивоата на NUTS

НЕТС ниво	Шифра	Опис
1	MK0	Цела територија како административна единица
2	MK00	Цела територија како административна единица
3	MK001, MK002, MK003, MK004, MK005, MK006, MK007, MK008	8 не-административни единици – статистички региони кои произлегуваат од групирањето на општините како административни единици со пониско ниво
4	MK001XX, MK002XX, MK 003XX, MK 004XX, MK 005XX, MK 006XX, MK 007XX, MK 008XX	70 општини како административни единици 10 општини како административни единици во градот Скопје
5	MK001XXXX, MK002XXXX, MK 003XXXX, MK 004XXXX, MK 005XXXX, MK 006XXXX, MK 007XXXX, MK 008XXXX	1767 населби како административни единици

Извор: Номенклатура на територијални единици за статистика во Република Македонија - NUTS (СВ бр.158/2007)

Државата е поделена на 8 не-административни плански региони (НЕТС 3), 80 општини (ЛАЕ 1) и 1 767 населби (ЛАЕ 2). Согласно дефиницијата на “OECD” за рурални подрачја[1], има 6 доминантни НЕТС 3 региони и 2 – полу-рурални НЕТС 3 региони.

[1] Дефиницијата на OECD се користи за да се изедначи општествено-економската анализа согласно општите индикатори (http://www.oecd.org/gov/regional-policy/OECD_regional_typology_Nov2012.pdf). Согласно дефиницијата на OECD и податоците

2.1 Географски подрачја кои се покриени со Програмата

Програмата ќе се спроведува на целата територија на Република Македонија.
Дефиницијата за рурални подрачја и земјоделски региони ќе се користи за интервенции базирани на територијата, соодветно под мерките „Диверзификација на фармите и деловен развој" и „Мерка за земјоделство - животна средина – клима и органско земјоделство".

3. ОПИС НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА

3.1 Општ социо-економски контекст

3.1.1 Дефиниција за подрачја кои се поврзани со спроведување на Програмата

Рурални подрачја
Со цел да се спроведе Програмата, руралните подрачја се одредени на нивото на населби како административни единици (ЛАЕ 2) во кои бројот на жители не надминува 30 000 жители, согласно последниот официјален национален попис на населението во 2002. Според тоа, руралните подрачја покриваат 80% од територијата и 59% од населението.

"Листата на рурални подрачја" е презентирана во Анекс 1 од оваа Програма. Оваа листа ќе се применува за територијално таргетирање на инвестициски активности кои се поддржуваат со мерката „Диверзификација на фармите и деловен развој".

Во случај да се направи национален попис на населението за период на времетраење на оваа Програма, Телото за управување ќе ја ревидира листата согласно резултатите од пописот, не подоцна од еден месец од денот на објавување на официјалните резултати од страна на Државниот завод за статистика.

Планински подрачја
Државата е претежно планинска, каде што 80% од нејзината територија е покриена со брегови и планини и со просечна висина на теренот од 850 метри надморска височина.

Со цел да се спроведува Програмата, направено е одредување на планинските подрачја на ниво на населби (ЛАЕ 2) над 700 m височина, каде што природните пречки и климатските услови, како и стрмните падини ги ограничуваат можностите за ефикасна земјоделска активност. Одредувањето се заснова на територијата која и припаѓа на населбата (катастарска територија), на основа на просечни вредности за критериумот за одредување – висина на ниво на населба. Бројот на населби кои се одредени како „планински" подрачја е 734 со вкупен број на население од 244 460 жители[2].

Листата на „Планински" подрачја е дадена во Анекс 2 од оваа Програма. Оваа листа ќе се применува за повисок интензитет на помош за инвестициски проекти под мерката „Инвестиции во физички средства на земјоделските стопанства".

Земјоделски региони
Како резултат на топографијата на државата и климатските услови, се препознаваат засебни земјоделски региони, секој од нив со своја сопствена почва, терен и микро-климатски особености кои влијаат на изборот за земјоделско производство. Неформалната поделба препознава 10 земјоделски региони кои кореспондираат со географските долини на државата:

од пописот во 2002 година, одредени зе шест главни рурални региони (Источен, Северо-источен, Полог, Југо-источен, Југо-западен и Вардар) и два полу-рурални региони (Скопје и Пелагонија). Иако Скопје е главен град, бројот на урбаното население не преминува 500 000 жители, па така се класифицира како полу-регион.
[2] Согласно податоците за попис на населението (2002) од Државниот Завод за Статистика.

Скопско Поле, Кумановско – Липковско Поле, Кочанско Поле, Овче Поле, Полог, Пелагонија, Тиквешко Поле, Струмичко Поле, Охридско-Преспански Регион и Гевгелиско-Валандовско Поле. Овие региони се карактеризираат со интензивна земјоделска активност и над 90% од земјоделските стопанства ги извршуваат своите активности во овие региони.

Со цел да се спроведува Програмата, дефиницијата за земјоделските региони ќе се применува за територијално таргетирање на плаќањата за земјоделство – животна средина кои се однесуваат на активности за заштита на почвата и водата под мерката „Мерка за земјоделство-животна средина-клима и органско земјоделство".
Листата на Земјоделски региони е објаснета на ниво на општини (ЛАЕ 1) како што е дадено во Анекс 3 од оваа Програма.

3.1.2 Демографска состојба[3]

Согласно последниот официјален попис на населението, направен во 2002 година, земјата има вкупен број на население од 2 022 547, во вкупен број од 564 296 домеќинства, со просечен број од 3,6 лица во едно домаќинство (повисоко од просекот на 27-те земји членки на ЕУ кој изнесува 2,3). Просечната густина на население која е пресметана на вкупната површина на државата (25 713 km^2) е 79 жители на km^2 (што укажува на ниска густина на населеност во споредба со ЕУ27, која има просек од 115 жители).[4]

Во 2002, 59% од вкупното население живеело во претежно руралните региони (споредено со 22,5% во ЕУ 27). Густината на населеност во претежно руралните региони е пониска од националниот просек (69 во однос на 81 жител на km^2 земјиште, соодветно). (Табела 2).

Населението е главно концентрирано во урбаните центри, со 23,1%, во Скопје – главниот град, 5% во Куманово, 4% во Битола, 3,5% во Тетово, 3% во Велес, и 24% во другите помали градови (кои што во поголем дел имаат најмногу 10 000 жители). Најгусто населен е регионот на Скопје, со 318 жители на km^2 или 28% од вкупното население е населено во овој регион; регионот на Вардар (38 жители /km^2) е најмалку населениот регион, со само 7,6% од вкупното население.

Табела 2: Население и територија на руралните подрачја

Тип на регион	Население (Попис 2002)		Население (проценки 31.12.2012)		Катастарска територија		Густина на населеност (Попис 2002)
	Број	% од вкупно	Број	% од вкупно	Km^2	% од вкупно	Жители / km^2
Претежно рурални региони	1.206.272	59,64	1.218.945	59,17	17.418	72,26	69
Полу-рурални региони	816.280	40,36	842.099	40,83	6.668	27,74	122
Вкупно	**2.022.552**	**100,00**	**2.062.294**	**100,00**	**24.106**	**100,00**	**84**

Извор: ДЗС, 2013 (MAFWE пресметки, 2014).

Во последните триесет години, државата се соочува со суров „синдром на стареење на населението". Од 1981 до 2012, бројот на млади луѓе (0 до 19 години) паднал од 41% на 23,9% во вкупниот број на население, додека пак населението со старост од 65 години и повеќе се зголемило од 8% на 12% (сé уште пониско од просекот на ЕУ 27 од 17,9 %). *Руралните подрачја имаат проблем со задржувањето на младата популација*. Незадоволителна

[3] Податоците од последниот официјален попис (2002) се користат за демографска анализа, освен ако не се наведе поинаку.
4 Согласно проценките за населението во 2012 направени од Државниот Завод за Статистика, вкупниот број на население изнесува 2 062 294 жители и национална густина на население од 80.2 жители на km^2.

структура на старост во руралните средини е особено пронајдена во регионите: Пелагонија (14,9%), Исток (13,2%), Вардар (13,1%), Југо-исток (12,4%) и Скопје (12, 6%).

Согласно сегашните пресметки за населението во 2013 година, бројот на население се зголемил на вкупно 2 065 769 жители. Меѓутоа, зголемувањето на бројот на населението во претежно руралните региони, во споредба со 2002, е незначително (1%) отколку во полу-руралните региони (3,7%). Опсервациите направени на ниво на рурални општини укажуваат на пад во бројот на населението, а 80% од вкупното зголемување во 2013 година се случува само во регионот на Скопје.

Просечната старост на населението во Македонија е од прилика 40 години, а 70,7% од населението е работоспособно (помеѓу15 и 64). Согласно структурата на населението,76,8% се мажи со старост помеѓу 15-64 години и 52,7% се жени со старост помеѓу 15-64[5]. Уделот на работоспособно население е понизок во напредните региони (40%) отколку во претежно руралните региони *(60%).*

Табела 3: Население според старост

Тип на регион	Население под работна старост (0-15)		Население во работна возраст (15-64)		Население над границата на работо способни (65 и нагоре)		Вкупно	
	Население (илјади)	% во вкупно население	Население (илјади)	% во вкупно население	Население (илјади)	% во вкупно население	Население (илјади)	% во вкупно население
Претежно рурални регион	200.822	16,5	878.915	72	139.665	11,5	1.219.217	100
полурурални	147.594	17,4	582.710	68,9	116.063	13,7	846.552	100
Вкупно	348.416	16,9	1.461.625	70,7	255.728	12,4	2.065.769	**100**

Извор:ДЗС, Годишни пресметки за население за 2013 (пресметки на МЗШВ, 2014).

3.1.3 Административен систем

Административниот систем на државата е организиран на државно и локално ниво. Во контекст на државното управување, власта на државата е поделена во законодавна (Собранието), извршна (Претседател на Републиката и Влада) и судска(Судски совет на Републиката). Владата на републиката е сместена во главниот град Скопје. Владата е составена од министерства и други државни агенции и институции.

Локалното управување е организирано од единици на локална самоуправа на ниво на општини[6]. Со општините управуваат Советите на општините и градоначалниците избрани на локални избори, кои се организираат на секои четири години. Секоја населба и град во рамките на општината може да воспостави форма на локална самоуправа на урбаните општини или локални заедници. Градот Скопје е посебна единица на локална самоуправа, поради специфичниот карактер на градот како главен град на државата[7].

Надлежностите и работата на локалните самоуправи се регулира согласно Законот за локална самоуправа. Додатни надлежности може да се доделат од централната власт (ниво на Влада) до општините, согласно посебни законски акти, како на пример изградба, катастар, управување со урбано земјиште, животна средина и тн. Локалните самоуправи можат да соработуваат и да формираат заедничка надлежност согласно Законот за меѓу-општинска соработка. Локалните самоуправи се организирани во едно национално здружение – Заедница на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) кое е формирано во 1972 година.

[5] Според ДЗС (2013)
[6] Согласно Законот за територијално организирање на локалните самоуправи
[7] Согласно Законот за градот Скопје

Според територијалната поделба на државата, општините се класифицирани како урбани (со седишта во градовите) и рурални (со седишта во селата) и градот Скопје како агломерација од 10 општини (со седиште во градот Скопје). Согласно оваа типологија, има 37 рурални општини и 33 урбани општини и градот Скопје. Вкупниот број на населби во државата е 1 767 од кои 33 населби се дефинирани како градови, а 1 734 населби се дефинирани како села. Од 33 града, 12 града имаат помалку од 10 000 жители (таканаречени "гратчиња").

Табела 4: Општини според тип

Административна поделба[8]	Број на општини	Вкупен број населби	Наслеби под 10000 жители	Население (2002)	Територија	Густина на населеност
					Km^2	Жители/km^2
Рурални општини	**37**	**673**	**673**	**370.858**	**17.076**	**39**
Урбани општини	**33**	**1.043**	**1.022**	**1.144.768**	**6.459**	**132**
Од кои села	*/*	*1.010*	*1.010*	*397.539*	*4.215*	*103*
Градот Скопје	**10**	**51**	**50**	**506.926**	**1.818**	**278**
Од кои села	*/*	*51*	*50*	*120.475*	*n/a*	*/*
Вкупно	**80**	**1.767**	**1.745**	**2.022.552**	**24.106**	*/*

Извор:ДЗСПописни податоци, 2002 (МЗШВ пресметки, 2014).* вклучително урбани општини на градот Скопје

Просечниот број на население во руралните општини е 20 963 жители. Меѓутоа, 25 рурални општини имаат вкупен број на население од најмногу 10 000 жители, од кои скоро една третина има помалку од 5 000 жители. Вкупниот број на населби со број на жители до 10 000 е 1746, т.е. кои се составени од сите села во државата и 12 мали града (види Анекс 5 од оваа Програма).

Од вкупно 37 рурални општини, има 25 рурални општини кои ги окружуваат урбаните центри (од кои само 7 го окружуваат градот Скопје). Општо земено, овие општини имаат подобар потенцијал на човечки ресурси и подобри можности за деловен развој на основа на ефикасната интеграција со урбаните центри. Меѓутоа, состојбата значително варира согласно големината и работата на урбаните центри, како и инфраструктурата и оддалеченоста.

Оддалеченоста од големите урбани центри, малиот број на население и ниската густина на населеност во тие општини создаваат дополнителни пречки во општествено-економскиот развој. *Урбаните подрачја кои се наоѓаат надвор од урбаните општини доживуваат повисока стапка на намалување на бројот на населението; имаат работна сила со понизок степен на образование и доживуваат многу повисока стапка на невработеност.* Во руралните општини кои граничат или се наоѓаат блиску до главниот град, општествено-економскиот развој може да се смета како позитивен.

Притисоците врз земјоделството во државата од приградските подрачја е сé уште на ниско ниво и воглавно се појавува околу најголемите градови (Скопје, Тетово, Битола, Струмица), кои ја прошируваат нивната урбана територија.

3.1.4 Економски двигатели, продуктивност и пораст

Во изминативе години, постојан е трендот на една здрава макроекономска политика, иако глобалната економска криза, која предизвика најголеми скусувања во глобалната економија во последниве 80 години, неопходно водеше кон опаѓање на националната економска активност, главно преку внатрешниот сектор. Всушност, скусувањата во глобалната трговија во 2009 водеше кон опаѓање во побарувачката на македонски извозни производи во

[8] Согласно Законот за територијално организирање на локалните самоуправи

странство, поточно во оние гранки кои имаат највисок удел во индексот на индустриското производство. Стапката на реалниот пораст на БДП падна во 2009 (- 0,9%) и во 2012 (- 0,4%).

Народната банка одговори на негативните макроекономски трендови со комплет од монетарни мерки кон комерцијалните банки. Понатаму, Владата спроведуваше важни структурни реформи во пакети од таканаречени „анти-кризни“ мерки, кои беа фокусирани на намалување на регулаторното оптоварување и сечење на црвената линија, подобрување на администрацијата во царината и воведувањето на рамен данок на личниот и заедничкиот приход. Од страна на Владата беа спроведени два пакети на анти-кризни мерки, за да се спречи намалувањето на економските активности и за да заживее(закрепне) економијата.

Економијата почна да се опоравува во 2013 година со постигнувањето на позитивни стапки на БДП од 2,9% и 3,9% во првиот квартал од 2014 година. Во изминатите 10 години, стапката на инфлација во просек изнесува 2,5 проценти. По остриот пад (-1,6%) во 2009, стапката на инфлација го достигна врвот од 4,7% во 2012 година. Во 2013 година стапката на инфлација падна на 1,4%.

Табела 5: Макроекономски податоци

	2008	2009	2010	2011	2012	2013
БДП во милиони € (тековен курс)	6.772	6.767	7.109	7.554	7.585	8 112*
БДП (по жител во €)	3.308	3.300	3.459	3.665	3.680	3.930*
БДП реална стапка на пораст (во %)	5,5	-0,4	3,4	2,3	-0,5	2,7*
Инфлација (во %)	4,1	-1,6	3,0	2,8	4,7	1,4
Просечна стапка на курс (денар/€)	61,27	61,27	61,51	61,53	61,53	61,58
Стапка на невработеност (во %)	33,8	32,2	32	31,4	30,6	29
Извоз на стоки и услуги во милиони €	2.692,6	1.932,6	2.530,1	3.210,9	3.106,9	3206,3
Увоз на стоки и услуги во милиони €	4.455,1	3.492,2	3.977,9	4.859,2	4.863,5	4.790,7
Биланс од трговијата во милиони €	-1.762,5	-1.559,6	-1.447,8	-1.648,3	-1.756,6	-1.584,4
Биланс од трговијата во % од БДП	29%	25,3%	23,5%	24,5%	25,9%	20,6%

Извор: ДЗС и НБРМ, 2014. (* пресметки)

Во економијата во целост, во 2013 година, примарниот сектор заедно претставуваше 11,7% од бруто додадената вредност (БДВ), секундарниот сектор претставуваше 20,7% од БДВ а терцијарниот сектор придонесуваше со 67,5% во БДВ. Финансиското посредување, недвижнините, изнајмувањето и другите бизниси и општествени активности имаа највисок придонес во БДВ од околу 20%; Рударството и каменоломството, производството и струјата, снабдувањето со гас и вода – 14%; Големопродажба и малопродажба; поправка на моторни возила, моторцикли и лични стоки и стоки за домакинство (13%), Земјоделство (вклучувајќи шумарство, ловство и рибарство) – 9%; и Градежништво (8,5%). Земјоделството, кое беше трет сочинител на БДП, падна на четврто место, иако неговиот уддел во БДП остана стабилен (околу 9%) кога се споредуваат изминатите 6 години.

Во смисол на структурата на вкупното вработување во државата, податоците од 2012 година покажуваат дека 24,8% од луѓето биле вработени во примарниот сектор (земјоделство, шумарство и рибарство), 23,4% во секундарниот сектор (индустрија и градежништво) и 51,8% во терцијарниот сектор (услуги и друго).

Покрај тие неодамнешни подобрувања во економските двигатели, државата и понатаму се соочува со значителни предизвици во исполнувањето на одржливиот брз растеж и намалувањето на невработеноста.

Македонската економија е во голема мера зависна од надворешната трговија, што ја прави ранлива во однос на економските трендови во ЕУ и другите поголеми трговски партнери. Идниот успех на економијата во основа зависи од успешното спроведување на широка палета на структурни реформи, особено во однос на идното подобрување на деловната клима, зајакнатата поддршка за иновативност, претприемништвото и развојот на микро, мали и средни претпријатија, промоција на човечкиот капитал, како и зголемена поддршка во извозот и промоција во странство. Како дополнување на структурните реформи, економскиот растеж зависи од зголемувањето на јавните инвестиции, вклучувајќи ги интензивните инвестиции во обезбедувањето неопходна инфраструктура, за да се промовираат приватните инвестиции и создавањето работни места, поточно во секторите со мултиплицирани ефекти.

Економскиот пораст и подобрувањата во вработувањето во последниве години не се пренесоа во значително намалување на сиромаштијата во Македонија, која се мери со околу 30% од населението кое живее под ризик од сиромаштија во периодот 2003-2008. Новововеденото Годишно истражување на приходот и условите за живот (ГИПУЖ) од страна на ДЗС, кое е на располагање за 2010 и 2011 година, како резултат даде дека сиромаштијата останува во голема мера непроменета, со 27,3 проценти во 2010 и 27,1 процент во 2011. Исто така не е подобрена ни благосостојбата на најсиромашните 40 проценти од населението. Ова се припишува на фактот дека поголемиот дел од најсиромашното население се ниско квалификувани работници, со ограничен потенцијал за заработка на приход, а со тоа и не се способни да имаат придобивки од економскиот растеж на секторите во кои придобивките можат да ги искористат високо-квалификуваните и едуцирани работници. И покрај тоа што мерките на политиката на трудот како резултат дадоа намалување на стапките на оданочување на трудот, пензиска и социјална заштита, овие стапки сè уште во голема мера влијаат на оние кои заработуваат ниски плати.

Растот на извозот се забрза во 2013 година, онака како што земјата го видоизмени (го направи разнолик) својот извоз во последните неколку години, како во однос на производите, така и во однос на дестинациите. Растот на извозот достигна 6,6 отсто во 2013 година, и во голема мера беше управуван од зголемувањето на странските директни инвестиции (СДИ) поврзани со извозот. Повеќето СДИ кои се поврзани со извозот, се поврзани со автомобилската индустрија и вклучуваат стоки како што се катализатори и компоненти за електронски табли. Тутунските производи, свежиот зеленчук и мебелот, исто така значително придонесоа за раст на извозот. Спротивно на тоа, падна важноста на железото, челикот, и текстилот како традиционални извозни стоки. И покрај силниот раст на извозот, земјата одржува постојани дефицити на тековната сметка, главно поради големиот увоз на нафта и електрична енергија.

Владата води активна стратегија за привлекување СДИ. Нето СДИ достигнаа 6 проценти од БДП во 2008 (399,9 милиони евра), а поради кризата во глобалната економија и ЕВРО зоната, се намали во последниве години и достигна 3,3 проценти од БДП во 2013 година. Владата се зафати со амбициозен програм за СДИ во земјата што водеше до привлекување важни инвестиции од втората генерација, од веќе формираните компании во 2012 и 2013 година. Вредноста на СДИ во 2013 година достигна 251,5 милиони евра од кои 87 милиони евра во првиот квартал од 2014 година. Иако СДИ значително придонесоа во порастот на извозот, врските наназад беа слаби. Се очекуваше ова да се смени, бидејќи беа формирани нови странски оперативи во 2013 година (а повеќе се очекуваа во 2014 година) кои требаа да имаат посилни врски со домашната економија.

Како и во повеќето економии, МСП се застапени во најголем број од сите претпријатија. Според бројот на вработени, 65 375 или 92% биле мали и средни претпријатија, од кои околу 90% биле со број на вработени помеѓу 1 и 9, што е една од квалификациите за рангирање на правните ентитети како микро претпријатија. Бројот на претпријатија со 250 или повеќе вработени лица има удел од само 0,3% во вкупниот број на претпријатија. (Табела 6)

Малку над една третина од активните претпријатија се наоѓаат во трговскиот сектор за малопродажба и големопродажба (35,7%). Другите важни сектори се состојат од производство (11%), транспорт, складирање и комуникации (9%), и градежништво. Овие четири сектори сочинуваат повеќе од три четвртини од вкупниот број активни претпријатија. Четирите сектори во кои работат повеќето деловни ентитети, истовремено најмногу придонесуваат во вработувањето (65%).
Државниот просек на густина на деловност е 36 деловни ентитети за една илјада жители или 32 МСП на 1 000 жители. Скоро половина од деловните ентитети ги извршуваат своите економски активности во два региони – Скопје и Пелагонија, кои се сметаат како посредни рурални региони.

Бројот на активни МСП кои се пресликуваат во густина на МСП од 32 на 1,000 жители на национално ниво е повисок од просечните цифри за регионот на ЈИЕ (23 на 1 000 жители), но е далеку под просекот на ЕУ27 од 45 на 1 000 жители. МСП се исто така важни во смисол на креирањето работни места, каде што е пресметано дека претставуваат 80% од вкупното вработување во државата.

Занаетчискиот сектор се состои од занаетчиски работи (ракотворби), мали производни и услужни компании во градежништвото и други сектори. Неодамнешните законски промени во Законот за занаетчиство во голема мера ги поедноставија условите за започнување на бизнис во оваа категорија. Единствено што е потребно за регистрација е да се има диплома за занаетчиски работи и канцелариски/работен простор. Периодот без плаќање даноци од три години по формирањето на занаетчиското претпријатие е воведен заради унапредување на претпријатијата во занаетчискиот сектор, а понатаму е одреден поедноставен данок на доход во кој е вклучена рамна стапка на персонален данок од доход од 10%.

До 2012 година се регистрирани околу 1 900 занаетчиски претпријатија (не земајќи ги предвид оние кои не се регистрирани во Централниот Регистар на државата -30% од вкупниот број) и проценет е бројот од 10 000 трговци поединци. Занаетчиите се организирани во Занаетчиски Комори (14), од кои најактивни се оние кои се наоѓаат во Скопје, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Битола, Тетово и Куманово, т.е. во урбаните центри. *Многу малку регистрирани занаетчиски активности се заведени во руралните подрачја, иако постои потенцијал.* (види исто така дел 3.4.3. од оваа Програма)

Табела 6: Број на активни деловни ентитети по сектори

Сектори на активности	Бр.	%	Број на деловни ентитети по број на вработени лица					
			0*	1-9	10-19	20-49	50-249	250 +
Вкупно	**71 290**	**100,0**	**4 415**	**60 599**	**2 989**	**1 787**	**1 291**	**209**
Земјоделство, шумарство и рибарство	2 866	4,0	158	2 608	35	30	33	2
Рударство и каменоломсво	164	0,2	9	106	25	16	4	4
Производство	7 918	11,1	371	6 004	666	468	347	62
Снабдување со струја, гас, пареа и разладување	132	0,2	21	93	4	4	7	3
Активности за снабдување со вода, канализација, управување со отпад и санации.	306	0,4	16	211	21	22	27	9
Градежништво	4 322	6,1	191	3 595	287	166	78	5
Трговија во големопродажба и малопродажба, поправка на моторни возила и моторцикли	25 429	35,7	765	23 373	820	341	115	15
Транспорт и складирање	6 095	8,5	80	5 623	241	100	44	7
Активности со сместување и прехранбени услуги	4 482	6,3	138	3 918	300	102	23	1
Информатика и комуникации	1 446	2,0	209	1 081	87	37	25	7
Активности со финансирање и осигурување	390	0,5	58	273	11	19	17	12
Активности со недвижнини	485	0,7	88	357	20	14	5	1
Професионални, научни и технички активности	5 817	8,2	297	5 292	159	53	14	2
Административни активности и активности на поддршка	1 514	2,1	443	931	56	42	25	17
Јавна администрација и одбрана; задолжително социјално осигурување	258	0,4	8	30	34	78	77	31
Образование	1 025	1,4	53	468	44	159	296	5
Активности со здравје на луѓето и социјална работа	3 315	4,7	36	2 978	85	78	116	22
Уметност, забава и рекреација	1 179	1,7	397	656	46	42	34	4
Други услужни активности	4 147	5,8	1 077	3 002	48	16	4	0

Извор:ДЗС (2012), објавено 2013, * нема известување за вработување

3.1.5 Пазар на труд

Последните официјални статистички податоци во 2013 покажуваат 5% намалување на стапката на невработеност во споредба со 2008. Од вкупно активно население во државата во 2013година, 29,1% биле невработени. (Табела 7)

Табела 7: Стапка на вработеност

	2008	2009	2010	2011	2012	2013
Стапка на активност (15-64) %	63,5	64,0	64,2	64,2	63,9	64,9
Стапка на вработеност (15-64) %	41,9	43,3	43,5	43,9	44,0	46,0
Стапка на невработеност (15-64) %	33,8	32,2	32,0	31,4	31,0	29,1

Извор: Агенција за вработување на РМ, 2014

Покрај намалувањето на стапката на невработеност која беше резултат на владините политики за вработување и само-вработување, како и СДИ во технолошките и индустриските зони во државата, стапката на невработеност е сè уште на незадоволително ниво кога се споредува со ЕУ27, каде што просекот е 10,8%. *Високата стапка на невработеност кај младите луѓе (15-24) е додатен проблем кој води кон миграција на младата работна сила надвор од руралните подрачја кон урбаните центри и кон странство.*

Регионалната стапка на невработеност во 2013 година вариираше во опсег помеѓу 19% во Југоисточниот регион, каде што е најниска, до 44,8% во Североисточниот регион, каде што е највисока. *Стапката на невработеност е полоша во руралните региони отколку во урбаните региони (Табела 8). Просечната стапка на невработеност во претежно руралните региони е над националната стапка на невработеност* (30,5% во донос на 29,1%) додека стапката на невработеност во средните рурални региони од 26% е пониска од националниот просек.

Табела 8: Економски активно население и вработени/невработени во руралните и урбаните региони

Тип на регион	Економски активно население	Вработено	Стапка на невработеност
	% од вкупното население	% од економски активно население	%
Претежно рурални региони	65,8	46,2	30,6
Средно рурални региони	69,1	51,3	26,0
Вкупно	**64,9**	**46.0**	**29,1**

Извор: ДЗИ, 2013 (МЗШВ пресметки, 2014).

Стапката на невработеност според половата структура е скоро еднаква помеѓу мажите и жените во 2013 година. Оттука, стапката на невработени мажи е 29,1% а стапката на невработени жени е 29,2%.

3.1.6 Образовен систем

Иако севкупната состојба со неписменоста е добра (повеќе од 96% од населението е писмено), разликата во образовната структура на населението се појавува помеѓу урбаните и руралните подрачја.

Значителен удел (13,4%) од руралното население над 15 години има недоволно образование или целосно нема наобразба, 2,6% се неписмени, а 10,9% немаат основно образование. Неписменоста е повисока помеѓу жените (4,5%) отколку помеѓу мажите (1,3%), особено загрижувачка помеѓу женската возрасна популација, бидејќи има три пати повеќе возрасни неписмени жени во однос на мажи.

Образовниот проблем е очигледен помеѓу невработените, бидејќи само 16% од нив имаат високо универзитетско образование, поголем број (55%) имаат средно образование, а останатите 29% се неквалификувани. Младата популација (старост 15-24) учествува со 54% во бројот на невработени[9].

Како една од мерките за да се подобри писменоста е задолжителното средно образование, воведено во 2008 година. Владата исто така ги субвенционира трошоците за школство во смисла на обезбедување бесплатни книги и образовен материјал за учениците, информатичка опрема и интернет врски за училиштата и бесплатен превоз на учениците во руралните подрачја. Социјално ранливите семејства добиваат месечна донација од државата за да ги праќаат децата на училиште. Освен тоа, зголемени се инвестициите во реновирање и модернизација на основните и средните училишта што како резултат даде околу 200 реновирани и модернизирани училишта, а спортските сали беа опремени или се изградени нови спортски сали за училиштата кои претходно ги немале таквите објекти.

За да се промовира високото образование на руралната младина, владата воведе дисперзирани студии за високо образование со кои сите факултети имаат обврска да организираат часови надвор од Скопје (таканаречени „дисперзирани студии“). Формирани се два додатни универзитети, во Штип, Универзитетот „Гоце Делчев“ и во Охрид – Универзитетот „Свети Апостол Павле“. Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип ги фокусира своите наставни програми на техничкото образование – земјоделство, градежништво, геологија и рударство, транспорт и логистика. Универзитетот „Свети Апостол Павле“ се фокусира на студии за меѓународна економија и трговија. Формирани се голем број на приватни колеџи во кои воглавно се изучуваат општествените науки и информатичките технологии.

Исто така, направени се напори за да се обезбедат можности за економски активното население над 35 години да добие диплома за завршено високо образование, со промовирање на бесплатна квота за студенти и посебни наставни прогами и распореди за вечерни или викенд предавања.

На страна од формалното средно и високо образование, има недостиг на додатно (неформално) образование и стручна обука за занаетчиски услуги.
Малите земјоделци (особено во оддалечените краишта) имат најслабо образовно и професионално ниво помеѓу земјоделските производители. *Многу малку е направено до сега за инвестиции во образованието и обуката на земјоделските производители и работници.* Воспоставувањето на систем за обука во земјоделството е во фокусот на програмата на Владата за периодот 2014-2018.

[9] Државен Завод за Статистика, студија за работна сила 2012

3.1.7 Користење на земјиштето и сопственост

Република Македонија е држава окружена со копно, со вкупна површина од 25 713 км2. Територијата на државата е доминантно планинска и испресечена со големи котлини. Бреговите и планините зафаќаат околу 79% од земјиштето, со баланс направен од висорамнини (19%) и природни езера (2%). (Табела 9)

Табела 9: Искористеност на земјиштето

Тип	ha (000)	%од вкупната површина
1. Земјишна површина	2.461	98,0
1.1 Искористено земјоделско подрачје	1.261	50,1
1.2 Шуми	1.092	44,3
1.3 Друго земјишно подрачје (природни паркови, брегови покрај вода, урбани и сл.)	108	4,4
2. Води во внатрешноста, заедно со езера	56	2,0
Вкупна површина	**2.517**	**100,0**

Извор: ДЗС, 2013, објавено 2014.

Од вкупната територија на државата,1 261 ha или 50,1 % е земјоделско земјиште (обработено земјиште, постојано пасишта и ливада, земјиште кое се користи за постојани култури и градинарство), 44,3 % се под шуми додека пак околу 4 % се вода и други површини.

Во 2013 година, обработливото земјиште претставуваше околу 509 илјади ha или околу 40% од вкупното земјоделско земјиште. Од вкупното обработливо земјиште, 81% се под обработливи ниви и градини, 3% под овоштарници, 4% под лозја, додека пак ливадите зафаќаат 11 % од вкупното обработливо земјиште. Пасиштата претставуваат 751 187 ha или 60% од вкупното земјоделско земјиште. (Табела 10)

Табела 10: Подрачје на земјоделско земјиште (во 000 хектари)

Подрачје	2008	2009	2010	2011	2012	2013
1. Земјоделско земјиште, од кое	**1.064**	**1.014**	**1.121**	**1.120**	**1.268**	**1.261**
1.1 Обработливо земјиште, од кое	521	513	509	511	510	509
1.1.2 Обработливи ниви и градини	*424*	*420*	*415*	*415*	*414*	*413*
1.1.3 Овоштарници	*14*	*14*	*14*	*14*	*15*	*15*
1.1.4 Лозја	*22*	*21*	*21*	*21*	*21*	*22*
1.1.5 Ливади	*61*	*58*	*59*	*61*	*60*	*59*
1.2. Пасишта	**542**	**500**	**611**	**608**	**757**	**751**
2. Езерца, трстеници и рибници	**1**	**1**	**1**	**1**	**1**	**1**

Извор: ДЗС, 2014

Само 79,6 илјади ha of ИЗЗ може да се наводнуваат, иако системите за наводнување се инсталирани на околу 120 илјади ha (10% од ИЗЗ). Стапката на ИЗЗ под системи за наводнување се движи околу просекот на ЕУ27, но е далеку под просекот на секоја земја членка засебно, особено во медитеранските држави (На пр. 40% во Грција). Како што известуваат јавните претпријатија за стопанисување со водите, само 2,7% од ИЗЗ всушност и се наводнува годишно, заради расипаните системи за наводнување.

Структурата на сопственост на земјиштето во државата е претежно приватно земјиште. Приватните земјоделски стопанства обработуваат 80% од обработливото земјиште а останатото земјоделско земјиште го обработуваат земјоделските претпријатија (од кои околу 36 000 ha се обработуват од поранешните, сега приватизирани, земјоделски комбинати) и јавни претпријатија.

Меѓутоа, државата е сè уште сопственик на поголем дел од урбаното, земјоделското (вклучувајќи ги и пасиштата) и шумското земјиште. Управувањето со ресурсите кои се во сопственост на државата е централизирано, со исклучок на урбаното/градежно земјиште со кое управуваат локалните самоуправи. МЗШВ управува со земјиштето во државна сопственост во смисол на давање под закуп или распределба на земјоделско земјиште за користење од страна на општествено ранливите категории на население. Заштитените подрачја (природни паркови), пасиштата и шумите се управуваат преку јавните претпријатија. Земјоделските претпријатија и деловни ентитети се најголемите корисници на пасиштата кои се наоѓаат во сопственост на државата (78%).

Согласно информациите од катастарските податоци, во однос на сопственоста, вкупното обработливо земјоделско земјиште може да се подели на 451 702 ha во приватна сопственост и 237 882 ha земјиште во државна сопственост. Имајќи предвид дека МЗШВ моментално ги ажурира геодетските основи(бази) и врши попис на земјиштето во државна сопственост, од пресметките се очекуваат пониски цифри за големината на земјоделското земјиште во државна сопственост (околу 180 илјади ha). До денес МЗШВ има разделено вкупно 143 600 ha земјоделско земјиште во државна соспственост на вкупно 5 350 корисници, или, во просек, по 26.80 ha на еден корисник. (Табела 11)

Табела 11: Распределба на земјоделско земјиште во државна сопственост

Хектари	Број на корисници	Доделена површина
До 10	4 700	40 000
10-50	300	25 000
50-100	264	20 100
100-500	66	14 600
500-1000	11	7 900
1000-5000	7	13 000
Над 5000	2	23 000
Вкупно	**5 352**	**143 600**

Извор: МЗШВ Сектор за земјишна политика (2012), 2013

Иако просечната површина на доделено земјиште во државна сопственост по корисник е 26,8 ha, ако од пресметката се изземат 9 корисници, т.е. деловни ентитети (поранешните земјоделски комбинати) кои имаат под закуп повеќе од 1 000 ha, поголемиот дел од доделеното земјоделско земјиште во државна сопственост е со *просечна големина од 10 ha по корисник, воглавно на индивидуални земјоделски стопанства со седишта во подрачјето во кое што се наоѓа земјиштето во државна сопственост.*

Обработливото земјиште во државна сопственост исто така се распределува и на образовните и истражувачките институции и на затворско-корективните институции, како дел од општествената рехабилитација и програмите за инклузија.

Од 2007 година, МЗШВ воведе елементи на Интегрираниот Систем за Администрација и Контрола (ИАКС), вклучувајќи го и Единствениот Регистар на Земјоделски Стопанства (понатаму во текстот Фарм Регистар) и Системот за Идентификација на Земјишните Парцели (ЛПИС). Направеното истражување од воздух во Јуни 2009 година и почетното создавање на дигитализирани податоци за целите на земјоделското земјиште, како резултат даде информации за обработливото земјоделско земјиште и реална графичка орто-фото карта на територијата. Во 2012 година, како резултат на организираната кампања на МЗШВ, сите регистрирани земјоделски стопанства ги

впишаа своите земјишни капацитети за производство, а од 2013 година, плаќањето на субвенциите „по ha" се врши на основа на податоците од ЛПИС.

Статистичкиот преглед на дигитализираните парцели во ЛПИС покажуваат дека, *од аспект на користење на земјиштето, кај земјоделското земјиште преовладуваат обработливи земјишни парцели или 71% од вкупното ИЗЗ, ливади 12%, и повеќегодишни насади 8%.* Мешаното користење на земјиштето (обработливо – ливади/пасишта – повеќегодишни насади) зе забележува во планинските региони.

Табела 12: Користење на земјиштето на основа на ЛПИС

Шифра	Користење на земјиштето	Бр. На физички блокови	Површина во ха	% од вкупната површина	Просечна големина на физички блок
200	Обработливо земјиште – полиња	266 731	349 460	71	1,31
210	Стакленици и пластични тунели	3 515	3 479	0,7	0,99
310	Ливади	48 912	58 440	11,9	1,19
400	Недефинирано користење на земјиштето – повеќегодишни насади (грозје или овошни насади)	15 399	9 567	1,9	0,62
410	Насади со грозје	37 784	29 687	6,0	0,79
420	Овоштарници	16 996	9 650	2,0	0,57
500	Земјиште со разна намена	22 536	31 798	6,5	1,41
900	Привремено необработливо земј.	555	153	0,0	0,27
Вкупно		**412 428**	**492 232**	**100**	**1,19**

Извор: ЛПИС 2012 (МЗШВ пресметки 2013)

Статистиката за големината на парцелите се однесува на физичките блокови кои се дефинирани согласно користењето на земјиштето и се ограничени со други физички граници во подрачјето. *Просечната големина на парцелата е многу мала (голема фрекфенција на парцели кои се помали од 0,2ha) и многу значително присуство на граници помеѓу или распрскани мали површини од неорганизиран земјоделски простор. Земјоделските патишта ги нема или се неорганизирани помеѓу малите парцели.*

Земјоделските стопанства го организираат нивното производство на многу парцели, што е проценето на 5 земјишни парцели на едно стопанство. Согласно студијата на МЗШВ, поголем дел од индивидуалните земјоделски стопанства го организираат нивното производство на 7-10 парцели. Просечната големина на тие парцели се движи помеѓу 0,25 ha – 0,6 ha. Поголемиот дел од парцелите се наоѓаат на меѓусебна оддалеченост од 500 m - 2 km, а многу често и во различни катастарски општини (просечно 20% од парцелите), со што нивната обработка станува во голема мера скапа и неефикасна. Формата на земјоделските парцели е најчесто неправилна, обично се тесни и долги, што има неповолно влијание врз земјоделските активности и употребата на соодветна и модерна технологија и машини за производство.

Според катастарскиот регистар од 1998, вкупната површина од 2 464 876 ha во државата е поделена на 4 572 129 катастарски парцели. Просечната големина на обработливото земјиште на

парцелите во приватна сопственост е 0,26 ha, каде што 0,2 ha е просечната големина на парцелите во приватна сопственост, а 0,53 ha е просечната големина на парцелите во државна сопственост.

Со цел да се обрне внимание на структурните препреки за развој на земјоделството, во 2013 година беше усвоена Стратегијата за консолидација на земјиштето, а по неа следеше правниот акт – Законот за консолидација на земјиште. Планирано е, во периодот кој следи, да се одвива спроведувањето на предвидените дејствија.

Другите структурни предизвици во секторот се состојат од високи нивоа на краткорочни давања под закуп и ниски нивоа на мобилност на земјиштето и продажбата на земјиште, како и недостиг на информации за пазарот на земјиште и земјиште кое е на располагање за продажба.

3.2. Перформанси на земјоделскиот, шумарскиот и прехранбениот сектор[10]

3.2.1 Конкурентност на земјоделството и преработката на храна

Земјоделско-прехранбен економски развој

Уделот на земјоделството во БДП изнесува околу 9% во периодот 2008-2012 (во споредба со 1,7% во ЕУ 27). Уделот на индустријата за прехранбени преработки, вклучувајќи ги и пијалоците и тутунот во БДП се движи помеѓу 3% - 4%. Така, агро-прехрамбениот сектор е сè уште еден од поголемите придонесувачи во националната економија, со 13% во БДП.

Табела 13: Индикатори на економски развој за земјоделството и преработката на храна

	2008	2009	2010	2011	2012	2013
БДП во милиони € (тековен курс)	6.772	6.767	7.109	7.554	7.585	8 112*
Земјоделска додадена вредност, основни цени, во милиони € (тековен курс)	646	629	686	690	691	783*
Земјоделство (БДВ во % од БДП)	*9,6%*	*9,4%*	*9,9%*	*9,2%*	*9,1%*	*9,6%*
Преработка на храна, пијалоци и тутун додадена вредност,по основни цени, во милиони € (тековен курс)	251	253	257	300	240	256*
Преработка на храна, пијалоци и тутун (БВА во %од БДП)	*3,7%*	*3,8%*	*3,7%*	*4,0%*	*3,2%*	*3,1%*
Вкупна вработеност	**609.015**	**629.901**	**637.855**	**645.085**	**650.554**	**678.838**
Земјоделство, шумарство и рибарство - вработување (вклучувајќи сезонско, само-вработување и семеен неплатен труд)	119.498	116.601	121.521	120.893	112.623	127.186
Вработување во земјоделство (%од вкупно вработување)	*19,6%*	*18,5%*	*19,1%*	*18,7%*	*17,3%*	*18,7%*
Вкупно извоз, во милиони €	**2.692,60**	**1.932,60**	**2.530,10**	**3.210,90**	**3.106,90**	**3206,3**
Земјоделство и преработка на храна (+пијалоци и тутун)Извоз во милиони €	378,5	357,8	423,7	468,6	478,93	504
Извоз на земјоделскии прехрахбени производи (% од вкупен извоз)	*14,1%*	*18,5%*	*16,7%*	*14,6%*	*15,4%*	*15,7%*

[10] Податоците кои се користени за да се презенира економскиот развој на земјоделството се од ДЗС, освен ако не е поинаку назначено во текстот.

Вкупен увоз, во милиони €	**4.455,1**	**3.492,2**	**3.977,9**	**4.859,2**	**4.863,5**	**4.790,7**
Земјоделство и преработка на храна (+пијалоци и тутун)Увоз во милиони €	534,4	499,8	532,2	620,6	679,36	654,5
Увоз на земјоделскии прехранбени производи (% од вкупен увоз)	*12,0%*	*14,3%*	*13,4%*	*12,8%*	*14,0%*	*13,7%*
Биланс од трговија во милиони евра	-1.762,5	-1.559,6	-1.447,8	-1.648,3	-1.756,6	-1.584,4
Земјоделски производи и преработка на храна (+пијалоци и тутун) биланс од трговија во милиони €	-156	-142	-108,6	-152	-200,4	-150,5

Извор: ДЗС БДП статистика, 2014 (МЗШВ пресметки) (* проценки)

Вработување во земјоделството и продуктивност на трудот[11]

Земјоделскиот сектор, заедно со шумарството и рибарството учествува со 18,7% во вкупното вработување во 2013година, што е повеќе од две третини повисоко од просекот на ЕУ 27 од 5,2%. Од вкупно 127 186 луѓе кои се ангажирани во земјоделството во 2013година, 44% (55 758) се неплатени работници од семејството, 46% се само-вработени и околу 9% се редовно вработени. Околу 13% (16 487) од вкупно ангажираната работна сила во земјоделството е ангажирана со одредено време или на сезонска основа. Земјоделството е додатна активност за 9 518 семејни земјоделци.

Зголемувањето на севкупната вработеност во земјата е исто така презентирана со зголемувањето на уделот на земјоделството во вработувањето од 1,4 % во 2013 година, во споредба со 2012.

Повеќе од една половина од вкупниот број вработени лица во земјоделството се ангажирани во одгледувањето култури и повеќегодишни насади, а останатите се ангажирани во комбинирано одгледување на култури и животни.

Земајќи ја предвид количината на време употребено за работа, редовната земјоделска работна сила во Македонија била пресметана на еквивалент од 118 000 лица[12] кои се во редовен работен однос (на неодредено време) (во годишни работни единици). (Табела 14)

Табела 14: Вкупен инпут на земјоделски труд (1000 ГРЕ)

Опис	2008	2009	2010	2011	2012
Вкупен инпут на земјоделски труд	130	118	117	131	118
Инпут на земјоделски труд кој не е платен	60	55	55	68	62
Инпут на земјоделски труд кој е платен	70	63	62	63	56

Извор: ДЗС, "Економски пресметки за земјоделството", 2013

[11] Податоците кои се користени за да се презентира економскиот развој во земјоделството се од ДЗС, освен ако не е поинаку наведено во текстот.

[12]Ова претставува 1.2% од еквивалентот за земјоделска работна сила со полно работно време во ЕУ 27 во 2010.(извор:http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_OFFPUB/KS-FK-13-001/EN/KS-FK-13-001-EN.PDF)

Поголемиот уддел од семејни работници укажува на поголемиот број на фарми кои произведуваат замо за себе или фарми кои вишокот на производство го пласираат на пазарот. Нето платите во земјоделството изнесуваат во просек € 240 месечно (просечно околу € 11 дневно).

Во 2012 година, продуктивноста на трудот во земјоделството се зголемила за 15%, со што се искажува дека се произведени производи со повисока вредност (БДВ) со помал инпут на труд (ГРЕ). Меѓутоа, бруто додадената вредност за единица за едногодишна работа од околу 5 900 EUR во 2012 година е значително пониска од просекот на ЕУ27 од 13 000 EUR. *Ниските перформанси на продуктивност на трудот во голема мера е резултат на малите земјоделски стопанства, поделените и раштркани земјоделски површини и изборот за мешовито производство (види исто така дел 3.1.7 од оваа Програма).*

Еден од најголемите проблеми во земјоделскиот сектор на државата е стареењето на работната сила. Само околу 10% од вработените во земјоделството се млади луѓе (старост од 15-24). Ниските доходи и неповолните работни услови во земјоделството, како и влошените услови за живот во руралните подрачја ги обесхрабруваат младите луѓе да започнат кариера во земјоделството. Младите луѓе се помобилни и помалку се емотивно поврзани со земјата и селото. Согласно податоците од АФПЗРР, само 13,5% од вкупниот број земјоделски стопанства кои аплицирале за финансиска поддршка во 2013 година се управуваат/се претставени од младите земјоделци на возраст помеѓу 18 и 40 години.

Исто така, постои јасен ризик за недостиг од квалификувана работна сила во земјоделството, особено за производство на трудо – интензивни производи, недостигот на сезонска работна сила, особено во сезоната на жетвите и недостигот на работна сила на - овчари претставува сериозна закана за идниот развој на трудо-интензивниот земјоделски сектор на кого му е потребна итна модернизација.

На поголемиот дел од земјоделската работна сила и недостига формална земјоделска обука и менаџерски и деловни вештини. *Повеќе од 60% од вработените во земјоделството како работници кои работат за надница, работат на основни работни позиции, со основни задачи за кои не е потребна повисока квалификација или квалификувана одговорност.*

Земјоделски стопанства, структура на фарми и типологија

Со тек на времето, се одвива бавна промена во структурата на земјоделството, со помалку и поголеми фарми, помалку вработени, поголема специјализираност и концентрација на производството и пораст на земјоделството со скратено работно време. Согласно неодамнешната структурна студија на ДЗС во земјоделството (2013) имало 170 885 земјоделски стопанства во јуни 2013, во споредба со 192 082 во јуни 2010 и 192 675 попишани земјоделски стопанства во 2007. Намалувањето на бројот на земјоделски стопанства е 11,3% (или помалку од 1,6% годишно). Скоро целата стапка на намалување може да се припише како резултат на намалувањето на бројот на индивидуални земјоделски стопанства.

Табела 15: Број на земјоделски стопанства и обработено подрачје/LSU

	Број на земјоделски стопанства	Вкупно расположиво подрачје на стопанствата, ha	Вкупно искористено земјоделско подрачје, ha	Шуми и друго земјиште, ha	Искористено земјоделско земјиште по стопанство, ha	LSU	LSU по ha
Вкупно	**170 885**	**369 270**	**315 863**	**53 407**	**1,85**	**2,14**	**1,16**
Индивидуални земјоделски стопанства	170 581	314 638	266 579	48 059	1,56	1,96	1,25
Земјоделски деловни ентитети	304	54 632	49 284	5 348	162,12	105,23	0,65

Извор: ДЗС (2012), 2013

Просечната големина на земјоделски стопанства во смисла на искористено земјоделско земјиште е 1,85 ha што е 20% зголемување од просечната големина која е заведена во 2010 година. И покрај зголемувањето, просечната големина на фармите е далеку под просекот на ЕУ 27 од 14,3 ha. Проблемот со малите фарми се зголемува до фактот дека 58,2% од вкупниот број земјоделски стопанства користеле помалку од 1 ha земјиште.

Земјоделските стопанства во Македонија не се карактеризираат само како мали во смисол на земјишните површини, туку исто така и по добитокот; во просек секое стопанство кое има добиток имало само 2,14 LSU (што е еквивалент на само две возрасни крави кои даваат млеко), во споредба со 20,0 LSU на секое стопанство кое има добиток во ЕУ27 во 2010.

Постои апсолутен контраст помеѓу големината на стопанствата со кои управуваат индивидуалните земјоделски стопанства и оние кои ги управуваат деловните ентитети (кооперативи, компании со ограничена одговорност, трговци поединци). Додека индивидуалните земјоделски стопанства користат околу 1,6 ha по стопанство во просек, деловните ентитети обработуваат околу 162 ha поголемо земјоделско стопанство. *Оттука, структурата на земјоделските стопанства во државата може да се припише на голем број многу мали фарми кои го пласираат вишокот на производство на пазарот (< 1,5 ha и < 2 LSU) обработувајќи 85% од вкупното земјоделско земјиште кое е на располагање и многу мал број големи земјоделски стопанства (>100 ha and >100 LSU) кои обработуваат 15% од земјоделското земјиште.*

Класификација на земјоделските стопанства која се базира на типот на стопанство и економска големина на стопанствата, со користење коефициенти на стандарден аутпут и структурни податоци за фармите, е последен пат направена од ДЗС во 2012 година.[13]

Согласно последната направена класификација на земјоделските стопанства, малку помалку, едно на секои пет земјоделски стопанства (19%) се класифицира како мешовита фарма за култури-добиток, во споредба со околу една на секои осум (12,9%) во ЕУ 27. Исто така имало и повисок релативен дел на земјоделските стопанства кои биле класифицирани како стопанства зе мешовито производство на култури (13,2%) во споредба со 4,2% за ЕУ 27. За споредба, пропорцијата на земјоделски стопанства кои се класифицирани како специјализирани фарми за производство на култури на поле (со житарици, маслодајни семиња и/или протеински култури) и специјализирани фарми за постојани култури (со лозја, овоштарници и масленици) била пониска од целата ЕУ 27

[13] Додатен извор на податоци се користи за споредба на типологијата на националните фарми со типологијата на ЕУ27 (http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_OFFPUB/KS-FK-13-001/EN/KS-FK-13-001-EN.PDF)

(21,9% и 15,8% во споредба со 25% и 20.2%, соодветно). Делот на земјоделските стопанства кои се класифицираат како специјализирани за сточарство (преживари) (12,6%) бил релативно понизок од соодветниот дел на ЕУ 27 од околу 16%. Најмалиот дел на земјоделските стопанства (4%) се специјализирани за свињарство и живинарство.

Слика 1: Класификација на земјоделските стопанства по тип на стопанска дејност



Извор: ДЗС, Економски сметки за земјоделството, 2013

Малку помалку од две третини (63,2%) од земјоделскиот аутпут во државата бил направен од земјоделските стопанства кои се специјализирани за култури на поле (житарици, индустриски култури и зеленчук), специјализирани за сточарство (преживари) и мешано производство на добиток – култури, што беше многу повисока пропорција од онаа на просекот на ЕУ27 (52,6%).

Најголемите придонесувачи на формирањето на бруто стандардниот аутпут се земјоделските стопанства со мешовито производство на добиток и култури (21,4%), додека најмали придонесувачи биле земјоделските стопанства кои се специјализирани за житарици и индустриски култури со само 6,7%, без оглед на фактот дека на секои пет фарми, една е специјализирана за производство на житарици, маслодајни семиња и/или други индустриски култури.

Додека индивидуалните земјоделски стопанства се карактеризираат со мешовити земјоделски активности (производство на добиток-култури), деловните субјекти во земјоделството се специјализираат воглавно во одгледување на добиток, житарици и индустриски култури и затоа нивната концентрација е повисока во регионите каде што се произведуваат зрнести производи (Овче поле и Пелагонија). Високиот дел на индивидуални земјоделски стопанства со мешовито производство укажува на тип на земјоделство со производство за сопствени потреби или производство за сопствени потреби каде што вишокот на производи се пласира на пазарот во државата.

Согласно класификацијата според економската големина на земјоделското земјиште, *повеќе од половината или 58,2% од земјоделските стопанства се класифицираат во првата категорија на ЕСУ – до 2 000 евра, 18,*6% припаѓаат на втората класа од 2 000 до 4 000 EUR, 13,3% во втората класа- 4 000 до 8 000 EUR и 6,3% имаат економска големина од 8 000 до 15 000 EUR.

Генерално, земјоделскиот сектор може да се смета за неповолна земјоделска структура која се состои од поголем дел земјоделски стопанства со мешовито производство, екстензивни методи на производство (особено во секторот на зрна/жита), со низок проток на готовински средства и

ниска конкурентност во смисол на продуктивноста. Сето ова ги попречува нивоата на инвестиции во напредни технологии и ги одредува релативно ниските приноси од жетвата.

И покрај растечките трендови на големината на фармите според употребата на земјиштето, фрагментацијата на земјиштето останува сериозен структурен проблем за зголемување на продуктивноста во земјоделството, а со тоа и конкурентноста. Постојаната поделба на делови заради наследство, понатаму го потхранува процесот на фрагментација на парцелите како сериозна структурна слабост. Земајќи предвид дека поголемиот дел од земјоделските стопанства се со помала големина на фарма од 0,5 ha (околу 70% од вкупниот број фарми), постои очигледно неефикасно користење на земјоделското земјиште, што пак влијае во голема мерка на продуктивноста.

Фрагментацијата на земјоделското земјиште е исто така евидентна кога се споредува со ЕУ и земјите од ЈИЕ. Државата е далеку под просекот на ЕУ и ИЗЗ по земјоделско стопанство во земјите на ЈИЕ (Слика 2).

Слика 2: Споредба на ИЗЗ по земјоделско стопанство со ЕУ и ЈИЕ (2010, 2012, ha)



Извор: EUROSTAT, national country statistics (FAO/SWG Study, 2013)

Главни земјоделски производи[14]

Вредноста на севкупното земјоделско производство и вредноста на услугите во земјоделството изнесуваат 1,2 милијарди евра во 2012 година, што претставува зголемување од околу 1,2% во споредба со 2011, во голема мера заради зголемувањето на цените на ниво на фарми. Иако генералните количини на земјоделско производство не се зголемиле значително на годишна основа, вредноста на земјоделските производи се зголемила особено во производството на култури кои се извозно ориентирани, како што е овошјето и зеленчукот и производството на млеко, заради зголемување на побарувачката за фирмите кои обработуваат млечни производи, но исто така и заради подобрувањата во квалитетот на млекото.

Табела 16: Структура на бруто земјоделскиот аутпут

[14] Податоците кои се користат се за презентирање на состојбата во земјоделското производство се целосно презентирани во Анекс 4 од Статистиката за земјоделско производство

Опис	Вредност (во мил.l EUR)	% од вкупно
Аутпут на култури	*872,8*	*72,7%*
Аутпут на добиток	*293,1*	*24,4%*
Услуги во земјоделство	*5,4*	*0,4%*
Секундарни неподвоени неземјоделски активности	*29,1*	*2,4%*
Бруто Змејоделски Аутпут	**1 200,4**	**100,0%**

Извор: ДЗС, "Економски сметки за земјоделството" 2012, објавено 2013.

Производство на култури

Согласно уделот во земјоделскиот аутпут, производството на култури има највисок придонес од околу 73% во 2012 година. Овој висок удел е резултат од вредноста на зеленчукот и производството на повеќегодишни култури (овошја и винско грозје), а оттука и годишното зголемување.

Табела 17: Структура на аутпут на земјоделските култури

Опис	% од вкупно
Култури	*100%*
Житарици	11,9%
Зеленчуци	48,0%
Индустриски култури	0,6%
Сточни култури	7,5%
Тутун	9,0%
Компир	3,6%
Овошја	15,1%
Винско грозје	4,4%

Извор: ДЗС, "Економски сметки за земјоделството" 2012, 2013.

Скоро половина од обработливото земјиште во 2013 година било користено за производство на житарици, а преостанатата половина била насадена за производство на зеленчук, индустриски култури и сточна храна. Околу 1 000 ha се користеле за производство на заштитени култури во стакленици.

Табела 18: Обработливо земјиште според категорија на употреба на култура во '000 ha

Година	Вкупно подрачје на обработлива површина	Цереалии	Индустриски култури	Зеленчукови култури	Култури за сточна храна	Стакленици	Угари и необработено обработливо земјиште
2008	424	178	23	51	34	1	137
2009	420	182	24	51	36	1	126
2010	415	163	27	51	36	1	137
2011	415	163	28	51	35	1	137
2012	414	163	27	51	35	1	137
2013	413	168	25	51	36	1	132

Извор: ДЗС, 2014.

Моделот на производство на култури варира по големина на фармата. Големите земјоделски стопанства (над 50ha) се специјализираат за житарици (воглавно пченица) и индустриски култури.

Малите фармери се многу важни производители на свежо овошје и зеленчук и грозје (т.е. готовински култури).

Значителен дел од производството на културите доаѓа од земјоделските стопанства со мешан тип на земјоделско производство. Согласно податоците од пописот во земјоделството (2007), мешаните стопанства произведуваат половина од житариците и една третина од количините на свежо овошје и зеленчук на национално ниво.

Производството на житарици резултира од жетва од вкупно 168 илјади ха обработливо земјиште (40% од вкупното обработливо земјиште во 2013) и принос во просек од 3,4 тони житарици од 1ha. Просечните приноси се во блага близина до просечните приноси на државите од ЈИЕ (3,6 тони по ha), но многу под просечниот принос на житарици кој е забележен во Хрватска (4,5 тони по ha) и Албанија (4,9 тони по ha)[15].

Поголемиот дел од произведените количини на житарици произлегуваат од производството на пченица која во 2013 година беше заведена како вкупно производство од 258 960 тони кои се ожнеани од 50% од обработливото земјиште насадено со житарици. Останатите 50% од обработливото земјиште кое е насадено со житарици резултираше со производство на јачмен (125 565 тони), пченка (131 043 тони), овес (5215 тони), 'рж (8 897 тони) и ориз (27921 тони) во 2013. Североисточниот, источниот и пелагонискиот регион претставуваат околу 60% од вкупното производство на житарици.

Иако скромно, производството на ориз е важно поради покривањето на домашните потреби и затоа што претставува главен извор на додатен приход на околу 5000 семејства. Површините за производство на ориз се зголемиле од 3 120 ha во 2009, на 4 660 ha во 2013. Просечниот принос на ориз варира од 4 500kg/ha до 5 500kg/ha. Површината под ориз се наоѓа во регионот на Кочанско поле.

Во 2013, реколтата на *произведениот зеленчук* беше собрана од околу 12% (48 851 ha) од вкупното обработливо земјиште, без да ги земеме во предвид површините на кои зеленчукот се произведува како меѓу-култура (додатни 10 396 ha). Количините на произведен зеленчук изнесувале вкупно 817 810 тони. Главни култури на зеленчукот се компирот (190 878 тони или 23% од вкупните произведени количини зеленчук), домат (130 960 тони или 16% од вкупните количини зеленчук), пиперки (152 153 тони или 18%), кромид (50 787 тони или 6%) и зелка (157 416 тони или 19%). Останатите 18% од количините на произведен зеленчук се од одгледувањето на грав, леќа, лук, краставици и лубеници/диња.

Производството на зеленчук воглавно се одвива на отворено поле, во стакленици и во пластични тунели, со и без загревање. Околу 80% од производството на зеленчук е концентрирано во југо-источниот регион со Медитеранска клима.

Согласно пописот на земјоделските домаќинства (2007), 26 341 индивидуални земјоделски производители се ангажирани во производството на индустриски култури, од кои околу 46% се лоцирани во Пелагонискиот земјоделски регион. Во последниве години, тутунот е индустриска култура која преовладува (тутунот се одгледува на 88% од вкупно засеаните површини со индустриски култури).

[15] Извор: http://data.worldbank.org/indicator/AG.YLD.CREL.KG

Во производството на главните култури за производство на масло (семки и корења) одгледувањето сончоглед е главната култура за добивање масло во земјата, но истото се намалува многу бргу. Од 2011 површините кои се засеани со сончоглед, кои воглавно се одгледуваат во Пелагонискиот земјоделски регион се намалени на половина (од 5 715 ha во 2011 на 2 458 ha во 2013). Сончогледот воглавно се одгледува во Пелагонискиот земјоделски регион (50-70%). Има незначително производство на маслодајна репка, која воглавно се користи како извор на протеини за искрана на добитокот.

Производството и површините кои се засадени со сточна храна (фуражни култури) е стабилно во текот на годините, со благо зголемување на површините со луцерка, детелина и сточна репка, во споредба со 2012. Во 2013 производството на *фуража и фуражни култури* е присутно со 8,7% од вкупното обработливо земјиште. Главна фуражна култура е луцерката засадена на 19 404 ha со годишно производство од 113 195 тони во 2013.

Површините под *повеќегодишни насади* (лозја и овоштарници) се околу 7% од вкупното обработливо земјиште. Во однос на бруто земјоделскиот аутпут, производството на овошје и винско грозје се втор најголем учесник во бруто земјоделскиот аутпут (на прво место е зеленчукот). Во однос на засадените површини со повеќегодишни насади, *најважна повеќегодишна култура се лозовите насади (лозјата), кои претставуваат повеќе од 59% од површините под постојани култури (околу 37 илјади ha), но, во однос на вредноста, производството на овошје* учествува со околу *80% од вкупната производна вредност на повеќегодишните насади).*

Околу 292 075 тони грозје и 195 726 тони овошје биле произведени во 2013. Главна овошна култура е производството на јаболки која претставува две третини од вкупната количина на производство на овошје (63% во 2013). Намалувањето на производството на јаболки за 12% во 2013 година се случило како резултат на пониските приноси во однос на 2012. Зголемувањето во производните количини во 2013, во споредба со 2012, било забележано кај црешите, вишните и праските, заради обновувањето на овошните насади и садењето на нови насади во последните 6 години. *Производството на овошје има потенцијал да порасне во смисол на порастот на побарувачката на извозниот пазар и на новите пазари.*

Вкупното производство на грозје (вклучувајќи го винското и трпезното грозје) во последниве пет години (2008-2012) е релативно стабилно, со просечно производство од околу 245 илјади тони годишно. Во 2013година, производните количини на грозје се зголемија за околу 20% (292 075 тони) во споредба со четиригодишниот просек. Просечниот принос е исто така стабилен со околу 11 тони по ha во просек. На земјоделските површини кои се наводнуваат, просечниот принос е значително повисок и се движи од 17 - 23 тони по ha. Во структурата на вкупното производство на грозје, трпезното грозје претставува 28%, а преостанатите 72% се винско грозје. *Производството на трпезно грозје има растечки потенцијал во смисол на поволните природни предуслови берењето почнува еден месец порано отколку во регионот), сортите (од рана жетва до доцна жетва) и растечката побарувачка на пазарот.* За да се достигне растечкиот пазарен потенцијал за трпезно грозје, потребно е посебно фокусирање, но не само на проширување на површините за одгледување на трпезно грозје, туку од особена важност е и изборот на сорти (на пр. сорти без семки).

Скоро 60% од лозовите насади (за производство на винско грозје) се постари од 15 години или се сорти кои не можат да се користат за производство на квалитетни сорти на вино. *Не е само старосната структура проблем во развојот на секторот за винско грозје, туку и засадените сорти на винова лоза.* Растечкиот извоз кај индустријата за вино во смисол на висококвалитетни

флаширани вина има потреба од приспособување на структурата на сортите на лозовите насади, за да се следат потребите на пазарот. *Исто така растечкиот извоз на вино бара нови провшини со лозови насади, за кои постои потенцијал во подрачјата со угари (необработени површини) и брегови*.

Државата има неискористен *потенцијал за производство на енергетски култури, како и количини на остатоци од земјоделското производство*. Главните култури кои моментално се произведуваат и кои би можеле да се користат за био-горива се житариците, индустриските култури, зеленчукот и повеќегодишните насади. Во просек 1,7 милиони тони годишно остануваат како биомаса, по жетвата на произведените растенија. Дел од ова се користи како храна за добитокот (слама, силажа), а останатата количина се преорува. Регионите кои обезбедуваат најголема количина на енергетски култури и биомаса од растенија се: Југозападниот регион и Пелагонија. Најголемиот дел од остатоци од растенија (околу 80-85%) доаѓа од житариците, лозјата и овоштарниците. Во последниве години, се појавува голем интерес за одгледување брзо-растечки дрвја, воглавно од страна на „новодојденците“ во земјоделскиот сектор – особено во подрачјата со падини, во источните делови на државата. Без оглед на тоа, секторот е неискористен и потребни се дејствија за значително подобрување кое ќе се стимулира со политики и мерки, за да се насочи и искористи потенцијалот.

Одгледување добиток (сточарство)

Одгледувањето добиток учествува со 24,4% од земјоделскиот аутпут во 2012 година.

Табела 19: Структура на добиточен земјоделски аутпут

Опис	% од вкупно	
Добиток	*100%*	
Крупен добиток		18,9%
Свињи		15,4%
Коњи		0,0%
Овци и кози		8,5%
Живина		3,1%
Млеко		46,7%
Јајца		6,4%
Други производи од животинско потекло		1,0%

Извор: ДЗС, “Економски сметки за земјоделството” (2012), објавени 2013

Согласно пописот во земјоделството (2007) околу 85% од вкупниот број земјоделски стопанства одгледувале добиток но само едно од шест земјоделски стопанства било специјализирано за добиток (12,6%). Бројот на земјоделски стопанства кои одгледувале добиток во голема мера се намалил од 2007 година па понатаму. Во 2013 година, само 56,5% од земјоделските стопанства одгледувале добиток. Вкупниот број на единици добиток во 2013 година е во просек 365 868, каде секое од земјоделските стопанства кое имало добиток, имало само 2,14 LSU (што е еквивалент кој е малку над две возрасни млечни крави). Индивидуалните земјоделски стопанства поседуваат помалку од 2 LSU во споредба со деловните ентитети кои поседуваат над 100 LSU.
Во последниве 6 години, бројот на животни е во константно опаѓање. Единствено значително зголемување во бројот на добиток во 2013 е кај живината (23% зголемување).

Табела 20: Број на добиток (во глави добиток)

Категорија	2008	2009	2010	2011	2012	2013

Крупен добиток	253.473	252.521	259.887	265.299	251.240	238.333
Овци	816.604	755.356	778.404	766.631	732.338	731.828
Свињи	246.874	193.840	190.552	196.570	176.920	167.492
Живина	2.226.055	2.117.890	1.994.852	1.994.260	1.776.297	2.201.550

Извор: ДЗС, 2014

Околу 90% (40 916 земјоделски стопанства) од производството на добиток во земјоделските стопанства е одгледување стока за млеко, а *45% од земјоделските фарми за млеко чуваат стада од помалку од 10 животни*. Само 31% од земјоделските стопанства чуваат стада со повеќе од 31 крава. *Во просек*, земјоделските стопанства одгледуваат млечни крави во стадо од *3 - 5 животни. Структурата и големината на млечните стада по земјоделско стопанство покажува подобрувања во просечната големина на млечните стада во 2006 (1 - 3 млечни крави). Последователно, млечните приноси се под просекот на ЕУ27 (3 009 kg по млечна крава во однос на 6 692 kg по млечна крава во ЕУ 27 во 2011).*

Моментално, помалку од 20% од суровото млеко кое се испорачува до преработувачките капацитети за млеко е во согласност со барањата за квалитет на млекото на ЕУ. Воведувањето на повисоки премии кај субвенциите според квалитет на млекото од 2015/2016, се очекува како резултат да дадат рапидна консолидација на секторот за добиток за производство на млеко, бидејќи некои од производителите кои вишокот од своето егзистенцијално производство го пласираат на пазарот и понатаму ќе ја намалуваат својата големина и ќе почнат да произведуваат само за сопствено конзумирање, додека пак бројот и делот од аутпутот на комерцијално ориентираните фарми кои имаат, или се во процес на адаптирање на нивниот бизнис за да ги достигнат стандардите на Заедницата – ќе се зголеми.

Одгледувањето овци е исто така сконцентрирано во малите земјоделски стопанства. Просечниот број на овци по фарма се движи помеѓу 20 и 200 животни, кои воглавно се чуваат за производство на јагнешко месо и производство на млеко (ретко за волна). Околу 95% од млечните овци се одгледуваат во индивидуалните земјоделски стопанства. Во последниве години, постои зголемен интерес за одгледување кози поради зголемената побарувачка на козји млечни производи, а постои и потенцијал за развој на овој сектор. Одгледувањето овци е полу-номадско и се изведува со носење на стадото на пасење во текот на летото.

Значителен дел од земјоделските стопанства одгледуваат *свињи*, но најголемиот број од нив има 1 до 2 свињи-маторици или најмногу пет товни свињи. Има 3 деловни ентитети како земјоделски стопанства, кои имаат повеќе од 100 животни и кои претставуваат 70% од вкупниот број свињи. Во 2013 година, бројот на свињи бил 167 492, што претставува опаѓање од околу 15 %, или 29 078 грла во споредба 2011 година. Се проценува дека производството на свинско месо покрива скоро 90% од домашната побарувачка за свежо свинско месо. Меѓутоа, домашното производство на свинско месо не ја задоволува растечката побарувачка на индустријата за преработка на месо, како во квалитет, така и во квантитет. Недостигот од свинско месо за индустријата за преработка на месо се покрива со увоз на свежо, разладено и замрзнато свинско месо, а тој увоз се зголемува од година во година. *Секторот има потенцијал за развој ако се прилагодат расите на свињи со нивото на квалитет кој е потребен за преработувачката индустрија, заедно со техниките на одгледување кои ќе се применуваат за навремено да се задоволи домашниот пазар*.

Вкупниот број на *живина* во 2013 година бил 2,2 милиони пилиња, од кои бројот на кокошки-несилки бил 1,2 милиони кокошки за просечно производство од 174 јајца од една кокошка. Околу 35% од вкупниот број несилки се одгледува интензивно на големите живинарски фарми, со просек од 80 до 100 илјади кокошки по фарма и просечно производство од над 236 јајца од една кокошка.

Останатиот процент припаѓа на индивидуалните земјоделски стопанства со просечно производство од 128 јајца од една кокошка. *Со усвојувањето и спроведувањето на плановите за мониторинг на салмонелата во производството на јајца, секторот може да извезува јајца во ЕУ. Сите фарми треба да се усогласат со стандардите за благосостојба на кокошките – несилки.*

Постои зголемен потенцијал на домашниот пазар за свежо месо од живина, кое достигнува висока цена од 5 EUR за kg. *Развојот на секторот е попречен со недостиг на програми за одгледување и производство на еднодневни пилиња, но исто така и концентратите за хранење се увезуваат.* Овие проблеми го прават неефикасно одгледувањето на бројлери во мал обем. Постои зголемен интерес за алтернативни системи за одгледување живина, како што е "слободен начин на одгледување" или одгледување други птици (гуски, мисирки, гулаби, домашни кокошки и тн.) за што фармерите сметаат дека е привлечно во однос на приходот кој можат да го добијат.

Малите земјоделски стопанства за одгледување добиток, несоодветните раси и несоодветното сместување на животните создаваат ризик за ниска продуктивност на секторот и низок квалитет на проиводите.

Пчеларството во државата има долга традиција и висок потенцијал, бидејќи климата е поволна за одгледување, разновидна вегетација и култури кои се добар извор на нектар и полен за медоносните пчели. Статистички гледано, бројот на сандаци со пчелини семејства во 2013 бил 68 294, што е зголемување од 3 017 семејства или околу 5% во споредба со 2011 година. Меѓутоа, согласно Системот за идентификација и регистрација на животни (воведен за регистрација на сандаци со пчели во 2012), бројот на регистрирани сандаци со пчели во 2013 година е 154 704. Најголемиот дел од производството (скоро 100%) се одвива во индивидуалниот сектор, со просечен принос од 11 kg мед од едно пчелино семејство. Годишното производство на мед во 2013 година било 784 тони, што е значително пониско од производството во соседните земји[16].

Инвестиции во земјоделството

Инвестициите во средства во земјоделството изнесуваат околу 9 милиони EUR во 2012 година, од кои 1,2 милиони EUR кои беа инвестирани во згради, 6,1 милион EUR во машини и опрема (сите од увоз) и повеќегодишни (0,8 милиони EUR).[17] Годишната потрошувачка на основниот капитал (амортизација) во 2012 година е 8% од БДВ во земјоделството[18]. Амортизацијата на *основниот капитал во земјоделството ги надминува новите инвестиции 4 пати, што води до заклучоци дека инвецстициската активност во земјоделството е маргинална и недоволна за да се модернизира земјоделското производство.*

Недостигот на инвестиции во земјоделски машини резултираше во значително зголемување на користењето на мануален труд и како последица е ниска трудова продуктивност. Во 2013, вкупниот број на трактори во државата беше околу 92 708 и комбајни – 1 797. Бројот на трактори е релативно низок – 0,2 трактори по ha од ИЗЗ и 0,5 по земјоделско стопанство. Иако просечниот број на трактори е приближно на ниво на ЕУ (просек од 0,6 по земјоделско стопанство), земјоделските машини се истрошени и стари а околу 70% од тракторите и комбајните се стари повеќе од 20 години.

Оттука, и покрај значителната поддршка од националната програма за рурален развој и IPARD I за модернизација на земјоделските машини, потебно е понатамошно инвестирање во секторот

[16] Производството на мед во Србија изнесува околу 3 илјади тони и околу 1,5 илјади тони во Бугарија.
[17] ДЗС, Создавање бруто основен капитал, 2014
[18] ДЗС, ЕАА, 2014

за производство на култури. Покрај потребата од инвестиции во нова механизација, секторот за растително производство има голема потреба од инвестиции во земјоделска механизација за сеење, ѓубрење, заштита и наводнување на културите.

Во секторот за производство на култури, ниската продуктивност е одредена со висок степен на ниско ниво на механизација, низок квалитет на семиња и постојани сорти на растенија/присади и слаба пракса на управување со земјиштето, врз која исто така влијае големата фрагментација на земјиштето.

Значителни инвестиции се потребни за подобрување на квалитетот на земјоделските производи на ниво на фарма, т.е. за жетвени активности, пост-жетвени активности и складирање на овошје и зеленчук, објекти за сушење и складирање и опрема за пакување (особено во однос на оризот) за житарици.

Поради поволните климатски услови, под-секторот за рано-градинарски производи има значителен потенцијал за понатамошен развој на конкурентна основа. Така, инвестиции се потребни за модернизација на „пластичните тунели“ во “пластични хали“[19] со систем за наводнување капка по капка и одржливо греење.

За поголем број оранжерии е направено многу малку во смисол на нивно одржување и инвестирање во модернизација на технологијата. Покрај поддршката која се дава преку Програмата IPARD I, инвестициите во оранжерии биле спречени со регулаторни пречки за легализација на структурата и обезбедувањето градежни дозволи за изградба/реконструкција. Тековно, експлоатацијата на постоечките 260 ha (повеќето во блокови од 6-24 ha) под оранжерии се движи помеѓу 70-75% од капацитетот. Ова се случува поради неефикасните и застарени системи за загревање, кои значително ги зголемуваат производните трошоци, и, бидејќи постои акутен недостиг на оперативен капитал за да се плати греењето, многу оранжерии немаат предност во смисол на времето на жетва (собирање на плодовите). Употребата на термалните води за загревање и други обновливи извори треба во иднина да се прошират, каде што е возможно.

За да се обрне внимание на ублажувањето на климатските промени и прилагодувањето, потребни се инвестиции во ефикасни системи за наводнување – модерни системи за наводнување со прскалици/капка по капка, да се заменат старите системи за наводнување со канали, мрежи за (УВ) засенчување и заштитни покривки од град и силен дожд и да се зголеми употребата на обновливи извори на енергија.

Иако инвестициите во садење и повторно засадување на повеќегодишни растенија растат, потребни се уште повеќе инвестиции поради долгиот период на слабо инвестирање, што резултира со неповолна структура на старост и сортност, но, исто така, постојат и поволни предуслови за одгледување на овошје и винова лоза. Покрај тоа, барањата на новите пазари и на преработувачката индустрија се однесуваат на високите стандарди за квалитет. Така, треба да се стави фокус на садењето на технолошки напредни повеќегодишни насади и обновување (пресадување) на овоштарници и лозја, прилагодување на структурата на старост и структурата на сортите на повеќегодишните насади и инвестиции во пост-бербените активности на ниво на фарми, како и на ниво на нагорните пазарни канали. Регионалната концентрација на производството (на пример винско грозје во Тиквешката долина, јаболката во Охридско-преспанскиот земјоделски регион итн) прави добра основа за промовирање на хоризонталната

[19] Модерна постојана градба за одгледување зеленчук која е голема по површина (висината е обично 3 метри а ширината и должината можат да се разликуваат), со постојана (тврда) градба и покриена со пластична покривка или пластични панели. Може да се користи за расад и производство на растенија за хортикултура.

интеграција на земјоделските стопанства со понатамошна поддршка во формирањето групи на производители, како и нивна специјализација.

Со цел да се искористи потенцијалот за производство на биодизел-гориво и био-гас од растителни производи, потребно е обезбедување на инвестиции за развој на одгледувањето на индустриски култури. И покрај тоа што производството на индустриски култури (освен тутунот) е скромно, постои голем потенцијал особено за маслодајни семиња и коренести растенија (вклучувајќи ја и сојата) за производство на био-горива, за кои се зголемува побарувачката. Исто така, постојат можности за производство на био-гориво на-фарма од сопствени средства, за намалување на ризиците од растот на цените на горивото, што пак влијаело многу на трошоците за земјоделско производство во последниве години. За успешно да одговориме на можностите, треба да се зголеми ефикасноста на производството на маслодајни култури, бидејќи тоа е подеднакво поврзано со инвестициите на фарма и со практиките за управување на фарма. Производство на фуражни култури и сено во голема мера е поврзано со производството на добиток, но тоа се уште не е доволно ниту е модернизирано за да се достигне задоволително ниво на продуктивност, што пак ќе можат да го компензира зголемувањето на трошоците за добиточната храна. Пченката како сточна храна и сојата како извор на прехрамбени протеин за добитокот воглавно се увезуваат.

Понатаму, општата слабост на земјоделскиот сектор во однос на неповолната структурата на фармите, ниско ниво на здружување на производителите, исто така го попречуваат развојот на конкурентното производство на култури. Вертикалното организирање е се уште многу слабо, особено во секторот за овошје, а хоризонталната интеграција скоро и да не постои. Иако постојат нови инвестиции за модернизација на преработувачките капацитети, логистичките мрежи и маркетинг каналите се неефикасни и измешани од страна на трговците на мало.

Оневозможено е подобрувањето на земјоделските практики за управување за да се искористат инвестициите и модернизацијата на производството на култури. Промоција на хоризонтална интеграција на земјоделските производители е од клучно значење за одржување на потенцијалот за растеж и трендовите на пазарот.

Во секторот за одгледувањето на животни, потребни се значителни инвестиции поради хармонизација на националното законодавство со стандардите на Европската Унија во областа на хигиена на млекото, заштитата на животната средина и благосостојбата на животните – особено во секторот за производство на млеко и производство на месо. Според проценките на АХВ, 60% од компаниите со молзни крави немаат инсталации за молзење. За да се применуваат стандардите за благосостојба на животните во врска со кокошките-несилки во секторот за живинарство, потребни се инвестиции во сите живинарски фарми, кои се наоѓаат во период на транзиција, до приспособување. Исто така мора да се направат значајни инвестиции за чување арско ѓубре и во прочистување на инсталациите за заштита на водите и емисиите на амонијак.

Секторот за млеко има потреба од дополнително реструктуирање, за да ги издржи зголемените барања за квалитет на млеко од преработувачката индустрија. Ниската продуктивност, како кај фармите за производство на месо, така и кај фармите за производство на млеко, се исто така резултат на недоволната залиха на генетски потенцијал (во секторот за месо, во бројот на добиток доминираат молзните крави), нискиот квалитет на добиточната храна произведена на мали фарми и, уште повеќе, слаби практики за управување со фармите воопшто. Многу е важно зајакнувањето на примарното производство на месо, поради фактот дека месната индустрија која е во процес на модернизација во последните години (особено што се однесува до големите единици за обработка) всушност и нема сурово месо како материјал, за да можат целосно да ги користат капацитетите со кои располагаат.

Вреди да се напомене дека сточарството кај индивидуалните земјоделски стопанства не ги исполнува критериумите за ИЗЗ. Во случајот со овците и козите, сопствениците на добиток користат заеднички пасишта, додека за говедата, свињите и одгледувањето на живина, зрнестата храна и концентратите се купуваат, со што трошоците за производство стануваат високи, особено за одгледување на добиток за производство на месо. Недостигот на капацитети за складирање житарки и силажа влијае на потенцијалот на капацитетите за сточарско производство.

Со цел да се зголеми конкурентноста на примарното производство на добиток, постои потреба за подобрување на структурата на фармите, бидејќи ова е од витално значење со цел да се зголеми продуктивноста која, всушност, може само да биде резултат на голем број на активности како што се подобрени раси и добиточна храна, итн. Покрај тоа, инвестициите во физичката структура на сточарските фарми (простории за одгледување, молзење и опрема за ладење, управување со ѓубривото и кашестата маса, итн), како и подобрување на практиките за управување со фармите преку инвестиции во човечки капитал, ќе резултира во зголемување на конкурентноста.

Производството на мед ги задоволува потребите на домашниот пазар. Сепак, постои зголемен потенцијал за извоз на органски "шумски" и "ливадски" мед. За развој на овој сектор има потреба за воспоставување на "пчелини пасишта" засадени со "Медоносни" растенија и дрвја, со цел да се контролира "пасењето" на пчелите, како и да се подобри квалитетот на медот и сертификацијата во органски мед. На фармите е исто така потребна и современа опрема, за подобрување на локалните производи, како и за нивен настап на локалните пазари. Иако е медот главен производ од одгледувањето на пчелите, постои потенцијал за производство на други производи од пчели, како што полен, прополис и матичен млеч. Пчелните производи во голема мера се бараат за медицински и козметички цели.

Органско земјоделство

Секторот на органското земјоделство во Македонија е недоволно развиен, а бројот на земјоделски стопанства кои се сертифицирани како органски е релативно мал (416 земјоделски стопанства регистрирани во 2013 година) во однос на вкупниот број на евидентирани земјоделски стопанства. Иако земјоделците покажуваат зголемен интерес за органско производство, бројот на "органски" земјоделски стопанства се преполови во 2011 година. Значителениот пад на бројот на сертифицирани органски земјоделски стопанства се должи на две главни причини: кумулативниот пад на директна поддршка кога се променија шемите за исплата на субвенции од област/старост на грло до 30% на "доплата" пресметано врз редовните директни субвенции и приходите на домашниот потрошувач и неговата подготвеност да плаќа повисока цена за органски производи.

Органското производство главно се извезува, бидејќи домашниот пазар е се уште ограничен. Постои зголемена побарувачка за извоз за органски производи, како што се растенија за есенцијални масла, билки, зачини, овошје, зеленчук и мед. Снабдувањето со преработени органски производи е речиси незначително и речиси и не постојат врски помеѓу органските производители и преработувачите.

Во 2013 година преовладуваше интересот за преод кон органското производство на житни култури (1 000 ха), овци (40 000 грла) и пчелни семејства (5 121).

Табела 21: Органско производство и структура на фарма

Органско производство по структура на производство		
2011	2012	2013

Органско производство на култури		
6.581 ha	4.663 ha	3.168 ha
Органско производство на добиток		
124.258 грла	79.421 грла	69.983 грла
Органско производство на мед		
13.581 кошници	9.003 кошници	6.363 кошници
Број на сертифицирани земјоделски стопанства		
2011	2012	2013
Органско производство на култури		
451	263	197
Органско производство на добиток		
164	204	159
Органско производство на мед		
136	94	60

Извор: Регистар на оргнаски производители, Оддел за земјоделство, МЗШВ, 2014

Според анализата на МЗШВ од 2014, едно просечно земјоделско стопанство кое се занимава со органско одгледување на добиток, одгледува 280 грла овци или 50 грла по стадо, или 1,5 ha за органско производство на култури.

Најголем дел од органското производство на култури оди на житарки, по кои што следи овошјето, грозјето и свежот зеленчук, чиј што дел е 1% соодветно. Во сточарството, еден од водечките сектори е одгледувањето на овци (95% од органското сточарско производство). Уделот на органските кози и крупен добиток е 2-3% од секоја од нив. Органско сточарско производство е попречено со недостаток или скапа органска храна. Бидејќи праксата за одгледување овци е главно од номадски тип, на "чисти" планински пасишта, за овој сектор е многу "полесно" да биде сертифициран како органски.

Органското производство е регулирано со Законот за органско производство, кој се применува од 1 јануари 2010 година, а во согласност со соодветната ЕУ Регулатива бр 834/2007 и Регулативата на Комисија бр. 889/2008.
Во однос на системот за контрола на органското производство во земјата, со исклучок на двете овластени тела за сертификација (Балкан Биосерт и Про Серт); во 2013 година МЗШВ овласти трето тело за сертификација (Agribiocert) за контрола и сертификација на органското производство. Органите за контрола вршат стручна контрола и сертификација во согласност со МКС EN 45011 (Општи барања за тела кои работат со системи за сертификација на производи). Потврдата дека телата за контрола и сертификација работат во согласност со овој стандард е обезбедена од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ), како резултат на процесот на акредитација. ИАРМ е полноправна членка на Европската соработка за акредитација (ЕА), а во 2012 година го потпишаа заедничкиот договор за признавање на сертификатите за акредитација (ЕА-MLA) со Европската организација за акредитација.

Голема предност за органското производство е постоењето на автохтоните сорти на земјоделски култури кои традиционално се одгледуваат и се најдобро адаптирани во областите каде што се одгледуваат. Многу е важно дека големото присуство на таквите сорти значително го намалува ризикот од неуспех во производството, поради агро-климатските услови.

Растечката свест на потрошувачите и постојаното зголемување на побарувачката на органска храна ќе придонесе кон неизбежно зголемување на понудата на сертифицирани органски производи. Во изминатите години, на домашниот пазар, на потрошувачите не им беа понудени доволни количини на официјално сертифицирани органски растителни производи, како свежи,

така и преработени. *Ниските приходи на потрошувачите и високите трговски маржи наметнати од страна на малопродажната мрежа, направија органските производи да бидат достапни само на категориите на потрошувачи со висок приход. Постојат значајни слабости кои се забележуваат и во голема мера остануваат пречка за поинтензивен развој на органското растително производство. Првата слабост која вреди да се спомене е ниската понуда на репроматеријали за растително производство на домашниот пазар, вклучувајќи семенски и саден материјал и производи за заштита кои се дозволени за примена во органското растително производство. Отсуство на сточна храна и соодветна ветеринарна медицина за органското сточарство е слабост за понатамошен развој на сертифицираното органски месо и млечни производи.*

Недоволната и дисконтинуирана промоција на предностите на органското производство за животната средина и здравјето на луѓето, придонесува за ниската свест на потрошувачите за овие производи. Недоволната едукација и организирање на органските фармери е уште една пречка за развој на органското производство на растенија и на локално и на национално ниво.

Прехрамбена индустрија[20]

Бруто додадената вредност во прехранбената индустрија во 2012 година се проценува на 240 милиони евра, што придонесува со 3,2% во БДП. Вработеноста во 2012 година изнесувала 17476 лица, што претставува 2,6% од вкупниот број на вработени во земјата.

Според последните официјални статистички податоци за БДП (производен метод), во 2011, прехранбената индустрија придонела со 15,1% во вкупното производство на аутпут. Иако во 2011 година учеството на преработувачката прехранбена индустрија во вкупниот БДП го достигнала својот врв од 4%, вредноста на аутпутот на индустријата за преработка на храна малку се намалил, за 0,6 процентни поени во однос на 2010 година. Во периодот 2008-2010 година растот на аутпутот на прехранбената индустрија може да се припише како мал и константен и како резултат на намалување на производните активности на други гранки за обработка, како резултат на економската криза. Аутпутот за развој на прехранбената индустрија во овој период на раст беше постигната без зголемување на бројот на вработени што укажува на зголемување на продуктивноста на трудот.

Еден значаен дел од растот на прехранбената индустрија, исто така може да се припише на брзиот раст на домашната побарувачка и извозот. Преработените земјоделски производи изнесувале 30,9% од вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени производи и 14,1% од вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени производи. Најважните извозни производи се јагнешко месо, вафли и бисквити и преработен зеленчук.

Од вкупно 7 918 активни регистрирани компании за преработка во 2013 година, 445 се регистрирани како оператори или преработка на земјоделски производи и храна од растително и животинско потекло и пласирање на храна на пазарот (МЗШВ, АХВ, 2014). Најголем процент од вкупниот број на преработка на храна спаѓа во категоријата на мали и средни претпријатија. Најголемо учество во бројот на оператори со храна се одгледувачи, производители на вино (18%) и млеко и преработувачи на млечни производи. Од вкупниот број на одобрени оператори со храна од животинско потекло, вкупно 6 претпријатија се одобрени за извоз во ЕУ од кои 4 кланични објекти за извоз на јагнешко месо и два преработувачки капацитети за извоз на свежо млеко или млеко во ЕУ.

[20] Статистиката за економски развој која е предмет на анализа во овој дел е презентирана во детали во Табела 13, освен ако не е наведено поинаку.

Табела 22: Број на одобрени и регистрирани капацитети за производство

О&З	*Вино*	*Млеко*	*Месо*	*Мелници*	*Јајца*	*Мед*	*Риба*	*Ст.храна*	∑
104	*80*	*78*	*58*	*53*	*60*	*4*	*2*	*6*	*445*

Извор: МЗШВ (2013) и АХВ (2013), 2014

Производството на најголемиот дел од македонските претпријатија за преработка на храна е многу ниско во споредба со европскиот просек (околу 2 000 евра по лице вработено во споредба со околу 40 000 евра по лице вработено во секторот за преработка на храна во ЕУ, 27). Како резултат на тоа, поголемиот дел од претпријатијата за преработка на храна ги продаваат своите производи на регионално или национално ниво. На пример, 4 од вкупно 18 кланици и 2 од вкупно 78 компании за преработка на млеко се регистрирани за извоз во ЕУ. *Малиот капацитет на преработувачи на храна и бавното темпо на спроведување на стандардите на ЕУ се главните причини кои го спречуваат секторот за преработка на храна да стане конкурентен на масовните пазари на производи.* Од една страна, постојат установи, во главно извозно ориентираните сектори (вино, О&З и месо), со модерна опрема за преработка, кои може да конкурираат на единствениот пазар на ЕУ, но тие треба да ги прошират своите капацитети за да одговорат на бараните количини. Од друга страна, некои деловни објекти за преработка немаат финансиски ресурси потребни за да се исполнат строгите стандарди за хигиена и безбедност на храната.

Индустријата за овошје и зеленчук е застапена со 104 регистрирани претпријатија од кои 70% ја вршат нивната дејност во руралните средини.

Табела 23: Број на претпријатија кои преработуваат овошје и зеленчук и регионална распореденост

Регион	**Број на регистрирани претпријатија**	**Регион**	**Број на регистрирани претпријатија**
Скопски регион	23	Пелагониски регион	17
Источен регион	14	Вардарски регион	11
Југоисточен регион	23	Југозападен регион	7
Североисточен регион	3	Полошки регион	6
Вкупно	**104**		

Извор: АХВ (2013), 2014

Индустријата за овошје и зеленчук се карактеризира со ниско ниво на искористеност на производните капацитети. Просечното ниво на искористеност било околу 38% во 2009 година, 40% во 2010 година и 40% во 2011 година. Вкупниот инсталиран капацитет за преработка на овошје и зеленчук се околу 120.000 тони готов производ. Ниското ниво на искористеност на производствените капацитети се должи на неколку фактори, како што се: дисконтинуирана понуда на квалитетни суровини; проблематичен пристап до поволни финансиски средства од банки; општ недостаток на договор за производство со добавувачите на репроматеријали, квалификувани работници во преработувачката сезона, соодветни капацитети за складирање на суровини и готови производи, развој на нови производи со додадена вредност, добро дизајнирана заедничка маркетинг стратегија. И покрај овие факти, производството на преработки од овошје и зеленчук благо се зголемува.

Табела 24: Производство на преработено овошје и зеленчук

Година	Вкупно производство ('000 t)	Зголемување во '000 t (Споредено со претходната година)	Зголемување во % (Споредено со претходна година)	Индекс
2009	45,9	-8,3	-15,3	219
2010	47,6	+1,7	+3,7	227
2011	52,8	+5,2	+10,9	251
2012	54,1	+1,3	+2,5	258

Извор: МАП, 2013

Според класификацијата на производот, 22 претпријатија процесираат само зеленчук, 4 процесираат само овошје, додека 15 претпријатија преработуваат и групи на земјоделски производи. Генерално, 90% од сите активности опфаќаат само преработка на зеленчук, додека 10% се вклучени во преработка на овошје. Што се однесува до инсталираните капацитети, 75% се за конзервирање, 23% се за замрзнување, а останатите за сушење и производство на други производи.[21]

Преработувачката индустрија за овошје и зеленчук е од значење за агро-комплексот и нејзиниот развој се должи на следниве факти:

- обработка на суровини (овошје и зеленчук) кое потекнува главно од домашно производство;
- индустријата е извозно ориентирана (80% од вкупното производство) на пазарите на ЕУ и соседите; и
- вработува значителен дел од сезонските работници во текот на целата година.

Во моментов, постојат 80 регистрирани винарски визби лоцирани во главните области за производство на грозје во државата. Поради воведувањето на построги услови во однос на производствените капацитети и опрема за винарски визби, како и исполнување на нивните договорни обврски кон производителите на грозје, бројот на винарски визби во 2012 година падна од 86, колку што биле регистрирани во 2010 година, на 80 винарски визби кои во моментов се регистрирани во Регистарот на производители на вино во министерството.

Просечното годишно производство на вино варира помеѓу 90 и 100 милиони литри. Трендот на производство на вино, сепак, укажува на извесно намалување на квантитетот, што се должи на фактот дека повеќето од регистрираните винарски визби имаат тенденција да се фокусираат на производство на високо квалитетни вина во шишиња, преку строга селекција на сорти, управување со лозови насади и берба, транспорт и практики за испорака. Тие инвестираат во софистицирана опрема за обработка, доработка, полнење во шишиња и маркетинг технологии и се конкурентни на домашните и на странските пазари.

Меѓутоа, вкупниот тренд на зголемување на бројот на винарски визби, сè уште останува, бидејќи имало само 28 регистрирани винарски визби во 2003 година Вкупниот капацитет за обработка е речиси два пати поголемо од годишното производство на вино.

Табела 25: Број на производители на вино и регионална распореденост

Регион	Број на регистрирани претпријатија	Регион	Број на регистрирани претпријатија
Скопски регион	8	Пелагониски регион	2
Источен регион	6	Вардарски регион	46

[21] Извор: Македонска Асоцијација на Преработувачи (МАП), 2012

Југоисточен регион	11	Југозападен регион	2
Североисточен регион	5	Полошки регион	0
Вкупно	**80**		

Извор: МЗШВ Сектор за винарство и овоштарство (2013)

Мелничката индустрија е застапена со 53 компании кои работат само на домашниот пазар. Компаниите во оваа индустрија, првенствено мелат брашно од пченица и пченка, јачмен и ориз; и подготвени мешавини од брашно и тесто.

Табела 26: Број на мелнички претпријатија и регионална распореденост

Регион	Број на регистрирани претпријатија	Регион	Број на регистрирани претпријатија
Скопски регион	8	Пелагониски регион	3
Источен регион	10	Вардарски регион	4
Југоисточен регион	5	Југозападен регион	5
Североисточен регион	4	Полошки регион	14
Вкупно	**53**		

Извор: АХВ, 2013

Мелничките претпријатија се најчесто микро, мали и средни претпријатија, со застарена опрема и имаат голема потреба од модернизација на производството, да останат конкурентни и да одговорат на зголемената побарувачка на пазарот.

Со новововеденото Закон за безбедност на храната во 2010 година, операторите со храна, кои се вклучени во обработка на производите од животинско потекло, се должни да ги надградат своите претпријатија кои не се во согласност со прописите за безбедност на храната и здравјето на животните. Преработувачите на храна од животинско потекло, кои се оценети дека не се усогласени со барањата на стандардите за безбедност на храната во ЕУ и во поглед на структурните барања, можат да продолжат да ја вршат својата дејност според условите на локализирани дејности (пласирање на храната во регионот во кој ги извршуваат своите производни активности или на националниот пазар), една година пред датумот на пристапување кон Европската унија.

Според податоците од АХВ, по спроведувањето на оценувањето и категоризација на операторите со храна (животинско потекло) во 2010 година, 39 од установите беа промовирани во повисока категорија, 31 остануваат во исто ниво на категорија, а 15 се деградирани во пониска категорија. Така, вкупно 35 објекти за преработка на храна од животинско потекло се одобрени за локализирана активност и во 55 објекти - операторите со храна имаат одобрение за привремена работа или се се уште во фаза на целосно усогласување со стандардите за безбедност на храна во ЕУ. АХВ годишно следи и обезбедува усогласување со релевантните структурни барања во согласност со надградбата на плановите.

Според АХВ, постојат 63 регистрирани центри за собирање на свежо млеко, со капацитет од 100 до 12 000 литри, главно лоцирани во регионот Пелагонија.

Табела 27: Количини на откупено млеко

Година	Кравјо млеко	Овчо млеко	Козјо млеко

	(000 литри)	(000 литри)	(000 литри)
2009	116 034	6 101	1 795
2010	155 876	8 744	2 198
2011	108 433	8 560	1 862

Извор: Стратегија за подобрување и мониторинг на количини на млеко 2013-2020 –АХВ – 2012

Во текот на последните неколку години, бројот на млечни фабрики постојано се зголемува, каде што повеќето од нив работат со помал обем на производството. Во моментов има 78 објекти за преработка на млеко одобрени од АХВ, додека 50% од вкупното откупено млеко се обработува во 3 млекарници, а останатите 50% во мали и средни објекти, не вклучувајќи ги оние кои се наоѓаат во високо-планинските региони на државата.

Табела 28: Број на регистрирани претпријатија за млеко и регионална распореденост

РЕгион	**Број на регистрирани претпријатија**	**Регион**	**Број нарегистрирани претпријатија**
Скопски регион	7	Пелагониски регион	7
Источен регион	11	Вардарски регион	11
Југоисточен регион	11	Југозападен регион	6
Североисточен регион	12	Полошки регион	13
Вкупно	**78**		

Извор: АХВ, 2013

Според извршената категоризација на дневен капацитет, повеќето од млеко преработувачките капацитети се од мал обем со дневен капацитет за обработка до 1 000 литри, а само 2 од фабриките имаат капацитет од над 80 000 литри млеко дневно.

Табела 29: Структура на млекопреработувачи според инсталирани дневни капацитети за преработка

	До 1000l	**1000-5000l**	**5000-15000l**	**15000-80000l**	**над 80000l**	**Вкупно**
Број на објекти	29	21	16	9	2	77
%	38	27	21	11,5	2,5	100%

Извор: АХВ, 2013

Главниот млечен производ е пастеризираното млеко, УХТ млеко, локалните сорти на сирење, јогурт и кисело млеко. Објектите за преработка се повеќе заинтересирани за добивање квалитетно суровото млеко кое ги исполнува потребните стандарди за квалитет и безбедност, во основа од специјализираните фарми или помали фарми кои се здружени во земјоделски задруги или организирани во центри за собирање млеко. Малите сточарски фарми (1-3 крави) едвај ги исполнуваат потребните услови за квалитетот на млекото.

Околу 35 милиони евра годишно се наменети за поддршка на сточарството. Но, оваа поддршка не го дава посакуваниот резултат и увозот на свежо или замрзнато месо и натаму останува со над 100 милиони евра трговски дефицит. Статистичките податоци покажуваат дека во изминатите четири години, домашното производство на месо е намалено за 20%. Годишните потреби за свежо месо во Македонија и месо за преработки изнесува речиси 11 илјади тони свинско месо, 20 илјади тони говедско месо и околу 22 илјади тони живина. Околу две третини од овие количини се покриени

од увоз кој се зголемува секоја година, а се должи на растот на индустријата за преработка на месо во последните 4 години.

Капацитетите на месо во земјата ги задоволуваат потребите на домашниот пазар за свежо месо. Постојат 39 компании во индустријата за преработка на месо и 19 кланици (1 за колење дивеч).

Табела 30: Број на претпријатија за преработка на месо и регионална распореденост

Преработка на месо	
Регион	**Број на регистрирани претпријатија**
Скопски регион	12
Источен регион	1
Југоисточен регион	2
Североисточен регин	7
Пелагониски регион	4
Вардарски регион	6
Југоисточен регион	
Полошки регион	6
Вкупно	**39**

Извор: АХВ, 2013

Табела 31: Број на кланици и регионална распореденост

Кланици	
Регион	**Број на регистрирани претпријатија**
Скопски регион	2
Источен регион	2
Југоисточен регион	6
Североисточен регион	1
Пелагониски регион	1
Вардарски регион	4
Југозападен регион	0
Полошки регион	2
Вкупно	**18**

Извор: АХВ, 2013

Спротивно на тоа, Република Македонија е нето извозник на јагнешко месо. Околу 85% од закланите јагнињa се извезуваат во земјите на ЕУ, главно, во Грција и Италија, во периодите околу Божиќ и Велигден. Овие пазари бараат јагнињa со тежина на труп од 7-8 kg како свежо разладено месо. Иако македонскиот извоз во ЕУ е ослободен од давачки за увоз, препознатливото "Македонски јагне" во моментов е во опасност како резултат на воведувањето и мешањето на различни раси. Затоа, станува се потешко да се произведе униформно заклано јагне со потребниот квалитет.

Вкупното производство на свинско месо во 2012 година изнесува околу 10 600 тони. Свињите за товење се колат со тежина од околу 100кг жива мера. Се проценува дека околу 90% од домашната побарувачка за свежо свинско месо е покриена со домашното производство. Недостатокот на свинско месо на домашниот пазар и потребите на индустријата за преработка на месо се покриени со увоз на свежо, разладено или замрзнато свинско месо (во 2012г. беа увезени 11 114 тони, што претставува зголемување од околу 6% во споредба со 2011г., кога беа увезени 10 476 тони свинско месо).

Производството на пилешко месо се базира главно на колење на кокошки-бројлери. Производството е организирано во големи фарми од индустриски тип и мали приватни фарми и на договорна основа. Само две кланици (со вкупен капацитет од 2 милиони птици годишно) работат во државата, што го ограничува развојот на живинарството. Домашното производство на пилешко месо има брз пораст во последната деценија, но сепак покрива само 20% од домашната побарувачка. Затоа, најголема количина на пилешко месо се увезува како замрзнато пилешко месо. Увозот на пилешко месо претставува важен дел од вкупниот увоз на агро-прехранбени производи.

И покрај динамичната инвестициона активност на претпријатијата за преработка на храна во последниве години, потребата за понатамошни инвестиции се уште е значителна, особено во оние сектори кои се грижат за потребите на домашниот пазар - мелнички производи, месо и преработка на млеко, производство на масла и масти од животинско и растително потекло - како и во секторите кои се извозно-врзани - овошје и зеленчук, правење вино, обработка на медицински и индустриски култури, производство на мед. За претпријатијата кои имаат проблеми со квантитет, квалитет или цени на суровините, инвестициите треба да се комбинираат со приоритетните мерки за зголемување на конкурентноста на примарниот сектор.

Нивото на техничко-технолошки квалитет, што е од суштинско значење за индустријата, со цел да го издржат притисокот на конкуренцијата во проширената Европска унија, се уште е прилично ниско. Претпријатијата за храна, исто така имаат проблеми со истрошена или несоодветна опрема во процесите на контрола на квалитетот, пакувањето и обележувањето. Во различните технолошки линии, новата опрема која е помалку од 5 години во употреба претставува помалку од 10% од сета опрема која е вклучена. Поради недостаток на финансиски средства за нови технологии, често пати одлуките за инвестиции во секторот за преработка резултираат со купување на користена опрема и машини од земјите на ЕУ, и главно, цената е наводно половина од цената за новата технологија. Конкурентскиот притисок на домашниот пазар се зголемува како значителен дел кај преработувачите на месо и млеко, бидејќи тие се уште немаат дозвола за извоз на пазарот на ЕУ.

Половина од преработувачите на овошје и зеленчук се сертифицирани според ISO 9001, а само околу 10 компании се сертифицирани според ISO 22000. Преработувачите на овошје и зеленчук и извозниците на свежо овошје и зеленчук го зголемија интересот за спроведување БРЦ за извоз на пазарите во Велика Британија. Што се однесува на системите за следливост на производите, повеќе од половина од сите претпријатија за храна објавија дека ги одржуваат овие системи специјално за компаниите за млеко и месо.

Сè уште постои потреба за повеќе инвестиции во заштитата на животната средина преку преработувачите на храна, особено за управување со отпадот од животинско потекло, како и преработката на овошје и зеленчук, која се смета за сектор со релативно мал удел во загадувањето на животната средина. Нема претпријатија во секторот за месо кои имаат објекти за отпад, и затоа отстранувањето на отпадот претставува голем притисок врз производната активност, особено во руралните области каде системите за отстранување на отпадот се неразвиени.

Енергетската ефикасност на претпријатијата во прехранбената индустрија е ниска поради употребата на енергетски неефикасни технологии, опрема и објекти. Затоа, потребни се посебни охрабрувања за мерки за енергетска ефикасност во индустријата за храна, за да се намалат трошоците и да се подобри конкурентноста на претпријатија. Претпријатијата од прехранбената индустрија треба исто така да бидат охрабрени да користат обновливи извори на енергија, за да се зголеми нивната ефикасност, што ќе ги прави повеќе еколошки.

Важна потреба за претпријатијата од прехранбената индустрија е подобрувањето на системот за стручно образование и зголемување на учеството на работниците и менаџерите во континуирана стручна обука. Обуката во врска со усогласувањето со ЕУ стандардите за безбедност на храна се смета за клучен приоритет.

Мора да се даде приоритет на финансирањето на иновациите, производството и маркетингот на нови прехранбени производи и диверзификација на различни аутпути, што ќе доведе до зголемување на додадената вредност на земјоделските производи.

Надворешна трговија во агро-прехранбени производи

Во 2013 година, вкупната трговска размена (индустриски + земјоделско-прехранбени производи) (извоз + увоз) беше на исто ниво во споредба со претходната година (вкупниот извоз во 2013 година во споредба со 2012 година е зголемен за 3,1%, а вкупниот увоз, исто така, е зголемен за 1,8%). Што се однесува до извозот на агро-прехранбени производи во 2013 година во споредба со оној од 2012 година, тој продолжи да оди нагоре од 5,2%, достигнувајќи за прв пат вредност од над половина милијарда евра (504 милиони евра). Од друга страна, вредноста на увозот на земјоделско-прехрамбени производио во 2013 година, во споредба со вредноста во 2012 се намалила за 3,6% (од 679,4 милиони евра на 654,5 милиони евра). Учеството на извозот на агро-прехранбени и рибни производи во вкупниот извоз од Република Македонија во 2013 година бил 15,7%, а увозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во вкупниот увоз учествувал со 13,2%.

Трговскиот дефицит дојде до највисоките негативни вредности во 2012 година од 200,4 милиони евра, а во 2013 година се врати на нивото што е во поголема мера заедничко за последните години, од 150,5 милиони евра.

Табела 32: Трговија со агро-прехранбени и рибни прозводи

Во милиони €		Вкупна трговија (индустриски и земјоделски производи)	Вкупна трговија со земјоделски производи, преработки и производи од риба	Удел на земјоделските производи, преработките и производи од риба во вкупната трговија
2008	***Извоз***	2,689.2	378.5	14.07%
	Увоз	4,643.4	534.4	11.51%
	Разлика	-1,954.2	-156.0	7.98%
2009	***Извоз***	1.925,20	357,8	18,60%
	Увоз	3.615,80	499,8	13,80%
	Разлика	-1.690,60	-142	8,40%
2010	***Извоз***	2.497,50	423,7	16,90%
	Увоз	4.119,10	532,2	12,90%
	Разлика	-1.621,60	-108,6	6,70%
2011	***Извоз***	3.197,70	468,6	14,70%
	Увоз	5.038,50	620,6	12,30%
	Разлика	-1.840,80	-152	8,30%
2012	***Извоз***	3.113,52	478,93	15,38%
	Увоз	5.061,76	679,36	13,42%
	Разлика	-1.948,25	-200,43	10,28%
2013	***Извоз***	3.211,80	504,0	15,69%
	Увоз	4.968,40	654,5	13,17%
	Разлика	-1.756,60	-150,5	8,57%

Извор: ДЗС, 2014 (МЗШВ пресметки 2014)

Земјите на ЕУ се клучните трговски агро-прехранбени партнери во однос на увозот и извозот, соодветно. Во 2013 година, вкупната вредност на трговската размена на агро-прехранбени и рибни производи (извоз + увоз) со ЕУ 28 изнесуваше 579,4 милиони евра. Учеството на агро-прехранбените и рибните производи за извоз во ЕУ 28 во вкупните агро-прехранбени и рибни производи за извоз во 2013 година беше 49,8%, додека учеството на увозот од ЕУ 28 во вкупните агро-прехранбени и рибни производи беше 50,1%. Вториот важен агро-прехранбен трговски партнер во 2013 година беа земјите од ЦЕФТА (со исклучок на Хрватска), со вкупна вредност на трговската размена (извоз + увоз) од 345,8 милиони евра. Учеството на агро-прехранбените и рибните производи во извозот во земјите на ЦЕФТА во вкупниот извоз на агро-прехранбени производи беше 36,5%, додека учеството на увозот од земјите на ЦЕФТА во вкупниот увоз на агро-прехранбени и рибни производи беше 24,7%. Најважниот ЦЕФТА трговски партнер беше Србија со 16,4% учество во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи и 20% од вкупниот увоз на агро-прехранбени и рибни производи.
Земјата е нето извозник на тутун (сув ориентален), вино, зеленчук и јагнешко месо, и нето увозник на риба и рибни производи, како и смрзнатото месо.

Надворешно-трговска размена од групата агро-прехрамбени стоки е претставена во Прилог 4 од оваа програма.

3.2.2 Конкурентност на секторот шумарство

Шумската област опфаќа 987 545ha[22] од вкупната површина на земјиштето во 2013 година. Од оваа површина, 597 657 ха се листопадните шуми, 72 206ha зимзелени, 297 207ha мешовити и 44 818ha деградирани шуми. Според потеклото, шумите се класифицираат како: Висока шума - зазема помалку од 30% од вкупната површина под шума и учествува со 61,6% од вкупната резерва на дрвна маса и ниска шума - зазема 70% од вкупната површина под шуми и учествува со 38,4% од вкупната резерва на дрвна маса.

Регионално, најбогатиот шумски регион е Југозападниот регион, со околу 180 илјади хектари, а најсиромашен е Скопскиот регион, со околу 125 илјади хектари. Распореденоста на шумска покривка ширум државата е нерамномерна во однос на квантитетот и квалитетот. Високостеблените шуми со добар квалитет се наоѓаат по должината на државната граница, далеку од индустриските и населените места и влијанијата на човекот. Нискиот квалитет на нискостеблените шуми се наоѓа во централниот дел на земјата, а нивната состојба резултира делумно од климатските услови (на пример, шумски пожари) и делумно од човековите активности (дрвна маса).
Државата е сопственик на околу 90% од вкупната површина под шуми (вкупна дрвна маса од 92,2%). Околу 10% од шумите се во приватна сопственост (99 418 ха во 2013 година) од вкупната површина под шума, а нивниот дел од вкупната дрвна маса е 7,8%[23]. Постојат повеќе од 200 илјади парцели со шуми, кои се во сопственост на околу 65 илјади домаќинства. Според истражувањето на катастарот од 1998 година, просечната големина на шумските парцели е 2,48 *хектари, со просек од 0,37 ха во приватна сопственост, а 8,39 хектари во државна сопственост*.

Учеството на шумарството (сечата) во БДП учествува со околу 3% во периодот 2008-2012 година. Општиот придонес на дрвната индустрија (примарна и секундарна преработка на дрво, мебел, хартија, целулоза и др) во БДП е 2,5-3%. Вработувањето во шумарскиот сектор се проценува меѓу 0,3% -0,5% од вкупната вработеност. Овие броеви се очекува да се зголемат за вработување во

[22] Статистички годишник на Република Македонија, 2014 (NACE Rev.2 10.03. Шумарство)
[23] Стратегија за одржлив развој на шумарството, 2006

дрвната индустрија. Учеството на шумарството (сеча и дрвна индустрија) во извозот е незначително, бидејќи земјата е главно увозно зависна од увоз на производи од дрво со висока додадена вредност, како и репроматеријали за столарската и градежната индустрија.

Вкупната дрвна маса е 74 343 000 м³, а вкупниот годишен прираст од 1 830 000 m³ со просечен годишен прираст на хектар од 2,02 м³. Годишната проектирана сеча на дрва изнесува околу 1,3 милиони m³ и е на ниво од околу две третини од годишниот прираст. Годишниот вистински волумен за сеча е помеѓу 550 илјади m^3 и 750 илјади m^3 (691 илјади m3 во 2013 година) и најмногу е огревно дрво (80- 85%), кое се користи од страна на домаќинствата. Трупците се користат претежно во домашната индустрија, а само мал дел се извезува. Државата има значајни ресурси од други шумски производи: лековити растенија, печурки, шумски плодови, и разновиден дивеч. Исто така, високите шуми имаат голем потенцијал за рекреативен спортски туризам, екотуризам и рекреативен лов. Користењето на шумите и шумските производи (вклучувајќи дивеч, размножување и лов) се регулира според Законот за шумарство и ловство.

Политиката за шумарство се раководи од страна на МЗШВ. Државните шуми, определени како шуми за економско користење се управувани од страна на Јавното претпријатие "Македонски шуми" и 30 регионални канцеларии. Државните шуми во заштитените подрачја се управувани од страна на одделни државни органи определени со посебен закон за прогласување на заштитено подрачје. Во однос на класификацијата, околу 92% од вкупната површина под шума беше назначена како шума за економска употреба (вклучувајќи и заштитни шуми), а околу 8% се шуми во заштитените подрачја.

Сопствениците на приватни шуми се организирани во здружението "Здружение за заштита на интересите на сопствениците на шуми во приватна сопственост", основано во 1998 година. Здружението е од клучно значење како чинител кој активно учествува во дизајнирањето и имплементацијата на политиките.

Степен на заштитени шуми

Во моментов постојат три прогласени национални паркови во државата: Национален парк "Пелистер" со шумска површина од 171,15 км^2, Национален парк "Галичица" со површина под шума од 227 км2 и Национален парк "Маврово" кој е најголемиот национален парк во земјата со 780 км2.

Пелистер е еден од првите заштитени национални паркови на Балканот, кој го има добиено овој статус во 1948 година. Пет-иглестиот (Пелистерски) бор - терцијарната флора - молика (Pinus peuce Griseb), единствен таков вид во светот, зафаќа површина од околу 1,6 илјади хектари. Националниот парк "Галичица" се наоѓа на падините на планината Галичица (меѓу Охридското и Преспанското Езеро) и беше прогласен за национален парк во 1958 година. Националниот парк "Галичица" е со површина од 22750 хектари со деветнаесет различни шумски заедници. Националниот парк "Маврово" е прогласен за таков во 1949 година Во 1952 година беше зголемен на 73 100 хектари, од кои околу 27 илјади хектари се бреза и борови шуми.

„Шумскиот резерват Јасен“ е прогласен за посебно заштитено подрачје во 1958. Покрива површина од 24 илјади хектари и се протега долж планинските масиви на Сува Гора, Сува Планина и Караџица. Овој парк спаѓа во категоријата посебни природни резервати кои заштитуваат многу видови на флора и фауна и други природни реткости.

Постојат шуми и во две заштитени подрачја од категоријата споменик на природата – „Смоларските водопади' кои се заштитени како такви во 2006 и „Вевчанските извори" кои се заштитени во 1999.

Стратегија и политика во шумарството

Според стратегијата за одржлив развој на шумарството од 2006, главните цели за развој на шумите се: проширување на површина под шума и подобрување на квалитетот, одржлив развој на економски одржливо шумарство, зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните средини, подобрување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку валоризација на нејзините општи и општествени функции, како и подигање на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите.

Стратешките цели се спроведуваат преку Програмата за проширување и репродукција на шумите, која се фокусира на мерките за пошумување, заштита на шумите од болести и штетници, спречување на сушење на боровите шуми и превенција на шумски пожари. Секоја година, со програмата, се обезбедуваат садници од различни видови шуми и се користат за пошумување на голите површини во приватна сопственост (распоредувањето се базира на официјално барање од сопствениците).

За подигање на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите, во 2008 година, земјата спроведува широка јавна еколошка акција во рамките на кампањата "Ден на дрвото - засади ја својата иднина". Акциите се приклучија на глобалната кампања "Кампања на милијарда дрвја" која започна во 2006 година од страна на Програмата на Обединетите нации за животна средина (УНЕП), како одговор на предизвиците на глобалното затоплување. Акцијата се одвива два пати годишно (во пролет и есен), а проследена е со бројни паралелни активности за подигање на свеста за важноста на шумите и активности на општинско ниво за позеленување на урбаните области. Поголемиот дел од садници кои се користат во пошумувањето се претежно Шкотски (бел) бор, австриски (црн) бор, Аризона чемпрес, багрем и сл. Во периодот 2008 - 2012 година, вкупно 9 843 ha се пошумени со околу 25,5 милиони дрвца.

Иако земјата има голем потенцијал за развој на шумарството, факторите кои го попречуваат тоа се: слабиот квалитет на локалните суровини и недостигот на индустриски дрва. Дрвната индустрија се соочува со недостиг на современа опрема и системи за автоматизација кои не се произведуваат во земјата. Нивото на инвестиции е многу ниско, особено кога станува збор за странските директни инвестиции. Истражувањето, иновациите и трансферот на технологии во шумарството се незадоволителни, а соработката со шумарскиот факултет и други истражувачки институции е занемарлива.

Неквалитетната инфраструктура во шумите исто така го попречува развојот на шумарскиот сектор. Недостигот од пристап до шумите влијае на навременото одржување на шумите (кастрење и чистење од гранки и грмушки), која е една од мерките за шумски пожари и превентивна мерка за заштита од болести и штетници. Исто така сечењето е неразвиено и се прави без модерна опрема.

Најголемиот дел од инвестициите е потребен за подобрување на управувањето со шумите, сечата на дрва и унапредување на шумската инфраструктура. Подобрувањето на економската вредност на шумите може да се постигне со засадување на соодветни видови за производство на дрвна маса, вклучително и за производство на биомаса и инвестирање во објекти и опрема за

обработка и користење на оваа дрвна биомаса. Во моментов не е направено целосно истражување за капацитетот на неискористеност на биомасата на шумите.

Главните закани и проблеми во стопанисувањето со шумите се: екстензивната бесправна сеча, шумските пожари кои имаат влијание на околу 10 илјади ха во просек годишно, сушење на шумите поради сушата и климатските промени, пренамноженоста на штетни инсекти и болести, ниското ниво на управувачки активности во приватните шуми, поради малата големина на шумски парцели, нивната фрагментираност и ниските приходи од активностите на сечење.

Висок процент на сопственици на приватни шуми живеат во урбаните средини, без мотивација да направат соодветни и скапи уредувачки активности во шумите. Исто така, сопствениците на приватни шуми известуваат дека многу-регулираната и контролирана сеча од страна на државата, дури и во приватните шуми, е обесхрабрувачка за понатамошно развивање на нивните шуми. Покрај тоа, беше објавено дека пристапот до обуки за подобрување на знаењата за техничките прашања од работата на шумарскиот сектор и одржливото управување со шумите е потребно - и за јавните и за приватните шуми.

Сепак, најзначително влијание врз управувањето со шумите имаат шумските пожари: околу 3 962 шумски пожари биле забележени во периодот 1998-2013, за време на кои изгореле скоро 161 229 хектари шума и шумско земјиште, изгорена е 1 453 784 м3 дрвна маса Најголемата штета се случи во 2000 година, кога изгорената површина изнесуваше 46 000 ха. Во текот на летото во 2007 година Македонија се соочи со продолжени шумските пожари, од кои беа сериозно погодени шуми и друга вегетација на површина поголема од 40 илјади хектари. Еден од факторите кои придонесоа за тоа беа климатски услови, односно драматичниот топлотен бран и највисока температура која воопшто е забележена во еден подолг сув период, се наметна на вообичаената сезона на летни шумски пожари драстично вон својот вообичаен модел. Евидентно е дека шумските пожари не само што ја уништуваат биолошката разновидност, промена на микро-клима, и создаваат услови за појава на ерозија, но исто така предизвикуваат огромни економски загуби, за кои ќе бидат потребни децении да се обноват. Економските загуби предизвикани од шумските пожари во земјата во периодот 1998 - 2013 се резултат на директна и индиректна штета која се проценува на околу 70 милиони евра.

Се разви национален систем за рано предупредување за шумски пожари "Информативен систем за шумски пожари на Македонија“ (MKFFlS)". Системот е изграден во рамките на проектот на JICA / ЦУК: "Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари". Се очекува дека резултатите од системот ќе овозможи на шумарската политика да усвои мерки за превенција и претходно сузбивање, да спроведе анализа на ризикот од шумски пожари, што ќе доведе до намалување на бројот на шумски пожари и опожарени површини. Проектот ќе заврши во мај 2014 година.

3.2.3 Конкурентност на рибарството и аквакултурата

Рибарството има незначителен удел во националниот БДП од само 0,1% во (2012). Вработувањето во рибарскиот сектор е исто така на многу ниско ниво, со годишен просек од 142 вработени во 2012 година. Вработувањата во рибарскиот сектор се поврзани со фаќање на риба, дејност во мрестилишта и рибници, како и рибарски услуги. Како копнена земјата, државата е нето увозник на риба и рибни производи - главно од морско потекло. Уделот на риба и рибни производи во вкупниот увоз на агро-прехранбени и рибни производи од ЕУ-27 во 2012 година беше 1,3%.

Од вкупната површина на државата, околу 56 илјади ха се погодни за риболов, од кои 46,7 илјади ха се природни езера, 6,4 илјади ха се вештачки езера, 2,2 илјади ха се реки и 700 ха се рибници. Стопанскиот риболов во слатки води главно се спроведува во трите природни езера - Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, како и во вештачките акумулации. Рекреативниот (спортски) риболов се врши во сите области на вода.

Производната структура на рибарскиот сектор е составена од аквакултурни капацитети, стопански риболов во езерата и рекреативен риболов. Аквакултурното производство главно се однесува на одгледување крап и пастрмка. Според податоците од 2013 од Регистарот за аквакултура во МЗШВ, евидентирани се вкупно 96 водни капацитети со инсталиран капацитет од 3 070 тони и тоа: 1 756 тони пастрмка и 1 320 тони крап и други видови на риби.

Табела 33: Структура и големина на инсталираните капацитети за аквакултура

Риба	Број на капацитети според големина на производство во тони				Вкупен број
	До 20t	20-50t	50 – 100t	Над 100t	
Пастрмка	21	16	5	3	45
Биомасата во форма на дрво или јаглен се користи речиси исклучиво во домашниот сектор. Главни извори на биомаса се: остатоци шума (вклучувајќи го и несодветното комерцијално дрво, мртво дрво и сл) и преработка на дрвен отпад, земјоделски отпад и отпад од преработка на храна, индустриски култури, животински отпад и урбан органски отпад. Биомасата главно се користи од страна на домаќинствата и задоволува 30 - 33% од вкупните потреби од енергија. Околу 430 илјади домаќинства (76%) користат биомаса за затоплување. Дрвото и дрвениот јаглен заземаат 80% од вкупната биомаса која што се користи за енергетски цели. Употреба на ластарите од виновата лоза, оризовиот плевел и гранките од овошни дрвја за енергетски цели е исто така честа

појава, но голем дел од сламата главно се користи за ѓубрива, сточна храна и производство на целулоза. Затоа таа не е достапна за енергетски цели. Државата има на располагање големи количини на биомаса од земјоделство која може да се користи како извор на енергија. Количината е навистина голема и, теоретски, може да доведе до генерирање на 1 500 гигават-часови електрична енергија. Регионите кои обезбедуваат големи количини на шумски биомаса се: Југо-западниот и Пелагонија, со придонес од 31 и 19% од нус-производите, т.е. тоа е 50% од вкупните расположливи извори на дрво. Овие региони регистрираат најголемо проширување на шумите, но во исто време има ниска стапка на експлоатација на дрвни ресурси во рамките на плановите за дозволена сеча, во споредба со другите региони. Југозападниот регион во 2007 година собра само 58% од планираната сеча, а Пелагонија околу 68%.

Македонија има голем потенцијал за искористување на биогасот од животинско ѓубриво за енергетски цели и производство на биогориво од масла од маслодајните индустриски и градинарски култури.

Првата фабрика за биодизел беше отворена во 2007 година. Рафинеријата е во сопственост на приватната компанија Макпетрол и е со капацитет од 30 илјади тони годишно. За производство на биодизел гориво се користи нерафинирано масло од маслодајна репка. Во оваа фаза, нерафинираното масло се набавува од увоз. Најавено е отворање на уште две фабрики за производство на биодизел гориво во Република Македонија, од кои "Благој Ѓорев" од Велес ќе врши екстракција на масло од сончоглед, соја и репа, и планира да има вкупен капацитет за обработка на суровини од 20 илјади тони годишно и производство 13 илјади тони биодизел гориво. Имено, од вкупната биомаса која што се произведува на земјоделските полиња, 40% мора да се врати во почвата, 30% се користи за исхрана на животните или на фармите, а преостанатите 30% можат да се користат за производство на биогорива. Последниот технолошки развој укажува на можноста за оформување на мала фарма за растенија за производство на биогорива кои можат да бидат произведени од страна на земјоделците за нивна сопствена употреба, а со тоа и ќе се намалат трошоците за гориво за производство.

Државата има долгогодишно искуство во однос на користењето на *геотермалната енергија* и има инфраструктура за користење на геотермалната енергија за греење и медицински/здравствени бањи. Сепак, потенцијалот на геотермалната енергија се користи малку. Во вкупната потрошувачка на примарна енергија, геотермална енергија изнесува околу 0,4%, а нејзиното учество во потрошувачката на финална енергија изнесува 0,5%. Користењето на овој потенцијал за енергија се наоѓа во надлежност на локалната самоуправа. Имајќи ја предвид релативно ниската температура (највисоката температура која е забележана во регионот на Кочани била 78ºC), геотермалната вода главно се користи за да се задоволат потребите за греење. Нејзината основна (доминантна) употреба е во однос на греењето на оранжериските комплекси.

Иако земјата има повеќе од 250 сончеви денови во годината, *употребата на соларната енергија е ограничена на многу мал број на системи за греење вода*. Според енергетскиот биланс, учеството на енергија произведена од сончева енергија во вкупната потрошувачка на енергија изнесува 7,4 GWh, или 0,04%. Во моментов има околу 16 илјади $м^2$ вкупна инсталирани соларни површини за да се загрее водата. Соларните колектори се користат скромно во станбениот сектор, бизнис секторот, хотелите, камповите, и домовите. *Само неколку фабрики за преработка на храна имаат воведено соларен систем за загревање на вода*.

Производството на енергија од ветер[26] е ограничена само во регионите во кои постои доказ дека има ветер со константна насока (треба да се запишат три-годишни мерења на брзината на ветерот). Географските и временските услови во земјата не дозволуваат поставување на големи електрани на ветер во електроенергетскиот систем. Сепак, постојат одредени локации каде што брзината на ветерот и неговата стабилност даваат можност за инсталирање на електрани на ветер. Речниот слив на реката Вардар од Куманово до Гевгелија се смета за најповолна област за искористување на енергијата на ветерот. Други области кои се од можно значење се Пелагонискиот регион, Крива Паланка, Охрид и други планински подрачја.

Според Националната Стратегија за искористување на обновливи извори на енергија до 2020 година и одлуката донесена согласно Законот за енергетика, максималниот планиран инсталиран капацитет на електрани на ветер во електроенергетскиот систем е 150-180 MW, со годишен очекувано производство на електрична енергија од 300-360 GWh, а целокупната електрична енергија произведена од елекраните на ветер треба да биде купена од операторот на пазарот по цена од 89 EUR / MWh. Во државата се градат две парка со ветерници за производство на електрична енергија - Велес и Богданци. Во текот на последните години, има голем број проекти и активности за мерење на брзината на ветерот на повеќе локации, а тука се и процесите за изработка на физибилити студии.

За мала држава како што е Македонија, која во моментов внатрешно произведува ограничена количина на енергија, но во исто време има многу ниска годишна потрошувачка (околу 8 900 GWh), улогата на обновливите извори на енергија навистина стануваат стратешки, како на локално, така и на регионално ниво. Земјата и натаму останува во голема мера зависна од увоз на фосилни горива и се соочува со хроничен недостаток на енергија. Непосредна област на можност е да се подобри ефикасноста на станбените, комерцијалните и деловните објекти, кои сочинуваат 50 отсто од потрошувачката на енергија. Напорите на Владата се да се искористат обновливите извори на енергија, почнувајќи од силата на водата (на околу 5 500 GWh), но, исто така, ветерот, сончевата енергија и биомасата. Другите цели се, зголемување на користењето на природниот гас и намалување на користењето на електричната енергија во постројки за греење згради. Инвестирањето во енергетскиот сектор е особено важно, бидејќи повеќе од половина од македонските фирми во анкетите покажуваат дека снабдувањето со електрична енергија и нејзините трошоци се проблем.

Иако постојат големи природни и климатски можности, постои недостаток на знаење и инвестиции во користењето на обновливите извори на енергија за земјоделско производство.

3.3.9 Употреба на пестициди и вештачки ѓубрива

Загадувањето на водите со нитрати и фосфати, пестициди и органски ѓубрива предизвикано од земјоделските извори е присутно во државата, особено во водите на езерата. Иако нетретираните општински и индустриски отпадни води се главната причина за загадувањето на водата, дифузното загадување на подземните и површинските води со нитрати и фосфати (поради прекумерна употреба на минерални ѓубрива и арско ѓубре, особено во почвите кои се склони на висока ерозија) се јавува во области каде постојат многу интензивни фарми. Според најновите податоци, постои ниска употреба на минерални ѓубрива, во просек (околу 104 кг NPK по хектар обработливо земјиште или 12кг NPK/ха земјоделско земјиште).

3.4. Рурална економија

[26] http://eprints.ugd.edu.mk/10016/1/Pages%20from%20energetika%202014%20zbornik%20vnutro%20OZE%20kor2-3.pdf

Расположливите статистички податоци за БДП не обезбедуваат адекватни детали за руралната економија. Така, за целите на оваа Програма, направени се пресметки кои произлегуваат од индикаторите за руралните двигатели во економијата, направени на регионална основа, според дефиницијата на ОЕЦД.

Во 2012 година, средните региони придонесле со 55% од националниот БДП а просечниот БДП по глава на жител во овие региони бил околу 20% повисок од националниот БДП по жител (4 421 евра наспроти 3 680 евра националниот БДП по глава на жител). Во однос на придонесот во националната економија, Скопскиот регион има најголем дел (42,4%) во националниот бруто-домашен производ.

Слика 4: БДВ и вработување во руралните средини од страна на Секторот (%) (2012)



Извор: ДЗС, 2013 (МЗШВ пресметки 2014)

Руралните области многу зависат од земјоделството. Во 2012 година, во претежно руралните региони, учеството на земјоделството беше повеќе од 50% од националниот удел на земјоделството во БДП (13,5% наспроти 9%), додека учеството на земјоделството во средните региони беше три пати пониско (2,8% наспроти 9%). Сепак, не-земјоделските сектори (секундарни и терцијарни) генерирале повеќе од 80% од БДВ во руралните средини (Слика 4).

Слика 5: БДВ агро-храна и вработување во руралните средини (%) (2012)



Извор: ДЗС, 2013 (МЗШВ пресметки 2014)

Во претежно руралните региони, 3,8% од вкупната вработеност во земјоделството била во секторот за преработката на храна. Овој показател е дури и повисок, имајќи предвид дека поголемиот дел од руралното население е ангажирано во земјоделскиот сектор (главно за егзистенција/семејно земјоделство) или како главен извор на приход, или како дополнителна дејност. (Табела 37)

Табела 37: Земјоделски стопанства и работната сила според вид на регион

Вид на регион	Земјоделско стопанство		ИЗЗ	Просечна големина на фарма	Земјоделска работна сила (лица)		Земјоделска работна сила (AWU)	
	'000	%		ИЗЗ ha	'000	%	'000	%
Доминантно рурален регион	130.633	76,4	214.742	1,64	218.671	49,5	171.624	70,4
Среден регион	40.252	23,6	101.121	2,51	114.211	25,9	72.067	29,6
Вкупно	**170.885**	**100,0**	**315.863**	**1,85**	**441.742**	**100,0**	**243.689**	**100,0**

Извор: ДЗС, 2013 (МЗШВ пресметки 2014).

Речиси сите земјоделски стопанства и земјоделската работната сила се наоѓаат во руралните региони, бидејќи 76,4% од земјоделските стопанства се наоѓаат во претежно руралните региони. Постојат значителни разлики меѓу претежно руралните и средните региони во однос на просечната големина на земјоделски стопанства и работната сила. (Табела 37).

Студиите во државата кои се поврзани со проценка на сиромаштијата заклучиле дека вработувањето во земјоделскиот сектор служи само како социјално ублажување - намалување на сиромаштијата и невработеноста, особено во услови на висока стапка на невработеност надвор од земјоделскиот сектор. Споредбата меѓу исклучиво земјоделските домаќинства, мешаните домаќинства (ангажирани во земјоделството на приватните имоти, и каде што најмалку еден член на семејството е вработен вон земјоделството) и домаќинства без земјоделски имоти, покажува дека мешаните домаќинства произведуваат највисоки приходи, а потоа доаѓаат земјоделските домаќинства. Неземјоделските руралните домаќинства се најсиромашните домаќинства.

Истражувањата исто така покажале тренд кон диверсификација на не-земјоделските вработување како резултат на економската потреба (во помала мерка, насоченост кон земјоделството) и потврдуваат позитивна корелација меѓу приходот и бројот на неземјоделски активности кои ги превземаат домаќинствата. Не постои формален доказ за диверзификација на фармите во неземјоделски активности во руралните средини. Сепак, се проценува дека околу 30% од земјоделците или членови на земјоделско домаќинство се или вработени или самовработени, вработени во производството или во јавниот сектор. Вработување или самовработувањето надвор од земјоделството се во трговијата, градежништвото или услугите. Поголемиот дел од жените од руралните средини се вработени во текстилниот сектор.

Најголемата слабост во руралната економија е создавањето на работни места, високите трошоци за започнување на нови бизниси и вработување на нови работници. Оваа причина може исто така да се сретне и како клучна затоа што го спречува националниот пазар на труд да функционира ефикасно и да ја намали невработеноста која е на историски високо ниво. Големата долгорочна невработеност во руралните области е поврзана со слаба структура на квалификација кај вработените.

Руралната економија во голема мера зависи од економските перформанси на МСП. Поголемиот дел од компаниите во руралните средини работат во градежништвото или во услужниот сектор. Услужниот сектор е концентриран во прометот на големо, трговијата на мало и угостителство. Угостителските услуги во руралните области се претставени со 15,4% од вкупните угостителски услуги. Околу 4% од вкупниот број на регистрирани претпријатија во државата се во областа на земјоделството, ловството, шумарството и рибарството (3 072) - од кои 24% се лоцирани во руралните општини.

3.4.1 Потенцијал за рурален туризам

Постои добар потенцијал за развој на *туризмот* во руралните општини, но тој се уште е недоволно развиен. Специјализираните истражувања покажуваат дека речиси половина од територијата на државата има голем потенцијал за градење ресурси за развој на атрактивни туристички производи. Поголемиот дел од општините имаат доволно природни и изградени ресурси за развој на рекреативниот туризам. Сепак, туризмот имаше конкретен придонес во приходите и вработувањето само во општините до езерата (Охрид, Ресен и Дојран) и градот Скопје.

Службените статистики не обезбедуваат податоци кои се фокусирани конкретно на руралниот туризам во сите форми. За време на периодот 2008-2012 година, една од водечките туристички дестинации се областите на езерата, од кои најважно е Охридското Езеро, по кое што следи Скопје (22%), планинските области (10%) и бањите (4%), за одмор и рекреација и културен туризам. Проценето е дека 4% од вкупниот број на сместувачки капацитети се наоѓаат во руралните средини.

Во моментов руралниот туризам генерира многу мал дел од националните приходи од туризмот. Тој е концентриран во ограничен број на региони (главно во националните паркови, Источниот регион и природните езера). Во текот на последните неколку години, неколку села кои се наоѓаат во близина на езерските одморалишта исто така нудат сместување во руралниот туризам.

Како што се известува, поради владините кампањи за промоција на потенцијалот на руралниот туризам, *домашниот туризам се зголеми за повеќе од 100% - главно еднодневни или викенд тури*. Бројот на туристички агенции кои нудат рурален туризам е мал, но искуството покажува дека побарувачката за рурален туризам е во пораст. Повеќето од руралните места се посетени од домашните туристи за време на одморите или за време на викендите/ националните празници. Постојат рурални туристички производи кои се нудат на странските пазари, но главно, како комплементарни производи на комерцијалните празници во Охрид.

Сместувањето е клучен елемент во туристичката понуда, кој силно влијае врз степенот на развој на туризмот и неговото влијание во одредена област. Концентрацијата на обезбедено туристичкото сместување е во 7 општини (Скопје, Охрид, Струга, Ресен, Берово, Маврово, Гевгелија). Поради оваа концентрација, во моментов, развојот на туризмот во многу области од државата се попречува поради недостигот од сместување, додека во други области клучен недостаток е квалитетот/стандардот на сместување и соодветните придружни услуги.

Меѓу најголемите пречки за развој на туризмот во руралните области е недоволната развиеност на туристичките атракции и објекти, како и отежнатиот пристап до туристичките убавини, националните паркови и туристички локалитети, првенствено поради лошата состојба на патната инфраструктура.

Најголемиот број невработени лица со професионални квалификации кои се потребни за работа во туризмот се наоѓаат во Југозападниот регион (1 205) и во регионот на Скопје (1 307). *Постои значителен проблем со недостиг на обучени човечки ресурси, како и стратешко планирање и ресурси и производи за маркетинг на руралниот туризам.* Од расположливите податоци за невработени лица во руралните средини, во Националната стратегија за рурален туризам 2012 - 2017 се проценува дека дополнителната обука за одредени потсектори и услуги поврзани со руралниот туризам, во голема мера можат да придонесат во развојот на овој сектор. Стратегијата препорачува обуките да бидат таргетирани за активното население на возраст од 15 до 39 години (во сите региони), со некои квалификации за работа во туризмот.

Речиси сите општини изјавија дека руралниот туризам како една од целите во нивните локални стратегии за развој, главно ги нагласува природните и културните потенцијали како нешто што е релевантно. Речиси две третини од руралните општини во нивните стратегии ги идентификуваат конкретните инфраструктурни проекти за развој на руралниот туризам. Така, веќе постојат проекти кои се идентификувани за развој на туристичката инфраструктура, реставрација на историски и културни споменици, како и други проекти поврзани со туризмот. Околу една третина од овие проекти се наоѓаат во помалите рурални општини, како и во населени места со население под 150 жители.

3.4.2 Промоција и развој на мали и средни претпријатија во руралните средини

Во поголемиот дел од руралните региони, производство е претставено воглавно од мали фирми, кои ги услужуваат локалните/регионалните пазари. Речиси сета прехранбена индустрија (освен за преработка на месо и кланици) се наоѓа во руралните средини. *Во сите региони, развојот на индустријата е под притисок на квалитетот на патната инфраструктура и инфраструктурата поврзана со бизнисот и зголемениот недостиг на квалификувана работна сила*.

Табела 38: Рурални деловни субјекти

Тип на регион	Вкупен број	Број на деловни ентитети по број на вработени лица					
		0	1 - 9	10 - 19	20 - 49	50 - 249	250 +
Доминантно рурални региони	36.163	1.484	31.764	1.338	864	652	61
Средни региони	35.127	2.931	28.835	1.651	923	639	148
Вкупно	**71.290**	**4.415**	**60.599**	**2.989**	**1.787**	**1.291**	**209**

Извор: ДЗС (2012), објавено 2013 (МЗШВ пресметки, 2014).

Секторот на мали и средни претпријатија во руралните области е *неразвиен*. Показателите за деловна демографијата (број на деловни субјекти на 1 000 жители), укажува на тоа дека густината на МСП во претежно руралните региони е помала од националниот просек (32 % на 1 000 жители), додека густината на мали и средни претпријатија е релативно висок во средните региони (45 на 1 000 жители), достигнувајќи го просекот од 45 % на 1 000 жители во ЕУ-27. (Табела 38).

Според ниво на LAU 1, просечниот број на бизниси на илјада жители во руралните општини (општини со седиште во село) е 18, во споредба со просекот од 36 во урбаните општини (со седиште во градовите).

Земјоделско-прехрамбените мали и средни претпријатија во руралните средини работат претежно

за локалниот (општински/регионален) пазар, освен трговските претпријатија за овошје и зеленчук и производителите на вино кои ги извезуваат своите производи. Секторот за специјалитети/специфични прехранбени производи е моментално мал во однос на бројот на претпријатија, бидејќи во голема мера функционира на ниво на земјоделското домаќинство. Во секторот за овошје и зеленчук, АХВ има регистрирано 104 компании од кои речиси половина (43 компании) се наоѓаат во селата, со вкупно 1 165 постојано вработени. Од нив, само 22 компании преработуваат зеленчук, 4 се занимаваат само со овошје, а 17 фирми имаат комбинирана преработка (овошје и зеленчук). Повеќето од претпријатијата за преработка на овошје и зеленчук се класифицирани како микро (16) и мали претпријатија (21), а 20% од нив (14 претпријатија) се специјализирани за производство на специјалитети/специфични производи како што се "ајвар", "пинџур" и "лутеница ". Во врска со производителите на вино, од вкупно 80 регистрирани винарски визби во 2013 година, повеќе од половина имаат преработувачки капацитети лоцирани во руралните средини.

Пристапот на руралните мали и средни претпријатија до деловните консултантски услуги е слаб. Министерството за економија, преку Агенцијата за поддршка на мали и средни претпријатија, поддржа создавање на мрежа на советници и промовираше ваучер-систем за користење на консултантски услуги. За поддршка на самовработувањето, Агенцијата за вработување води програми на поволни кредити за основање бизниси и самовработување. Главниот интерес за користење на оваа шема е земјоделството, трговијата и услугите, а интересот е најнизок во занаетчиството.

Напорите за промовирање на претприемништвото и занаетите во руралните области се ограничени со нискиот образовен статус на работната сила и недостатокот на професионално искуство.

Шемите за промоција на претприемништвото кои функционираат во руралните средини до денес, откриваат дека постои недостаток на зрели бизнис идеи и претприемачки вештини и знаења. *Почетните бизниси се ограничени со ниските приходи/ниската куповна моќ на руралните жители и заситеноста на секторите кои бараат низок почетен капитал (мали продавници, ресторани, комунални услуги). Во моментов недостигот на почетен капитал е значајна бариера за развој на одржливи бизниси.*

3.4.3 Занаети

Занаетчискиот сектор е релативно мал, разнолик и раширен низ целата земја. Овој сектор се идентификува со голем потенцијал за развој на национално ниво, важен во создавање приход и работни места, особено во руралните средини кои се по изолирани, и не се толку привлечни за другите видови на бизниси [27]. Сепак, овој сектор стагнира во последните години и постои тенденција на исчезнување на некои од традиционалните занаети.

Во однос на вработеноста во овој сектор, анализата направена од Стратегијата на Занаетчиската комора 2012-2020 покажува дека најголем дел или 61% од мајсторите вработуваат едно лице, а 35% вработуваат од едно до пет лица.

Во согласност со правната рамка, следните активности се дефинирани како занаетчиски активности: Производство и мал обем на производството; услуги; уметнички занает; домашни

[27] Национална стратегија за развој на занаетите 2012-2020, Министерство за економија

занаети (ракотворби). Во однос на типот на активност, најголемо учество во вкупните занаетчиски дејности оди на занаети за кои не е потребна специјална едукација и занаети кои имаат потреба од простории (15% соодветно) проследено со производство на храна и пијалоци со 13%, електростопанство и машини (12%), градежништвото (10%), лични услуги (9%), текстил и кожа (7%) и минерали (5%). Останатите активности се движат меѓу 1% -3% удел во преработката на дрво, производство на хартија, пластика и гума, здравје и лична нега и рачно изработени (ракотворени) занаети.

Според Занаетчиската комора, главните области на домашното производство во занаетчискиот сектор се следниве:

- Ткаење (источен дел на државата, во селата околу Делчево, Берово, Пехчево, Кочани, Виница, западен дел на државата, во селата околу Тетово);
- Везење, плетење и шиење (централната област на државата, села околу Крушево, Битола, Ресен);
- Керамика, (селата околу Кичево, Велес, Струмица);
- Столарство, резба и обработка на дрво (источниот дел на државата, во селата околу Делчево, Берово, Пехчево, западен дел на државата, во селата околу Тетово и Гостивар);
- Ковање (југ на државата, села околу Струмица);
- Производство на филц (источен дел на државата, во селата околу Делчево, Берово, Пехчево, Кочани, Виница, Пробиштип).

Според Стратегијата на Занаетчиската комора 2012-2020, поголемиот дел од ограничувањата за развој на занаетчискиот сектор се групирани според одаточувањето, малиот пазар и зголемената конкуренцијата од увоз и од нерегистрираните занаетчии и трговци со занатчиски производи, застарена опрема, неповолни финансии и недоволен пристап до кредити, недоволна обука и недостаток на континуирано професионално усовршување и недостаток на промоција на занаетчиството за вработување.

3.4.4 Обезбедување на услуги во руралните средини

Населението во руралните средини е во голема мера лишено во однос на населението во урбаните средини, во многу погледи. За оние кои живеат во руралните области, со проблемот на пристап до банкарски услуги се соочуваат 36%, пристап до поштенските услуги - 24% и пристап до културни објекти - 20%. Основни транспортни услуги се недостапни или се тешко достапни за 22% од населението во руралните средини. Потребата за подобрување на патната мрежа во руралните средини е означена како висок приоритет, во низинските села (51%), а во планинските села (54%).

Достапноста до основните училишта е нешто позадоволителна за децата од руралните средини во однос на средното образование; растојанието негативно влијае врз пристапот до образованието. Телефонската мрежа (фиксна линија и GSM) ја покрива целата територија на државата, а интернетот се користи се повеќе. Ширењето на интернетот има неверојатна раст во последните години, од 1,5% во 2000 година на 58,3% од домаќинствата во 2012 година. Националните и локалните телевизии, вклучувајќи ги и кабелската и сателитската, како и радиото се достапни низ целата земја.

Квалитетот на физичката и социјалната инфраструктура во руралните области се влоши значително и се должи на недоволно инвестирање во развојот на инфраструктурата и одржувањето. Ова резултира со влошување на квалитетот на животот и претставува заканува за способноста на руралните области да ја одржат нивната популација и да привлечат инвестиции.

Квалитетот на инфраструктурата се разликува од типот и големината на населбите. Во земјата има густа мрежа на мали рурални градови и поголеми села (над 3 000 жители), опкружени со руралните села. Не во сите општини, руралните населби се групирани околу општинскиот центар. Во руралните општини со поголеми територии или доминантно планински територии, селата може да биде на растојание од над 20 км од центарот на општината. Државните институции се наоѓаат во општинскиот центар, обезбедуваат дел од основните услуги за руралното население - средни и/или стручни училишта, здравствена заштита, банки, итн.

Посебен проблем е високото учество на руралното население кое живее во мали населби. Така, 81% од населението живее во руралните населби под 10 000 жители. Меѓутоа, проблемот се зголемува, бидејќи има 1 573 населени места (89% од вкупниот број на населени места во државата), со население под 1 500 луѓе и во овие населби живеат 35% од вкупниот број рурално население и 19% од вкупното население. Во рамките на оваа категорија, околу 13% од руралното население живее во многу мали населени места со помалку од 500 жители.

Табела 39: Распореденост на руралното население според големината на населбата

Население во населбата (опсег)	Број на населби	Удел на населби %	Број на население	Удел на население во вкупниот рурален % (Вкупен национален %)
До 500 жители	1 283	73%	148 649	13% (7%)
500 – 1499	290	16%	248 286	22% (12%)
1 500 – 4 999	149	8%	379 730	33% (19%)
5 000 – 9 999	23	1%	153 470	13% (8%)
10 000 – 29 999	12	1%	211 564	19% (10%)
Вкупо рурално население	**1.757**	/	**1.141.699**	**100%(56%)**

Извор: ДЗС Попис на населението 2002 (МЗШВ пресметки 2014). *без градот Скопје

Општините имаат значителни проблеми за одржување на квалитетот и пристапот до основните услуги во малите населени места. Со оглед на малата големина на популацијата, пристапот до основните услуги на населението во малите населби, во голема мера зависи од квалитетот и пристапноста на патната инфраструктура. Вредно е да се спомене дека 158 населени места се без постојана популација, но сопствениците на куќи доаѓаат во сезонска посета - обично во текот на летото и овие области се од особено значење за руралниот туризам.

Луѓето кои живеат во руралните области се помалку задоволни со квалитетот на животот, за разлика од оние кои живеат во урбаните области, кои се магнет за миграција на младите луѓе од внатрешноста, оставајќи ја поранливата и посиромашната популација во селата. Затоа, постои потреба од политики за рурален развој, за зголемување на инвестициите во инфраструктурата, за да се направи се селата повторно да станат привлечни места за младите луѓе и претприемачите да живеат и работат во нив. За да се постигнат овие цели, потребни се програми за промовирање на доживотно учење во руралните средини, воспоставување индустриски зони за мали производствени и услужни индустрии, за развој на рурални задруги и општествени претпријатија, како и за промовирање на вмрежување на здруженија и организации во заедниците, за да се изгради рурален социјален капитал.

3.4.5 Обезбедување на инфраструктура

Општествена инфраструктура
Постои недостиг од планирани инвестиции во инфраструктурата, во областа на социјалната заштита во сите општини. Општините генерално инвестираат во капитални инвестиции за објекти за деца од предучилишна возраст, основни и средни училишта. Сите рурални општини имаат

основни училишта, а имаат недостиг од предучилишни установи, односно дневна грижа за деца и детски градинки. Средните училишта се обезбедени и се наоѓаат во седиштето на општината и учениците од селата зависат од редовниот превоз или сместувањето во јавни интернати, ако е достапно.

Речиси и да нема инвестиции за изградба на пензионерски домови и центри за ран детски развој.[28]

Во однос на здравствената инфраструктура, Министерството за здравство прави дополнителни напори за да се развие систем на примарна мрежа на здравствената заштита и донесување на системот на здравствена заштита до населението, заради остварување на политиката за достапност на здравствената заштита. За таа цел, изградени се 16 нови здравствени установи во руралните средини и се очекува помеѓу 35-40.000 луѓе да добиваат услуги во примарната здравствена заштита. Сепак, пристапот до лекови и синџирот на фармацевтски продавници е ограничен во руралните области и руралните жители тоа го сметаат за проблем.

Техничка инфраструктура
Вкупната должина на патната мрежа во државата е 13393км, од која 1116км се автопатишта, 3806км се регионални патишта, а 9471км се локални патишта. Железничкиот транспорт е слабо развиен и вклучува мрежа од 699км од отворена железничка линија и 227км во станици и депоа, како и 160км индустриски шини[29]. Без оглед на тековните инвестиции од владата и општините во патната инфраструктура (модернизација и проширување), поголемиот дел останува да се реализира, бидејќи условите на патната мрежа се сеуште полоши од патната мрежа на државите од соседството и на просекот на ЕУ[30].

Табела 40: Локални патишта по тип на регион

Тип на регион	Локални патишта	Асфалт и поплочени	Макадам	Земјени патишта	Патеки
Доминантно рурални региони	6.876	3.316	519	2.063	978
Средни региони	2.595	1.543	197	600	255
Вкупно	**9.471**	**4.859**	**716**	**2.663**	**1.233**

Извор: Јавно претпријатие за патишта, 2013 (МЗШВ пресметки 2014).

Постои итна потреба за подобрување на физичката инфраструктура и квалитетот на основните услуги во руралните подрачја, со цел да се подобри нивната конкурентност и способноста да се задржи младото население и населението со подобро образование.

Поголем дел од помалите населби (на пр. села во руралните подрачја) немаат канализациски систем и користат септички јами и неконтролирано испуштање на отпадните води. Уделот на рурално население со јавен канализациски сиетем е мал е се проценува на 17,7% од вкупното население. Вкупното население во руралните подрачја без инсталации за отпадни води е 8,9% (4% од вкупното население)[31].

[28] Министерство за труд и социјални работи "Анализа на состојбата со социјалната грижа и социјалното вклучување на локално ниво 2010"
[29] Национална програма за инфраструктура 2011-2013 (OG 23/2011)
[30] World Bank "Country Program Snapshot, April 2014"
[31] SSO, "Census of Population, Households and Dwellings 2002"

Снабдувањето со електрична енергија е на располагање на 99,75% од населението во руралните подрачја и е овозможено преку добро развиената мрежа за пренос и дистрибуција на енергија со доволен капацитет на извори за снабдување со електрична енергија (1 430 MW) што обезбедува редовно снабдување. *Електричната мрежа во живеалиштата во руралните подрачја не е модернизирана за да обезбеди непрекинато снабдување на енергија до апаратите во домаќинството.*

Околу 60% - 70% од населението има корист од јавниот систем за собирање на отпад кој го вршат јавните претпријатија, но само 10% од населението во руралните подрачја добива редовни услуги на собирање отпад за цврст отпад. Општа пракса е да се собира не-комунален и безопасен индустриски отпад, како и безопасни и опасни не-одвоени отпадни фракции.[32]

3.4.6 Културно наследство и градежно опкружување во селата

Културното наследство се наоѓа во руралните подрачја и има најголем потенцијал за развој ако се земе во предвид разноликоста и квалитетот на културните и историските места во државата и зголемениот интерес за културен туризам на пазарот. Постојат 15 123 објекти кои се регистрирани како недвижно културно наследство (2 567 споменици од Неолитот и Отоманскиот историски период 5 160 археолошки наоѓалишта, 4 681 меморијални споменици, 1 286 објекти од урбаната, руралната и комерцијалната архитектура, 29 сегменти од урбани и рурални комплекси, цркви и 1 156 манастири, 61 средновековни градби, утврдувања, мостови, кули, 112 џамии, 71 други објекти кои потекнуваат од 15 до 19 век) и 500 000 музејски реликвии. Институционалната одговорност за културното наследство се наоѓа во Дирекцијата за заштита на културното наследство при Министертвото за култура.

Во моментов има неколку рурални населби кои се заштитени како споменици на културата и природни реткости: селото Галичник (од 1975), Руралното подрачје Кичиница (од 2004), Руралното подрачје Гари (од 2003), Историско подрачје Смилево (од 2003), Руралното подрачје Железнец (од 2004), Урбаното подрачје на селото Коњско (од 1979) и селото Горно Врановци (од 1981).

Согласно националната стратегија за културен развој 2013-2017, стратешка цел е да се децентрализираат културните настани од урбаните во руралните подрачја, со што ќе се промовира културното наследство, традицијата и локални вредности и нивна врска со руралниот туризам. За ова е исто така потребен развој на патната инфраструктура, бидејќи поголемиот дел од културното наследство се наоѓа во најоддалечените делови на руралните подрачја и блиските населби кои се населени со помалку од 150 жители и кои се зафатени со миграција кон надвор.

3.5. Подготовка и имплементација на локалните стратегии за развој – ЛЕАДЕР

Искуство во стратегиите за локален развој

Скоро секоја општина во државата има усвоено свој сопствен стратешки документ со кој е одредено и со кој се управува со локалниот развој, како што е на пример Стратешкиот план за одржлив развој, Стратешки план за развој или Стратегија за локален економски развој (СЛЕР). Најголемиот број општини веќе имаат подготвено и усвоено СЛЕР. Освен тоа, општините (во рамките на своите законски обврски) имаат оформено оддели/единици за локален економски развој (ЛЕР). Обуки се обезбедени за клучниот персонал за планирање на локалниот развој и

[32] Ministry of Environment and Physical Planning, "National Plan for Waste Management (2009 - 2015) of the Republic of Macedonia

подготовка на проекти. Помеѓу другото, овие организациски единици се одговорни за подготовка и имплементација на стартегиите за развој.

Обично СЛЕР се составуваат со вклучување на претставници од разни сектори и претставници од локалните заинтересирани страни, преку партиципативен метод на планирање. Подготвителните процеси за стратегиите за локален развој се делумно поддржани од донаторски проекти, каде што е најактивна УНДП. Се идентификува потребата на основа на проценка на локалната ситуација, инфраструктурата, економскиот развој, од перспектива на животната средина или квалитетот на живот и мерките се дефинираат преку стартешки план – вклучувајќи визија, стратегија и развојни цели, како и краток преглед на програмите и проектите кои ќе се имплементираат преку буџетот и други средства на општината. Локалните стратегии, заедно со СЛЕР биле и остануваат да бидат основни стратешки документи на општината за дефинирање на управувањето со локалниот развој.

Иницијативи од видот ЛЕАДЕР
Државата ја нема имплементирано мерката ЛЕАДЕР од програмата за предпристапна помош (ИПАРД I) и нема искуство во имплементацијата на мерките од типот ЛЕАДЕР. Со цел да се промовира пристапот ЛЕАДЕР и за да се изградат капацитети за имплементација на мерките ЛЕАДЕР, МЗШВ иницираше или поддржуваше неколку проекти кои користат методологија на ЛЕАДЕР.

Од 2005 формирањето на локални акциски групи од типот ЛЕАДЕР биле исто така поддржани со проекти кои биле финансирани со билатерална помош.

Поддршката за подготовка на ЛСР се давала од општинската администрација. Неколку донаторски организации, како што е УСАИД и УНДП ги поддржувале општините во развивање и имплементација на нивните СЛЕР, за да се даде поддршка на процесот на децентрализација на државата.

Со воведувањето на пристапот “bottom-up” за развој и учество на локалното население и локалните деловни приватни бизниси, тие придонесуваат во зајакнувањето на локалните капацитети и пристапи кон планирањето на развојот. Фокусот на овие напори е чисто насочен кон руралниот развој, но акциите во руралниот развој биле воведувани во зависност од руралноста на соодветните територии.

УСАИД поддржувала вкупно 32 урбани и рурални заедници. Во 20 рурални општини тие поддржувале подготовка на СЛЕР во врска со пет стратешки компоненти (инфраструктура, локална економија, земјоделство, туризам и човечки ресурси) и воведување на таканаречени Општински одобри за планирање (ООП) со 20 до 100 членови од разни сектори (ПЈП). Со проектот на УСАИД, биле обучени 400 учесници за стратешко планирање, мрежно работење и алатки за имплементација на проекти.

Преку програмата за Регионален Економски Развој (GIZ RED) во четири (Источен, Југоисточен, Југозападен и Полог) од осум региони, биле направени програми за регионален развој, преку пристап со партиципација која ги вклучува сите заинтересирани страни. Исто така, биле поддржани 70 пилот проекти (по природа многу слични проекти во рамките на пристапот ЛЕАДЕР), кои како резултат дале создавање на нови работни места, подобра туристичка понуда и почиста животна средина.

Македонската програма за поддршка на советодавните услуги за земјоделците (МААСП, Фаза II, финансирана од СИДА – Шведска Интернационална Агенција за Развој) е прва програма во

Македонија која практично ја поддржува имплементацијата на иницијативите како што е ЛЕАДЕР во претходните пет пилот општини (формирана во 2007). Прво, идентификувани се членовите на локалната акциска група слична на ЛЕАДЕР која е наречена Локална група за рурален развој (ЛГРР). ЛГРР биле организирани на принципот на јавно приватно партнерство(ЈПР) вклучувајќи еден локален организатор кој го ангажира МААСП. Сите членови на ЛГРР биле обучени за пристапот ЛЕАДЕР и прашањата поврзани со руралниот развој, стратешкото планирање со употреба на методологии за учество и „ bottom-up“ пристапи и биле воведени во програмскиот концепт. Од 2009, под 5-те проекти од типот ЛЕАДЕР локалните акциски групи биле формирани на општинско ниво, и покривале помалку од 2% од руралното население. Биле избрани додатни 11 општини кои граничат со првите 5 пилот општини, со што заедно се формирале пет микро региони. Според развиените стратегии, ЛГРР биле поддржани за да се имплементираат во мали проекти со средства од околу EUR 1 000 до EUR 3 000. Поддржаните акции биле воглавно во врска со семинари и локални настани (на пр. Слоу фуд саем, саем на мед, саем на ракотворби и сл.).

Основите за имплементација на мерката ЛЕАДЕР е поставена во Законот за земјоделство и рурален развој, во согласност со регулативите на ЕУ. Согласно националното законодавство, МЗШВ е одговорна за регистрација на ЛАГ-овите. Така, во текот на 2012, единицата која беше одговорна за координација на ЛЕАДЕР беше формирана во Телото за управување со ИПАРД (ТУ) и беше изготвена стратегијата на државата за ЛЕАДЕР пристап. Подзаконските акти за признавање на ЛАГ-овите беа усвоени на почетокот на 2013 година. *Моментално, нема формално регистрирани ЛАГ-ови.*

4. ПРЕДНОСТИ, СЛАБОСТИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ

Во табелата подолу се резимирани клучните проблеми и предизвици идентификувани во описот на сегашната ситуација. Проблемите и предизвиците се структурирани според логиката на описот на сегашната ситуација.

4.1. Земјоделство, шумарство и прехранбена индустрија

Предности	• Стабилен удел на земјоделството, шумарството и секторот за преработка на храна како важен дел од националниот БДП; Раст на вредноста на млечните производи и производите од овошје и зеленчук; • Добар пристап и поврзаност за дистрибуција до европските пазари, крстосница на транспортни патишта и главните европски транспортни коридори; • Добри климатски услови за земјоделство и разновидност на региони со различни можности за земјоделско производство; • Сопственоста на земјоделско земјиште и имотот им се припишуваат главно на приватните земјоделци; • Поволни природни услови и искуства за развој на растителниот и сточарскиот сектор; • Локацијата на преработувачките капацитети во близина на урбаните центри е придобивка за подвижноста на работната сила (достапност на транспортна и услужна мрежа); • Истакната улога на малите и средните претпријатија за преработка на храна, како флексибилни и конкурентни економски субјекти; • Долга традиција во производство на различни примарни производи и преработена храна и висока побарувачка на земјоделските и прехранбените производи и на традиционалните регионални пазари; • Позитивни напори за воспоставување на хоризонтални врски помеѓу преработувачите и примарните производители (договорно земјоделство); • Висок природен потенцијал за производство на дрвна маса; • Добро воспоставени и активни здруженија на земјоделски производители; переботувачи на храна, сопственици на приватни шуми и Стопански комори • Силна посветеност на Владата за развој на земјоделството со комплетен сет на правилници, регистри и зголемување на буџетската поддршка за развој на земјоделскиот сектор;

Слабости	• Неповолна структура со мешовито земјоделското производство на мали и распрскани парцели; • Ниска ефикасност и продуктивност на земјоделството и прехранбениот сектор; • Слабо користење на земјоделска механизација и високо амортизирана механизација; • Слаби земјоделски практики за управување со фарма во однос на искористувањето на ѓубривата и заштита на културите и употреба на квалитетен сертифициран семенски / саден материјал; • Трудоинтензивна работа (зависност од семејната работна сила); • Отсуство на пост бербени капацитети и маркетинг вештини на ниво на фарми; • Ниска ликвидност и недостаток на капитал на малите земјоделски стопанства за нови инвестиции за модернизација; • Сезонско снабдување со суровини кои придонесуваат кон преоптоварување на капацитетите за преработка на храна; • Голем број на земјоделски сточарски фарми и преработувачки капацитети кои не се во согласност со релевантните стандарди на ЕУ; • Пркумерно регулиран шумарски сектор и неразвиено управување со шумите во државна сопственост; • Недостаток на машини за стопанисување со шумите; • Недоволно развиен систем за стручна обука на возрасни од областа на земјоделството, прехранбената индустрија и шумарството и недоволен опфат на советодавните служби и советодавните услуги; • Недостиг на соодветни демонстративени фарми за спроведување на практични обуки и на човечки потенцијал во образовниот сектор, недоволно познавење на европските стандарди и практики за животна средина; • Недоволно развиени пазари и пазарна инфраструктура;
Можности	• Зголемување на бизнис интересот за земјоделството и преработката на храна • Зголемена побарувачка за инвестиции во земјоделски машини и опрема, воспоставување на повеќегодишни насади и подобрување на сортите • Потенцијал за структурно подобрување, како што се консолидација на земјиштето, групи на производители, Задруги; • Воведување на нови производи и технологии во земјоделството, прехранбената индустрија и шумарството; • Промовирање на измени во производството и опфатот на производите кои би допринеле кон зголемување на пазарот и квалитетот; • Зголемување на потенцијалот на малите и средните претпријатија, нивен развој и диверзификација на активностите во земјоделството; • Зајакнување на улогата и проширување на советодавните услуги и истражувања; • Зголемен поттик за воведување и унапредување на стандардите за квалитет како HACCP, ISO кон претпријатијата за преработка на храна; • Постоечките училишта за стручно образование од областа на земјоделството имаат потенцијал да одиграат клучна улога во обезбедувањето на обука за земјоделците поради нивната блиска локација и човечките капацитети кои се доволно обучени за технолошките производствени практики и кои можат да обезбедат советодавни услуги.

Закани	• Висока поделеност на земјоделските и шумските парцели; • Стареење на работната сила во земјоделството и неквалификувана работна сила; • Недостаток на сезонски работници во периодот на берба и во сезонските шпицови во преработката на храна • Скромни напори на комерцијалните банки за финансирање на земјоделството; Високи гаранции • Голем степен на мали фарми, многу од нив произведуваат главно за сопствена потрошувачка и се економски неисплатливи; • Недостиг на интерес за формирање на задруги од страна на малите земјоделски стопанства; • Слаба позиционираност на пазарот на малите производители зависни од трговците за пласман на нивните производи, долг ланец на дистрибуција и недостаток на маркетинг услуги, вклучително и информирање; • Намалување на работна сила и нејзината достапност, и зголемување на трошоците за работната сила, и за земјиштето; • Зголемена конкуренција на домашниот пазар; • Ограничени обезбедувачи на нова земјоделска механизација и машини за преработка на храна; • Недостаток на иновации и технолошки трансфери поради високите трошоци за истражување и малите можности на пазарот.

4.2. Животна средина	
Предности	• Значително ниво на природни ресурси и биолошка разновидност • Неискористени резерви на био-енергија и обновливи извори на енергија. • Висок агро-еколошки потенцијал; • Релативно ниска употреба на пестициди и вештачки ѓубрива во земјоделството; • Висока разновидноста на пејсажна структура; • Постоење на традиционални екстензивни природни пријателски практики; • Добро воспоставени и активни еколошки здруженија и органско земјоделство; • Добро управување со природните паркови;
Слабости	• Несоодветна заштита на водата и почвата и практики за управување; • Недоволно користење и заштита на природните ресурси; • Нерационално користење на водата за наводнување; Недостаток од систем за следење на квалитетот на водата во земјоделството; • Слабо управување со комунален отпад и несоодветно управување со отпад на ниво на фарма; • Недостаток на интерес за пошумување на ниво на приватни фарми; Недостиг од инвестиции во приватните шуми; • Слаба свест за зачувување на природните ресурси и заштита на животната средина; • Ниска употреба на обновливи извори на енергија за загревање на водата кај фармите и преработувачките капацитети од страна на руралните жители; • Слаби практики за управување и заштита на шумите; • Недоволно ниво на познавање за одржливо стопанисување со земјиштето и шумите; • Отсустна или недоволно развиена патна мрежа за пристап до земјоделското земјиште и шумите. • Голем фокус на владините политики за економски развој; Нејасна поделба на надлежностите за агро-еколошката средина; • Недостаток на статистички податоци за агро-еколошката средина; • Недостаток на обуки за прилагодување кон агро-еколошките практики • Недостаток на финансиски средства за спроведување на скапите проекти за заштита на животната средина;

Можности	• Подигање на свеста за заштита на животната средина и природните ресурси; • Поттикнување на можноста за одгледување на маслодајни култури за производство на био гориво • Висок потенцијал за одгледување на индустриски култури и достапност на биомаса; • Голем интерес за користење на технологии за заштеда на енергија и обновливи извори на енергија; • Одличен постоечки потенцијал и растечки интерес за органско земјоделство и вредноста на природното земјоделството; • Постоење на почетен квалификуван човечки потенцијал за обезбедување на советодавни услуги на земјоделците за агро-еколошки практики и органско производство • Постоечки пазар за обезбедување на инпути за органско производство (семе, органски ѓубрива и слично); • Запознавање со еколошките услови за поддршка на земјоделството;
Закани	• Земјоделската и шумската површина имаат високо влијание на климатските промени, во врска со елементарните непогоди (пожар, поплави, суша); • Висок ризик од оштетување на земјоделските и шумските растенија од штетници и болести; • Исчезнуваат познавањата на традиционалните, органски методи на производство; • Зголемено загадување поради интензивното земјоделството, индустриските активности, транспортот и туризмот; • Зголемувањето на урбанистичката динамика доведува до трајно губење на природните ресурси

4.3. Рурална економија и квалитет на живот	
Предности	• Растечки домашен туризам за рурални атракции (пејзажи, традиционални села, лов, риболов, СПА центри и слично); • Постоење на традиционални вештини, занаетчиство и производство на храна; • Географска разновидност и богата историска традиција со култура, обичаи, традиционални настани; • Успешни искуства при ревитализација на селата, реставрација на историските споменици и винскиот туризам; • Голем број на зачувани рурални заедници со богата историска и културна традиција; • Присуство на главна патна инфраструктура за релативно помали населени места во руралните средини.

Слабости	• Низок удел на руралната економија во националниот БДП; • Висока стапка на невработеност поради понискиот степен на образование; • Ниски животни услови – едукативни обуки и квалификациони обуки; • Слаба ангажираност во неземјоделски економски активности и други алтернативни бизниси и голема зависност од земјоделските активности во руралните средини. • Амортизирана или сиромашна рурална технолошка инфраструктура (водовод, канализација, отстранување на отпад, рурални патишта, интернет, итн); • Ниско ниво и слабо развиени услуги во руралните средини; • Недоволно развиени и мали рурални пазари; • Пасивни или отсуство на релевантни рурални организации за застапување на интересите на руралните заедници и промоција на обуки; • Низок број на мали и средни претпријатија во руралните средини; • Сеуште недоволно развиени рурални заедници, недостаток на ЛЕАДЕР иницијативи; • Недостаток на финансиски ресурси за стимулирање на локалните организации; • Слаб капацитет на локалните власти за планирање, управување и спроведување проекти; • Недостаток на инфраструктура и услуги во потенцијалните области за рурален туризам; Слабо населени области со потенцијал за рурален туризам
Можности	• Зголемена побарувачка за рурален туризам; • Богато културно наследство во руралните средини и разновиден природен потенцијал; • Постоечка традиција за производство на локални специјалитети, прехранбени производи и специфични рурални производи; • Голем потенцијал за развој на алтернативни земјоделски активности (хортикултурата, одгледување на дивеч и слично); • Отвореност на општините за соработка со руралните чинители; • Потенцијал за странски инвестиции; Локација на технолошките инвестициски зони во руралните средини; • Руралените инфраструктурни проекти се приоритетни за општинските власти; • Државна поддршка за развој на бизнис, претприемништво, инфраструктура и човечки ресурси во руралните средини; • Ниски регулаторни оптоварувања и фискални олеснувања за развој на мали и средни претпријатија и занаетчиството;
Закани	• Стареење на руралното население и иселување на младите од руралните средини (надворешна миграција на младите, жените и економски активното население); • Недостаток на почетен капитал (слаба поддршка на претпријатијата, недостаток на информации, слаба достапност на кредити); • Зголемување на разликите помеѓу руралните и урбаните области во образованието и пристапот до основните услуги.

5. ГЛАВНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕТХОДНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА

5.1. Национална политика за поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Од 2007, со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007 – 2013, земјоделството и руралниот развој се признати како едни од најважните економски приритети. Во согласност со стратегијата се спроведуваат комплементарни и сеопфатни политики за промовирање на поддршка на развојот со цел да се зголеми конкурентноста и да се подобрат условите за живот во руралните средини. Политиките на поддршка беа поставени така да овозможат создавање на поволна бизнис клима за инвестирање во земјоделскиот сектор, со цел да се подобри конкурентноста на македонското земјоделско производство. Политиките обезбедуваат еднаков пристап за потенцијалните корисници, без фаворизирање на одредени категории и корисници.

Според Националната стратегија, општата визија за развој се претвора во следните долгорочни секторски стратешки цели како основа за земјоделски и рурален развој и формулирање на иднината на земјоделската политика:

"Зајакнување на земјоделството и подигнување на неговата конкурентност на интегрираните регионални пазари на Европската Унија и Југоисточна Европа, со мерки за зголемување на ефикасноста на земјоделското производство, преработката и пласман на пазарот, градење на соодветни и ефективни јавни и приватни институции; подобрување на приходите на земјоделските стопанства; обезбедување на пристап на потрошувачите до безбедна и здрава храна; оптимизирање на користа од ограничен почвени, шумски и водени ресурси, на начин соодветен на животната средина; и градење на рурални граѓански здруженија од витално значење преку одржлив рурален развој."

Буџетот за спроведување на стратегијата беше формиран со годишен пораст за 130 милиони евра во 2012 година. Во периодот од 2007 до 2011 година, вкупно 320 милиони евра од државниот буџет беа спроведени за финансиска поддршка на земјоделството. Пропорционално најголем дел од средствата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, околу 90% се наменети за директни плаќања политика, додека остатокот се користи за новововедените мерки за рурален развој за ко-финансирање на инвестиции за зголемување на обемот на производство и модернизација на земјоделските стопанства и средства за обработка.

Покрај финансиската поддршка, земјоделските стопанства беа поддржани преку доделување на државното земјоделско земјиште, ослободување или намалување од данок на добивка и повластени социјални плаќања, намалување на ДДВ, легализација на објектите и повеќегодишните насади, како и обезбедување на бесплатни советодавни услуги и рурални кредити со поволни услови преку Земјоделскиот кредитно дисконтен фонд.

Особено значајно за поддршка на земјоделците во изминатиот период се напорите на владата да го помогне формирањето на задруги, да го зајакне договорното производство и да започне важни политики на консолидација на земјоделското земјиште. Во последните две години, многу внимание се посветува на подобрување на пазарната инфраструктура со обезбедување на услови за инвестиции во нови набавки и логистички центри, кои треба да помогнат во продажба на земјоделски производи, особено оние на малите производители.
Сепак, најголемиот столб во однос на посветените финансиски ресурси, беше финансиска поддршка во земјоделството (политика на директна поддршка). Во 2012 година околу 110.000 земјоделски стопанства се регистрирани корисници на директна поддршка. Бројот на корисници

на мерките за поддршка е 64% од вкупниот број на земјоделски стопанства (околу 170 илјади), што укажува на политика насочена кон економиите со потенцијал за развој.

Во изминатиот период, благодарение на добиената поддршка, земјоделството постепено се претвора од ублажувач на негативните социјални и економски последици од транзицијата и намалувањето на индустриското производство, во постојана и доминантна стопанска дејност која обезбедува редовни примања за вклучените економски субјектите.

Земјоделскиот сектор кој порасна за 2% годишно, одржува релативно стабилно учество на целокупната економија, со додадена вредност на БДП од околу 10%.
Поддршката е во голема мера придонесе за конкурентноста и атрактивноста, за влез на нови деловни субјекти во земјоделството, значи "свеж капитал", за инвестиции и квалификувани човечки ресурси. Во 2010 година, за прв пат, извозот на земјоделски производи е поголем од 400 милиони евра (424 милиони евра). Во 2011 година извозот достигна историски највисоко ниво од 468 милиони евра. Земјоделските производи, особено конкурентните производи, како тутун, овошје, зеленчук, вино, јагнешко месо, сочунуваат 15-19% од вкупниот извоз на земјата.

Сепак нето трговскиот биланс во висина меѓу 100 – 150 милиони евра годишно, останува негативен како резултат на увозот на животински производи со висока цена, особено месо, континентални култури како сончогледово масло, шеќер и житни култури, што изнесува 60% од вкупниот увоз, а исто така како резултат на увозот на производи кои не се произведуваат во земјата (40%). За производство на овие производи земјата нема доволно компаративни предности.

Во последниот период зајакнатите политики за поддршка беа насочени кон ублажување на негативните ефекти од тешки флуктуации на пазарот и надворешните шокови предизвикани од глобалните трендови на светската економска криза и намалување на побарувачката (особено во лозарството и винарството), зголемување на цените на инпут (особено во сточарството и поледелството), појавата и падот на еден од најголемите купувачи на млеко во земјата, појава на штетници во градинарството и промени на цената на пченицата. Во амбиент на остра конкуренција поради намалената куповна моќ и засилен интервенционизам во светот, мерките на финансиска поддршка успеаа да го задржат или придонесоа за зголемување на нивото на учеството на странските пазари. Без редовните и интервенциските мерките на финансиска поддршка за земјоделството, сегашната ситуација во земјоделството ќе беше многу полоша, а особено за најранливите групи, непреобразените мали земјоделци кои се уште се доминантна категорија.

Општите трендови во земјоделскиот сектор во последните шест години покажаа дека комбинацијата на финансиска поддршка и регулаторните ослободувања во секторот, успеаа да ги ублажат негативните тенденции и постепено се движат кон трендови на позитивен раст кои се поизразени во под-сектори со компаративни предности (овошје и зеленчук, вино). Финансиската поддршка на земјоделството во последните неколку години имаше позитивно влијание во зголемување на обемот на производството на конкурентните, извозно ориентирани земјоделски производи, со различен интензитет во подсекторите, како и задржување на постојниот обемот на производство во под- сектори кои се помалку конкурентни на странските производи.

Во споредба со 2008 година, постои очигледен тренд на зголемување на производните површини и производството односно продуктивноста на градинарски производи, кои имаат најзначајно учество во вредноста на земјоделското производство од околу 30%. Имено, обемот на производството се движи до 900 000 тони во 2011 година, во однос на просечното производство од околу 700 000 тони пред периодот на воведување на поддршката. Во последните 5 години, а како

резултат на зголемување на инвестициите, се зголемија и површините и произведените количини на овошје кои се околу 200 000 тони годишно во споредба со просекот од 150 000 тони пред 2007 година. Со поддршка за формирање на нови насади и инвестиции во маркетинг, регистрираните структурни слабости во овој сектор се решаваат постепено. За прв пат по подолго време на континуиран пад, а како резултат на воведените субвенции, во 2008 година се забележува зголемување на површините под лозови насади за 455 хектари. Трендот на стабилизација на падот продолжува и во следниот период, со постепено зголемување на површините од над 20 000 ха. Со мерките за интервенција за поддршка на лозарите и винариите, подсекторот успеа да ја надмине големата криза на намалена побарувачка со помалку негативни ефекти и помал пад и покажа знаци на раст и обновување во 2011 година, а веќе постигна максимален ефект размена на 44 милиони евра од извоз на вино. И покрај кризата во најтешките години 2009 и 2012 година, извозот на вино е повисок во споредба со периодот пред 2007 година.

Како резултат на отвореноста на пазарот и неконкурентноста на подсекторот на житни култури, а поради малите производни површини и ниските приноси, општите трендови на производство на житни култури се карактеризираат со големи годишни флуктуации во производство во зависност од цената и временските услови. Намалувањето на површините со житни култури е постојано во последните 20 години и е стабилизирано во периодот 2008-2011 година, а производство се стабилизира на околу 550 – 600 илјади тони годишно.

Во последните неколку години благодарение на мерките за регулирање на пазарот на пченица и на позитивните движења на светските берзи, воспоставена е цена над 12 денари за килограм пченица, што овозможува зголемување на производството во наредниот период.

Во последните пет години бројот на овци, кози, свињи и говеда е зголемен, но постои тренд на намалување на бројот на живината. Годишното производство на кравјо млеко од околу 350 милиони литри во периодот 2007 - 2011, е далеку над просекот од околу 200 милиони литри во периодот 2002 - 2006 година. Тековните позитивни трендови во многу сточарски подсектори се уште не се доволни да ја задоволат потрошувачката на свежи производи и потребите на растечката индустрија за преработка на месо со домашното производство на месо. Дефицитите се дополнети со увоз. Домашното производство на млеко, месо и јајца останува во голема мера зависно од увоз на суровини и опрема за производство на сточна храна, што негативно влијае на трошковната структура на фарми.

Развојот на органското производство е директно поврзан со воведувањето на соодветна законодавна рамка и поддршка, вклучувајќи мерки за маркетинг. Оваа политика резултираше со драстично зголемување на производствените површини и бројот на грла во органско производство, а исто така и со зголемување на вкупниот број на органски производители.

5.2. Преглед на ЕУ помошта

5.2.1 Преглед на ИПА-ТАИБ и TAIEX помошта

Соодветен збир на активности за техничка помош во рамките на ИПА и TAIEX се реализираат или се веќе обезбедени, што опфаќа широк спектар на интегративни активности. Во рамките на инструментот TAIEX, од мапата за 2012 година, беа поднесени и одобрени 34 апликации и беа реализирани 15 активности (од областа на риболовот, сточарството, квалитетот на млекото и контрола на безбедноста, подготовка на годишен извештај за спроведување, мониторинг и евалуација на ИПА проекти, развој и унапредување на мерки за рурална инфраструктура).

Одобрените апликации се однесуваат на ЗПО (пченица и ориз), сточарството, квалитет на млекото, акредитација на Земјоделски Пазарен Информативен Систем (ЗПИС), јакнење на капацитетите на ИПАРД Агенцијата и воспоставување на нови мерки и нивното спроведување, воспоставување на нови мерки за рурални инфраструктурни проекти, имплементација на ЛЕАДЕР пристап, контрола и квалитет на ФАДН.

Статусот на проектите кои се реализирани или ќе се финансира преку ИПА Компонента I – ТАИБ, е презентиран во табелата подолу:

Бр.	Наслов на проектот	Тип	ИПА Програма	Статус	Вкупна вредност во милиони €
1.	ИАКС/ЗПИС	Услуга	2008	Реализиран	0,64
2.	ЗПО	Услуга		Реализиран	0,54
3.	Агроекологија	Услуга		Реализиран	0,70
4.	Компјутери	Набавка		Реализиран	0,12
5.	Компјутерска опрема	Набавка		Реализиран	0,08
6.	Возила	Набавка		Реализиран	0,10
7.	Органско и квалитет	Твининг	2009	Во реализација	0,65
8.	ИАКС/ЗПИС	Услуга		Во реализација	0,73
9.	Вкрстена сообразност	Твининг		Избраниот твининг партнер е во фаза на подготовка на работен план	0,95
10.	Лабораториска опрема	Набавка		Тендерирање	0,45
11.	АИС – ИССАМ	Услуга	2011	Одобрен од ЕК	0,70
12.	ИПАРД Агенција	Твининг			1,65
13.	АМИС опрема	Набавка			0,15
14.	ИПАРД Агенција опрема	Набавка			0,43
15.	Поддршка на подготовка и спроведување на ИПА 5та Компонента (ИПАРД) по 2013	Услуга	2012	Одобрен од ЕК	1,21
16.	Техничка поддршка за класификација на земјоделските подрачја со природни хендикепи	Твининг	2012	Одобрен од ЕК	0,84
17.	Воведување на активности за консолидација на земјиште	Услуга	2012	Одобрен од ЕК	1,28
18.	Финализирање на ФАДН	Твининг	2013	Одобрен од ЕК	0,80
19	Реформа на тутунскиот сектор со согласност со ЗПО на ЕУ	Услуга	2013	Одобрен од ЕК	0,95
20.	Лабораториска опрема; ИТ опрема; Возила	Набавка	2013	Одобрен од ЕК	1,53

Извор: Сектор за ЕУ, МЗШВ 2013

5.2.2 Преглед на спроведувањето на ИПАРД I

Во претходниот програмски период (2007-2013), Република Македонија како земја кандидатка за членство во Унијата, користеше поддршка од ИПАРД.
Помошта се реализираше врз основа на Националната програма за земјоделство и рурален развој 2007–2013 (ИПАРД Програма) согласно регулативата 718/2007 од 2007, а беше усвоена од страна на Комисијата на 19 декември 2007, во согласност со одлуката на комисијата ЕК (2008)677 од 25.02.2008.

ИПАРД Програмата беше подготвена на база на три владини програмски документи (Партнерство за пристап, НПАА и Националниот развоен план).
Стратегијата, целите и мерките се насочени кон постигнување на одржлив развој на земјоделскиот сектор и руралните средини. Главниот фокус на ИПАРД програмата произлегува од принципите на ИПА за земјите-кандидатки во претпристапниот период, дефинирани во Регулативата на Советот (ЕЗ) 1085/2006. Повеќегодишниот индикативен плански документ (МИПД), од самиот

почеток на програмата, ги идентификува приоритетите кои треба да се спроведат за да ја направат стратегијата оперативна.

Крајната цел на претпристапната помош од компонента V е *подготовка на земјоделскиот сектор за членство во ЕУ и со тоа од високо значење е унапредувањето на земјоделските стопанства и прехрамбените претпријатија за да ги исполнат стандардите за заштита на животната средина, хигиената, безбедноста на храната во ЕУ и благосостојбата на животните*. Затоа главна општата цел на ИПАРД програмата е да се *подобри конкурентноста на земјоделските стопанства и прехранбената индустрија носејќи ги во согласност со стандардите на Европската Унија, и постигнување на одржлива животна средина и социо-економски развој на руралните средини преку поттикнување на економската активност и зголемување на можностите за вработување*.

ИПАРД Програмата 2007-2013 претставува стратегија која има за цел справување со одредени недостатоци во развојот на земјоделството и руралните средини, за земјоделскиот и рурален сектор во земјата со последователни заеднички решенија за приоритетните проблеми.

Соодветните приоритетни области на ИПАРД програмата се како што следува:

a. **Приоритетна оска 1: Подобрување на пазарната ефикасност и спроведување на стандардите на Заедницата.** Во поддршката на структурните приспособувања во земјоделскиот сектор, акцент е ставен врз зголемување на конкурентноста на производството и повисок квалитет на производот. Мерките на ИПАРД Програмата се стремат кон подобрување на технолошката и пазарната инфраструктура и зголемување на додадената вредност на земјоделските производи, како и постигнување на стандардите на ЕУ за квалитет, безбедност на храната, заштита на животните и заштита на животната средина.
   Мерки кои се спроведуваат во оваа приоритетна оска:
   - Мерка 101 “Инвестиции во земјоделски стопанства за нивно реконструирање и достигнување на стандардите на Заедницата”, и
   - Мерка 103 “Инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи за реконструирање на тие активности и нивно надградување до стандардите на Заедницата”

b. **Приоритетна оска 3: Развој на рурална економија.** Приоритетната оска 3 го става својот главен фокус на инвестирање во развој и диверзификација на економските активности во руралните средини, и помага на руралната популација во градењето на економски активности на и надвор од земјоделските стопанства, создавање на дополнителни извори на приходи и можности за работа.
   Оваа оска ги имплементира следните мерки:
   - Мерка 302 “Диверзификација и развој на рурални економски активности”

ИПАРД Програмата 2007 - 2013 почна да се спроведува по доделување на правото за управувањето со помошта од страна на Комисијата, преку Одлука на Комисијата бр ЕК 2009 / 987 / ЕУ од 18.12.2009 за три мерки М 101, 103 и М 302.

Досега се објавени девет јавни повици. Резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата, со статус од 30.06.2014, се како што следува:

Мерка	ИПАРД 2007 – 2013

	Поднесени	Одбиени	Одобрени	Исплатени	БЈТ поднесени	БЈТ одобрени[33]	БЈТ исплатени	ЕУ дел исплатени
M101	990	193	292	96	13.829.125	3.936.604	812.612	609.459
M103	150	81	44	24	22.012.653	5.099.123	2.813.016	2.109.762
M302	233	140	13	0	16.407.409	864.740	0	0
Total	1395	414	329	120	52.249.187	9.900.467	3.625.629	2.719.221

Извор: Табели за следење, Тело за управување со ИПАРД, 2014

Во текот на спроведувањето на ИПАРД Програмата, стапката на одбивање беше околу 65% одразувајќи се на многу ниската стапка на апсорпција (околу 5% од расположливите средства се исплатени на корисниците).

Табела 41: Интерес за користење на средства од ИПАРД Програмата по јавни повици

Јавен повик	Поднесени (а)	Одбиени	Одобрени (б)	Исплатени (в)	% на одобрување (б/а)[34]	% на исплатени (в/б)
01/2009	133	106	27	19	20,3	70,4
01/2010	112	76	36	23	32,1	63,9
01/2011	74	34	40	12	54,0	30,0
02/2011	60	37	23	12	38,3	52,2
03/2011	92	65	27	20	29,3	74,1
01/2012	67	53	14	12	20,9	85,7
02/2012	61	50	11	9	18,0	81.8
01/2013	401	230	171	13	42.6	7,6
01/2014*	395	/	/	/	/	/
Вкупно	**1395**	**651**	**349**	**120**	**34,9**	**34,3**

Извор: Тело за управување со ИПАРД, 2013 (*деветтиот јавен повик (01/2014) сеуште е во фаза на обработка на барањата)

Генерално високата стапка на одбивање и соодветните ниска стапка на апсорпција на расположливите средства во рамките на ИПАРД Програмата 2007 – 2013 во голема мера се должи на проблемите на барателите на средства да ги соберат и достават потребните документи и нискиот степен на квалитетот на поднесените проекти. Ретко причината за одбивањето е идентификувана неприфатливост на кандидатите во однос на дефиницијата на корисници (кои потпаѓаат под дефиницијата на мали и средни претпријатија). Причините за откажување на договорите од страна на ИПАРД Агенцијата се идентификувани како "конфликт на интереси" меѓу снабдувачите. Од страна на корисниците најчеста причина е недостигот на финансиски средства за да се започне или доработи инвестицијата.

ИПАРД Програмата 2007 - 2013 е предмет на тековна евалуацијата извршена од страна на тим на независни оценувачи, конечните резултати се очекуваат во декември 2014 година.

5.3. Преглед на билатерална и мултилатерална помош

Република Македонија искористи голем број програми за помош финансирани од донатори. Сепак, по започнувањето на имплементацијата на ИПА (од 2007 година), бројот на билатерални и мултилатерални донатори се намали и со тоа и нивните буџети за земјоделство и рурален развој.

[33] Заради раскинување на договори, вкупната вредност на одобрените јавни трошоци е 4.478.922 € (M101 = 1.376.778 €, M103 = 3.102.144 €, M302 = 0)

[34] Раскинатите договори не се земени предвид.

Во периодот 2007-2013 година, беше спроведен проектот "Зајакнување и пристапување на македонското земјоделство кон ЕУ", финансиран преку заем од Светска банка во износ од 15 милиони евра. Проектот се состои од четири компоненти: 1) Зајакнување на административните и управувачките капацитети на МЗШВ во согласност со барањата за влез во ЕУ и воспоставување на интегриран административен и контролен систем на ИАКС; 2) одржување на капацитетите МЗШВ и ИПАРД Агенцијата за подобро користење на европските фондови за рурален развој, 3) Градење ефективни капацитетите на ветеринарната служба, и 4) Завршување на реформите во водостопанството. Долгорочните цели на Република Македонија кои се поддржани од овој проект се воспоставување на посебен сектор во МЗШВ, со улога за поддршка на процесот на пристапување кон ЕУ. Процесот на пристапување и членството во ЕУ ќе донесе значителна корист за развој на целокупната економија, поради што ќе станат поконкурентни, особено во земјоделскиот сектор, во форма на значајни исплати претпристапна помош и директно на земјоделците од заедничката земјоделска политика во ЕУ. Потрошените средства во текот на годините се прикажани во табелата подолу.

Преглед на буџетските компоненти на проектот за зајакнување и пристапување на македонското земјоделство кон ЕУ (во евра)

Компонента	Вкупно средства/Буџет	Реализирано			
		во 2009	во 2010	во 2011	во 2012
1	8.958.949	1.237.461	2.209.438	1.317.918	3.419.203
2	2.937.193	28.646	665.558	428.269	840.175
3	2.852.881	927.307	899.674	337.728	531.969
4	3.282.090	745.017	64.520	270.902	54.997
Вкупно	18.031.113	2.938.431	3.839.189	2.354.818	4.846.344

Извор: Сектор за меѓународна соработка, МЗШВ, 2013

Останатите активни донатори и спроведените проекти во периодот 2007 – 2013 се наведени во продолжение:

Донатор: УНИЦЕФ (Детски Фонд на Обединетите Нации)
Проект: Мониторинг и контрола на квалитетот и безбедноста на брашно од пченица. Главната цел на проектот е да се развие капацитетот на службениците одговорни за безбедноста на храната.
Датум на започнување - завршување: 22.04.2013-15.12.2013. Вредност на проектот: 20.000 ЕУР.

Донатор: Турска Агенција за соработка и координација – ТИКА, Турција
Проект: Развој на производството и квалитетот на оризот. Главната цел на проектот е подобрување на квалитетот и зголемување на продуктивноста на ориз во земјата, особено во регионот на Кочани.
Датум на започнување - завршување: 01.03.2013- 31.12.2014. Вредност на проектот: 134.500 ЕУР.
Проект: Проект за развој на пчеларството. Воспоставување и развој на потенцијал за пчеларството во радовишкиот регион.
Датум на започнување - завршување: 01.04.2007- 01.04.2010. Вредност на проектот: 637.000 УСД.

Донатор: УСАИД
Проект: Адаптација кон климатските промени во земјоделството. Целта на проектот е да се промовира адаптивни земјоделски практики и да се подигне јавната свест како на земјоделците, исто така и воопшто.
Датум на започнување - завршување: 08.03.2012- 08.03.2015. Вредност на проектот: 1.385.000 УСД.

Донатор: СИДА, Шведска

Проект: Промовирање на земјоделските интереси во Македонија 2011-2012 година. Општата цел на проектот е да се поддржи одржлива Федерација на фармери на Република Македонија (ФФРМ), способна да понуди вредни услуги.
Датум на започнување - завршување: 01.02.2011- 31.08.2012. Вредност на проектот: 686.000 ЕУР.
Проект: Промоција на одржливи земјоделски практики, енергетска ефикасност и искористување на обновливите извори на енергија во руралните подрачја во Република Македонија - Агроенергија.
Датум на започнување - завршување: 01.10.2010- 31.12.2012. Вредност на проектот: 1.136.000 ЕУР.
Проект: Продолжување и зајакнување на Земјоделскиот Кредитно Дисконтен Фонд. Воспоставени одржливи земјоделски финансиски услуги, кои се комерцијално остварливи, а сепак соодветни и прифатливи од страна на целните групи.
Датум на започнување - завршување: 01.07.2008- 30.06.2010. Вредност на проектот: 167.000 ЕУР.
Проект: Програма за македонската земјоделска советодавна поддршка - МААСП 2. Поддршка на МЗШВ да ги консолидира своите политики, пристапи и методи за работа со другите чинители во плуралистички земјоделски советодавен систем.
Датум на започнување - завршување: 01.01.2008- 31.12.2010. Вредност на проектот: 2.727.000 ЕУР.
Проект: СФАРМ 3 поддршка на здруженијата на фармерите во Република Македонија. Помош при ФФРМ да се развие во организациски и финансиски одржлива организација како што е формулирано во стратегиите на ФФРМ.
Датум на започнување - завршување: 01.07.2007- 30.06.2010. Вредност на проектот: 3.250.000 ЕУР.
Проект: Градење на капацитети за формулирање на македонската политика и економска анализа во однос на земјоделскиот сектор.
Датум на започнување - завршување: 01.06.2004- 30.06.2015. Вредност на проектот: 1.849.000 ЕУР.

Донатор: Норвешка
Проект: Трансфер на технологија на анаеробен дигестер за земјоделство со ефикасно користење на енергијата. Подобрување на економската одржливост на казнено-поправната установа "КПД Идризово" и решавање на проблемот со животински отпад.
Датум на започнување - завршување: 01.12.2010- 31.12.2012. Вредност на проектот: 300.000 ЕУР.
Проект: Стручно образование - чекор напред кон подобра економија. Целта на проектот е да се воспостави програма за стручно образование за вонредни студенти, земјоделци и другите жители од регионот на Куманово.
Датум на започнување - завршување: 01.10.2009- 15.12.2013. Вредност на проектот: 490.000 ЕУР.
Проект: Развој и унапредување на правната рамка за групи на производители. Обезбедување на техничка помош за развој и унапредување на правната рамка за групи на производители и организации на производители.
Датум на започнување - завршување: 01.01.2009- 30.04.2009. Вредност на проектот: 120.000 ЕУР.
Проект: Развој и унапредување на правната рамка за групи на производители. Обезбедување на техничка помош за развој и унапредување на правната рамка за групи на производители и организации на производители.
Датум на започнување - завршување: 01.01.2008- 31.12.2008. Вредност на проектот: 120.000 ЕУР.

Донатор: ФАО (Организација на Обединетите Нации за храна и земјоделство)
Проект: Поддршка за управување со државното земјоделско земјиште. Целта на проектот е подобро управување со земјоделско земјиште во државна сопственост.
Датум на започнување - завршување: 17.11.2010- 31.01.2013. Вредност на проектот: 292.000 УСД.

Донатор: Холандија
Проект: Промовирање на земјоделство со висока вредност кон природата и агро-еколошки плаќања преку граѓанските организации во Македонија (МАТРА програма).

Датум на започнување - завршување: 01.10.2009- 31.03.2012. Вредност на проектот: 132.000 ЕУР.

Донатор: ИФАД (Меѓународен Фонд за Земјоделски Развој)
Проект: Објект за пристап на фармер на пазарите во балканскиот регион програма 2. Да се обезбеди за целната популација пристап кон одржливо, ефективно и ефикасно користење на советодавни услуги во рамки на приватниот сектор.
Датум на започнување - завршување: 21.09.2007- 30.06.2008. Вредност на проектот: 300.000 УСД.
Проект: Воспоставување на земјоделски советодавни услуги во Македонија финансирани од клиентите. Општата цел на проектот е поширок спектар на квалитетни советодавни услуги кои советници може да им понуди на своите клиенти.
Датум на започнување - завршување: 26.04.2007- 30.06.2008. Вредност на проектот: 200.000 УСД.

Донатор: ГИЗ и КфВ - Германија
Проект: Воведување на директивите на ЕУ во македонската земјоделска политика и поддршка на соработката во земјоделско-прехранбената економија со земјите во регионот.
Датум на започнување - завршување: 01.08.2005- 31.12.2009. Вредност на проектот: 1.250.000 ЕУР.
Проект: Придружни мерки - развој на системите за наводнување во јужниот регион на реката Вардар.
Датум на започнување - завршување: 02.01.2003- 02.01.2008. Вредност на проектот: 1.489.000 ЕУР.
Проект: Програма за наводнување на јужната долина на реката Вардар. Проектот ќе обезбеди рехабилитација и модернизација на инфраструктурата за наводнување во 4 модерни и ефикасни системи за наводнување (Негорци, Паљурци, Удово и Миравци).
Датум на започнување - завршување: 02.01.2003- 31.12.2010. Вредност на проектот: 6.650.000 ЕУР.

5.4. Научени лекции од минатата ЕУ, билатерална и мултилатерална помош

Резултатите од спроведувањето на помошта на ЕУ во минатото, како и помош од билатерални и мултилатерални донатори се различни, некои резултати се до совршеност, а некаде со послабо влијание. Главните научени лекции од програмите кои се однесуваат на правни, административни и институционални реформи, се:

- Ниско ниво на апсорпциските капацитет на МЗШВ, иако е во постојан раст, особено откако земјата постигна статус на кандидат. Административната слабост лежи во основа во недостаток на доволен број на квалификувани човечки ресурси за да се справат со новите задачи потребни од страна на процесот на усогласување на законодавството и слабиот капацитет да се инвестира во технички средства (простории и опрема).
- Усвоени голем број на усогласени закони и подзаконски акти на ЕУ, но претстои значителна работа пред да се постигне целосно усогласување во различни области (ветеринарни, фитосанитарни, безбедноста на храната, заштита на животната средина, како и други) и да се подобри способноста за спроведување на барањата на ЕУ.
- Постои потреба за континуирано и поголемо вклучување на научно-истражувачките и советодавните служби за помош на земјоделците во административните, техничките и маркетинг области.

Главните научени лекции од програмите кои се фокусираат на пилот операции во различни земјоделски потсектори, вклучително и трансфер на знаење, технологија, хардвер и софтвер се дека:

- Проектите се главно успешни кога беа вклучени приватните претприемачи и земјоделските и индустриски здруженија и кога пилот операциите се разбрани како потенцијални генератори на повисоки приходи или пак би можеле да обезбедат/одржат присутност на домашни и странски пазари. Проектите покажаа слабост или потреба од зајакнување на здруженијата.

- Проектите во руралните кредитни програми се многу успешни и покажуваат дека постои потреба за проширување на рурални кредити и комбинирање на советодавни услуги (подготовка на бизнис план, итн) за кандидатите и за кредитните институции (банки) во обработката на кредитот.

5.5. Научени лекции од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2007 - 2013

Во целиот период на реализација на Програмата се наиде на бројни тесни грла што резултираше со ограничено ниво на искористување на средства од ИПАРД 1.
Како дел од своите надлежности, Телото за управување со ИПАРД подготвува анализа на причините за нереализација на ИПАРД 1, во која ги презентираше сеуште отворените ризици и даде предлози за нивно надминување и подобрување на искористување на доделените средства. Во исто време, оваа анализа има за цел да ја информира Владата и канцеларијата на НИПАК, за состојбата со спроведување на ИПАРД 1, причините за појавата на ризици во спроведувањето и насоки за нивно надминување.
Анализата покажува два типа на фактори кои предизвикуваат губење на средства за спроведување на ИПАРД Програмата и тоа:

ВНАТРЕШНИ ФАКТОРИ (во системот на ИПАРД)

1. Одредбите од ИПА регулативата и последователните договори влијаат на степенот на искористеност (на пример, многу високи стандарди на ЕУ, бавен процес на акредитација, недостатокот на јасни дефиниции во однос на одредени принципи на стабилно финансиско управување).
2. Недоволен административен капацитет на структурата на ИПАРД да се справи со соодветна реализација на финансиски средства, обезбедувајќи истовремено адекватно ниво на контрола во определени рокови и особено воведување (акредитација) на нови мерки.
3. Капацитет на структурата на ИПАРД да се информира и да се комуницира Програмата (недостатокот на стручна помош (советодавни услуги) за поддршка на барателите во подготовката на проекти, недостатокот на капацитет за комуникација и публицитет на ИПАРД Агенцијата и Телото за управување и недостатокот на средства за промовирање на можностите на Програмата водат кон намалување на интересот за Програмата).

НАДВОРЕШНИ ФАКТОРИ (опкружување на ИПАРД системот)

1. Нивото на спроведувањето на националното законодавство особено она кое е прилагодено на законодавството на ЕУ, посебно во областа на животната средина и здравјето и благосостојбата на животните.
2. Ниско ниво на квалитет на регистрите и недостиг на електронски пристап.
3. Слаб административен капацитет на институциите во врска со спроведувањето на националната законска регулатива усогласена со ЕУ во областите поврзани со ИПАРД.
4. Отсуство на вклученост на други институции, како што се Агенцијата за вработување, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Агенцијата за странски инвестиции, Агенцијата за промоција на туризмот, кои можат да придонесат за обезбедување на соодветни информации и поддршка на потенцијалните корисници.
5. Низок интерес и ангажман во граѓански асоцијации и комори за информации и поддршка на потенцијалните корисници, но исто така и за комуникација и координација со ИПАРД структурата.

Според направената анализа и идни ризици, Телото за управување подготви *предлог активности за зголемување на апсорпцијата на ИПАРД средствата на краток рок (2014-2015) и на долг рок*

(2015 или новиот програмски период 2014-2020) период. Групирани се активности, по идентификувани проблематични области, како причини за минатото ниско ниво на апсорпција.
Групи на идентификувани проблематични области се:

- *програмирање* (вклучувајќи ги и капацитети за управување со Програмата)
- *спроведување (*вклучувајќи ги и капацитетите за имплементација на Програмата) и *активностите за комуникација и публицитет* (вклучувајќи и други институции)
- *регулаторни* (националното законодавство, Секторската спогодба, регистри и бази на податоци)

Спроведувањето на ИПАРД Програмата 2007-2013 е во моментов предмет на независна тековна евалуација, финансирана од страна на ЕУ и извршена од три меѓународни експерти. Финалниот извештај се очекува во декември 2014 година.
Врз основа на првичните наоди на тековната евалуација, воопшто ниската апсорпција е предизвикана од повеќе фактори како што се системот за администрација во однос на процедурите за имплементација и во однос на барањата за спроведување (критериуми за квалификување и слично) и процедури.
Телото за управување ги идентификуваше проблемите во рана фаза и направи значајни измени (модификација на критериуми за прифатливост на Програмата) во 2012 година. Овие измени треба да се имаат во предвид при дизајнирање на критериумите за прифатливост за мерките на ИПАРД II. Многу е направено во насока на подобрување на обезбедување на информации за Програмата, поддршка за подготовка на проекти и поддршка по склучувањето на договорите.
Сепак, позитивни резултати може да се постигнат ако напорите за подобрување на искористеноста се спроведуваат од страна на сите учесници вклучени во имплементацијата на Програмата, вклучувајќи го одобрувањето на проектите во ИПАРД Агенцијата. Повисок степен на проактивна соработка ќе ја подобри севкупната ефикасност на Програмата.

Врз основа на тековните првични наоди, утврдено е:

а) Постои можност за достигнување до поголем број на барателите во фазата на публицитет и информирање за Програмата;
б) Испорака и ширење на поспецификни информации за Програмата;
в) Обезбедување на поголема поддршка за барателите.

Прелиминарното резиме на тековната евалуација заклучи дека спроведувањето на ИПАРД Програмата во Македонија придонесе за висок степен на градење на институционални капацитети. Забележано е огромно подобрување на ниво на професионални вештини и експертиза во Телото за управување и ИПАРД Агенцијата од моментот на нивното формирање во 2007 година. Сепак, влијанието на надворешните и внатрешните фактори спречи постигнување на ниво на ефективност на спроведување на Програмата како во некои други ИПАРД земји – пр. Турција.

Два клучни елементи се ограничување на успехот на програмата ИПАРД I и треба да се решат во планирањето на ИПАРД II:
1. Процесот на селекција на проекти е идентификуван како клучен елемент на програмата и нејзиниот успех. Многу потенцијални крајни корисници (како и оние успешните), сметаат дека процесот на одобрување е премногу строг, а исходот е неизвесен се до конечното исплаќање на проектот.
2. Синергиските активности меѓу заинтересираните страни може многу да се подобрат. Постои директен и индиректен доказ дека понекогаш инволвираните институции имаат "бирократски пристап", наместо примарна цел да биде одобрување и исплата на проекти, што ќе доведува до повисоко ниво на поднесени барања и на тој начин на одобрени проекти. Не постојат траги на рутинско самооценување и вреднување на внатрешните слабости на инволвираните институции, кое е прв чекор кон поефикасно користење на ресурсите.

6. ОПИС НА СТРАТЕГИЈАТА

6.1. Опис на програмата стратегија за рурален развој

6.1.1 Целите на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 (НСЗРР 2014-2020) го одразува континуитетот на приоритетите на земјата за развој на земјоделството и руралните средини и обезбедува поддршка за земјоделскиот сектор за да се постигне задоволително ниво на конкурентност за справување со предизвиците на отворен и променлив пазар и исто така, за зајакнување на развојот на руралните средини.
НСЗРР ги дефинира следните сеопфатни цели за периодот 2014-2020:
"Зголемување на меѓународната конкурентност на македонското земјоделско производство и земјоделско-прехранбената индустрија, како и обезбедување на одржлив развој на руралните средини".
Поточно, зголемување на конкурентноста ќе се постигне преку реализација на следниве приоритетни области:

1) подобрување на технолошката[35] и пазарната инфраструктура со цел да се зголеми опсегот на производи со додадена вредност, продуктивноста, квалитетот и безбедноста и постигнување на стандардите на ЕУ.
2) јакнење на хоризонтална и вертикална интеграција на економските субјекти во земјоделско-прехранбениот сектор и развој на пазарот на договорни односи во земјоделскиот ланец на вредности што треба да овозможи подобра размена на информации од пазарот за земјодески производи и промоција на надворешни пазари.
3) обезбедување на пристап до факторите на производство, земјоделско земјиште и консолидација, пристап до капитал и квалитетот на производствотствени инпути, како и подобрување на човечкиот потенцијал во овој сектор, како и
4) подобрување на руралната инфраструтура за одржливост со рурални заедници и економски активности во рурални области.

Покрај фокусот на стратегијата за потребите за структурни приспособувања во земјоделството, потребата да се намали влијанието на климатските промени се земени во предвид како вкрстен аспект во НСЗРР 2014-2020 како што се проценува дека овие фактори ќе бидат присутни во иднина седум години со негативно влијание врз стабилноста на приходите на земјоделците и на развојот на овој сектор. Посебно внимание е посветено на одржливо управување со природните ресурси, заштита на животната средина и конзервација на биолошката разновидност.

Исто така, НСЗРР 2014-2020 истакнува сет на конкретни цели и детали на сет на инструменти за да се постигнат конкретните цели кои се дадени подолу:

- **Реструктуирање и модернизација на земјоделско – прехрамбениот сектор,** со што се промовира поддршка на инвестициите во повеќегодишни насади, поддршка за набавка на животни од признати и прилагодени раси, зголемување на понудата на сертифициран семенски и саден материјал од домашно производство и иницирање на домашното производство на садници во хортикултурата; зголемување на инвестициите за модернизација на примарни земјоделски и пост-бербени активности, модернизација на производствените технологии во преработувачкиот сектор: преработка на овошје, зеленчук, житни култури и производство на добиточна храна. Достапност на капитал, во смисла на обезбедување на поволни кредити за инвестиции и

[35] Со обезбедување на средства за инвестиции за модернизација на производството, зголемување на економијата, обемот на производството, продуктивноста и квалитетот на производите во согласност со потребните стандарди

оперативен капитал во земјоделството и преработката на храна преку продолжување на поволни рурални кредити и воведување на финансиски инструменти прилагодени за поддршка во рамките на ИПАРД што е клучно за постигнување на инвестиции за модернизација на секторот. Консолидација на парцели земјоделско земјиште и зголемување на искористено земјоделско земјиште по земјоделско стопанство е нагласено како клучно за наредниот период со цел надминување на структурните слабости во секторот кои попречуваат понатамошен развој.

- **Интеграција и регулирање на пазарниот ланец** преку поддршка на основањето и успешно работење на земјоделските задруги, дополнителна поддршка на групи на производители способни за спроведување на заеднички економски активности (производство и маркетинг) и обезбедување на советодавна поддршка и обука. Унапредување и зајакнување на регулативата за договорно земјоделство за зајакнување на вертикалната интеграција е идентификувано како клучно за наредниот период.
- **Подобрување и заштита на квалитетот** преку поддршка за брендирање на трговски марки на примарните производи и преработени производи произведени од суровини од домашно потекло и нивна промоција на домашниот пазар, поддршка на националните здруженија на производители за воведување на ознака на квалитет и ознака на потекло, географска ознака, традиционален специјалитет на земјоделски производи вклучувајќи и спроведување на кампања за придобивките од заштитата на квалитетот и понатамошна поддршка на органското земјоделско производство,
- **Засилен маркетинг и промоција на земјоделството и преработени производи** на локални и надворешни пазари, преку национална промоција на македонското извозно ориентирано производство - македонско вино, свежи и преработени градинарски производи на нови алтернативни недоволно застапени пазари врз основа на усогласена маркетинг платформа во партнерство со националните здруженија на производители; имплементација на домашни маркетинг кампањи за националните здруженија на производители на производи со знак за квалитет за означување на ознака на потекло, географска ознака, традиционален специјалитет. Предвидено е поддршка за маркетинг инфраструктура фокусирајќи се на маркетинг логистички центри.
- **Гаранција за безбедност на храна**. Безбедноста на храната во следните седум години (2014-2020) посебно ќе се постигне преку интервенции за здравствена заштита на животните, следење и надзор во пласирањето на храна на пазарот и соодветна реакција во услови на криза и на вонредни настани кои го ставаат во ризик здравјето на луѓето, животните и животната средина.
- **Подобрување на условите за живот и економски активности во руралните средини.** Развојот на руралните средини преку функционирањето на одржливи рурални заедници е еден од клучните приоритети на националната политика за развој на земјоделството и руралните средини. Остварувањето на овие цели зависи од обезбедувањето на подобри услови за живот и остварување на економските активности во руралните средини што ќе се прави преку имплементација на многу поврзани комплементарни активности и политики. Затоа, фокусот на интервенциите на политиките ќе биде ставен на рехабилитација и изградба на руралните економски и транспортна инфраструктура и инвестиции во дополнителни неземјоделски активности, подобрување на старосната структура на населението кои се вклучени во економските активности и обезбедување на општа социјална сигурност на руралното население. Покрај тоа, посебен третман ќе се даде на руралните области во планинските области и региони со неповолни услови за земјоделско производство (LFA) или вршење на стопански дејности, како и целосно раселени области со цел повторно да отпочнат економски активности во овие области и валоризирање на природните ресурси. Со цел да се зајакне партиципативниот пристап, идентификација на потребите на локалните заедници, назначување на соодветни мерки во стратегиите за локален развој на руралните средини и нивно спроведување, ќе се реализира преку воспоставување на локални акциони групи (ЛАГ) од членовите на локалната самоуправа, бизнис и невладиниот сектор.

- **Иновации и трансфер на знаење** преку поддршка за креирање и имплементација на иновации во земјоделското производство со акцент на применети истражувања во адаптација на земјоделството кон климатските промени, трансфер на технологија и иновативни решенија од странски земји и нивно прилагодување и нови технологии во сточарството. Поддршка е планирана да се обезбедат на земјоделски стопанства кои служат како демонстративни фарми за примена на адаптирани иновации и технологии и напредни производствени практики. Во фокусот во претстојниот период ќе биде и градење на силен, функционален и одржлив национален советодавен систем и развој на систем за неформално образование, обука, преквалификација и континуирано доживотно учење за фармерите, преработувачите и другите учесници (занаетчии, раководители на микро, мали и средни претпријатија, задруги) во образовните институции.
- **Одржливо управување на природните ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени врз земјоделството,** преку поддршка на земјоделски стопанства за да ги приспособат своите производствени методи кон одржливо и конзерваторско земјоделството, воведување задолжителни стандарди за добра земјоделска практика. Во наредниот период имплементацијата на Директивата за нитрати ќе стане задолжителна за земјоделските производители. Органското производство ќе биде промовирано со стимулации и преку зголемување на маркетингот за зголемување на потрошувачката. Во фокусот на претстојниот период ќе биде и воспоставување на агро-еколошките мерки поддржани преку ИПАРД. Одржливо искористување на шумските ресурси и услови за развој на руралните заедници и за зачувување и унапредување на постојани шуми ќе се постигне со континуирано инвестирање да се зголемат површините под шуми со пошумување на голините со квалитетни растителни материјали, со тоа давајќи им приоритет на автохтони видови, како и заштита и подобрување на квалитетот на веќе постоечките постојани шуми. Од аспект на намалување на ефектите од климатските промени во постојаните шуми, посебно внимание ќе се посвети на создавање на систем за управување и заштита од пожари. Кога станува збор за риболов, политики ќе бидат дизајнирани за да се обезбеди зголемено производство на аквакултура во земјата, особено на автохтоните видови, како алтернатива за намалениот риболов на отворена вода. Овие активности во перспектива би требало да создадат можности за намалување на зависноста од увоз на риба и производи од риба. Оваа цел треба да се постигне со примена на еколошки пристап во земјоделството и воведување на принципот на одржливо користење на водите и заштита на нејзиниот квалитет. Една од целите е да се збогати и да се зголеми рибниот фонд во риболовните подрачја, риболовни зони и риболовните води, да се подобри заштитата на домородната популација и да се намалат надворешни, инвазивни видови, а исто така да се намали и да се спречи нелегалното ловење на риба. Ефикасно управување со отпад, како и производството на енергија и користење на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност треба да ги подобри приходите генерирани од страна на земјоделските стопанства и заштитата на животната средина. Земјата е област особено чувствителна на климатските промени. Овие промени остваруваат особено негативно влијание врз земјоделството како најранлива економската активност на овие промени, но, исто така, и најважната економска активност на руралното население. Затоа, преземање на соодветен институционален одговор на предизвиците што произлегуваат од климатските промени и намалување на нивното негативно влијание врз земјоделското производство, развој на руралните средини и биодиверзитетот ќе стане една од посебните цели на политики во наредниот период. Справување со последиците од овие промени е и хоризонтално начело во дизајнирање на други инструменти и мерки.

6.1.2 ИПА II Цели на политиките за земјоделство и рурален развој

Новата ИПА Регулативата[36] истакнува поширок сет на цели, во споредба со области на политиката за рурален развој на ЕУ во однос на претходниот ИПА 2007-2013. Според член 1 од Регулативата (ЕУ) бр 231/2014 "Инструментот за претпристапна помош за периодот 2014-2020 (ИПА II) поддршка на корисниците во донесувањето и спроведувањето на политичките, институционални, законски, административни, социјални и економски реформи кои се потребни, со цел да се усогласат со вредностите на Унијата и постепено да ги усогласуваат со правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата, со цел членство во Унијата". ИПА II помошта треба да реши неколку области на политиката, меѓу кои е земјоделството и руралниот развој.

Специфичните цели утврдени во член 2 од Регулативата (ЕУ) бр 231/2014 треба да бидат упатени во сите области. Ова значи дека политиките во областа за "земјоделството и руралниот развој" ќе мора да придонесе за следните специфични цели:

(a) Поддршка за политички реформи
(b) Поддршка за економски, социјален и територијален развој, со цел да биде паметен, одржлив и инклузивен раст
(c) Зајакнување на способноста на земјите-кориснички на сите нивоа за исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во Унијата преку поддршка на прогресивно усогласување со, и донесување, спроведување и примената на acquis на ЕУ, вклучувајќи и подготовка за управување со структурните фондови на Унијата, на Кохезиониот фонд и Европскиот земјоделски фонд за рурален развој;
(d) Зајакнувањето на регионалната интеграција и територијална соработка вклучување на корисниците наведени во Анекс I, земјите-членки и онаму каде што е соодветно, трети земји во рамките на опсегот на Регулативата (ЕУ) бр 232/2014 на Европскиот парламент и на Советот.

Целите на ИПА II помошта во рамките на програмите за рурален развој во областа на политиката "Земјоделство и рурален развој" дополнително се дефинирани во член 18 (5) од Рамковниот договор, како што следува:

(a) Во поглед на приоритетите на Унијата за рурален развој, преку развој на човечкиот и физичкиот капитал, да се зголеми безбедноста на храната кај земјата корисник на ИПА II и способноста на земјоделско-прехранбениот сектор за справување со конкурентскиот притисок, како и за постепено усогласување на секторот со стандардите на Унијата, особено оние кои се однесуваат на хигиената и животната средина, во насока на постигнување на рамномерен територијален развој на руралните средини.
(b) Канализирањето на инвестициска поддршка преку системи за управување и контрола кои се во согласност со стандардите на доброто владеење на модерна јавна администрација и каде релевантните структури во земјата применуваат стандарди еднакви на оние на слични организации во земјите членки на Европската унија.

ИПА програмите за рурален развој продолжуваат да одржуваат блиски врски со политиките на ЕУ за рурален развој преку финансирање на одредени типови на активности предвидени според Регулативата (ЕУ)бр 1305/2013 на Европскиот парламент и на Советот.

Гореспоменатите ИПА II цели во голема мера се совпаѓаат со главните стратешки цели и посебни цели на НСЗРР 2014-2020 (поглавје 6.1.1 од оваа Програма), како што се целите за подобрување на

[36] Регулативата (EU) бр 231/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II)

одржливост на фармата и конкурентност на сите видови на земјоделство и преработка на храна, агро-еколошките цели за враќање, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството, подобрување на социо-економскиот развој во руралните области и човечкиот потенцијал.

За целите на оваа програма, се смета дека приоритетите утврдени на ниво на ЕУ и ИПА II целите се во согласност со НСЗРР 2014-2020 година.

Иако програмата потенцијално ќе служи повеќе од една цел во рамките на ИПА II и нејзината конзистентност со НСЗРР 2014-2020, целите можат да се групираат во следниве приоритетни области:

1. Подобрување на одржливост и конкурентност на земјоделски стопанства и на сите видови на земјоделство и примарна преработка на храна, додека постепено се усогласуваат со стандардите на Европската Унија;
2. Враќање, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството;
3. Промовирање на рамномерен територијален развој во руралните средини;
4. Трансфер на знаење и зајакнување на капацитетот на јавната администрација во спроведувањето на програмите за рурален развој.

6.2. Идентификување на потребите и преглед на целокупната стратегија

Иако постојат евидентни позитивни трендови во областа на земјоделството, шумарството, преработката на храна и руралните области во изминатиот период, сеуште земјоделството и руралниот развој се попречени од структурни проблеми и неефикасности дефинирани во SWOT анализата, во која треба дополнителна интервенција во наредниот период.

SWOT анализата издвои голем број на потреби кои треба да се решат од страна на Програмата:

1. Земјоделство, шумарство и прехранбената индустрија

Треба 1.1: Да се подобри продуктивноста на земјоделските стопанства и ефикасноста на земјоделското производство, како и пост-бербата и маркетинг на земјоделски производи, со цел зголемување на конкурентноста преку инвестиции;
Потреба 1.2: Да се подобри употребата на преработувачките капацитети во однос на ефикасноста и подобрување на производните технологии, како и маркетинг активностите и истовремено промовирање на иновациите, а со цел да се постигне целосна усогласеност со стандардите за безбедност на храната на ЕУ;
Потреба 1.3: Да се поддржи создавањето на економската соработка меѓу земјоделските производители и да се промовираат маркетинг врски; скратување на пазарот на снабдување со промоција на земјоделски договори и солидни директни односи со преработувачите, трговците и извозниците;
Потреба 1.4: Да се воспостават силни врски помеѓу образованието и истражувањето и проширување за ефективен трансфер на знаење; да се подобри координацијата и интеграцијтаа на советодавни услуги и зајакнување на нивните човечки капацитети;
Потреба 1.5: Подобрување на вештините и квалификациите на земјоделските производители и работниците за управување со нивното земјоделско стопанство, способности што ќе им овозможат да го прилагодат земјоделството производство кон барањата на пазарот и климатските промени;
Потреба 1.6: Да се воведат и економски одржливи практики за заштита и користење на шумите и биомаса преку стопанисување со шумите;
Потреба 1.7: Да се зајакнат инвестициските способности на малите земјоделци за да преземат активности на реконструкција, модернизација и нови инвестиции и подобро обезбедување на финансиски средства за капитални инвестиции.

2. Животна средина

Потреба 2.1: Воведување на практика за заштита на водата и почвата и органско земјоделство од страна на земјоделските производители, со цел да се запре падот на биолошката разновидност, решавање на негативните влијанија на напуштање на земјиште и намалена активности во ЗПВП области;
Потреба 2.2: Зајакнување на советодавни услуги за поддршка на земјоделците и сопствениците на шуми/менаџери во спроведувањето на агро-еколошки практики и управување со шумите и да се обезбеди испорака на обука за земјоделците и сопствениците на шума/менаџерите за агро-еколошки практики;
Потреба 2.3: Зголемена употреба на енергетски култури и промоција на користење на обновливите извори на енергија на ниво на земјоделски стопанства и во преработката, како и да се зголеми вкупната употреба на енергија од обновливи извори на национално ниво;
Потреба 2.4: Да се подобри управувањето со комуналниот отпад и пристап до комунални услуги на руралното население;
Потреба 2.5: Да се подобрат практиките за управување со шумите за да се спречи ризикот од шумски пожари и деградацијата на шумите и користење на шумската биомаса како обновлив извор.

3. Рурална економија и квалитет на животот
Потреба 3.1: Да се поддржи развојот на постојни и нови рурални бизниси за економски развој и вработување; развој на потенцијалот на руралниот туризам **Потреба 3.2**: Да се развие физичка инфраструктура, надградба на селските простори и зголемување на обезбедувањето на услуги и рурално сместување, за туризам и развој на бизнисот во руралните средини и подобри услови за живот во руралните средини; **Потреба 3.3**: Да се обучуваат општинските власти во планирање на локалниот развој и спроведување на проекти за руралната јавна инфраструктура; **Потреба 3.4:** Да се мобилизираат локалните организации кои ги претставуваат потребите и интересите на руралните жители и руралните бизниси и да активно учествуваат во планирањето на локалниот развој.

Целокупната стратегија на програмата е изведена со поврзување на целите од ИПА II помошта преку програмите за рурален развој во областа "земјоделство и рурален развој“, потребите за интервенција идентификувани преку SWOT анализата и соодветните мерки, како што е наведено во табелата подолу:

Цел 1. Унапредување, одржливост и конкурентност на земјоделските стопанства и сите видови на земјоделство и примарна преработка на храна, до постепено усогласување со стандардите на Европската Унија	
Мерката "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства"	Потреба 1.1, 1.5, 2.1, 2.3
Мерка "Поддршка за формирање на групи на производители" *	Потреба 1.3
Мерката "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделските и рибни производи"	Потреба 1.2, 1.3, 2.3
Цел 2. Враќање, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството	
Мерка "агро-еколошките мерки и органско земјоделство" *	Потреба 2.1
Мерка "Воспоставување и заштита на шумите" *	Потреба 1.6, 2.5
Цел 3. Промовирање на рамномерен територијален развој во руралните средини	
Мерка "Подобрување и развој на руралната инфраструктура"	Потреба 2.3, 2.4, 2.5, 3.2
Мерка "Диверзификација на фарма и развој на бизнисот"	Потреба 3.1, 3.2, 2.4
Мерка "Имплементација на стратегии за локален развој - ЛЕАДЕР пристап" *	Потреба 3.3, 3.4
Цел 4 Трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и во руралните области и зајакнување на капацитетот на јавната администрација во спроведувањето на програмите за рурален развој.	
Мерка "Подобрување на обуката" *	Потреба 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 2.1, 2.2
Мерка "Советодавни услуги" *	Потреба 1.1, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 2.1, 2.2, 3.1

* Мерки кои ќе се воведат во програмата, со временски распоред презентиран во делот 8.3 на оваа програма

Мерката "Техничка помош" е хоризонтална мерка која се залага за успешно спроведување на целата програма, па затоа оваа мерка не може да биде директно поврзана со посебна потреба и не е наведена во табелата погоре. (види фише на мерката "Техничка помош" во делот 8.3. на оваа Програма).

Мерките наведени не се инклузивни за да одговорат на сите потреби за интервенција и на потенцијалот за земјоделство и рурален развој. Така комплементарни активности ќе се спроведуваат или преку националната поддршка и политика, или поддржани од ИПА техничка помош или други мултилатерални и билатерални донатори.

Табеларна презентација е прикажана подолу за да укаже на можностите за употреба на други комплементарни извори за решавање на идентификуваните потреби:

Потреба	ИПАРД Мерка	ИПА (Да/Не)	Друга донаторска помош, меѓународни финансиски институции (Да / Не)	Национална (Да / Не)
1. Земјоделство, шумарство и прехранбената индустрија				
Потреба 1.1: Да се подобрат продуктивноста на земјоделските стопанства и ефикасноста на земјоделското производство, како и пост-бербата и маркетингот на земјоделски производи, со цел зголемување на конкурентноста преку инвестиции	Мерката "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства" Мерка "Подобрување на обуката" Мерка "Советодавни услуги"	**НЕ**	**НЕ**	**ДА** (Грант шема за поддршка на млади фармери кои влегуваат во земјоделска дејност, поволни заеми за да обезбедат пред-финансирање на инвестиции)
Потреба 1.2: Да се подобри употребата на преработувачки капацитети во однос на ефикасноста и подобрување на производните технологии, како и маркетинг активности со истовремено промовирање на иновациите, а со цел да се постигне целосна усогласеност со стандардите за безбедност на храната во ЕУ.	Мерката "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи Мерка "Подобрување на обуката"	**НЕ**	**НЕ**	**ДА** **(**Поволна кредитирачка шема за да се обезбеди пред-финансирање за инвестиции)
Потреба 1.3: Да се поддржи создавањето на економска соработка меѓу земјоделските производители и да се промовираат маркетинг врски; скратување на пазарот на снабдување со промоција на земјоделски договори и цврсти директни односи со преработувачите, трговците и извозниците	Мерка "Поддршка за формирање на групи на производители" Мерката "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи Мерка "Подобрување на обуката" Мерка "Советодавни услуги"	**ДА** (Техничка помош за зајакнување на капацитетите, студии и анализи)	**ДА** (УНДП, ФАО итн.)	**ДА** (Поддршка на политиката за воспоставување и функционирање на земјоделски задруги)

Потреба 1.4: Да се воспостават силни врски помеѓу образованието, истражувањето и советодавните за ефективен трансфер на знаење; да се подобри координацијата и интеграција на советодавни услуги и зајакнување на нивните човечки капацитети;	Мерка "Подобрување на обуката" Мерка "Советодавни услуги"	**ДА** (градење на институционални капацитети, инфраструктура, опрема, итн)	**НЕ**	**ДА** (Поддршка на политиката за воспоставување и функционирање на консултантски услуги и провајдери на обука, истражување во земјоделството и шумарството, итн)
Потреба 1.5: Подобрување на вештините и квалификациите на земјоделските производители и работниците за управување со нивната фарма што ќе им овозможи да го прилагодат производството на земјоделството кон барањата на пазарот и климатските промени;	Мерката "Инвестиции во физички средства за земјоделски стопанства" Мерка" Подобрување на обуката " Мерка "Советодавни услуги"	**ДА** (градење на институционални капацитети, инфраструктура, опрема, итн за формирање на стручна обука во областа на земјоделството, шумарството, руралните итн	**НЕ**	**ДА** (Поддршка на политиката за воспоставување и функционирање на консултантски услуги и провајдери на обука, за организирање на семинари и обуки)
Потреба 1.6: Да се воведат економски одржливи практики за управување со шумите за заштита и користење на шумите и биомаса од нив	Мерка "Воспоставување и заштита на шуми" Мерка "Подобрување на обуката" Мерка "Советодавни услуги"	**НЕ**	**ДА** (потенцијален донатор, поддршка од меѓународните финансиски институции)	**НЕ**
Потреба 1.7: Да се зајакнат инвестициските способности на малите земјоделци за да преземат активности на реконструкција, модернизација и нови инвестиции и подобро обезбедување на финансиски средства за капитални инвестиции	Мерка "Подобрување на обуката" Мерка "Советодавни услуги"	**ДА** (Техничка помош за воспоставување капацитети за рурално кредитирање)	**ДА** (Потенцијален донатор, поддршка на меѓународните финансиски институции за обезбедување на кредити, шеми за рефинансирање, гаранции, итн)	**ДА** (Поддршка на политиката за обезбедување на поволни кредити за инвестиции во земјоделството и оперативен капитал)

2. Животна средина				
Потреба 2.1: Да се вклучат земјоделските производители да воведат практики на управување за заштита на водата и почвата и органско земјоделство со цел да се запре намалувањето на биолошката разновидност, решавање на негативните влијанија од напуштање на земјата и намалена активности во ВПВЗ области.	Мерката "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства" Мерка "агро-еколошките мерки и органско земјоделство" Мерка "Подобрување на обуката" Мерка "Советодавни услуги"	**ДА** (Техничка помош за стандарди на органско производство, градење на капацитетите на здруженијата за агро-еколошки и ВПВЗ итн)	**ДА** (УНДП, УСАИД, ГЕФ итн.)	**ДА** (Поддршка е обезбедена за органско производство, номадско одгледување овци, јавните инвестиции во пасишта, промоција на органски производи, итн**)**
Потреба 2.2: Да се зајакнат советодавните услуги за поддршка на земјоделците и сопствениците на шума / менаџери во спроведувањето на агро-еколошки практики и управување со шумите и да се обезбедат обуки за земјоделците и сопствениците на шума / менаџерите за агро-еколошки практики.	Мерка "Подобрување на обуката" Мерка "Советодавни услуги"	**ДА** (Техничка помош за зајакнување на капацитетите и зајакнување на советодавни услуги)	**НЕ**	**ДА** (Поддршка на политиката за воспоставување и функционирање на советодавни услуги и тренинг провајдери)
Потреба 2.3: Да се зголеми употребата на енергетски култури и да се промовира користењето на обновливите извори на енергија на ниво на земјоделски стопанства и на преработувачко ниво, како и да се зголеми вкупната употреба на енергија од обновливи извори на национално ниво;	Мерката "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства" Мерката "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделските и рибни производи" Мерка "Подобрување и развој на руралната инфраструктура"	**НЕ**	**НЕ**	**ДА** (Директна поддршка - исплати за енергетски култури)
Потреба 2.4: Да се подобри управувањето со комуналниот отпад и пристап до комунални услуги на руралното население	Мерка "Диверзификација на фарма и развој на бизнисот" Мерка "Подобрување и развој на руралната инфраструктура"	**ДА** (ИПА животна средина - за населените места> 10 000 жители)	**ДА** **(СБ)**	**НЕ**

Потреба 2.5: Да се подобрат практиките за управување со шумите за да се спречи ризикот од шумски пожари и деградацијата на шумите и користење на шумската биомаса за обновливи извори	Мерка "Воспоставување и заштита на шуми" Мерка "Диверзификација на фарма и развој на бизнисот" Мерка "Подобрување и развој на руралната инфраструктура"	**НЕ**	**НЕ**	**ДА** (Национална програма за пошумување, јавна кампања за ден на дрвото- Засади ја својата иднина)
3. Руралната Економија и Квалитетот на Животот				
Потреба 3.1: Да се поддржи развојот на постојни и нови рурални бизниси за економски развој и вработување; за развој на руралниот туризам,	Мерка "Диверзификација на фарма и развој на бизнисот" Мерка "Советодавни услуги"	**НЕ**	**НЕ**	**НЕ**
Потреба 3.2: Да се развие физичката инфраструктура, развој на селски места и зголемување на обезбедувањето на услуги и рурално сместување, за туризам и развој на бизнис во руралните средини и подобри услови за живот во руралните средини	Мерка "Диверзификација на фарма и развој на бизнисот" Мерка "Подобрување и развој на руралната инфраструктура"	**НЕ**	**НЕ**	**НЕ**
Потреба 3.3: Да се обучуваат општинските власти во планирање на локалниот развој и спроведување на проекти за руралната јавна инфраструктура	Мерка "Подобрување и развој на руралната инфраструктура"	**ДА** (Техничка помош за зајакнување на капацитетите на ИПАРД Агенција за акредитација на мерката рурална инфраструктура, итн)	**НЕ**	**НЕ**
Потреба 3.4: Да се мобилизираат локалните организации кои ги претставуваат потребите и интересите на руралните жители и руралните бизниси за активно да учествуваат во планирањето на локалниот развој	Мерка "Имплементација на стратегии за локален развој - ЛЕАДЕР пристап"	**ДА** (Техничка помош за воспоставување на национална мрежа за рурален развој)	**ДА** (УНДП, УСАИД, итн.)	**ДА** (поддршка NRDN активности поврзани со други национални политики и мерки)

6.2.1. Подобрување на одржливоста и конкурентноста на земјоделските стопанства во земјоделството и преработката на храна

Дејствијата за *подобрување на одржливоста и конкурентноста на сите видови земјоделство и примарна преработка на храна, додека прогресивно се усогласат со стандардите на Европската Унија* " имаат за цел подобрување на степенот на модернизација, технологија и иновации во примарниот, преработувачкиот и шумски сектор со цел да се осигура дека земјоделските стопанства ги приспособуваат своите практики со барањата на Унијата за благосостојба на животните и барањата за животна средина и преработувачите на храна постепено се усогласуваат со стандардите на Унијата за безбедност на храната. Овие активности индиректно ќе ги разрешат проблемите со старосната структура на земјоделците и негативната земјоделска структура.

Потребата од подобрување на земјоделската технологија, нивото на модернизација, инфраструктурата во рамките на земјоделското стопанство е со цел да се ублажи интензитетот на трудот и да се постигне поголема продуктивност и ефикасност на земјоделското производство. Иднината на примарното земјоделство, кое денес е трудоинтензивно со недостаток на примена на современи практики и технологии, му припаѓа на користење на современи машини, технологија и сортова адаптација и оди рака под рака со променливите потреби на пазарот. Инвестиции со цел зголемување на производството на био гориво, користејќи биомаса и алтернативни и обновливи извори на енергија ќе се поттикнуваат поради потребата за прилагодување на климатските промени и намалување на влезните трошоци. Што се однесува до намалувањето на емисиите на амонијак, предвидени се инвестиции во земјоделслките стопанства во врска со исполнувањето на условите за заштита на животната средина. Инвестициите во физички средства ги надополнуваат другите мерки за агро-еколошко и органско земјоделство. Се очекува дека поради поддршката достапна за алтернативни земјоделски активности и примарна преработка на ниво на земјоделски стопанства, некои од полу-одржливите земјоделци ќе ги надградат своите приходи од земјоделството преку диверзификација и зголемување на вредноста на основните производи.

Исто така, заедно со мерките кои промовираат модернизација на фарми, ќе се даде поддршка за поттикнување на соработката на земјоделците преку поддршка на формирање и работење на групи на производители и индиректно преку промоција на проекти за соработка на земјоделците со преработувачите и регистрираните трговци. Овие активности ќе бидат надополнети со национална поддршка за воспоставување на земјоделски кооперативи, кои вклучуваат пакет на зголемена директна поддршка на членовите на задругата и повисок интензитет на помош за инвестициски проекти. Исто така, националната поддршка ќе обезбеди учество на земјоделците во поддршката за квалитет на храната што ќе резултира во подобрување на квалитетот, разновидноста на земјоделски производи, како и на додадена вредност.

Активностите во рамките на оваа приоритетна област индиректно ги решаваат проблемите на земјоделците со старосната и неповолната структурата на земјоделски стопанствата преку промоција на инвестициски проекти од страна на млади земјоделци и зголемување на стапките за помош и промовирање на проекти поднесени од полу-одржливи земјоделски стопанства.

Подобрувањето на земјоделската структура е од витално значење со цел да се зголеми продуктивноста, како и квалитетот на производството, да се минимизираат трошоците на производство и да се обезбеди доволен повраt на инвестициите. Активностите во рамките на оваа програма ќе бидат надополнети со национална поддршка за млади земјоделеци и за предвремено пензионирање. Покрај тоа, имплементацијата на проекти за консолидација на земјиштето (вклучувајќи и шуми), поддршка за подобрување на земјоделска и шумска

инфраструктура (наводнување, одводнување, земјоделството и шумски патишта) значително ќе придонесе за подобрување на земјоделската и шумската структура, како и за условите за земјоделски и шумски развој кои се предуслов за развој на конкурентно примарно земјоделство и шумарство. Сепак, во однос на проектите за подобрување на консолидација на земјиштето и инвестиции во наводнување/одводнување, важно е да се нагласи дека овој тип на активност ќе се спроведува преку националниот буџет и со поддршката од ИПА техничка помош како што е објаснето во ДСД.

Што се однесува до преработувачката индустрија, планирано е да се даде приоритет за модернизација на преработувачките претпријатија, нивото на модернизација во овие капацитети за преработка се уште е на ниско ниво. Меѓутоа, со цел да се промовираат иновации, ќе се даде поддршка за имплементација на иновативни практики или нови производи. Ќе се даде приоритет на инвестиции за имплементација на стандардите за безбедност на храната.

Во продолжение, потребна е поддршка за зајакнување на маркетингот на земјоделски производи, како за внатрешниот така и на меѓународниот пазар.

Во врска со развојот на шумарството, постои потреба да се инвестира во практики за управување со шумите во смисла на искористување на шумите и заштита на повеќе економски и еколошки одржлив начин. Потребно е модернизирање на техниките за берба на шума преку поддршка на сопствениците на шуми во набавувањето на современи машини со цел да се врши сеча но и заштита на шумите (чистење, кроење и др.) Овие активности ќе бидат надополнети со инвестиции во шумска инфраструктура според цел 3 (види под-делот 6.2.3) и со спроведување на мерки кои придонесуваат за зголемување и заштита на шумите во рамките на цел 4 (види под-делот 6.2.4).

За зајакнување на капацитетите за истражување и иновации, ќе се обезбеди национална поддршка за спроведување на истражувачки проекти и за соработка меѓу истражувачките институции и за трансфер на знаење. Врските помеѓу знаењето и потребите на индустријата треба да се реструктуираат и зајакнат во полза на активностите во рамките на оваа приоритетна област. Оттука активностите во рамките на оваа приоритетна област се поддржани со мерки во рамките на цел 4 (види под-делот 6.2.4).

6.2.2 Обновување, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството

Активностите кои ќе се финансираат за "обновување, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството" ќе се фокусираат на промовирање на употребата на еколошки земјоделски практики, заштита и унапредување на биолошката разновидност, водата и почвата, во рамките на области со високи природни вредности и традиционалните земјоделски области, но и за ублажување на климатските промени.

Со оглед на фактот дека ерозијата на почвата и киселоста претставуваат сериозни проблеми за животната средина и за условите за земјоделско производство, предвидено е спроведување на соодветни агроеколошки шеми за елиминирање на овие проблеми во најголема можна мера. Исто така, ограничувањето на ѓубрењето во областите во кои ќе се спроведуваат мерките, ќе го намали загадувањето на водата со материи кои се резултат на интензивното земјоделство. Во рамките на мерките ќе се даде и поддршка за спречување на ерозија на почвата преку промоција на мерки за пошумување. Ќе се даде приоритет на пошумување во области осетливи на ерозија, деградирани шуми и шумите погодени од шумски пожари. Покрај тоа, промоцијата на органското земјоделско производство позитивно ќе влијание врз животната средина

(почвата, водата, биодиверзитетот, воздухот) и исто така ќе резултира со повисока вредност на земјоделското производство, повисоки приходи за земјоделците. Во моментот ова е од најголема важност, кога побарувачката за ова производство и на локалниот и на меѓународниот пазар е во пораст.

Исто така, во однос на климатските промени, поддршката за модернизација на земјоделски стопанства (инвестиции во ефикасни системи за наводнување, промоција на био гориво, производство и користење на алтернативни и обновливи извори на енергија, примена на практики за ракување со арско ѓубре и сл.) и поддршката во рамките на мерките за инвестиции во руралната инфраструктура за управување со отпад и канализациони системи во руралните средини, ќе влијаат на целите за адаптација кон климатските промени и намалување на нивното влијание.

6.2.3 Промовирање на рамномерен територијален развој во руралните средини

Приоритетната област за "*Промовирање на рамномерен територијален развој во руралните средини*" ќе се постигне преку спроведување на активности со цел зголемување на можностите за вработување и во исто време на креирање на алтернативни извори на приход за руралното население. Покрај тоа, атрактивноста на руралните области е невозможна без претходно да се подобрат условите за живот (руралната инфраструктура), безбедноста на животот и приватна сопственост. Исто така, треба да се зајакне способноста на руралното население да се вклучи во алтернативни бизнис и да ја направи својата рурална средина поатрактивна за живеење и затоа инвестициите во човечките потенцијали се од најголема важност.

Претприемништвото во руралните средини е попречено со висок степен на ризик заради работењето на малите пазари, недостатокот на капитал и недоволниот пристап до совети и услуги за развојот на бизнисот. Бизнис компаниите во руралните средини се соочуваат со дополнителни територијални недостатоци поврзани со пониската куповна моќ на локалното население и стагнирачките локални рурални економии.

Поддршката за инвестиции во нови старт-ап бизниси и развој на воспоставените микро и мали претпријатија е важен инструмент за подобрување на конкурентноста и создавање на работни места во руралната економија. Тоа ќе биде од корист на руралните области преку креирање на повеќе и поквалитетни работни места и ќе им помогне да се диверзифицира руралната економија која се уште е високо зависна од земјоделството. За да се одговори на потребата за намалување на зависноста на руралното население од приходите од земјоделството, да се создадат алтернативни работни места и да се зголеми нивото на приходите во руралните области, предвидени се активности за диверзификацијата на земјодеслките стопанства и развој на бизнисот. Преголемата зависност на руралното население од земјоделството е евидентна и затоа земајќи ги во предвид повеќето компаративни предности на руралните области, приоритет ќе се даде на развојот на микро и мали претпријатија за производство и услуги, промовирање на руралниот туризам, развој на занаетчиството, кои не само што ќе создадат дополнителни можности за вработување, туку и ќе го промовираат националниот рурален идентитет и култура и употребата на локалните расположливи ресурси и природниот потенцијал.

Конкурентноста на руралните области е ограничена заради несоодветен квалитет и пристап до основна инфраструктура и услуги за економијата и руралното население. На активностите за воспоставување и обновување на патната инфраструктура, водоводот и канализацијата во руралните области, ќе им се даде приоритет за инвестиции. Други активности ќе се однесуваат на инвестиции во топлани, подобрување на снабдувањето со електрична енергија во руралните средини, како и обезбедување на инфраструктура за пристап до земјоделски и шумски област.

Руралните заедници и жители изразуваат потреба за обновување на напуштените културни и историски објекти, центри за деца, млади и стари, библиотеки, воспоставување на зелените површини во руралните области, локална пазарна инфраструктура, тротоари, селските улици итн, а со цел да се направат руралните области атрактивни за оние кои веќе живеат таму и со цел привлекување на новодојденци за развојот на нивните бизниси во руралните средини. Потребите за развој на транспортната инфраструктура (автопат, регионални патишта и железница), здравствените услуги, образовани објекти и обновување и одржување на културното наследство ќе бидат поддржани во рамките на ИПА области на политиката за регионален развој (транспортниот сектор).

Активностите од "Имплементација на стратегиите за локален развој - ЛЕАДЕР пристап" се насочени кон промовирање на локалните иницијативи и партнерство преку вклучување на локалните заедници, како и претставници на бизнис и локалната власт. Постои очигледна потреба да се поттикне и развие капацитетот на руралното население за заедничко дејствување за да се развијат и имплементираат интегрирани стратегии за локален развој преку комбинација на ресурси, знаење и вештини на претставници на јавниот сектор, економијата и социјалниот сектор, кои ја формираат основата на локалните акциони групи. Поддршката добиена преку "Имплементација на стратегиите за локален развој - ЛЕАДЕР пристап" ќе се фокусира на три главни активности: градење на капацитетите на избраните ЛАГ, водење на избраните ЛАГ и спроведување на мали проекти, спроведување на локални проекти во рамките на стратегиите за локален развој, проекти за соработка меѓу територијални или транснационални проекти и стекнување на вештини и анимирање на територија. Финансирањето во рамките на "Имплементација на стратегиите за локален развој - ЛЕАДЕР пристап " може да се прошири и да вклучи дополнителни финансиски средства за спроведување на големи проекти од стратегиите за локален развој од други извори на средства (национални или ИПА), но во случај на собрани повеќе искуства и научени лекции.

6.2.4 Трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и руралните средини

Ниедна од горенаведените цели, не може да се постигне без значителни инвестиции во човечкиот капитал. Затоа, активностите предвидени за "*трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и во руралните области и зајакнување на капацитетот на јавната администрација во спроведувањето на програмите за рурален развој*" имаат за цел зајакнување на човечкиот капитал во руралните области и на тој начин придонесуваат за решавање на проблемот со тесен опсег и недоволна обука, недостатокот на информации. Иако земјоделците и руралните жители имаат добар пристап до консултации од општа природа во областа на традиционалните методи на земјоделско производство, економија и сметководство, правни совети, постои недостиг на специјализирани консултации и обуки во областа на подобрување на технологијата на производство, продуктивност, агро-еколошко земјоделство и примена на барања за заштита на животната средина и други барања, развој на заедницата и партнерство во областа на маркетинг и диверзификација на економски активности. Затоа, важно е во иднина да се осигура обезбедување на таков тип консултации за руралното население.

Исто така, постои силна потреба за зајакнување на стручната обука, со цел да се подигне квалификацијата на лицата ангажирани во земјоделството и да се обезбеди континуирана основа и можност за обновување на знаењето и да се добие ново знаење што е предуслов, со цел да се прилагодат на постојано менување на економската и социјалната средина. Со имплементација на мерките од овој приоритет, се очекува зголемување на претприемачките вештини на оние кои се ангажирани во земјоделството, шумарството и руралниот развој и не

само што ќе се зголеми конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор и шумарството, туку, исто така, ќе резултира во креирање на алтернативни извори на приходи во руралните области.

Важен приоритет на националната стратегија (НСЗРР 2014-2020), е да се осигура достапност на ресурсите за поддршка на развојот на иновации и трансфер на знаење, дистрибуција и најважно, практична имплементација во земјоделско-прехранбениот сектор и шумарството преку обезбедување на континуиран дијалог помеѓу научното општество и чинителите во развојот на земјоделството и руралниот развој.

6.2.5 Хоризонтални и вкрстени приоритети

Во согласност со целите на оваа Програма, сет на хоризонтални и вкрстени приоритети ќе бидат земени во предвид при спроведувањето на програмата.

Така, хоризонтални и вкрстени приоритети во обезбедувањето поддршка се (листа по случаен избор):

- проекти поднесени од жени и млади претприемачи (помеѓу 18 и 40 години старост)
- активни земјоделски стопанства (50% од приходот е од сопствено земјоделско производство);
- пазарна ориентација на производството на земјоделството и зајакнување на пазарниот синџир;
- активности за заштита на животната средина и олеснување на ефектите од климатските промени;
- подобрување на маркетингот и производство на производи со висока додадена вредност;
- воведување на иновации и нови производи;
- развој на претприемништво и креирање на работни места;
- здруженија, задружни иницијативи (вклучително групи на производители);
- диверзификација на активностите во помалку економски развиените региони (рурални средини, планинските подрачја и пограничните подрачја);
- промоција на рурален туризам во подрачја кои се сметаат за културно наследство, блиски археолошки наоѓалишта, национални паркови или споменици на природата;
- зачувување и промоција на традиции и наследство;
- активности за зајакнување на човечки капитал во руралните средини;
- активности за промоција на локални иницијативи;
- активности за зајакнување на вештини и способности за развојот на бизнис.

Хоризонталните и вкрстени приоритети ќе се применуваат без оглед на целите на оваа програма. Во практична смисла, тоа значи дека овие хоризонтални и вкрстени приоритети во програмата ќе бидат опфатени во рангирањето на проектите за време на нивниот избор или ќе се спроведуваат преку повисок интензитет на помош.

6.3. Конзистентност помеѓу предложената ИПАРД поддршка и Државниот стратешки документ (ДСД)

Според ДСД, за претстојниот програмски период од 2014-2020, главната цел во земјоделскиот сектор ќе остане **зајакнувањето, на одржлива основа, на конкурентноста на земјоделските стопанства и земјоделско-прехранбената индустрија**. ИПАРД ќе продолжи да обезбедува поддршка за реконструкција и модернизација на земјоделските стопанства и на земјоделско-прехранбениот сектор. Посебно внимание ќе биде посветено на малите земјоделски

стопанства, одговорни за најголемиот дел од националното производство, со цел да се направат повеќе пазарно ориентирани како и за подсекторите за кои државата има компаративна предност.

Комплементарно со ИПАРД, ќе се даде поддршка и на клучните трансверзални прашања, како што се консолидација на земјиште, групи на земјоделци, советодавните услуги, пристап до финансии, мали-евтини-еколошки системи за наводнување, со цел да се стимулираат приватните инвестиции и зголемувањето на конкурентноста на секторот.

Со цел да се справат со предизвиците на животната средина поврзани со земјоделството, заедно со постепено воведување на вкрстената сообразност во директните плаќања, ќе се воведе ИПАРД мерка "агро-еколошко и органско земјоделство".

Воведувањето на ИПАРД мерка "Техничка помош" ќе овозможи зајакнување на капацитетите потребни за успешно спроведување на програмата и за идниот развој на следењето и проценката на програмата.

Руралната инфраструктура, исто така, ќе биде поддржана со ИПАРД фондовите, со цел да се создаде поволна средина за рурален економски раст и да се подигне квалитетот на животот во руралните средини; ова ќе вклучува физички средства (на пример, селски/земјоделски патишта, управување со вода, управување со отпад, снабдување со енергија, итн). Исто така, диверзификацијата на економските активности, вклучувајќи и рурален туризам, ќе продолжат да бидат промовирани преку одредена ИПАРД мерка.

Вклучувањето на граѓанското општество во процесот на планирање на локалниот развој ќе се промовира преку воспоставување на Локални Акциони Групи.

Во областа на вкрстени прашања, ИПА II ќе поддржи усогласување со стандардите на ЕУ и со европското законодавство во врска со заедничката земјоделска политика и сродните области на политика, како што се јавното здравство (за безбедност на храната и квалитетот и ветеринарни прашања), биосигурноста и благосостојбата на животните.

Во рамките на подготовките за управување со фондовите за земјоделство и рурален развој на ЕУ, поддршка и понатаму се предвидува за постигнување на целосна функционалност и интероперабилност на Интегрираниот Административен и Контролен Систем (ИАКС), вклучувајќи и база со податоци за идентификација и регистрација на животните на Агенцијата за Храна и Ветеринарство (АХВ), Земјоделски Информативен Систем, ФАДН системот, Земјоделски Пазарен Информативен Систем, Единствениот Регистар на Земјоделски Стопанства (ЕРЗС) и Систем за Идентификација на Земјишни Парцели (ЛПИС). Ќе се поддржи градење на капацитетите за усвојување на политиките усогласени со европското законодавство во директни плаќања со воведувањето на барањата за вкрстена сообразност, како и воспоставување на елементите на заеднички пазарни организации (ЗПО). Исто така, ќе се посвети посебно внимание на унапредување на системот за управување со спроведувањето на ИПАРД II.

Со цел да се подобри заштитата на човековото здравје од небезбедна и генетски модифицирана храна, за да се промовира заштита на потрошувачите од погрешните, измамнички практики и да се заштити здравјето и благосостојбата на животните, дополнително ќе се обезбеди помош во спроведувањето на законодавството на ЕУ од областа на безбедноста на храната, ветеринарните и фито-санитарни прашања.

Конечно, активностите за градење на капацитети ќе се осврнат на две важни прашања за земјоделството и руралниот развој. Прво, ќе се даде поддршка за подобрување на квалитетот

на земјоделски советодавни услуги во земјата. Второ, националните и локалните власти ќе бидат поддржани со цел ефективно имплементирање на националната стратегија за консолидација на земјиштето.

Резултати кои треба да се постигнат: 1) подобрување на меѓународната конкурентност на домашното производство и земјоделско-прехранбената индустрија и земјоделството, 2) зајакнат одржлив развој на руралните области. Постигнато слободно движење на здрава храна и заштита на човековото и здравјето на растенијата и животните.

Идентификуваните главни ризици ќе бидат ублажени со соодветни мерки:

Ризици	**Мерки за ублажување**
Низок апсорпциски капацитет на ИПАРД	Понатамошна институционална поддршка на структурата за управувањето со ИПАРД. Зајакнување на следењето и проценката на програмата
Рестриктивна банкарска политика го отежнува процесот на инвестирање во земјоделството и руралниот развој	Специфични мерки за подобрување на пристап до финансии во руралните средини
Недоволен човечки капацитет на локалната самоуправа за спроведување на рурална инфраструктура (и останати) мерки	Обезбедување на техничка помош за адмионистрацијата на локалната; Вклучување на граѓанското општество во планирањето и спроведувањето на локалните проекти
Недоволен капацитет на корисничките институции за да се обезбеди ефективно и ефикасно спроведување на поддршката на ЕУ	Искористување на доволна техничка помош, а во некои случаи, помош од невладини организации, агенции на ОН за примена на поддршката на ЕУ

6.4. Интервентна матрица на Програмата, мерки и квантифицирани цели

Мерки	Цели на мерките	Цели на програмата
Мерка " Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства "	• Број на подржани проекти (3 100) • Број на земјоделски задруги кои обезбедуваат проекти за модернизација (3 100) • Број на економски субјекти со постепено надградување спрема ЕУ стандарди (1 200) • Број на земјоделски стопанства со целосно надградување спрема ЕУ стандарди за благосостојба на животните (30) • Број на стопанства кои инвенстираат во производство на обновлива енергија (25) • Број на стопанства кои инвенстираат во управувањето на сточарството и тоа на начин на намалувањето N_20 и емисиите на метан (ѓубриво за складирање) (50) • Вкупното инвенстирање во физичкиот капитал од земјоделски стопанства подржани (48 мил.ЕУР);	• Број на проекти со ИПА помош во земјоделско-прехранбен сектор и сектор за рурален развој (3 680) • Вкупните инвенстиции обезбедени од ИПА во земјоделско-прехранбен сектор и сектор за рурален развој (121 мил. EUR) • Број на економски субјекти кои изведуваат проекти за модернизација во земјоделско-прехранбен сектор (3 320) • Број на економски субјекти со постепено надградаување спрема економски стандарди (1 400) • Број на создадени работни места (Бруто) (3 000) • Број на земјоделски стопанства/претпријатија кои обезбедуваат дополнителни и насочување на приходите во руралните подрачја (70 земјоделски стопанства/ претпријатија)
Мерка "Подршка за воспоставување на група на производители"	• Број на нови групи на производители подржани - N/A • Број на земјоделски стопанства кои партиципираат во групи на производители - N/A	
Мерка "Инвенстиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи "	• Број на подржани проекти (220) • Број на претпријатија кои изведуваат проекти за модернизација (220) • Број на економски субјекти кои постепено се надградуваат спрема ЕУ стандарди (200) • Број на претпријатија кои инвенстираат во обновливи извори на енергија (20) • Број на создадени работ ни места (бруто) (1 300); • Вкупна инвенстиција во физичкиот капитал на претпријатијата подржано (52 мил. ЕУР)	
Мерка "Агроеколошки и мерки за органско производство"*	• Број на договори- N/A • Земјоделско земјиште (ha) под договори за заштита на животна средина ; • Број на подржаните видови на активности- N/A	

	• Вкупна површина по вид на операција ((a) управување со влезови, (b)практики на огледување, (c)управување со пределот, живеалишта, пасишта, (d)управување со фарма, интегрирани пристапи-секоја категорија има некои поткатегории од практики), (e) органско земјоделство) - N/A • Број на подржани видови на загрозени сорти- N/A • Број на стопанства подржани под органското земјоделство операција- N/A	
Мерка "Воспоставување и заштита на шумите"*	• Пошумување на земјиште (ha)- N/A • Површина на воспоставени системи на агрошумарство (ha)- N/A • Површина на шуми кои имаат корист од подршката за подобрување на издржливоста и еколошки вредности на еко-системи (ha)- N/A	
Мерка "Подобрување и развој на руралната инфраструктура"	• Број на подржани проекти (60) • Број на корисници кои инвенстираат во обновливи извори на енергија (5) • Број на создадени работни места во претежно рурални средини (бруто) (100) • Вкупна инвенстиција во физичкиот капитал на рурална инфраструктура (12 мил.ЕУР)	
Мерка "Диверзификација на земјоделски стопанства и развој на бизнисот"	• Број на подржани проекти (300) • Број на земјоделски стопанства/претпријатија кои развиваат дополнителни или диверзивицирани извори на приходи во рурални средини (70) • Број на корисници кои инвенстираат во обновливи избори на енергија (25) • Број на создадени работни места (бруто) (1 000); • Вкупна инвенстиција во физички капитал на корисници подржани (9 мил. ЕУР)	
Мерка"Имлементација на локални развојни стратегии –ЛЕАДЕР пристап"*	• Број на ЛАГ-ови кои функционираат во руралните средини- N/A • Популација покриена од ЛАГ-овите - N/A • Број на создадени работни места (бруто) - N/A • Број на препорачани проекти - N/A	

	• Број на мали проекти - N/A
Мерка "Подобрување на обуките*	• Број на партиципанти во активности за обука - N/A • Број на спроведени денови за обука - N/A
Мерка "Техничка помош"	• Број на подржани активности (120); • Број на промотивни материјали за општи информации на сите заинтересирани страни (летоци, брошури итн..) (200.000); • Број на јавни кампањи (20); • Број на стручни задачи подржан (25); • Број на работилници, конференции, семинари (25); • Број на состаноци на мониторинг комитет(14); • Број на студии за изработка и спроведување на мерките од ИПАРД програмата (4); • Број на извештаи за евалуација на програмата (7); • Број на вмрежување на руралните проекти (10); • Број на потенцијални ЛАГ-ови подржани(5)
Мерка "Советодавни услуги"*	• Број на корисници на советодавни услуги (индивидуален совет/групен совет) - N/A • Број на обучени советници - N/A • Број на денови на обука дадени на советници - N/A

* За мерките кои не се дел од програмата, целите на индикаторите по мерка ќе бидат поставени во процесот на програмирање на мерката (види дел 8 од програмата).

7. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ПРОГРАМАТА

7.1. Максимален придонес на ЕУ за ИПАРД фондови 2014-2020, во ЕУР[37]

Година	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020	ВКУПНО
ИПА земјоделство и рурален развој	5.000.000	5.000.000	5.000.000	6.000.000	10.000.000	14.000.000	15.000.000	**60.000.000**

7.2 Буџет на придонес на ЕУ по мерка 2014-2020, во ЕУР (само за цели за следење)

МЕРКИ	ЕУ придонес								
	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2014-2020	
Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства	2.150.000	2.150.000	2.050.000	2.280.000	3.600.000	4.620.000	4.950.000	**21.800.000**	36%
Поддршка за воспоставување на групи на производители	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0%
Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи	2.250.000	2.250.000	1.850.000	1.980.000	3.200.000	5.180.000	5.250.000	**21.960.000**	37%
Агроеколошки мерки и органско производство	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0%
Спроведување на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0%
Инвестиции во рурална јавна инфраструктура	0	0	400.000	900.000	2.000.000	2.800.000	3.000.000	**9.100.000**	15%
Диверзификација на земјоделски стопанства и развој на бизнис	400.000	400.000	500.000	600.000	800.000	840.000	1.200.000	**4.740.000**	8%
Подобрување на обуките	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0%
Техничка помош	200.000	200.000	200.000	240.000	400.000	560.000	600.000	**2.400.000**	4%
Советодавни услуги	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0%
Воспоставување и заштита на шуми	0	0	0	0	0	0	0	**0**	0%
ВКУПНО	**5.000.000**	**5.000.000**	**5.000.000**	**6.000.000**	**10.000.000**	**14.000.000**	**15.000.000**	**60.000.000**	**100%**

[37] Годишните придонеси се индикативни, а точните суми ќе бидат одлучени на годишно ниво во рамки на буџетот на ЕУ

7.3 Процентуален распоред на ЕУ придонес по мерка 2014-2020

МЕРКИ	ЕУ придонес						
	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
	%	%	%	%	%	%	%
Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства	43%	43%	41%	38%	36%	33%	33%
Поддршка за воспоставување на групи на производители	0%	0%	0%	0%	0%	0%	0%
Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи	45%	45%	37%	33%	32%	37%	35%
Агроеколошки мерки и органско производство	0%	0%	0%	0%	0%	0%	0%
Спроведување на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап	0%	0%	0%	0%	0%	0%	0%
Инвестиции во рурална јавна инфраструктура	0%	0%	8%	15%	20%	20%	20%
Диверзификација на земјоделски стопанства и развој на бизнис	8%	8%	10%	10%	8%	6%	8%
Подобрување на обуките	0%	0%	0%	0%	0%	0%	0%
Техничка помош	4%	4%	4%	4%	4%	4%	4%
Советодавни услуги	0%	0%	0%	0%	0%	0%	0%
Воспоставување и заштита на шуми	0%	0%	0%	0%	0%	0%	0%
ВКУПНО	**100%**	**100%**	**100%**	**100%**	**100%**	**100%**	**100%**

7.4. Финансиски План по мерка 2014-2020, во ЕУР

МЕРКИ	Вкупна јавна помош	ЕУ придонес	Стапка на ЕУ придонес	Национален придонес	Стапка на национален придонес
(1)	(2)	(3)	(4=3/2), %	(5)	(6=5/2)%
Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства	29.066.667	**21.800.000**	75%	**7.266.667**	25%
Поддршка за воспоставување на групи на производители	0	**0**	-	**0**	-
Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи	29.280.000	**21.960.000**	75%	**7.320.000**	25%
Агроеколошки мерки и органско производство	0	**0**	-	**0**	-
Спроведување на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап	0	**0**	-	**0**	-
Инвестиции во рурална јавна инфраструктура	12.133.333	**9.100.000**	75%	**3.033.333**	25%
Диверзификација на земјоделски стопанства и развој на бизнис	6.320.000	**4.740.000**	75%	**1.580.000**	0
Подобрување на обуките	0	**0**	-	**0**	-
Техничка помош	2.823.529	**2.400.000**	85%	**423.529**	15%
Советодавни услуги	0	**0**	-	**0**	-
Воспоставување и заштита на шуми	0	**0**	-	**0**	-
ВКУПНО	**79.623.529**	**60.000.000**	-	**19.623.529**	-

7.5. Индикативна поделба на буџетот по мерки 2014-2020, во ЕУР

МЕРКИ	Вкупна јавна помош	Приватен придонес	Вкупно трошоци
(1)	(2)	(3)	(4=2+3)
Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства	29.066.667	19.377.778	48.444.444
Поддршка за воспоставување на групи на производители	0	0	0
Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи	29.280.000	29.280.000	58.560.000
Агроеколошки мерки и органско производство	0		0
Спроведување на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап	0	0	0
Инвестиции во рурална јавна инфраструктура	12.133.333	0	12.133.333
Диверзификација на земјоделски стопанства и развој на бизнис	6.320.000	3.403.077	9.723.077
Подобрување на обуките	0	0	0
Техничка помош	2.823.529		2.823.529
Советодавни услуги	0	0	0
Воспоставување и заштита на шуми	0		0
ВКУПНО	**79.623.529**	**52.060.855**	**131.684.384**

8. ОПИС НА ИЗБРАНИТЕ МЕРКИ

Целите на програмата ќе се постигнат преку спроведување на 11 мерки. Имплементацијата на програмата ќе започне со 5 мерки. Овие мерки ќе се спроведуваат во целиот програмски период 2014-2020, со исклучок на мерката "Инвестиции во рурална јавна инфраструктура " и мерката „Техничка помош", која ќе се спроведува по акредитација.

Табела 42: Временски распоред за програмирање и спроведување на мерките

Област/Мерка		**Програмски период**	**Претпоставен почеток на спроведување**
1.1	Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства	2014-2020	2015/2016
1.2	Поддршка за формирање на групи на производители	2016-2020	2017/2018
1.3	Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи	2014-2020	2015/2016
2.1	Агро-еколошки климатски и мерки за органско земјоделство	2015-2020	2016/2017
2.2	Воспоставување и заштита на шумите	2016-2020	2017/2018
3.1	Инвестиции во руралната јавна инфраструктура	2014-2020	2016/2017
3.2	Диверзификација на фарма и развој на бизнисот	2014-2020	2015/2016
3.3	Имплементација на стратегии за локален развој - ЛЕАДЕР пристап	2016-2020	2017/2018
4.1	Унапредување на обуката	2015-2020	2016/2017
4.2	Техничка помош	2014-2020	2015/2016
4.3	Советодавни услуги	2015-2020	2016/2017

Шест мерки ќе бидат воведени во подоцнежна фаза, по реализација на измените на Програмата со цел вклучување на релевантни поединости за соодветните мерки. Во согласност со индикативниот временски распоред, двете рунди на измени со цел вклучување на новите мерки ќе се спрвоведат во 2015 година (3 нови мерки) и 2016 година (3 нови мерки).

Причините за одложување на почетокот на спроведувањето на мерките е поради потребата за дополнителна подготовка и изградба на капацитети за подготовка и почеток на спроведување на мерката како што е објаснето подолу.

Мерката "Агро-еколошки климатски и мерки за органско земјоделство", ќе биде воведена во првиот круг на модификација на програмата во 2015 година. Планираните активности за агро-еколошката мерка се веќе подготвени и се предмет на разработка на методологија за пресметување на износите кои ќе бидат исплатени на земјоделците како и понатамошните пресметки. Мерката се очекува да започне со реализација во 2016/2017, додека во меѓувреме треба да се ажурира ЛПИС системот за земјоделско земјиште согласно со новите дигитални фото слики (планирано за 2015/2016), како и спроведување на градење на капацитетите на корисниците за подобро искористување на фондовите.

Мерките "Унапредување на обуката" и "Советодавни услуги" ќе бидат воведени во Програмата во 2015 (2016), по воспоставувањето и влегување во сила на јасни правила за избор на даватели на обука, одобрување на модули и програми за обука, дефинирање на систем на советодавни услуги (разграничување на улогата на јавните од приватни), воспоставување на систем за обука на давателите на советодавни услуги и др. Процесот на градење на капацитетите и активностите за подготовка на мерките (како и подготовка на процедурите за спроведување за Телото за управување и ИПАРД Агенцијата) ќе започнат во 2015 година, поддржано со ИПА помош. Очекувано е дека проектот ќе резултира со зајакнување на националниот советодавен систем, подготовка на советодавни пакети, подготвени технички фишеа и правила за спроведување на мерките. Се очекува да реализацијата на Мерките започне во 2017 година. До тоа време активностите за стекнување вештини за потенцијалните локални акциони групи ќе

бидат поддржани во рамките на мерката за техничка помош. Градењето на капацитетите на ИПАРД Агенцијата со цел подготовка за имплементација на новите ИПАРД II мерки ќе бидат предмет на проект финансиран од ИПА кој ќе започне во 2015 година.

Мерката "Поддршка за формирање на групи на производители" ќе биде воведена во програмата во 2016 година, по подготовката и влегување во сила на јасни правила за земјоделските задруги, во насока на подобрување на постојните законски решенија за воспоставување и функционирање на земјоделските задруги. Во меѓувреме, ќе се даде поддршка за воспоставување и покривање на оперативните трошоци за функционирање на земјоделските задруги и финансиска поддршка (зголемени директни плаќања) за членовите на задругите за промовирање на соработка и заедничко производство и маркетинг активности. Во однос на подготовките на стратегија и правила за прифатливост на мерките, Телото за управување со ИПАРД ќе користи средства од мерката „Техничка помош“.

Мерката "Имплементација на стратегии за локален развој - ЛЕАДЕР пристап" ќе биде воведена во програмата во 2016 година, додека процесот на градење на капацитетите и подготвителните активности за мерката (како и подготовката на процедурите за спроведување за Телото за управување и ИПАРД Агенцијата) ќе започнат во 2015 година со средства од ИПА. Проектот треба да резултира со јакнење на капацитетите на МЗШВ за ЛЕАДЕР мерката, да ги подготви правилата и упатствата за ЛСР (локални стратегии за развој), да го финализира техничкото фише на мерката како и правилата за спроведување, и да ги промовира ЛЕАДЕР можностите во рамките на ИПАРД со анимирање на потенцијалните членови на локални акциски групи. Оваа мерка се очекува да започне со реализација во 2018 година. Дотогаш, стекнувањето вештини за потенцијалните локални акциски групи ќе биде поддржано со мерката за техничка помош.

Во целост, за подобрување на постоечките мерки вклучени во програмата, како и за подготовка и спроведување на новите мерки, ќе се мобилизираат средства од мерката "Техничка помош" како и преку ИПА помошта за градење на капацитети.

8.1. Услови во однос на сите или неколку мерки

8.1.1 Барателi прифатливи за поддршка

Брателите на средства прифатливи за поддршка се детално опишани во техничките фишеа на мерките.
Постојат 13 групи на прифатливи барателi на средства во рамки на програмата:

1. Земјоделски стопанства регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во рамките на МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој;
2. Сопственици на шуми, јавното шумско претпријатие, национални паркови, како и институции за едукација и истражување кои работат во областа на шумарството.
3. Признати групи производители регистрирани во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој.
4. Оператори со храна (преработка и/или маркетинг на земјоделски производи) кои се регистрирани под Законот за трговски друштва или Законот за задругите и Законот за безбедност на храната.
5. Не-земјоделските претпријатија во руралните области регистрирани според Законот за трговски друштва, Законот за задруги или Законот за занаетчиска дејност.
6. Физички и правни лица во руралните области регистрирани според Законот за угостителска дејност или Законот за авто-кампови.
7. Општините или органи/претпријатија основани од општините.
8. Непрофитните правни лица кои се регистрирани според Законот за здруженија на граѓани и Законот за трговски компании.

9. Локални акциски групи регистрирани во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој.
10. Советодавната служба основана со Законот за основање на Агенција за поттикнување на развој на земјоделството.
11. Научни и образовни институции и даватели на обука основани и/или признаени во согласност со националното законодавство.
12. Јавните претпријатија основани согласно Законот за јавните претпријатија, или посебен закон за прогласување на национални паркови, јавни органи основани од општините во согласност со Законот за меѓуопштинска соработка.

8.1.2 Услови за поднесување барање за поддршка

Ќе се применуваат следниве општи услови, освен ако не е поинаку предвидено во описот на мерката. Сите баратели при доставување на барањето за поддршка мора да поднесат специфичен образец за соодветната мерка издаден од страна на ИПАРД Агенцијата и комплет од потребните документи. Барањето мора да се однесува на прифатливите дејности и трошоци поврзани со мерката за која се поднесува.

Еден барател може да поднесе повеќе барања под различни мерки од Програмата. Сепак, подносителот на барањето може да поднесе само едно барање во исто време за иста мерка. Ако барањето од една мерка е одобрено, подносителот на барањето ќе треба да го заврши тој проект, пред да биде во можност да поднесе барање за истата мерка.

Барателите на средства за остварување на бизнис целите преку инвестициските мерки "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства", "Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибни производи" и "Диверзификација на фарма и развој на бизнисот", ќе треба да достават технички предлог проект или деловен план.

Следниве услови, исто така, ќе се применуваат за инвестициските мерки:
(а) За сите инвестициски проекти во рамки на мерката "Диверзификација на фарма и развој на бизнисот" мора да се поднесе писмен документ за докажување на усогласеност на инвестицискиот проект со Локалната стратегија за развој на засегнатата општина во која се наоѓа инвестицијата;
(б) Во случај на активности за изградба/реконструкција, барателите треба да достават копии од основните цртежи и сертифициран предмер пресметка од страна на овластени архитекти/градежни инженери, со наведување на проценетите трошоци за предвидените активности. Активностите за изградба/реконструкција мора да бидат во согласност со специфичните градежни стандарди на општината согласно со урбаните или просторните планови и/или во други стандарди прифатливи за општината во времето кога е донесена одлуката за доделување помош, но не подоцна од 1 година сметано од денот на поднесувањето на барањето;
(в) Подносителот на барањето мора да докаже дека тој/таа е сопственик на земјиштето/објектот на кои се однесува инвестицијата или да тие имаат право да го користат за минимум 7 години сметано од денот кога барањето се поднесува. Во случај на инвестиции што вклучуваат активности за изградба/реконструкција на објекти, подобрување на наводнувањето или реконструкција на повеќегодишни насади, подносителот на барањето треба да докаже сопственост на земјиштето/објектот на кои се однесува инвестицијата или правото да го користи за минимум 10 години, сметајќи од денот на поднесување на барањето (освен ако не е поинаку наведено во описот на мерката).
(г) Барателот несмее да има неизмирени обврски кон државата во смисла на фискалните обврски кон здравствениот, социјалниот и фондот за пензиско осигурување и даночните власти. Барателите кои изнајмуваат земјоделско земјиште во државна сопственост не смеат да имаат неподмирени обврски кон МЗШВ.

8.1.3 Исплата на рати и аванси на инвестициската поддршка

Прифатливите инвестициски активности треба да се реализираат по потпишувањето на договорот со ИПАРД Агенцијата. Исплатата на јавната помош ќе се изврши врз основа на барањето за исплата и придружните документи кои го докажуваат остварувањето на активностите и нивната прифатливост. Образецот на барањето за исплата е изработен од страна на ИПАРД Агенцијата, специфично според одредбите од договорот и планираните активности. Соодветното барање за исплата ќе биде вклучено како анекс на договорот.

Во врска со купување на машини и опрема, исплатата ќе се врши како единствена исплата на крајот на инвестицијата. За приватните инвестиции, кои вклучуваат активности за изградба/реконструкција, исплатата може да се направи на максимум две рати по избор на корисникот, утврдени во договорот. Во овој случај првата рата се исплаќа по завршување на активностите на изградба или реконструкција, а втората рата по инсталацијата на опремата, односно на крајот на инвестициите.

Во случај на јавни инвестиции под мерката "Инвестиции во руралната јавна инфраструктура" имплементирани од страна на јавните корисници (општините и јавните претпријатија), бројот на рати може да се прошири согласно со бројот на фазите на изградба, според изборот на корисникот, а утврдено во договорот.

Претфинансирање (т.е. авансно плаќање) на приватните корисници во рамките на оваа програма може да биде обезбедено од националниот придонес во буџетот на оваа програма, но во никој случај не се сметаат како трошоци кои треба да бидат надоместени од страна на Комисијата. Оттука правилата, условите и износите на аконтациите ќе се утврдуваат врз основа на националното законодавство.

Претфинансирање (т.е. авансно плаќање) за јавните корисници може да биде обезбедено од буџетот на оваа програма, во согласност со правилата и условите за авансни плаќања кои ќе бидат утврдени врз основа на Секторскиот договор.

8.1.4 Услови за финансирање

Инвестицијата за која корисникот добил поддршка не смее да се подложи на значителна модификација во рок од пет години од денот кога е добиена конечната исплата. Значителни модификации на инвестиции се оние кои резултираат со:

- Престанок или изнесување на кофинансираните производни активности надвор од програмската област.
- Промена во сопственоста на дел од инфраструктурата која дава на фирма или јавно тело несоодветна корист; или
- Суштинска промена која влијае на природата на инвестицијата, целите или условите за имплементација што ќе резултира со загрозување на нејзините оригинални цели.

Во случај на исклучителни ситуации кои можат да влијаат на инвестицијата или виша сила, корисникот мора да ја информира ИПАРД Агенцијата во роковите согласно со Секторскиот договор или Договорот за кофинансирање.
Корисниците се должни да водат евиденција и да ги чуваат сите сметководствени податоци најмалку 5 години по завршување на инвестициите, како и да соработуваат и да ги обезбедат сите барани информации на претставници на МЗШВ и ИПАРД Агенцијата, односно Европската комисија овластени за контрола и ревизија на имплементација на проектот, како и НАО/НФ и ИПА Ревизорското тело и до други организации и институции по барање на ИПАРД Агенцијата.

Корисниците - земјоделски стопанства мора да обезбедат информации и податоци за ФАДН, без било каков надомест, кога информациите се бараат од нив од страна на институцијата одговорна за собирање на ФАДН податоци или канцеларија за врски во МЗШВ.

Условите за финансирање ќе бидат утврдени и дополнително разработени во договорот за кофинансирање помеѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата.

8.1.5 Прифатливи трошоци за инвестициска поддршка

Во случај на инвестиции, прифатливите трошоци се ограничени на:
(а) изградба или реконструкција на недвижен имот;
(б) набавка на нови машини и опрема, вклучувајќи компјутерски софтвер до пазарната вредност на средството;
(в) набавка на повеќегодишни растенија;
(г) финансирање на лизинг набавка на нови машини и опрема (вклучувајќи и компјутерски софтвер) до пазарната вредност на средството, под услов дека корисникот ќе стане сопственик на средството не подоцна од датумот на поднесување на барањето за конечна исплата до ИПАРД Агенцијата, поврзано со инвестицијата;
(д) општи трошоци поврзани со трошоците наведени во точките (а), (б) и (в) како што се надоместоците за архитекти и инженери и консултанти, физибилити студии, стекнување на патентни права и лиценци. Општите трошоци не може да надминат 12% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите. Специфични пониски граници на поединечни ставки може да се утврдат во зависност од типот на инвестицијата;
Општите трошоци поврзани со подготовката на техничкиот предлог проект или деловен план (вклучувајќи ги услугите за собирање на релевантни документи и управување со инвестициискиот проект) се поддржани како дел од општите трошоци наведени под (д).
(ѓ) трошоци за посебни информативни и рекламни активности на ниво на проект, кои се на одговорност на корисникот во согласност со Секторската спогодба.

Трошоци кои настанале откако договорот за проектот за кофинансирање помеѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата е склучен, се сметаат за прифатливи за кофинансирање.

Општите трошоци може да се однесуваат за време пред склучување на договорот за кофинансирање на проектот помеѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата или пред издавање на решението за одобрување на проектот, но не порано од 01/01/2014. Општите трошоци може да се сметаат за прифатливи за ко-финансирање само доколку барателот побарал поддршка за општи трошоци во барањето со обезбедена детална документација за оправдување на реалноста и вистинитоста на доставените трошоци и доколку проектот на кои се однесуваат е одобрен од страна на ИПАРД Агенцијата и за истиот е потпишан договор.

Трошоците за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект кои се на одговорност на корисникот ќе бидат прифатливи за кофинансирање само доколку активностите се во согласност со правилата за публицитет и видливост кои се применуваат за Програмата.

Корисникот треба да обезбеди и достави детална документација за оправдување на реалноста и вистинитоста на трошоците заедно со барањето за исплата кое се доставува до ИПАРД Агенцијата. ИПАРД Агенцијата е одговорна за проверка на реалноста и вистинитоста на трошоците и во упатството за корисници објавува листа на услови и потребни документи за оправдување на трошоците од страна на барателот/корисникот.

Следниве трошоци не се прифатливи во рамките на Програмата:

(а) даноци, вклучувајќи данок на додадена вредност; освен неповратен ДДВ кога е вистински и дефинитивно товар на корисниците освен лицата кои не подлежат на оданочување согласно со ДДВ законодавство;
(б) царини и увозни давачки, или некои други давачки;
(в) купување, изнајмување или закуп на земја и постојни објекти, независно од тоа дали закупот резултира пренесување на сопственоста на закупецот;
(г) парични казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови; камата на долг;
(д) оперативни трошоци;
(ѓ) половни машини и опрема;
(ж) банкарски трошоци, трошоци за гаранции и слични давачки;
(ж) трошоци за менување валута, давачки и загуби во размена поврзани со ИПАРД евро сметката, како и други чисто финансиски трошоци;
(з) придонеси во натура;
(ѕ) за купување на права за земјоделско производство, животни, годишни растенија и нивно засадување;
(к) секое одржување, амортизирање и трошоци за наем;
(ј) секој трошок настанат од јавната администрација во управување и спроведување на помошта, имено оние на управувачката и оперативната структура и, особено, режиски трошоци, наеми и плати на персоналот ангажиран за активности на управување, спроведување, мониторинг и контрола.

Со отстапување од точките (в) и (д) поединости споменати во овие точки може да бидат прифатливи во мерките "Имплементација на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап", "Унапредување на обуките " и "Поддршка за формирање на групи на производители".

Со отстапување од точка (ј), ставките споменати во оваа точка може да бидат прифатливи во рамките на границите на нивото на платите на пазарот на трудот и по претходно одобрение од Комисијата според мерката "Техничка помош".

8.1.6 Стандардни трошоци и претходни претпоставки на приходите

Во рамките на "агро-еколошки климатски и мерки за органско земјоделство" јавната помош се доделува во форма на поддршка за компензирање на направени дополнителни трошоци и претходен приход како резултат од обврските преземени за спроведување на поддржани активности. Дополнителните трошоци и претходни приходи, како и стапките на поддршка кои ќе се применуваат во рамки на мерката ќе ги пресметува Факултетот за земјоделски науки и храна. Факултетот е независна институција од МЗШВ.

Во спроведувањето на мерката "Воспоставување и заштита на шумите", пресметувањето на стандард трошоци ќе го пресметува Факултетот за шумарство. Факултетот е независна институција од МЗШВ.

Во случај на стандардни трошоци кои се појавуваат кај инвестициските мерки како и за општите трошоци, ИПАРД Агенцијата е одговорна за утврдување на стандардни трошоци за инвестирање/трошочни ставки врз основа на истражување на пазарот како и за реалните трошоци и редовна проверка на нивната реалност и валидност.

Методологијата за пресметување за плаќање надомест за дополнителни трошоци или претходен приход ќе биде дел од описот на мерките освен за инвестициските мерки за кои методологијата и пресметките ќе бидат дел од правилата за спроведување на ИПАРД Агенцијата и ќе подлежат на одобрување од страна на Комисијата.

8.1.7 Правила за потекло

Во согласност со член 10 од Регулативата (EU) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на општи правила и процедури за спроведување на инструменти на унијата за финансирање на надворешни активности:
1. Понудувачите, барателите и кандидатите од следните земји ќе имаат право на финансирање во рамките на ИПА II:
   (а) Земјите-членки, корисници наведени во Анекс I на Регулативата (ЕУ) бр 231/2014, договорни страни на Договорот за Европската економска област и партнерските земји опфатени со ЕНИ, и
   (б) земји за кои е воспоставен реципрочен пристап до надворешната помош од страна на Комисијата во согласност со условите утврдени во точка (д) од член 9 (1).
2. Понудувачите, барателите и кандидати кои не се од прифатливите земји или стоки со неприфатливо потекло може да се одобрат како прифатливи од страна на Комисијата во случаи на итност или недостапност на производи и услуги на пазарите во овие земји, или во други соодветно поткрепени случаи, каде што примената на правилата за прифатливост ќе ја направи реализацијата на еден проект, програма или активност невозможна или многу тешка.

Сите набавки реализирани со средства од оваа Програма треба да потекнуваат од прифатлива земја. Сепак, тие може да потекнуваат од било која земја доколку износот на набавката е под прагот за примена на постапката за прибирање на понуди со преговарање (во моментов 100 000 €). За целите на овие програмски средства, поимот "потекло" е дефиниран во членовите 23 и 24 од Регулативата (ЕЕЗ) бр 2913/92[38] и друго законодавство на Заедницата кое се однесува на непреференцијално потекло.

8.2. Управна постапка

Спроведувањето на мерките од оваа програма почнува со објавување на јавни повици за користење средства од ИПАРД Агенцијата. Јавните повици ќе бидат објавени во Службен весник, во најмалку два национални весници на македонски јазик и еден на албански јазик и нивното објавување и рокови (доколку е применливо) ќе бидат соопштени преку националните медиуми како и во локалните медиуми.

Комплетите на материјали за доставување на барања специфични по мерки (вклучувајќи формулари, листа на потребни документи и шаблони на технички предлог проект/деловен план, вклучувајќи упатства за пополнување на формулари и други насоки за корисници) ќе бидат објавени во електронска форма на веб-страницата на ИПАРД Агенцијата и печатени на хартија.

Комплетите за поднесување на барања за користење на средства ќе бидат достапни за потенцијалните корисници во ИПАРД Агенцијата, АПРЗ регионални и локални канцеларии, МЗШВ регионални канцеларии, Телото за управување со ИПАРД како и во земјоделските здруженија, стопански комори итн. Барателот на средства може да го испрати барањето до ИПАРД Агенцијата по препорачана пошта или да го достави во приемната служба на ИПАРД Агенцијата.

ИПАРД Агенцијата ги обработува примените барања за одобрување во согласност со интерните процедури на ИПАРД Агенцијата, истовремено почитувајќи ги правилата за заштита на лични информации во согласност со одредбите од Рамковниот договор (член 26)[39].

[49] Регулатива на Советот (ЕЕЗ) бр 2913/92 од 12 октомври 1992 година за донесување на Царинскиот закон на Заедницата
[39] Сите лични податоци се обработуваат во согласност со условите од Регулативата (ЕЗ) бр. 45/2001

8.2.1 Административни проверки

По отворање на барањето, исполнувањето на основните услови за прифатливост (како што се тип на корисник и вид на прифатливи инвестиции) ќе бидат проверени во прв план. Проверката за комплетност во смисла дали барањето ги содржи сите задолжително потребни придружни документи ќе се спроведе за прифатливите барателите на средства. Паралелно со проверката за комплетност ќе се изврши и проверка за усогласеност и исполнување на критериумите за прифатливост (како што се почитување на националните минимум стандарди и други општи и посебни услови во рамки на мерка).

8.2.2 Проверка на прифатливост на трошоците и проценка на економската и финансиската одржливост

Комплетните барања ќе бидат предмет на понатамошна проверка на прифатливост на трошоците и проценка на економската и финансиската одржливост. Прифатливоста на трошоците ќе биде проверена во однос на листата на прифатливи трошоци одобрени од страна на Комисијата. Вредноста на прифатливите трошоци ќе биде дополнително проверена дали одговара на пазарната вредност на соодветните предмети прикажана преку три независни понуди од добавувачи (за стока со вредност над 10 000 евра), споредбено со референтните вредности поставени од страна на ИПАРД Агенцијата или споредено со стандард трошоците. Вкупниот износ на прифатливи трошоци ќе се проверува во однос на минимум и максимални прагови утврдени за проекти во рамките на една мерка. Доколку вкупниот износ на прифатливи трошоци е под минималниот проектите ќе бидат одбиени.

Проценка на економско-финансиската одржливост ќе биде спроведена за проекти кои ги исполнуваат условите за прифатливост и имаат комплетна документација. Проценката се врши во согласност со методологијата на ИПАРД Агенцијата за пресметување на вредностите на индикаторите на критериумите за економска и финансиска одржливост.

8.2.3 Контроли на лице место

Одржливите прифатливи проекти ќе бидат предмет на контроли на лице место за да се утврди фактичката состојба споредбено со барањето за инвестиции, дали инвестицијата е веќе започната и настанало плаќање, дали податоците во доставените документи одговараат на реалната состојба и други мерења.

8.2.4 Бодување и рангирање на проектите

Бодување се врши за да се доделат поени на прифатливи проекти пред конечната одлука за одобрување да биде донесена и пред склучување договори. Рангирање на проекти според вкупните добиени бодови ќе се врши во случај кога бараниот износ за финансиска поддршка во пристигнати барања ги надминува расположливите финансиски средства предвидени за соодветната мерка.

8.2.5 Одобрување на проекти и договори

Постапката за одобрување не треба да надминува 6 месеци од денот на поднесувањето на барањето. Доколку проектот или барањето се проверува од страна на посебни служби, проценката на проектот или барањето ќе се одложи се додека специјалните служби не ги достават своите заклучоци или ставови.
Подносителот на барањето се известува дека неговото/нејзиното барање е одобрено преку одлука за одобрување на барањето за користење на средства издадена од страна на ИПАРД Агенцијата. Заедно со решението, подносителот на барањето е поканет да го потпише договорот за проектот за кофинансирање во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

и/или поканата. Поканата за потпишување на договорот е придружена со најмалку 4 примероци на договорот. Барателот не може да одговори на поканата да го потпише договорот или да го одбие без обврска да ги наведе причините за таквата одлука.

Во случај на јавни инвестиции спроведени од страна на општините и/или јавни органи, заедно со одлуката за одобрување на барањето, барателот е поканет да потпише пред-договор или Меморандум за разбирање или друга форма на договор во кој правилата за јавни набавки и имплементација на проектот се утврдени и договорени како минимум. Откако постапката за набавки е успешно завршена (предмет на проценка на ИПАРД Агенцијата), одлука за финансирање ќе биде издадена како и покана за потпишување на договор за финансирање во рок од 30 дена по приемот на решението и/или поканата.

8.2.6 Одбивање на проекти

Барателите на средства ќе бидат одбиени доколку:

- тие не ги исполнуваат критериумите за прифатливост;
- трошоците неможе да се утврдат како прифатливи;
- проектот не е одржлив.

Во прилог на погоре, барателите кои доставуваат барања за јавни инвестиции ќе бидат исто така одбиени доколку тие не успеат да го спроведат процесот на јавни набавки во согласност со правилата кои се применуваат за набавки.

Подносителот на барањето се известува дека неговиот/нејзиниот проект е одбиен преку одлука за одбивање на барањето издадена од страна на ИПАРД Агенцијата. Одлуката за одбивање содржи детален опис на секоја од причините кои придонеле за таквата одлука.

Можно е да се поднесе жалба против решението за одбивање издадено од ИПАРД Агенцијата. Постапката за жалби ќе биде опишана во Упатството за корисници.

8.2.7 Имплементација на проектот

Со реализацијата на проектот може да се почне откако договорот за кофинансирање е потпишан и може да има времетраење од максимум 2 години или подолго во зависност од специфичноста на инвестицијата. Службите на ИПАРД Агенцијата или институции на кои ИПАРД Агенцијата може да делегира одговорност, ќе спроведе мониторинг и надзор над извршувањето на проектите. Следење на имплементацијата на проектот, исто така, може да се контролира преку обврската на корисникот за известување за напредокот на спроведувањето на проектот или преку извештаи од технички надзор во текот на изградбата.

Реализацијата на проект кој се однесува на јавните инвестиции започнува по завршување на постапката за јавни набавки и потпишување на договорот за финансирање и може да има времетраење од максимум 2 години или подолго во зависност од специфичноста на инвестицијата.

8.2.8 Одобрување на исплата

Исплатата на крајниот корисник се врши по достава на барање за исплата/и, а врз основа на декларации за трошоците направени од страна на крајниот корисник и потврдено со оригиналните сметкопотврди/фактури. Специфичното барање за исплата треба да биде прилог кон договорот.

Барањето за исплата и придружните документи ќе бидат предмет на проверки за комплетност и усогласеност. Прифатливоста на направените трошоци ќе биде проверена споредбено со

документацијата, одредбите од договорот и преку мандатни контроли на лице место пред одобрување на исплатата.

По одобрувањето, исплатата се врши во националната валута на сметка на крајниот корисник или на нивниот претставник. (види повеќе во делот 8.1 поглавјето "Плаќање на рати и аванси за инвестициска поддршка").

Нема да се изврши плаќање во корист на барател или нивни претставник доколку е утврдено дека тие вештачки ги создале потребните услови за добивање исплата со цел да се оствари корист во спротивност со целите на поддршка.

8.2.9 Ex-post контроли

Онаму каде што се бара со договорните обврски помеѓу ИПАРД Агенцијата и корисникот или со одредбите на Секторскиот договор, по исплатата на државната помош се врши контрола на корисниците да се утврди дали условите за прифатливост и понатака се почитувани. Екс-пост контролите ќе се вршат во период од 5 години од денот на последната исплата на корисникот (види повеќе во Дел 8.1 поглавје " Услови за финансирање ").

8.3. Опис по мерки

Мерка ИНВЕСТИЦИИ ВО ФИЗИЧКИ (МАТЕРИЈАЛНИ) СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

ПРАВНА ОСНОВА:

- Член 2(1) ЕУ Регулатива Бр 236/2014 на Европскиот Парламент и Европскиот Совет од 11 Март 2014, за општи правила и процедури за спроведување на инструментите на ЕУ за финансирање на надворешни активности
- Член 27 (1) од ИПАРД Секторската спогодба;
- Анекс 4, од ИПАРД Секторската спогодба

1. Образложение

Повеќето од физичките средства и повеќегодишните култури во земјоделскиот сектор во земјата се амортизирани и застарени а новите реализрани инвестиции не се се доволни да се надмине високата стапка на амортизација на физичките средства. Високо инетнзивното земјоделство ја влошува ситуацијата. Без финансиска поддршка и пристап кон кредити, повеќето од малите стопанства не се во можност да инвестираат и да практикуваат ефикасно земјоделство. Дополнително, развојот на земјоделството е условено од недоволно развиените истражувачки капацитети. Истражувачките институти, се соочуваат со многу големи пречки во смисол на слаба подготвеност да се одговори на претстојните предвизици за земјоделците кои ги имат кон ЕУ, несоодветни капацитети и опрема посебно за апликативните науки.

Пристапувањето на земјата кон Европската Унија ги соочува земјоделските стопанства со средина која има поголема побарувачка и конкурентност. Брзото усогласување на националното законодавство кон регулативата на ЕУ наметнува строги барања, кои не може да се постигнат без значителни подобрувања на фармите во однос на технолошка модернизација и реструктуирање, при што посебно внимание им се посветува на благосостојбата на животните, хигиената и еколошките барања.

Дополнително, развојот на земјоделството е оневозможено и поради неразвиените истражувачки капацитети. Истражувачките институции страдаат од главните недостатоци во

однос на ниска способност да се одговори на претстојните предизвици на земјоделците наспроти Европските од недоволните објекти и опрема, особено за применетите науки. И покрај тоа што институтите имаат право на сопственост на државно земјоделско земјиште тие немаат финансиски средства за понатамошен развој на демонстративни полиња и зголемување на објектите кои исто така можат да послужат за практична обука на земјоделците и проширување на научните истражувања за практична примена.
Да се прилагодат земјоделците на овие услови, потребни се значителни инвестиции и во материјалните и во нематеријалните средства за да се подобри целокупната работа на земјоделските стопанства во целата земја, посебно за да се исполнат стандардите на Европската Унија, особено оние стандарди поврзани со благосостојбата на животните и заштитата на животната средина.
Така, оваа мерка е од клучно значење за поддршка на подобрувањето во употребата на производствените фактори и целокупното работење на земјоделските стопанства, вклучувајќи: воведување на нови технологии и процеси за подобрување на примарното производство; промоција на создавање на производи со додадена вредност и алтернативни земјоделски производи; производство на енергетски култури за подобро искористување на енергијата од обновливи извори и практики за ефикасно користење на водата на ниво на фарма; транзиција од конвенционално во органско земјоделство и одржување на органско производство; како и севкупно подобрување на управувањето со капацитети и човечки потенцијал на фармите.

2. Општи цели

- поддршка на постепено усогласување на земјоделскиот сектор кон правилата, стандардите, политиките и практиките на ЕУ со цел членство во ЕУ
- поддршка на економскиот, социјалниот и територијаниот развој со цел разумен, одржлив и инклузивен раст, преку развој на материјалните средства
- одговор на предизвиците кои ги носат климатските промени преку промоција на ефикасноста на ресурсите и обновливите извори на енергија

2.1. Специфични цели

Специфични цели на оваа мерка се следните (наведени по случаен редослед):

- модернизирање и преструктуирање на физичкиот (материјалниот) потенцијал со цел подобрување на целокупното работење на земјоделските стопанства при производството на примарни земјоделски производи, со тоа зголемување на вредноста на производството и маркетингот
- промоција на почитување на стандардите на Заедницата и подобрување на условите на земјоделските стопанства, особено на оние кои се однесуваат на заштита на животната средина и благосостојбата на животните
- зголемување на потрошувачката на примарна енергија од обновливи извори

3. Поврзаност со други мерки во програмата и со националните мерки

Конкретно, оваа мерка е поврзана со мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства кои се поврзани со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" како аутпут (производ) на примарното земјоделско производство и квалитетот на земјоделските производи има позитивен ефект на оперативниот капацитет на преработувачката индустрија. Со оваа мерка ќе бидат поддржани проектите на фармите со ограничен опсег на активности после бербата (како на пример ракување, оценување, пакување и слично) на земјоделски производи и за преработка и директен маркетинг, додека пак поголемите проекти ќе бидат поддржани со мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства кои се поврзани со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи". Додека мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства кои се поврзани со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" промовира хоризонталната интеграција на земјоделските производители, оваа

мерка претставува и дополнување на активностите преку промовирање на инвестиции за собирање и дистрибуција на земјоделските производи со цел зајакнување на вертикалната соработка (која, исто така, може да биде предложена и од земјоделските задруги). Двете мерки заедно ќе придонесат за зголемената додадена вредност во земјоделството и преработката, како и зајакнување на ланецот на земјоделски пазари.

Мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства на земјоделските стопанства" е поврзана со инвестициската поддршка обезбедена во рамките на мерката "Диверзификација на фармите и развој на бизнисот". Под мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства на земјоделските стопанства" поддршката ќе се доделува за примарното земјоделско производство и за мали проекти на фармите за обработка и директен маркетинг. Во меѓувреме, под мерката "Диверзификација на фармите и развој на бизнисот" поддршка ќе се доделува за производство на производи од Анекс I, односно на сектори за преработка и додавање вредност на следните земјоделски производи: пчелин мед, сточна и добиточна храна, лековити билки и зачини, рибни производи, шумарство итн, како и други преработени земјоделски производи кои не се наведени во Анекс I од Договорот. Мерката "Диверзификација на фармите и развој на бизнисот" претставува дополнување на мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства на земјоделските стопанства" бидејќи поддржува инвестиции во неземјоделски активности и низа други активности кои обезбедуваат услуги за земјоделското население во руралните области и за олеснување на земјоделското производство. Заедно склопени, двете мерки првенствено треба да придонесат за зголемување на приходите на земјоделските стопанства од неземјоделски активности и обезбедување на услуги во руралните и земјоделски средини.

Мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства на земјоделските стопанства", исто така, придонесува за имплементација на мерката "Агро-екологија и органско земјоделство" преку промовирање на инвестиции предложени од страна на сертифициран органски земјоделски производител и инвестиции за подобрување на ефикасноста на употребата на азотно ѓубриво (на пример намалување на искористеноста, опремата, точноста на земјоделството). Исто така, корисниците на оваа мерка може да имаат корист од поддршката, односно има право за плаќање под мерката "Агро-животна средина и органско земјоделство".

Поддршката во рамките на оваа мерка се надополнува со мерките "Советодавни услуги" и "Подобрување на обуката" чија цел е да им помогне на земјоделците успешно да ги спроведуваат инвестициските проекти во рамките на оваа мерка. Координацијата на мерките "Инвестиции во физички (материјални) средства на земјоделските стопанства", "Советодавни услуги" и "Подобрување на обуката" треба да доведат до подобрување на професионалната стручност и познавање на кандидатите, особено во поглед на фармското управување, агро-еколошките практики и имплементација на стандардите на ЕУ.

Додека инвестициите во патното поврзување на фарма (на имот или со правото на користење на земјоделското стопанство) се поддржани во рамки на оваа мерка, Мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства на земјоделските стопанства" се дополнува и со инвестиции во поврзувањето на јавните земјоделски патишта, обезбедувањето на електрична енергија на земјоделските полиња и локалните патишта под мерката "Јавни инвестиции во физички (материјални) средства" како клучни за зголемување на конкурентноста на земјоделското производство.

Обемот на помошта која се доделува во рамките на оваа мерка нема да се преклопува со обемот на помошта која се доделува под националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

ИПАРД Агенцијата ќе биде одговорна за проверки со цел избегнување на двојно финансирање помеѓу Програмата и националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Секој инвестициски проект од ИПАРД Програмата, кој може да влезе под опфатот на

националните шеми за поддршка, пред да се одобри ќе биде проверен поради можно двојно финансирање (на проектот и на конечната исплата). ИПАРД Агенцијата ќе осигури двојното финансирање во иднина да се избегнува со печат на добиените фактури за инвестиција, со јасен "ИПАРД" печат од страна на овластеното службено лице пред да се изврши исплатата.

4. Крајни корисници

4.1. Видови на корисници

Следните видови на корисници може да аплицираат и да имаат корист од оваа мерка:

I. Земјоделски стопанства
II. Земјоделски задруги

I. Земјоделско стопанство кое е регистрирано во Единствениот регистар на Земјоделски стопанства при МЗШВ (во понатамошниот текст познат како "Регистар на фарми") може, во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој, да аплицира и да ужива корист од оваа мерка.

Земјоделското стопанство може да биде регистрирано во Регистарот на фарми како семејно земјоделско стопанство претставувано од физичко лице или од индивидуален земјоделски производител или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице.

Семејното земјоделско стопанство го претставува физичко лице кое е член на земјоделското домаќинство. Физичкото лице е овластено, од страна на сите други членови од земјоделското домаќинство, да го претставува земјоделското стопанство пред надлежните органи и да управува со него. Овластениот претставник и останатите членови на земјоделското домаќинство мора да живеат на иста адреса која е наведена како седиште на земјоделското стопанство, без оглед на локацијата на земјоделскиот имот (земјиште и објекти).

Индивидуален земјоделски производител е физичко лице кое се занимава со земјоделство за негови / нејзини лични потреби како сопственик на земјоделскиот имот или кој има право на користење на фарма добиено преку склучување законски договор со нејзиниот сопственик и е регистриран во Регистарот за земјоделски производители при МЗШВ или како Индивидуален земјоделски производител во Пензискиот Фонд. Индивидуалниот земјоделски производител е регистриран како семејно земјоделско стопанство во Регистарот на фарми.

Правното лице кое претставува земјоделско стопанство мора да биде регистрирано во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва.

II. Земјоделска задруга која е регистрирана како таква во Централниот регистар според Законот за задруги првенствено се занимава со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и / или услуги кои се директно поврзани со земјоделските активности.

4.2. Ограничувања

Со цел подобро таргетирање на инвестициската поддршка и постигнување демаркација помеѓу мерките во рамките на оваа програма, крајните корисници ќе бидат предмет на следните ограничувања во рамките на оваа мерка:

1. Инвестициска поддршка за пост-бербени активности, преработка на фарма и директен маркетинг во рамки на оваа мерка ќе биде доделена само за сопственото земјоделското производство, произведено од страна на земјоделското стопанство (или земјоделското производство на членовите/ соработници на задругата) – и ќе се оценува од страна на ИПАРД Агенцијата врз основа на технички предлог проект/Деловен план и преку последователни контроли.

2. Земјоделските адруги и земјоделските стопанства претставувани од страна на правно лице кое користи поддршка во пост-бербени активности, преработка и директен маркетинг во рамките на оваа мерка понатаму можат да аплицираат за истата инвестициска активност под мерката "Инвестиции во физички (материјални) средства кои се поврзани со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи".

3. Поддршка не може да се одобри за земјоделските стопанства кои се претставувани од страна на правно лице во случај нивниот капитал е во сопственост на јавен орган или органи или од страна на државата со повеќе од 25%. Во одредени случаи каде се смета за соодветно врз основа на националното законодавство, Телото за управување со ИПАРД може да побара од Комисијата да одлучи преку доставување на образложено барање.

4. Во случај барателот претходно да користел ЕУ поддршка за трактор, тој, во рамките на оваа Програма, не може дополнително да аплицира за инвестиции во трактор. Ова ограничување не се однесува на земјоделските задруги со цел промовирање и рационално користење на земјоделските машини и опрема, преку давање услуги на земјоделските стопанства - членовите или соработниците.

5. Инвестициска поддршка за обновливи извори на енергија на фарма (биомаса, ветер, сонце, хидраулична, геотермална итн. и / или преку преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса, опфатени со Анекс I од Договорот), со капацитет на производство кој ја надминува годишната сопствена потрошувачка на корисникот, не се прифатливи според оваа мерка бидејќи се поддржани со мерката "Диверзификација на фармите и развој на бизниси".

5. Општи критериуми за прифатливост

5.1. Основни услови за поддршка

1. Сите апликанти кои аплицираат за инвестиции поврзани со производство на земјоделски култури во времето на поднесување на барањето мора да покажат постоење на употреблива земјоделска област регистрирана во Системот за идентификација на земјишни парцели со минималната големина во зависност од дејноста на растително производство која е предмет на инвестиции, како што следува:

- 0,3 ха во случај на инвестиции за одгледување на повеќегодишни растенија (култури) и инвестиции поврзани со пластеници;
- 0,1 ха во случај на инвестиции во расадници;
- 0,5 ха во случај на инвестиции поврзани со производство на зеленчук на отворено;
- 1 ха во случај на инвестиции во земјоделска механизација за полјоделство.

2. Сите барателите кои аплицираат за инвестиции поврзани со сточарското производство мора да покажат постоење на минимум ДЕ[40] регистрирани во Регистарот за идентификација на животните со минимална големина во зависност на дејноста на сточарското производство која е предмет на инвестиција, како што следува:

- 5 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на млечни говеда
- 1,5 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на овци и/или кози
- 8 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на размножување на свињи
- 10 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на одгледување на живина (со исклучок на патки, гуски, мисирки, фазани, ноеви и ему и бисерки).

Барателите со пониски ДЕ од минималниот праг над праговите споменати погоре или со намера за започнување на сточарско производство исто така можат да аплицираат и да користат поддршка ако минималните ДЕ се достигнат на крајот на инвестицијата, односно пред доставување на конечното барање за исплата.

[40] Добиточни Единици (ДЕ) според коефициентите претставени како Анекс во Програмата

3. Подносителот на барањето - земјоделската задруга може да ја докаже минималната големина на нивниот капацитет за земјоделско производство во однос на производствените капацитети на нивните членови - земјоделските стопанства и постојаните договори со соработниците.

4. Корисниците се должни да ги евидентираат сите промени на производните капацитети во Регистарот на фарми и во Системот за идентификација на земјишни парцели и / или Регистарот за идентификација на животни особено оние кои се резултат на инвестиција пред поднесување на конечно барање за исплата.

5. Корисниците се должни да ја евидентираат секоја промена во производствените капацитети во Регистарот на фарми, особено оние кои се резултат на инвестиција пред поднесување на конечното барање за исплата.
треба да биде регистрирано како земјоделско стопанство во Регистарот на фарми.

I. Земјоделско стопанство
1. Подносителот на барањето - земјоделското стопанство, како и сите производни капацитети на земјоделското стопанство мора да бидат регистрирани како земјоделско стопанство во Регистарот на фарми пред да аплицираат за поддршка. Барателите кои предлагаат проекти за започнување на сточарско производство мора да бидат регистрирани како земјоделско стопанство во Регистарот на фарми и во "Регистарот за идентификација на животни" пред доставување на конечното барање за исплата.
2. Корисникот - земјоделското стопанство кое предлага инвестиции во аквакултура мора да биде регистрирано во согласност со Законот за рибарство и аквакултура на МЗШВ пред поднесување на конечното барање за исплата.
3. Корисникот - земјоделското стопанство кое има инвестирано во фармска преработка и маркетинг мора да биде регистрирано како оператор на храна во согласност со Законот за безбедност на храната во АХВ пред поднесување на конечното барање за исплата.

II. Земјоделски задруги
1. Подносителот на барањето - земјоделската задруга мора да биде регистрирана како задруга во Централниот регистар.
2. Барателот - земјоделската задруга која се занимава со земјоделска дејност мора да биде призната како таква во согласност со Законот за земјоделски задруги и да биде регистрирана во Регистарот на Земјоделски задруги на МЗШВ.
3. Барателот - земјоделската задруга треба да достави Деловен план како дел од барањето без оглед на износот на вкупниот прифатлив буџет на предложениот проект.

5.2. Национални и ЕУ стандарди кои треба да се почитуваат

Минималните национални стандарди за заштита на животната средина, здравјето и благостојбата на животните во областа на земјоделското производство и преработката на храна се усогласени со релевантните стандарди на ЕУ.

Не подоцна пред реализација на проектот (конечно барање за исплата е доставено до ИПАРД Агенција), земјоделското стопансво мора да е во согласнос со минималните национални стандарди кои се во сила за заштита на животна средина, јавно здравје и благостојба на животните. Така, со цел спроведување на оваа мерка, документот кој потврдува почитување на важечките минимални национални стандарди претставува задолжителен дел од барањето и од конечното барање за исплата.

Барателите кога аплицираат за поддршка и/или кога доставуваат конечно барање за исплата треба да достават и документи кои се издадени од страна на надлежните органи како што се:
- АХВ за почитување на јавното здравство во согласност со Законот за безбедност на храната (се применува за инвестиции поврзани со хигиена во млекото и на фармски активности

за преработка во рамките на оваа мерка) и стандардите за благосостојба на животните во согласност со Законот за благосостојба на животните (се применува само за секторот сточарство и фармска преработка во поглед на колење)

- Општинските еколошки органи или МЖСПП за стандарди за заштита на животната средина во согласност со Законот за заштита на животната средина (за инвестиции поврзани со изградба на нови објекти, предмет на условите од законот за градба и инвестиции во интензивно одгледување на свињи и живина).

Издадените документи мора да се изработат врз основа на претходната оценка на инвестицискиот проект и на самиот поднесител (апликант) каде што е тоа потребно. Доколку таквата оценка е издадена од страна на властите во претходните шест месеци од денот на поднесување на барањето, тогаш тие документи ќе бидат земени во предвид од страна на ИПАРД Агенцијата. Во случај документите на властите да посочуваат дека подносителот не ги исполнува стандардите и доколку е доделен преоден (транзициски) период за усогласување за кој се бара инвестирање во физички (материјални) средства, тогаш подносителот на барањето може да предложи таков вид инвестиции под оваа мерка и да ги постигне стандардите пред извршување на конечна исплата. Во случај документите на властите да посочуваат дека подносителот не ги исполнува стандардите и доколку е доделен преоден (транзициски) период за усогласување пред доставување на конечното барање за исплата, договорот меѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата може да се продолжи со времетраење кое на корисникот му овозможува доволно време за постигнување на тие стандарди пред доставување на конечното барање за исплата. Продолжувањето на времето на договорот не смее да надмине 3 години.

Во случај на инвестиции во фармски активности за преработка и/или згради и објекти за одгледување на добиток, сите овие проекти мора да бидат предмет на претходно оценување од страна на АХВ, независно од тоа дали инвестицијата го достигнува минималното ниво на релевантните национални стандарди во согласност со релевантните стандарди на ЕУ на крајот на инвестицијата.

Каде што е соодветно, ИПАРД Агенцијата може да добие документ со кој се потврдува почитувањето на важечките национални минимални стандарди (и соодветните стандарди на ЕУ) по службен пат, односно преку пристап до електронската евиденција или во писмена форма преку барање до надлежните органи одговорни за соодветниот стандард. Листата на документите кои го потврдуваат почитувањето на важечките национални минимални стандарди (и соодветните стандарди на ЕУ), која ИПАРД Агенцијата ја добива по службен пат ќе биде составен дел од Упатството за корисници.

Целосната и ажурирана листа на национални стандарди кои се во сила и нивната усогласеност со стандардите на ЕУ ќе биде утврдена од страна на ИПАРД Агенцијата со акцент на прифатливите инвестициски активности и приоритетниот сектор од оваа мерка. ИПАРД Агенцијата ќе ја објавува листата редовно секогаш кога ќе биде направена промена. Ажурираната листа ќе биде составен дел од Упатството за корисници.

5.3. Економска одржливост на земјоделското стопанство

Помош може да биде доделена на корисници (со исклучок на научни институции и институции за обука), чии инвестициони проекти покажуваат финансиска/економска одржливост. Економската и финансиската одржливост ќе се оценува врз основа на Предлог за технички проект или Деловен план.

Во случај на проекти кои имаат вкупен буџет под 50 000 евра, изгледот за финансиска одржливост мора да се демонстрира преку Предлогот за технички проект кој ќе содржи перспективни податоци за финансиските показатели во поглед на генерирање доволно приход за да се исполнат фармските оперативни трошоци и долговните обврски.

Во случај на проекти кои имаат вкупен буџет од над 50 000 евра и во случај кога барателот е земјоделска задруга, изгледот за економска остварливост мора да се демонстрира преку Деловен план кој ќе презентира дека акционерскиот капитал на стопанството и нејзините акции во поглед на ликвидноста и расположливите средства ги покираат оперативните трошоци и, каде што е возможно, овозможуваат раст истовремено одржувајќи ја базата на ресурси. Деловниот план мора да содржи детален опис на планираните инвестиции и активности. Исто така, тој мора да покаже на кој начин спроведувањето на проектот ќе доведе до подобрување на вкупните перформанси на земјоделското стопанство преку презентација на изгледите за финансиски/економски опстанок.

Барателот мора да покаже изглед на континуитет во работењето во текот на најмалку пет години по реализација на инвестицијата.

Проценката на финансиската/економската одржливост и изгледите за континуитет во работењето се оценува од страна на ИПАРД Агенцијата. Со цел обезбедување избор на проекти со највисок квалитет во однос на финансиската/економската одржливост, ИПАРД Агенцијата во консултација со Телото за управување со ИПАРД може да утврди најниски/највисоки вредности на оценка на економските и финансиските критериуми за одржливост.

Обрасците за Техничкиот предлог проект и Деловниот план, придружени со белешка за упатство за пополнување на обрасците и најниското/највисокото ниво на финансиските и економските критериуми за одржливост со методологијата за пресметка се изготвуваат и објавуваат од страна на ИПАРД Агенцијата како дел од мерките за посебни пакети за апликација.

5.4. Други општи критериуми за прифатливост

1. Инвестициите мора да се реализираат на имотот кое е во сопственост на барателот. Во случај на инвестициски проекти, кои се реализираат на имот кој не е во сопственост на барателот, мора да биде доставен договор или друг придружен документ со цел докажување на правото на користење на имотот кој е засегнат од инвестицијата за период од најмалку 7 години од денот на аплицирање за поддршка.

2. Овластениот претставник на земјоделското стопанство треба да докаже дека има завршено минимум средно образование или високо образование преку диплома/сертификат или минимум 3 години искуство од областа со земјоделско производство, преработка или услуги поврзани со земјоделството (докажано преку професионално работно искуство или преку искуството на корисниците на националните шеми за поддршка во земјоделството и рурален развој или други прифатливи писмени докази).

Кандидатите кои не ги исполнуваат горенаведените вештини и компетенции на крајот од инвестицијата треба са обезбедат сертификат за обука издаден од страна на релевантни стручни институции за обука, образовни и истражувачки институции или јавни советодавни институции, вклучувајќи ја и листата на модулите за присуство на обуката која е поврзана со инвестициите.

3. Најмалку едно одговорно лице од правниот субјект кој го претставува земјоделското стопанство или земјоделската задруга треба да е во редовен работен однос или под договор со времетраење не покусо од 5 години. Трговците поединци, занаетчиите и индивидуалните земјоделски производители треба да бидат постојано вработени. Во случај на нови инвестиции овој услов треба да биде исполнет пред поднесување на конечното барање за исплата.

6. Спецфични критериуми за прифатливост

1. Инвестициите кои се однесуваат за наводнување на фармите се ограничени на санација/надградба на постојната мрежа за наводнување на имотот на земјоделското стопанство (кое може да биде во сопственост или со право на користење).

2. Проектите поврзани со поставување или модернизација на објектите за заштитено одгледување на зеленчук се ограничени на инвестиции во постојаните структури - "пластични хали" и стаклености (исклучени се привремените "пластеници" како непостојани структури).

3. Лозите или лозниот саден материјал мора да биде во согласност со Националната сортна листа согласно Законот за семе и саден материјал и Законот за вино или со Општиот каталог на сорти на вино и сорти на винова лоза и подлоги на ЕУ важечки во времето на објавување на Повикот за предлози. Сортите на Noah, Othello, Isabelle, Jacquez, Clinton и Herbemont се сметаат како хибридни сорти и не се дозволени според Законот за вино.

4. Лозовите насади кои се во сопственост или се изнајмени од страна на барателот мора да бидат регистрирани во Националниот регистар за лозови насади пред поднесување на конечното барање за исплата.

5. Чувањето на животни/живина мора да биде со состојба да обезбеди соодветен простор и објекти со соодветен простор за одгледување како и дополнителен простор. Минималната големина на дозволен простор по животно (крави, овци, кози, свињи и нивните потомци) мора да биде во согласност со "Правилникот за условите и начинот на заштита на домашните животни" на крајот на инвестицијата.

Минимална големина на дозволен простор за живина, мора да се почитува како што следи:

- Просторот за одгледување на живина за месо мора да биде со густина на чување кој не надминува 42 кг / m² или 17 бројлери по m²;
- Просторот за одгледување на несилки мора да биде со најмалку 750 cm² кафезна површина по кокошка (систем за одгледување во кафези) и/или густина која не надминува повеќе од 9 носилки на 1 m², со по најмалку едно гнездо на секои 7 кокошки и соодветни гранки (стоилки) во случаи на алтернативно одгледување на живина.

6. Инвестиции за производство на енергија од обновливи извори на енергија се прифатливи ако тие се однесуваат на енергетските потреби на земјоделското стопанство и / или производство на енергија за продажба во мрежа доколку се почитува ограничувањето на сопствена потрошувачка (т.е. електрична енергија која се продава во мрежа е еднаква на просекот на електрична енергија земена од неа во текот на една година).

7. Барателите кои предлагаат инвестиции во сточарско производство, во Техничкиот предлог проектот / Деловениот План мора да елаборираат дека сточарските објекти се надополнети со системи за расчистување на ѓубривото, системи за справување и складирање во согласност со опциите наведени во Анекс 11 од Програмата или да предложат инвестиции за воспоставување и надградба на објекти за справување и складирање на ѓубривото над минмално опишаните опции.

8. Барателите кои се занимаваат со интензивно одгледување на свињи со повеќе од 2 000 легла за гоени свињи (над 30 kg) или 750 легла за маторици или инсталации за интензивно живинарство со повеќе од 40 000 легла за живина[41], можат да предложат инвестиции за спроведување на активности од оперативните планови за воспоставување на интегрирани еколошки барања. Документот со кој се докажува дека оперативните планови се договорени / одобрени од страна на МЖСПП треба да биде поднесен при аплицирањето за поддршка а документот со кој се докажува позитивната оценка за спроведените активности издаден од МЖСПП треба да се достави на крајот од инвестицијата со конечното барање за исплата.

9. Барателите кои предлагаат инвестиции за наводнување во фарма, во Техничкиот предлог проектот / Деловениот План мора да го елаборираат постоечкиот систем за наводнување и неговата неефикасност во однос на потрошувачката на вода и на каков начин користењето на поефикасен систем за наводнување ќе допринесе за поефикасно користење на водата и водните

[41] во согласност со Законот за заштита на животната средина

резерви. Документот за докажување на достапен извор за вода за наводнување мора да биде обезбеден до крајот на инвестицијата односно доставен со конечното барање за исплата. Документот за докажување може да биде во форма на договор со Водните заедници или Водостопанските претпријатија; официјален документ издаден од страна на општински еколошки органи за животната средина или МЖСПП кои го одобруваат користењето на изворот за вода (подземна, надземна и сл.) за наводнување во согласност со Законот за води или други јавни договори склучени со јавни органи надлежни за вода и комунални работи каде што е применливо или други приватни договори.

7. Прифатливи трошоци

7.1. Вид на прифатливи инвестиции

Поддршката се доделува за инвестиции во физички средства, која ќе овозможи на земјоделскиот сектор да може да одговори на спектар на предизвици на земјоделските политики, вклучувајќи ја и потребата за модерни и ефикасни производствени алатки и инфраструктура за земјоделско производство, здравје и благосостојба на животните. Со поддршката кон зголемување на ефикасноста на стопанствата и здравје и благосостојба на животните, инвестициите ќе допринесат и кон заштита на животна средина и борбата со климатските промени. Областа на поддршката е детално прикажана во следните оддели од Дел "7. Прифатливи трошоци":

7.2. Приоритетни сектори

Мерката е отворена за сите сектори во рамките на Анекс I од Договорот (како што е наведено во Анекс 13 од Програмата) освен за секторот “тутун”. Прифатливите проекти се однесуваат на:

1. Секторот за растително производство: (i) житарици, (ii) индустриски култури, (iii) зеленчук (вклучувајќи и компир), (iv) повеќегодишни култури (овоштарници, вклучувајќи и трпезно грозје, маслинки, медоносни дрвја (за производство на мед), (v) лозја.

2. Сектор сточарство: (i) говеда (за: млечни производи, гоење), (ii) свињи (за репродукција, гоење), (iii) овци и кози (за: млечни производи, гоење), (iv) живина (одгледувани за производство на месо – бројлери, кошки носилки).

3. Обработка и директен маркетинг[42] на сопственото земјоделско производство на фарма: (I) млеко и млечни производи, (ii) Месо и месни производи; (iii) Овошје и зеленчук вклучувајќи и компири, печурки и мешункасти култури; (iv) жита, мелничарски производи и производи од скроб; (v) Растителни и животински масла и масти; (vi) шира од грозје, сок од грозје, вино и оцет;

4. Производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка, преку обработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса (освен биомаса од рибни производи) за производство на биогас и / или биогорива, користење на сончева енергија, ветерници, геотермална енергија итн.

7.3. Примери на прифатливи инвестиции:

1. Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имот за земјоделско производство (*како што се објекти за одгледување на добиток, скалдирање на храна, одел за размножување, пластеници и / или стаклености и расадници, објекти за пост-бербени активности, итн*),помошни објекти (*пример складови за чување на храна и сточна храна,*

[42] Директен маркетинг се однесува на активности поврзани со земјоделски производи, подготовка, директна продажба и други маркетинг активности на фарма (вклучително и за преработени производи на фарма)

силажа, амбари /силоси итн.), вклучувајќи ги и оние што се користат за сместување на земјоделските машини и опрема, заштита при работа на работниците во земјоделството, заштита на животната средина (на *пример за ѓубриво и септички јами, складишта за биомаса, недвижен имот за вода / канализација / третман на кашеста маса, складишта за силажа, објекти за заштитни средства на растителното производство складирање на вештачки ѓубрива, итн*) како и потребната опрема.

2. Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имотот кој се користи за пост-бербени активности, за преработка и маркетинг на земјоделски производи (*како што се простории за пост-бербени активности, простории за ладење, пакување, калибрирање, производствени простории, магацини, продажни пунктови и сл*), помошни објекти (*на пример објекти за подготовка на суровина, магацини за жито и др.*) вклучувајќи ги и оние за заштита при работа и заштита на животната средина (*на пример третман на отпад, магацини за биомаса, недвижен имот за вода / третман на отпадни води, итн*) и потребната опрема.
3. Набавка на повеќегодишни растенија (*со исклучок на семе*), вклучувајќи овошни дрва, грмушки и трпезно грозје, маслинки, лозја, вклучително и придружни инсталации;
4. Набавка и / или инсталирање на нови машини, земјоделска механизација и опрема /инструменти за подобрување на активностите за земјоделско производство на фармата;
5. Набавка и / или инсталирање на нови машини и / или опрема за подобрување на стандардите на благосостојбата на животните (*обезбедување на дозволениот доволен простор, постојан пристап до свежа вода, исхрана, сместување и размножување, чистење на ѓубриво, одмор на отворен простор итн.)*.
6. Набавка и / или инсталирање на нови машини и опрема / алатки за пост-бербени активности, преработка и директен маркетинг на фарма, вклучувајќи ги оние за:
   - проценување, собирање, складирање и ладење (вклучувајќи и манипулација);
   - преработка, пакување, ладење, замрзнување, сушење итн. и складирање (*вклучувајќи и манипулација*);
   - производство на нови производи, воведување на нови технологии и процеси;
   - подобрување и контрола на квалитетот и безбедноста на суровините и храната.
7. Набавка и / или инсталирање на нови машини и / или опрема за заштита на животната средина (енергетска ефикасност, контролирани климатски услови, справување и складирање на ѓубриво ,отпад и третман на нус-производи, третман на вода, итн), вклучувајќи и ублажување на последиците од климатските промени (заштитни покривки, сенки и сл), вклучувајќи и обезбедување на електрична енергија и / или греење со користење на обновливи ресурси за да се задоволат потребите на земјоделското стопанство за сопствените активности на земјоделското производство:
8. Инвестиции во објекти за наводнување и опрема за санација / надградба на постоечката мрежа на фарма, вклучувајќи нови резервоари за вода, цевководи, системи капка по капка, системи за пареа, инсталации за распрскување, пумпни станици, итн.
9. Набавка на специјализирани земјоделски транспортни приколки и возила, како што се земјоделски приколки, резервоари за млеко (рефус), транспортни разладни резервоари за превоз на производството, транспорт на живи животни и живина, специјализирани опрема за транспорт на ѓубриво, транспорт на опрема за биомаса и сл;
10. Развој на инфраструктурата на земјоделското стопанство, вклучувајќи изградба и реконструкција на патиштата и патеките во фармата, инсталации за снабдување со електрична енергија, водоснабдување и канализациони системи, одводнување (дренажа), артески бунари, оградување, итн. и други подобрувања на надворешниот простор од имотот на корисникот за задоволување на потребите на земјоделското стопанство за своите земјоделски активности;

7.4. Прифатливите трошоци ќе бидат ограничени на:

а) Материјални вложувања

- Набавка на градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти
- Набавка на нова земјоделска механизација, машини и опрема
- Набавка на повеќегодишни растенија (освен хибриди)

(б) Нематеријални вложувања (поврзани со трошоците од точка а)

- Стекнување со патентни права и лиценци
- Компјутерски софтвер вклучувајќи софтверски лиценци
- Инсталација на опрема (со исклучок репарирање)
- Изградба / реконструкција (вклучувајќи технички надзор)
- Давање / издавање на усуги

(в) Општи трошоци (поврзани со трошоците во точка (а) и (б)

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и придружни студии
- Подготовка на Технички предлог проект / Деловен план: пресметка на трошоци, анализи, анализи на пазарот, маркетинг анализи
- Подготовка на проценка на животната средина
- Управување со проекти

(г) Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект, кои се во надлежност на крајните корисници

- Билборди
- Плакати
- Налепници итн.

Прифатливите трошоци треба да бидат утврдени и детално наведени во Листата на прифатливи трошоци прифатена од Европската Комисија по издавање на Одлуката за усвојување на Програмата.

Деталните правила за прифатливите трошоци, неприфатливите трошоци и правилата за потеклото се наведени во Делот 8.1 од Програмата.

8. Критериуми за селекција

Со цел да се осигури дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката за прифатливите проекти ќе се доделуваат бодови според следните приоритети:

Приоритет ќе се даде на проекти поврзани <u>со заштитата на животната средина и благосостојбата на животните</u>:

- Инвестиции кои се однесуваат на системи за справување со ѓубриво *(складирање, третман, понатамошно користење и сл)* за заштита на водите од загадувањето предизвикано од нитратите од земјоделските извори, вклучувајќи / или инвестиции за подобрување на ефикасноста од употребата на азотни ѓубриво *(на пример, намалена употреба, опрема, прецизирање) (**25 бодови**)*
- Инвестициска подршка за воведување производство на енергија од обновливи извори на фарма *(на пр. биогас, соларна енергија, ветерници, гео-термална енергија, итн)* и / или практики за заштеда на вода *(на пример системи капка по капка, системи за приспособување на животните во сообносот со потрошувачка на вода и намалување на загубите на вода како што се корита за напојување со константно ниво итн.) **(20 бодови)***
- Инвестиции во постигнување на стандардите за благосостојба на животните (**15 бодови)** или

- Инвестиции со цел ефикасно користење на водата, ублажување на последиците од климатските промени (мрежи за заштита, покривки итн.) ***(25 бодови)***

ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 60 бодови

Приоритет ќе се даде на <u>барателите:</u>

- Сертифицирани органски земјоделски производители или со пренамена добиле сертификат за органско земјоделство **(15 бодови)**
- Земјоделски задруги кои се прифатливи или користат национална поддршка за формирање и водење на Земјоделски задруги (според евиденцијата на ИПАРД Агенција) (**20 бодови**) или
- Правно лице претставник на земјоделското стопанство кое првенствено се занимава со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и / или услуги во врска со земјоделското производство **(10 бодови)** или
- Семејни земјоделски стопанства претставувани од страна на млади фармери кои се најмалку 18, а помалку од 40 години на денот кога е поднесено барањето за поддршка или жени **(20 бодови)**

ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 40 бодови

ВКУПНО БОДОВИ: 100 бодови

Бодирањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање, во случаи кога бараниот износ за финансиска поддршка од пристигнатите пријави е надвор од достапниот финансиски буџет кој е одреден за оваа мерка.

Извештаите за рангираните проектите ќе се користат за следење на Програмата со цел да се процени дали проектите и одобренијата се во согласност со збирот на оперативните цели за оваа мерка.

Проект со 0 поени може да се одобри во случај кога бараниот износ за финансиска поддршка е понизок од достапниот буџет за финансирање на оваа мерка и се исполнети условите за прифатливост.

9. Висина на поддршка

Вкупните јавни трошоци (75% фондовите на ЕУ + 25% национално кофинансирање) нема да ја надминуваат границата од 60% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите. Висината на финансирањето ќе се зголеми до:

- 65% за инвестиции во земјоделски стопанства направени од страна на млади земјоделци[43];
- 70% за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области (како што е наведено во Анекс 2 на оваа Програма);

Интензитетот на максималната стапка на помошта ќе се зголеми за 10 процентни поени за:

- Инвестиции кои се однесуваат на системи за справување со ѓубриво (складирање, третман, понатамошно користење и сл.)
- Инвестиции за подобрување на ефикасноста од употребата на азотни ѓубриво (на пример, намалена употреба, опрема, прецизирање),
- Инвестиции во објекти / опрема, чија цел е подобрување на енергетската ефикасност (на пример, употреба на градежни материјали кои ја намалуваат загубата на топлина);

[43] кои се најмалку 18, а помалку од 40 години на денот кога е поднесено барањето за поддршка

- Инвестиции во објекти / опрема за производство на био-енергија во случај на обработка на производите (суровините) опфатени со Анекс I од Договорот (обработка на животинска или растителна примарна и секундарна биомаса);
- Инвестиции во објекти / опрема за производство на енергија од другите обновливи извори на енергија за задоволување на сопствените потреби за енергија на земјоделско стопанство;
- Инвестиции во објекти / опрема за третман на отпадни води / канализација.

За добивање поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци за предложен инвестициски проект е 3000 евра. Максималната помош која може да биде доделена на еден корисник под оваа мерка е 1 500 000 евра за целиот период на спроведувањето на Програмата.

Корисниците може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата, под услов максималните вкупни прифатливи трошоци да не бидат надминати и претходните проекти да бидат успешно завршени, односно конечната исплата да биде примена.

10. Индикативен буџет

Табела 1: Индикативен финансиски план

Година	Вкупни прифатливи трошоци	Јавни трошоци						Приватни придонеси	
		Вкупно		Придонес на ЕУ		Национален придонес			
	ЕВРА	ЕВРА	%	ЕВРА	%	ЕВРА	%	ЕВРА	%
1	2=3+9	3=5+7	4=3/2	5	75%	7	25%	9	10=9/2
2014	4.777.778	2.866.667	60%	2.150.000	75%	716.667	25%	1.911.111	40%
2015	4.777.778	2.866.667	60%	2.150.000	75%	716.667	25%	1.911.111	40%
2016	4.777.778	2.866.667	60%	2.150.000	75%	716.667	25%	1.911.111	40%
2017	5.733.333	3.440.000	60%	2.580.000	75%	860.000	25%	2.293.333	40%
2018	7.777.778	4.666.667	60%	3.500.000	75%	1.166.667	25%	3.111.111	40%
2019	10.266.667	6.160.000	60%	4.620.000	75%	1.540.000	25%	4.106.667	40%
2020	11.000.000	6.600.000	60%	4.950.000	75%	1.650.000	25%	4.400.000	40%
Вкупно	**49.111.111**	**29.466.667**	**60%**	**22.100.000**	**75%**	**7.366.667**	**25%**	**19.644.444**	**40%**

Распределба на јавните средства за земјоделска механизација-трактори вклучувајќи ја и нивната опрема (со исклучок на додатоците) не смее да надмине 20% од вкупниот расположлив финансиски буџет за оваа мерка за целиот период на спроведување на Програмата.

11. Индикатори

- Број на поддржани проекти(3 100);
- Број на земјоделски стопанства кои извршуваат проекти за модернизација(3 100);
- Број на земјоделските стопанства кои прогресивно се надградуваат кон целосно усогласување со стандардите на ЕУ (1 200);
- Број на земјоделските стопанства кои прогресивно се надградуваат кон целосно усогласување со стандардите на ЕУ за благосостојбата на животните (30);
- Број на стопанства кои инвестираат во производство на обновлива енергија(25);
- Број на стопанства кои инвестираат во сточарството во поглед на намалување на N2O и емисијата на метан (складирање на ѓубривото) (50);

- Вкупна инвестиција во физички капитал од страна на поддржаните стопанства (48 милиони евра).

12. Административна постапка

Минималните чекори на административната постапка за спроведување на оваа мерка се елаборираат во Дел 8.2 од оваа Програма. Оваа мерка ќе се реализира согласно внатрешните процедури за управување и контрола, воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од страна НАО и "доделено право за имплементација на буџетски активности" од страна на Комисијата.

13. Географски опсег на мерката

Поддржаната инвестиција од оваа Мерка може да се примени во целата држава.

Мерка ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ

Правна основа

Оваа мерка се применува во согласност со

- Член 2(1) ЕУ регулатива Бр 236/2014 на Европскиот Парламент и Европскиот Совет од 11 март 2014, за општи правила и процедури за спроведување на инструментите на ЕУ за финансирање на надворешни активности
- Член 27 (1) од Секторската спогодба
- Анекс 4, од Секторската спогодба

1. Образложение

Во моментов секторот за преработка на храна се карактеризира со ниско ниво на продуктивност, како и застарена опрема и објекти. Иако на национално ниво бројот на мали и средни претпријатија е во пораст, последните трендови укажуваат на пад на бројот на претпријатија за преработка на храна и тоа главно, поради недостатокот на конкурентност и неможност да се постигне економија на обем. Слабостите и осетливоста на примарното земјоделско производство, како и фрагментираното снабдување (многу мали производители) попречуваат прехранбената индустрија да се прилагоди на барањата на пазарот. Како резултат на тоа, домашниот пазар е преполн со увезена храна и тоа во речиси сите сектори (млеко и млечни производи, исушено и замрзнато овошје и зеленчук, брашно и исушени житарици, масло за јадење, месо и месни производи итн.)

Во услови на преполн пазар со храна од увезени прехранбени производи, конкурентноста на домашните претпријатија за преработка на храна е предизвик. Со цел претпријатијата успешно да се справат со увезените производи со висок квалитет и со разумни цени на домашниот пазар, а воедно и да се промовира зголемување на извозот, овие претпријатија имаа потреба од висок степен на подобрување на производствената ефикасност , на маркетингот, воведување на иновации, употреба на обновливи извори на енергија, подобрување на квалитетот и безбедноста на храната, заштита на животната средина, како и подобрување на хигиенските услови.

Процесот на пристапување кон ЕУ, исто така, бара од претпријатијата за обработка на земјоделски производи да постигнат целосна усогласеност со стандардите на ЕУ во врска со безбедност на храната, заштита на животната средина, хигиената , здравјето и безбедноста. По завршувањето на процесот на приближување, операторите со храна кои не се во согласност со

стандардите за безбедност на храна на ЕУ ќе бидат затворени по препорака на АХВ или пак тие можат да изберат да ја ограничат продажбата на под-регионалните локални пазари. Оценка на усогласеноста на постоечките установи (компании, оператори) се врши од страна на АХВ и е во согласност со одредбите од Законот за безбедност на храната.

Постигнување на ова усогласеност ќе бара значителни инвестиции, кои потешко би се реализирале без финансиска поддршка и тоа особено во секторите млеко и месо , на кои преодните периоди за усогласување со стандардите на ЕУ биле доделени на одредени претпријатија. Покрај тоа, потребна е подршка за подобрување на перформансите на производството на агро-храна и тоа од гледна точка на продуктивност и ефикасност, во однос на рационализацијата на инсталираните капацитети, нивната ефикасна употреба и да се елиминира синџирот на снабдување со дефекти, кој се манифестира на одредени пазари.

Овие слабости во набавка на суровини за основното земјоделско производство се одразуваат главно на сектори кои имаат зголемување на извозниот потенцијал како што се производство на вино, производство и маркетинг на овошје и зеленчук, на млеко и млечни производи. Секторот за снабдување со свежо месо има голема можност за покривање на потребите на домашниот пазар, особено снабдувањето со свинско, јунешко и пилешко месо. Секторот за преработка на житни култури и маркетинг заедно со исушени мешункасти култури има голема можност за покривање на потребите на домашниот пазар од сушени житни култури.

Воглавно инвенстиициите во оваа мерка треба да бидат насочени кон секторите со голем извозен потенцијал, како и секторите кои се важни за домашниот пазар т.е. сектори за преработка и додавање на вредноста на следните земјоделски производи: млеко, месо, овошје, зеленчук (вклучувајќи компири, мешункасти култури), житарици**.**

2. Општи цели

- Оваа мерка ке го подржи развојот на човечките и физичките ресурси, ќе ја зголеми способноста на земјоделскиот сектор да се справи со конкурентскиот притисок и со силите на пазарот се со цел да се помогне на земјоделскиот сектор постепено да се усогласи со стандардите на ЕУ.

- Мерката исто така ќе помогне и во справување со предизвикот на климатските услови, промовирајќи ефикасност на употреба на ресурсите и обновинливите извори на енергија.

2.1. Специфични цели

Подобрување на вкупните перформанси, економската продуктивност и конкуретност на претпријатијата за преработка на храна и тоа преку:

- Подобрена употреба на факторите на производство, запознавање со нови производни процеси и технологии
- Зајакнување на синџирот за набавка и координација помеѓу преработувачите и производителите
- Подобрување на квалитетот и безбедноста на храната и нивната проверка
- Постигнување на усогласеност со стандардите на заедницата
- Унапредување на заштита на околината

3. Поврзаност со други мерки во програмата и со националните мерки

Конкретно, оваа мерка е поврзана со мерката "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства" како оутпут на примарното земјоделско производство, како и тоа дека квалитетот

на земјоделските производи има позитивен ефект на оперативниот капацитет на преработувачката индустрија и нејзино рационално и ефикасно користење . Мерката "Инвестиции во физички средства- вклучува преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" ги поддржува операторите со храна, додека под мерката "Инвестиции во физички средства на земјоделските стопанства" се подразбира ограничен обем проекти на фармата т.е. пост-бербански активности (на пример ракување, оценување, пакување, и слично) на земјоделски производи за преработка вклучително и директен маркетинг кои ќе бидат поддржани.

Во меѓувреме под мерка "Фарм диверзификација и развој на бизниси" поддршката се доделува за производство од Анекс I т.е. производи односно сектори за обработка и додавање на вредност на следниве земјоделски производи: пчелин мед, сточна и добиточна храна, лековити билки и зачини, шумарство итн како и производство на преработени земјоделски производи кои не се наведени во Анекс I од Договорот.

Мерката "агро-животна средина и органско земјоделство", исто така, придонесува за спроведување на оваа мерка преку промоција на органското земјоделство за производство на преработените органски производи за кои има голема побарувачка на пазарите во ЕУ.

Поддршката во рамките на оваа мерка е надополнета од страна на мерката "Подобрување на обуките" која има за цел да се подобри професионалната стручност и познавање на операторите со храна особено во врска со управување и спроведување на стандардите за безбедност на храната, стандарди поврзани со животната средина и благосостојбата на животните стандарди.

Мерката "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" е надополнета и со инвестиции во јавната инфраструктура и тоа во руралните области, како што се подобрување и поврзување на патишта, обезбедување на електрична енергија, јавни системи за водоснабдување и канализација и други локални патишта, како и мерката "Јавни инвестиции во физички средства" кои се клучни за зголемување на конкурентноста во прехранбената индустрија за претпријатијата кои се наоѓаат и работат во руралните области.

Обемот на помош која се доделува во рамките на оваа мерка нема да се преклопува со обемот на помошта која се доделува под националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

ИПАРД Агенцијата ќе биде одговорна за проверките се со цел избегнување на двојно финансирање и тоа помеѓу програмата и националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Секој инвестициски проект од ИПАРД Програмата, која може да падне под опфатот на националните шеми за поддршка, ќе биде проверен за можноста од двојно финансирање пред да се одобри и да се исплати. ИПАРД Агенцијата ќе се осигура дека во иднина двојното финансирање ќе се избегнува и тоа преку печатење на добиените фактури за инвестиција со јасен "ИПАРД" печат од страна на овластеното службено лице и тоа пред да се изврши пред исплата.

4. Крајни корисници

4.1. Типови на корисници

Следните типови на корисници можат да аплицираат и да користат поддршка во рамките на оваа мерка:

I. Правни лица
II. Задруги

I. Правни лица кои се регистрирани во Централниот регистар како правни лица согласно Законот за трговските друштва, и се копании кои вработуваат помалку од 250 лица и кои имаат годишен обрт кој не надминува 50 милиони евра, и / или годишен биланс на состојба кој не надминува 43 милиони евра што одговара на сегашната дефиниција за мали и средни претпријатија која е содржана во Препораката на Комисијата 2003/362 / ЕЗ.

Претпријатија кои не се опфатени со дефиницијата за МСП, но кои вработуваат помалку од 750 вработени и кои имаат годишен обрт кој не надминува 200 милиони евра, исто така може да бидат подобни, но, во овој случај поддршката може да се додели за инвестиции посебно наменети да го направат целиот систем во согласност со релевантните стандарди на ЕУ.

Проценка на големината на кандидатите се врши од страна на ИПАРД Агенцијата. Новоформираните претпријатија ќе се оценуваат врз основа на изразување на нивната големина се очекува да се постигне предложени во бизнис план.

II. Задруги кои се регистрирани како такви во Централниот регистар во согласност со Законот за задруги и првенствено се занимаваат со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и / или услуги директно поврзани со земјоделски активности.

4.2. Ограничувања и демаркација

Со цел за подобро покривање на инвестициската поддршка и разграничување помеѓу корисниците од различни мерки во рамките на оваа Програма крајните корисници ќе подлежат на следниве ограничувања во согласност со прифатливите инвестициски активности во рамките на оваа мерка:

1. Задруги и земјоделските стопанства претставени од страна на правно лице кои имаат корист во пост-бербата, преработка на фарма и активности на директен маркетинг во рамките на мерката "Инвестиции во физички средства кои се однесуваат на преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" дополнително можат да аплицираат за иста инвестициона активност во рамките на оваа мерка
2. Поддршка не може да се додели на претпријатијата застапувани од страна на правни лица, во случај нивниот капитал да содржи капитал на јавен орган или органи или од страна на државата на повеќе од 25%. Во одредени случаи каде смета дека е соодветно врз основа на националното законодавство, Телото за управување може да побара од Комисијата да одлучи преку доставување на образложено барање.

3. Правните лица рангирани како микро претпријатија не смеат да бидат прифатливи за поддршка во рамките на оваа мерка иако нивните инвестиции се поддржани во рамките на мерката " Диверзификација на фармите и развој на бизнисот".
4. Правни лица - претпријатија кај кои производната линија е одобрена за извоз во ЕУ имаат право на помош само во инвестиции во други производствени линии (дел на претпријатието).
5. Инвестициска поддршка за обновливите извори на енергија (биомаса, ветер, сонце, хидраулика, геотермална итн и / или со преработка на растителни и животински производи од основна и средна биомаса, опфатени со Анекс I на Договорот), со капацитет на производство кое ја надминува годишната авто-потрошувачка на корисникот, не се дозволени според оваа мерка како што е поддржан под мерка " Диверзификација на фармите и развој на бизнисот.

5. Општи критериуми за прифатливост

5.1. Општи услови за поддршка

1. Сите апликанти мора да достават барање проследено со сет на потребни документи и бизнис планот како дел од апликацијата
2. Сите кандидати треба да достават регистрација како доказ издадена од Централниот регистар.
3. Апликантите- земјоделски задруги кои се занимаваат со основното земјоделското производство треба да се признати како такви во согласност со Законот за земјоделски задруги и да се регистрира во Регистарот на земјоделски задруги на МЗШВ.
4. Сите корисници мора да бидат регистрирани во АХВ како оператори со храна или евидентирани заради промените предизвикани од засегнатите инвестиции во согласност со Законот за безбедност на храната на крајот на инвестицијата.

5.2. Национални стандарди и ЕУ стандарди

Националните минимални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравство, благосостојба на животните и заштита при работа од областа на преработка на храна се усогласени со соодветните стандарди на ЕУ.
Целото претпријатие на кое инвестициската поддршка е одобрена мора да е во согласност со релевантните национални минимални стандарди на крајот на инвестицијата. Така, за потребите на спроведување на оваа мерка, документот кој ќе ги потврди важечките минимум национални стандарди (и соодветните стандарди на ЕУ) претставува задолжителен дел на барањето за исплата поднесено од барателот до ИПАРД Агенцијата.

Барателите при поднесување на барањето за поддршка и доставување на барањето за конечната исплата треба да ги достават и документите издадени од страна на надлежните органи како што се:
- АХВ за почитување на јавното здравство во согласност со Законот за безбедност на храната применливи за сите сектори во рамките на оваа мерка и стандардите за благосостојбата на животните во согласност со Законот за благосостојба на животните (применливи само за месо и месни производи од претпријатијата кои се занимаваат со колење)

- Општински еколошки органи или МЖСПП стандарди за заштита на животната средина во согласност со Законот за заштита на животната средина (за инвестиции поврзани со изградба на нови објекти, заштита на животната средина и производство на енергија од обновливи извори) и

- Трудовиот инспекторат за постигнување на стандарди за заштита при работа.
Сите предлог-проекти во рамките на оваа мерка ќе бидат предмет на претходна процена без разлика дали предложената инвестиција ги постигнува или не постигнува остварувањето на релевантните национални минимум стандарди во согласност со релевантните стандарди на ЕУ на крајот на инвестицијата.

Така, документите издадени за оценување на усогласеноста на проектот во однос на важечките национални минимум стандарди за јавно здравје, благосостојба на животните, заштита на животната средина и безбедноста мора да се направат врз основа на претходна оценка на проектот и на самиот апликант каде што е соодветно . Ако таква проценка е извршена од страна на властите во претходните шест месеци од денот на поднесување на барањето, овие документи ќе се земаат во предвид од страна на ИПАРД Агенцијата. Во случај кога со документите на властите се истакне дека барателот не ги постигнал тие стандарди, се доделува преодниот период за усогласување, за кои се потребни инвестиции во физички средства , подносителот на барањето може да предложи таквите инвестиции да бидат

поддржани под оваа мерка или па на друг начин да се обврзат дека овие инвестиции ќе се спроведат и стандардите ќе биде постигнати пред поднесувањето на конечно побарување за исплата.

Во случај документите на властите да посочуваат дека корисникот не успеал да ги постигне тие стандарди се доделува преоден период за усогласување пред доставување на конечното барање за исплата, договорот меѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата може да се продолжи во траење кое овозможува доволно време на корисникот за постигнување на тие стандарди пред да се достави конечното барање за исплата. Продолжување на времетраењето на договорот не смее да надмине 3 години.
Целосна и ажурирана листа за национални стандарди ќе се воспостави и одржува од страна на ИПАРД Агенцијата со важност за инвестициски активности и приоритетни сектори во рамките на оваа програма. ИПАРД Агенцијата ја објавува листата редовно штом е направено било какво ажурирање и истата ќе биде дел од Упатството за корисници.

Целосна и ажурирана листа на националните минимум стандарди кои се во сила и нивната усогласеност со релевантните стандарди на ЕУ ќе бидат утврдени од страна на Телото за управување како и релевантноста на прифатливи инвестициски активности и приоритетни сектори под оваа Програма. Ажурирана листа ќе биде дел од Упатството за корисници.

5.3. Економска одржливост на претпријатието

Помош може да биде доделена на корисниците чии инвестициски проекти овозможуваат финансиска/економска одржливост. Економската и финансиската одржливост ќе се оценува врз основа на деловен план.

Деловниот план треба да содржи податоци кои го претставуваат акционерскиот капитал на барателот и неговите акции во однос на ликвидноста и средствата со кои се задоволуваат оперативните трошоци, кога тоа е применливо за да се овозможи раст при одржување на основните ресурси. Деловниот план треба да содржи детален опис на постоечкиот технолошки процес, на постојната и / или идната организација на системот за производство и планираните инвестиции и активности.

Исто така, деловниот план мора да покаже на кој начин спроведувањето на проектот ќе доведе до подобрување на севкупната ефикасност на барателот преку презентирање на изгледите за економска одржливост или ќе доведе до подобрување на севкупната ефикасност на земјоделските стопанства на членовите на земјоделските задруги.

Барателот треба да ја прикаже можноста за континуитетот на работењето во текот на најмалку пет години од реализација на инвестицијата.

За да обезбеди избор на проект со највисок квалитет во однос на финансиската / економската одржливост ИПАРД Агенцијата во консултација со Телото за управување може да утврди најниска/највисока вредност на проценката на економските и финансиските критериуми за одржливост.

Обрасците за деловниот план придружени со упатство, белешка за пополнување на обрасците и најниска / највисока вредност на критериумите за економска одржливост со методологијата за пресметување се изготвува и објавува од страна на ИПАРД Агенцијата и се дел од пакетот за документи.

5.4. Други општи критериуми за прифатливост

1. Инвестициите мора да се реализираат на имот кој е во сопственост на барателот. Во случај на инвестициски проекти кои се реализираат на имот кој не е во сопственост на барателот, договор или друг придружен документ мора да биде доставен за докажување на правото на користење на имотот засегнат од инвестицијата за период од најмалку 7 години од денот на поднесување/ барањето за поддршка.

2. Подносителот на барањето мора да биде регистриран во националниот систем за ДДВ.

3. Пред да се достави барањето за исплата, најмалку едно одговорно лице на правниот субјект кој го претставува претпријатието е со редовен работен однос со правниот субјект или е ангажирано под договор со времетраење не покусо од времетраењето на договорот за доделување финансиска поддршка во рамките на оваа Програма.

6. Посебни критериуми за прифатливост

1. Апликантот кој предлага инвенстиции во секторот вино, мора да е регистриран во регистар производители на вино и тоа со датум пред датумот на поднесување на барањето за исплата.

2. Апликантот кој предлага инвестиција во центар за собирање и дистрибуција на зеленчук и овошје, житарици и млеко мора да е регистриран во регистар за откупувачи и тоа со датум пред датумот на поднесување на барањето за исплата.

7. Прифатливи трошоци

7.1. Вид на прифатливи инвестиции

Поддршка се доделува за инвестиции во физички средства кои водат кон подобрување на вкупните перформанси на претпријатијата, за да се исполнат релевантните национални и стандарди на ЕУ кои се применуваат кога се во прашање инвестиции во одредена средина, безбедноста на храната и благосостојбата на животните.

Исто така, поддршка ќе биде доделена за воведување и развој на нови производи, процеси и технологии за производите опфатени со Анекс I и за нови и / или модернизација на постојните капацитети и подобрување на нивната употреба.

Поддршка ќе биде доделена за воведување на енергетско ефикасни пракси и згради како и за производството и користењето на енергија од обновливи извори. Поддршката исто така може да се користи за управување со акумулираниот отпад и тоа во текот на преработка на отпадот во биомаса и понатамошна употреба како извор на енергија која ќе валоризира во други производи.

Поддршка за изградба / модернизација на приватни лаборатории во сопственост на претпријатието, е дозволиво само ако тие се сместени во просториите на претпријатието и ако се користат првенствено за сопствените т.е производите на претпријатието (елаборирани во бизнис план и заверени во текот на ex-post контролите од страна на ИПАРД Агенцијата).

7.2. Приоритетни сектори

Ќе се овозможи поддршка за проекти за преработка и/или маркетинг на производи од Анекс 1 од Спогодбата, кои се за подобрување на додадената вредност на тие производи. Следните сектори кои се поврзани со преработката и/или маркетинг на производи, покриени со Анекс 1 од Спогодбата (како што е наведено во Анекс 12 од Програмата) се прифатливи за поддршка (земјоделски производи):

1. Млеко и млечни производи;

2. Месо и производи од месо (вклучувајќи јајца и живина);

3. Овошје и зеленчук (вклучувајќи ги компирите, печурките и легуминозните култури);

4. Житарици, мелнички продукти и скроб;

5. Зеленчукови производи и масла и маснотии од животни;

6. Шира, вино и оцет;

7. Производство на енергија преку погони за преработка и производи од животни од примарната и секундарната биомаса, со исклучок на биомаса од рибни производи.

Поддршката за производство на други производи од Анекс 1 кои не се покриени погоре, т.е. сектори за преработка и додавање вредност на земјоделски производи (како пчелин мед, крма и сточна храна медицински и индустриски растенија, шумски растенија итн) како и земјоделски производи кои не се наведени во Анекс 1 од Спогодбата, ќе се поддржуваат со мерката „Диверзификација и развој на бизниси“. Поддршката за инвестиции за производи кои не се дел од Анекс 1 кои доаѓаат како резултат од валоризација на отпадот кој е пак резултат од преработката (како на пример храна за миленици, и тн.) ќе се поддржуваат со мерката „Диверзификација на фармите и развој на бизниси“.

Инвестициите во производство на обновливи извори за енергија (биомаса, ветер, соларна, геотермална, итн, и/или преку преработка на растителна и животиниска биомаса, опфатени си Анекс 1 од Спогодбата) со капацитет на производство поголем од годишната потрошувачка на енергија на корисникот се подржани во мерката „Диверзификација на фармите и развој на бизниси“.

7.3. Примери на прифатливи инвестиции:

1. Конструкција или реконструкција на згради и друг недвижен имот кој се користи за преработка и маркетинг на земјоделски производи (како на пример згради, складишта, собирно дистрибутивни центри, и тн.), помошни простории (на пр. лаборатории кои се потребни за просториите за подготовка на суровинскиот материјал на претпријатието, силоси, магацини за зрнест материјал и тн.) вклучувајќи ги оние кои се користеле за професионална безбедност (на пример третман на отпад, магацини за биомаса, недвижен имот за третман на вода/отпадни води и тн.) и потребна опрема.
2. Купување и/или инсталација на нови машини и опрема/инструменти, вклучувајќи:
   - за сортирање, прибирање, складирање и разладување на собирните места;
   - За преработка, пакување, разладување, замрзнување, сушење и тн. и магационирање (вклучувајќи манипулација);
   - За производство на нови производи, воведување на нови технологии и процеси;
   - За заштита на животната средина;
   - За производство на енергија од обновливи извори на енергија;
   - За подобрување и контрола на квалитетот и сигурноста на суровинските материјали и храна;
3. Купување на специјални транспортни резервари и приколки за транспорт на суровински материјал (како што се: цистерни за млеко на големо, приколки за разладување на производството кое се транспортира, транспортна опрема за биомаса, и тн.)вклучувајќи и транспорт на живи животни.

4. Купување и/или инсталирање нови машини и/или опрема, за подобрување на стандардите за благосостојба на животните (одредба за редовен пристап до свежа вода, храна и сместување на животните пред колење, чистење природно ѓубриво., и тн.)
5. Купување и/или инсталирање нови машини и/или опрема за заштита на животната средина(енергетска ефикасност, контролирани климатски услови, третман на отпад и нус-производи и валоризација, третман на вода/отпадни води, преработка на примарна и секундарна био маса од животни и растенија и тн), вклучувајќи ја одредбата за електрична енергија и/или греење со употреба на обновливи извори на енергија;
6. Развој на направената инфраструктура, вклучувајќи изградба и реконструкција на патишта за внатрешно поврзување, инсталации за електрична енергија, снабдување со вода, систем за отпадни води, пумпни станици, артерски бунари и тн., на имотот на претпријатието, за да се исполнат потребите за нивна преработка и маркетинг активности;

7.4. Прифатливите трошоци ќе бидат ограничени на:

а) Материјални инвестиции

- Купување на материјал за градба и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти
- Купување нови машини и опрема.

б) Нематеријални инвестиции (поврзани со трошоци од точка а)

- Постигнување согласност со меѓународно признаени стандарди како што се:
- Воведување на системи за управување во претпријатијата (на пример - ISO 9000:2005; ISO 9001:2000; ISO 14001:2004 (EMAS); ISO 900; ISO/TR 10013:2001; ISO 19011:2002; ISO 27001; вклучувајќи ИТ -базирани системи;
- Подготовка за сертификација под HACCP (Анализа на опасност на критични контролни точки);
- За исполнување на Добра производна пракса (ДПП) во претпријатијата.
- Добивање на права за патенти и лиценци
- Компјутерски софтвер, заедно со лиценца за софтверот
- Инсталација на опрема (без сервисер)
- Услуги за изградба/реконструкција (вклучувајќи технички надзор)

(в) Општи трошоци (поврзани со трошоци под точките (а) и (б)

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и придружни студии
- Подготовка на бизнис план: Пресметки на трошоци, анализи, анализи на пазарот, маркетинг анализи
- Подготовка на оценка на животната средина
- Управување со проекти

(г) Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект, кои се под одговорност на крајните корисници

- Билборди
- плакети
- налепници, и др

Прифатливите трошоци треба да бидат наведени и детално во Листата на прифатливи трошоци како што е прифатено од Европската комисија по Одлуката за усвојување на Програмата.

Детални правила за оправданост на трошоците, не-прифатливи трошоци и правилата на потекло се наведени во Дел 8.1 од Програмата.

8. Критериуми за избор

Со цел да се осигура дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката, поените за прифатливи проекти ќе се доделуваат според следните приоритети:

Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со усогласување со стандардите на ЕУ:

- Инвестиции кои се однесуваат на надоградување за да се постигне усогласување со стандардите на ЕУ кои се однесуваат на безбедност на храната во секторот за млеко и месо (30 поени)
- Инвестиции кои се однесуваат на надоградување за да се постигне усогласување со стандардите на ЕУ кои се однесуваат на добросотојба на животните во секторот за месо (25 поени)

ПОД-ЗБИР НА БОДОВИ: максимум 30 поени

Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со заштита на <u>животната средина</u>:

- Инвестиции кои се насочени кон намалување на негативното влијание на животната средина преку енергетска ефикасност, третман на отпад и нус-производи и валоризација, третман на вода/одводни води (25 поени)
- Инвестициска поддршка во воведувањето производство на енергија од обновливи извори (на пример биогас, соларна енергија, ветерници, гео-термалната енергија, итн) вклучувајќи преработка на примарна и секундарна биомаса од животни и растенија, за да се обезбеди електрична енергија и/или греење со употреба на обновливи извори на енергија (30 поени)

ПОД-ЗБИР НА БОДОВИ: максимум 30 поени

Приоритет ќе се даде на <u>проекти кои промовираат интегрирање на земјоделските производители и преработувачите</u>:

- Инвестиции насочени кон поставување, или модернизација на откупно дистрибутивните центри (10 поени)
- Постоечки договорни односи со примарните земјоделски производители (барем годишни договори) кои покриваат барем 30% од набавките на суровински материјал за преработка (10 поени)

ПОД-ЗБИР НА БОДОВИ: максимум 20 поени

Приоритет ќе се даде на <u>апликантите</u> (барателите):

- Правно лице кое првенствено се занимава со преработка на земјоделски производи (5 поени) ИЛИ
- Оператор со храна или земјоделска задруга која ја претставуваат млади кои се стари барем 18 години или под 40 години на денот кога барателот го поднел барањето, или пак жена (10 поени)
- Седиштето е лоцирано во рурални подрачја (Листа на рурални подрачја во Анекс X во Програмата) (10 поени)

ПОД-ЗБИР НА БОДОВИ: максимум 20 поени.
ВКУПНО БОДОВИ: 100 поени

Бодирањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање, во случаи кога бараниот износ за финансиска поддршка во пристигнатите пријави е надвор од достапниот финансиски буџет кој е алоциран за оваа мерка.

Извештаите за рангираните проекти ќе се користат за Програмата за мониторинг со цел да се процени дали побараните и одобрените проекти се во согласност со целите на оваа мерка.

Проект со 0 поени може да се одобри во случај кога бараниот износ за финансиска поддршка е понизок од достапниот буџет за финансирање на оваа мерка и се исполнети условите за прифатливост.

9. Висина на подршка

Вкупните јавни расходи (75% фондовите на ЕУ + 25% националното ко-финансирање) нема да ја надминуваат горната граница од 65% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите.
Меѓутоа, горната граница може да се покачи за 10 процентни поени за:
- Инвестиции во згради/опрема чија што намена е да се подобри енергетската ефикасност (на пр. употреба на градежен материјал кој ја намалува загубата на топлина.
- Инвестиции за згради/опрема за производство на био-енергија во случај на преработка на производи (суровински материјал) кој е покриен со Анекс 2 од Спогодбата (преработка на примарна и секундарна биомаса од животни и растенија);
- Инвестиции за згради/опрема за производство на енергија од други обновливи извори на енергија за да се произведат сопствените потреби за електрична енергија за преработувачките претпријатија;
- Инвестиции за згради/опрема за третман на вода/отпадна вода.

За да се добие поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци за предложен инвестициски проект е 10.000 евра.

Максималната вкупна помош која може да биде доделена на еден корисник под оваа мерка е 4. 500. 000 евра за целиот период на спроведувањето на Програмата.

Корисниците може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на периодот на спроведување на Програмата, под услов максималните вкупни прифатливи трошоци да не се надминати и претходните проекти да се успешно завршени, односно да биде примена конечната исплата.

10. Индикативен буџет:

Табела 44: Индикативен финансиски план за мерката

Год	Вкупно прифатливи трошоци	Јавни Расходи						Приватен придонес	
		Вкупно		ЕУ Придонес		Национален придонес			
	EUR	EUR	%	EUR	%	EUR	%	EUR	%
1	2=3+9	3=5+7	4=3/2	5	75%	7	25%	9	10=9/2
2014	6.000.000	3.000.000	50%	2.250.000	75%	750.000	25%	3.000.000	50%
2015	6.000.000	3.000.000	50%	2.250.000	75%	750.000	25%	3.000.000	50%
2016	4.933.333	2.466.667	50%	1.850.000	75%	616.667	25%	2.466.667	50%
2017	5.280.000	2.640.000	50%	1.980.000	75%	660.000	25%	2.640.000	50%
2018	8.533.333	4.266.667	50%	3.200.000	75%	1.066.667	25%	4.266.667	50%

2019	13.813.333	6.906.667	50%	5.180.000	75%	1.726.667	25%	6.906.667	50%
2020	14.000.000	7.000.000	50%	5.250.000	75%	1.750.000	25%	7.000.000	50%
Вкупно	**58.560.000**	**29.280.000**	**50%**	**21.960.000**	**75%**	**7.320.000**	**25%**	**29.280.000**	**50%**

11. Индикатори

- Број на подржани проекти (220);
- Број на претпријатија кои вршат проекти за модернизација (220);
- Број на претпријатија за постепено надградување кон стандардите на ЕУ (200);
- Број на претпријатијата да инвестираат во производство на обновлива енергија (20);
- Вкупна инвестиција во физички капитал поддржан од страна на претпријатијата (52 милиони евра);
- Број на работни места (бруто) (1300).

12. Административна процедура

Минималните чекори на административната постапка за спроведување на оваа мерка се елаборирани во делот 8.2 од оваа Програма. Оваа мерка ќе се реализира во согласност со интерните процедури за управување и контрола воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од страна НАО и одобрени од страна на Комисијата.

13. Географски опсег на мерката

Оваа мерка се применува на целата земја.

Мерка ИНВЕСТИЦИИ ВО РУРАЛНАТА ЈАВНА ИНФРАСТРУКТУРА

Правна основа:

- Член 2(1) од Регулативата (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот Парламент и на Советот, од 11 март, 2014 година, со која се утврдуваат заедничките правила и процедури за спроведување на инструментите на Унијата за финансирање на надворешно дејствување
- Член 27 (1) од Секторската спогодба помеѓу Владата на РМ и ЕК ;
- Анекс IV, точка II. од Секторската спогодба помеѓу Владата на РМ и ЕК

1. Образложение

Руралните области во земјата имаат ниска густина на населеност, расфрлани населби, ограничен пристап до ресурси и финансиски средства, а се особено на удар за примената на правилата за заштита на животната средина. Конкурентноста на руралните области во земјата е ограничена од несоодветен квалитет и пристап до основна инфраструктура и услуги за економијата и руралното население. Развојот и унапредувањето на основната инфраструктура се едни од предусловите кои се однесуваат на балансиран економски раст во руралните области и за подобрување на социо-економските услови за живот на руралното население во земјата. Попрецизно, развојот на локалната патна инфраструктура во руралните области,

вклучувајќи подобрување на пристапните патишта до земјоделско земјиште и подобрување на квалитетот на животот на руралното население во руралните области.

Физичката пристапност на руралните средини е влошена поради слабиот квалитет на локалните патишта, кои се важни за поврзување на населените места во општините. Ова е предизвикано од несоодветното ниво на инвестиции во одржувањето на патиштата и реновирање поради хронични буџетски ограничувања со кои се соочуваат локалните самоуправи. Во моментов, големите регионални разлики, како и урбано-руралните диспаритети, преовладуваат во однос на квантитет и квалитет на постоечката локална инфраструктура. Патната инфраструктура во земјата (регионални патишта и автопати, вклучувајќи ја и мрежата на пристапни патишта) е прилично развиена, но локалната (некласифицирана) патна мрежа е недоволно развиена и со низок квалитет (околу 50% се или земјени или воопшто неразвиени, па така редовното одржување и вонредните поправки претставуваат проблем). Територииите со зафрлени населби страдаат од недостаток на инфраструктура и услуги, што исто така претставува пречка за развој на претприемништвото. Подобрениот пристап е клучен услов за економски раст и диверзификација во руралните области, како на пример, за развој на руралниот економски и руралниот туристички потенцијал.

Главните проблеми на руралното население се често поврзани со водоснабдување и канализација, мрежите за електрична енергија, греење и за собирање и отстранување на отпад (комуналии). Голем број од руралните села во земјата немаат канализација и користат септички јами или неконтролирано испуштање на отпадните води. Покрај тоа, само 10% од руралното население е покриено со јавно општинско собирање на цврст отпад. Обезбедувањето на електрична енергија до руралните населби и живеалиштата не е модернизирано за да го одржи редовното непречено снабдување со енергија на домашните електрични апарати. Јавниот систем за греење е предвиден само во главниот град Скопје и делумно во останатите поголеми градови. Сите рурални домаќинства поединечно си го организираат сопственото греење (врз основа на дрво, јаглен или нафта за греење). Достапните обновливи извори на енергија се недоволно искористени.

Покрај традиционалните компоненти на инфраструктура, потребно е обновување на селата во однос на јавните инвестиции за општа надградба на руралните подрачја, со цел подобрување на економската и социјалната привлечност на селата и малите градови. Одредени проблеми се поврзуваат со внатрешната инфраструктура на населбите (на пример, селските улици, тротоари, атмосферската канализација и уличното осветлување). Често пати, само главната улица во селото е покриена со асфалт, а останатите улици се "макадам" и ретко поплочени со камен. Зелените површини, улиците и плоштадите во руралните средини имаат силно влијание врз квалитетот на животот на нивните граѓани. Добро одржуваните селски улици, зелени површини и паркови можат да станат најпосакуваните и најтипичните карактеристики на руралните средини.

Руралните населби се исто така погодени од климатските промени и недостатокот од инвестиции во справување со поплави (на пример, одржување на речните корита) на локално ниво, како и заштита на руралните области погодени од или склони кон лизгање на земјиштето, што исто така претставува закана за животните и работните услови.

Дополнителна на ова, конкурентноста на земјоделството и шумарството е попречено од слабиот пристап до земјоделските или шумските област и слабите мрежа за пристапување кон земјоделските и шумските земјишни парцели. Потребно е обезбедување на пристап до електрична енергија на земјоделско земјиште со цел да се одржат инвестициите за модернизација на системите на земјоделско производство (т.е. автоматски системи за наводнување за ефикасно користење на водата).

Така, оваа мерка ќе се фокусира на инвестиции за воспоставување и унапредување на физичката инфраструктура во руралните области која е потребна за економски и социјален развој, како и за развој на земјоделството и шумарството.

2. Општи цели

- Општата цел е да се поддржи економскиот, социјалниот и територијалниот развој, со цел паметен, одржлив и инклузивен раст преку развој на физички капитал во земјата.

2.1. Специфични цели

Специфичните цели на оваа мерка се следниве (по случаен редослед):

- да се обезбеди потребната инфраструктура за развој на руралните области;
- да се придонесе кон подобрување на животниот стандард на руралното население;
- за поддршка на јавните инвестиции потребни за постигнување на развојните и еколошките цели;
- да се зголеми атрактивноста на руралните средини за локални и надворешни инвеститори.

3. Поврзаност со други мерки во програмата и со националните мерки

Конкретно, оваа мерка е поврзана со мерките "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства", "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" и "Земјоделска диверзификација и развој на бизнисот". Овие мерки промовираат инвестиции во изградба и реконструкција на приватна инфраструктура, вклучувајќи ги и внатрешни патишта, електрична енергија, водоснабдување и одложување на отпад, поврзани со развојот на економски активности на земјоделските стопанства, преработувачки капацитети или рурални претпријатија, додека мерката "Инвестиции во руралната јавна инфраструктура" цели кон изградба и реконструкција на јавната инфраструктура во руралните и земјоделските области.

Јавните инвестиции под оваа мерка ги надополнуваат активностите поддржани со мерката "Воспоставување и заштита на шумите" со цел да се подобри пристапот до шумата за вршење на поддржани активности поврзани со пошумување, економично користење на шумите, а преку примена на мерки за заштита на шумите од пожари и болести, итн.

Опсегот на помошта која се доделува во рамките на оваа мерка нема да се поклопува со опсегот на помошта доделена во рамките на националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

ИПАРД Агенцијата ќе биде одговорна за вкрстена проверка со цел одбегнување на двојно финансирање помеѓу Програмата и националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Секој инвестициски проект од ИПАРД Програмата, која може да потпадне во рамките на националните шеми за поддршка, ќе бидат проверени за можно двојно финансирање пред негово одобрување (на проектот и на конечната исплата). ИПАРД Агенцијата ќе обезбеди избегнување на идните двојни финансирања преку удирање печат на добиените фактури за инвестиции, пред исплатата, со јасен "ИПАРД" печат од овластено службено лице.

Телото за управување е одговорно за следење на соодветните национални политики, активностите на донаторите и меѓународните финансиски институции во секторите за земјоделство и рурален развој, со цел да се направи повторна проверка на нивната комплементарност и да се избегне преклопување на програмско ниво.

Секторот за ЕУ интеграции при МЗШВ е одговорен за следење на договорите во врска со останатата ИПА поддршка која се доделува за секторите за земјоделство и рурален развој, а со тоа е одговорен за повторна проверка на можно преклопување во случај на барање на ИПАРД Агенцијата. ЦФСД е одговорен за следење на договорите во врска со останатата ИПА поддршка која се доделува за регионален развој, животна средина, транспорт, а со тоа е одговорен за повторна проверка на можно преклопување во случај на барање на ИПАРД Агенцијата.

4. Крајни Корисници

4.1. Видови на корисници

Следниве групи на корисници можат да се пријават и да имаат поддршката во рамките на оваа мерка:

I. Општини
II. Јавни претпријатија за стопанисување со шуми
III. Јавни претпријатија за стопанисување со пасишта

I. Општини - дефинирани согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа можат да аплицираат за поддршка на населени места со не повеќе од 10 000 жители (наведени во Прилог 5 од Програмата) како крајни корисници на инвестицијата.
II. Јавно претпријатие за стопанисување со шуми основано во согласност со Законот за јавни претпријатија и регистрирано во Централниот регистар.
III. Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта основано во согласност со Законот за јавни претпријатија и регистрирано во Централниот регистар.

5. Општи критериуми за прифатливост

5.1. Општи услови за поддршка

1. Апликантот мора да достави Барање со сет на потребни документи.
2. Градежни (основни) планови и технички цртежи вклучувајќи предмер подготвени во согласност со Законот за градење и други локални градежни стандарди, официјално воспоставени од Општината, мора да се достават заедно со пријавата/барањето.
3. Кандидати - општините треба да достават одлука донесена од страна на Советот на општината за приоритет на проектот за развој на општината и во согласност со локалните развојни планови каде што е применливо.
4. Кандидати - јавни претпријатија треба да достават одлука донесена од страна на Управниот одбор за усогласеноста на проектот со годишните планови одобрени од страна на Владата
5. Кандидати - општини кои имаат намера да инвестираат во населба за која се применува Законот за културата (културно наследство, природни резервати, итн.) треба да достават одобрение издадено од Министерство за култура и/или Министерствство за транспорт и врски.
6. Одржувањето на проектот мора да биде обезбедена од страна на крајниот корисник се додека не поминат најмалку пет години по последната исплата на проектот. Трошоците за одржување не се прифатливи за кофинансирање од ЕУ.

5.2. Националните и ЕУ стандарди

Секој проект мора е во согласност со националните минимални стандарди за заштита на животната средина, градежништво, енергија и култура, кои се релеванти за проектот, пред да се достави конечното барање за исплата кон ИПАРД Агенцијата.

5.3. Економска/финансиска одржливост

Барателот мора да демонстрира проспект на континуитет на работењето односно способност да се одржи инвестицијата во тек на најмалку пет години по реализација на инвестицијата, односно по приемот на конечната исплата.

5.4. Други општи критериуми за прифатливост

1. Инвестициите мора да се спроведат на јавен имот (државен или општински имот). Во случај на инвестициски проекти, кои се реализираат на приватен имот, а не се во сопственост на барателот, пред да аплицира за поддршка, мора да се почитува Законот за експропријација или концесија.

- За проекти поврзани со земјоделско земјиште, ќе се почитува Законот за земјоделско земјиште
- За проекти поврзани со шумско земјиште, ќе се почитува Законот за шумарството.

6. Посебни критериуми за прифатливост

1. Инвестициските проекти за водоснабдување, канализација и отстранување на отпад, треба да бидат координирани од страна на локалните јавни претпријатија основани за управување со јавната дејност.

2. Инвестициите за производство на енергија од обновливи извори на енергија се прифатливи доколку се однесуваат на енергетските потреби на прифатливиот корисник - општина и/или населби.

3. Во случај на инвестиции во пристапни патишта до шумско земјиште, шумата мора да се класифицира со висок ризик за шумски пожари, и да биде потврдено од страна на МЗШВ.

7. Прифатливи трошоци

7.1. Вид на прифатливи инвестиции

Поддршката се доделува за инвестиции во физички средства кои водат кон подобрување на економскиот и социјалниот развој на населелени места со до 10 000 жители во руралните области, во однос на основање и/или подобрување на патиштата во заедницата, локален пристап до патишта од особено значење за локалниот економски развој, пристап до земјоделското и шумското земјиште, снабдување со електрична енергија, греење, управување со отпад и со води, и обновување на објекти во населбите во руралните средини за обезбедување на социјални услуги.

Поддршка во рамките на оваа мерка, исто така, е насочена кон инвестиции за физичко обновување на населените места во руралните средини и подобрување на можностите за рекреација и привлечност на малите градови, села, руралните делови од земјата - создавање / обновување на патишта и улици за внатрешно поврзување, јавно достапни зелени површини, уредување на градини, изградба или реновирање на плоштади, улично осветлување, и пешачки зони. Ќе биде доделена поддршка и за производство и употреба на енергија од обновливи извори за основање / надградба на системите за греење во корист на руралното население, заштита од поплавите и спречување на лизгање на земјиштето. Областите на поддршка се претставени во детали во следните под-делови на овој дел „7. Прифатливи трошоци ".

7.2. Прифатливи инвестиции

Прифатливите проекти се однесуваат на:

1. Снабдување со енергија и енергетската ефикасност, вклучувајќи:

- Изградба или рехабилитација и опремување на фабриките за обновливи извори на енергија и системи за јавна дистрибуција (био-горива, енергија, топлина) од обновливите извори;
- Изградба или рехабилитација на инсталациите за обновливи извори на енергија за снабдување на објекти во општинска сопственост и/или згради кои се користат за обезбедување на услуги во заедницата (како и образование и здравство);
- Подобрување на локалните јавни дистрибутивни мрежи за снабдување со електрична/топлинска енергија во општинските населби и/или земјоделски области вклучувајќи ги и пасишта;
- Инвестиции за подобрување на енергетската ефикасност во општинските и другите објекти кои се користат за обезбедување на услуги во заедницата (како и образование и здравство);

2. Стопанисување со води, вклучувајќи:

- Изградба/реконструкција/рехабилитација на системот за водоснабдување, инсталации и поврзани објекти (на пример, прочистување, филтрација, итн);
- Изградба/реконструкција/рехабилитација на канализацијата, инсталациите и поврзани објекти (на пример, третирање на испуштањето на отпадни води, итн);

Поддршка за инвестиции во собирање на отпадни води и третирање за населби поголеми од 10,000 население не се прифатливи, бидејќи се поддржани од еколошките активности во рамките на ИПА II (за повеќе детали за демаркација види под-делот 7.3. "Демаркација на помош" подолу).

3. Стопанисување со отпад, вклучувајќи:

- Изградба/реконструкција на мала инфраструктура за стопанисување со отпад (на пример, депонии и/или точки за собирање на отпад, и др., согласно со стандардите за животната средина);
- Набавка и инсталација на опрема за собирање на отпад (на пример, контејнери, транспортни приколки и возила);

4. Обнова на село, вклучувајќи:

- Изградба и реконструкција на јавните зелени површини - паркови и градини, детски игралишта и сродни установи;
- Изградба и реконструкција на уличната мрежа, уличните тротоари, плоштади, пешачки површини, шеталишта, и друга потребна опрема;
- Реконструкција и реновирање на општински згради од локално културно, традиционално или физичко значење и/или подобрување на области од локално културно, традиционално или физичко значење и надворешни објекти, вклучувајќи уредување и потребна опрема;
- Реновирање на фасади на јавни објекти, надворешни објекти, вклучувајќи израмнување и уредување на надворешни објекти (ако се интегрирани во просторниот план на населбата и/или според официјалните општински стандарди за архитектонски и градежен стил на ниво на општината или населбата);
- Инвестиции во изградба на речните корита за контрола на и справување со поплави во рамките на населбата, вклучувајќи инфраструктура за заштита од лизгање на земјиштето;

5. Патишта, вклучувајќи:

- Изградба/реконструкција на постоечките општински патишта и мостови (*на пример, патишта кои ги поврзуваат населбите со главните патишта, врски помеѓу населените места, јавни пристапни патишта до бизниси, фарми, туристички објекти, згради или*

надворешни области од локално културно, традиционално или физичко значење, земјоделско земјиште, шуми, итн.), вклучувајќи и израмнување и уредување на околината;
- Изградба/реконструкција на земјоделската и шумската патна мрежа (вклучувајќи пролази за превенција на пожари);

6. Услуги во заедницата, вклучувајќи:
- Изградба и реконструкција на локалната пазарна инфраструктура - земјоделски пазар, занаетчиски пазари, итн. и релевантни објекти и опрема;
- Воспоставување на нови или подобрување на постоечките центри за културни услуги (како што се културни центри, театри, кина, библиотеки);
- Воспоставување или подобрување на центри за рекреација, слободно време и спорт (вклучувајќи спортски центри, младинските центри, итн);
- Воспоставување или подобрување на центри за социјални услуги - згрижување на деца (јасли, градинки), грижа за стари лица и лица со посебни потреби (како што се центри за дневна грижа), вклучувајќи и специјализиран превоз.

7.3. Демаркација (разграничување) на поддршката

Детални правила за демаркација на поддршката под оваа мерка и други типови на ИПА поддршка се елаборирани во дети 10.1 од Програмата

7.4. Прифатливите трошоци ќе бидат ограничени на:

(a) Материјални вложувања

- Набавка на градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на објекти и инфраструктура
- Набавка на механизација, машини и опрема
- Набавка на повеќегодишни растенија

(b) Не-материјални инвестиции (поврзано со трошоци под точка а)

- Компјутерски софтвер вклучувајќи софтверска лиценца
- Инсталација на опрема (со исклучок на сервисер)
- Услуги за изградба/реконструкција (вклучувајќи и технички надзор)
- Услуги за садење и пејзаж

(c) Општи трошоци поврзани со расходи под точка (а) и (б)

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и дополнителни студии
- Подготовка на бизнис план: пресметки на трошоци, анализи, пазарни анализи, маркетинг анализи
- Подготовка на еколошка проценка
- Управување со проекти

(d) Трошоци за конкретни информации и рекламни активности на ниво на проект, кои се одговорност на крајните корисници

- Билборди
- плакати

- Налепници, итн.

ЕУ кофинансирањето не опфаќа обични интервенции за одржување.

Прифатливите трошоци ќе бидат утврдени и прецизирани во Листата на прифатливи трошоци, усвоена од Комисијата откако Одлуката за усвојување на Програмата ќе биде издадена.

Деталните правила за прифатливост на трошоците, не-прифатливи трошоци и правила за потекло, се наведени во Дел 8.1 од Програмата.

8. Критериуми за селекција

Со цел да се биде сигурен дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката, на прифатливите проекти ќе им бидат доделени поени според следниве приоритети:

Приоритет ќе им се даде на <u>проектите</u> кои се однесуваат на:

- патишта (50 поени) или
- управување со вода и канализација (45 поени) или
- управување со отпад (40 поени) или
- снабдување со енергија и енергетска ефикасност (35 поени) или
- инвестиции за обновување на село (30 поени) или
- друго: (20 поени)

ВКУПНО ПОЕНИ: максимум 50 поени

Приоритет ќе им се даде на <u>апликантите</u>:

- Општина до 10 000 жители според последниот службен попис (30 поени) или
- Општина до 20 000 жители според последниот службен попис (20 поени) или
- Општина со над 20 000 жители според последниот службен попис (15 поени) или
- Јавни претпријатија (15 поени) или

ВКУПНО ПОЕНИ: максимум 30 поени

Приоритет ќе им се даде на инвестициите <u>лоцирани во</u>:

- Планински предели44 (20 поени) или
- Оддалечени области45 (10 поени)

СЕВКУПНО ПОЕНИ: 100 поени

Бодувањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање во случаи кога бараниот износ за финансиска поддршка во пристигнатите апликации е поголема од достапниот финансиски буџет посветен на оваа мерка.

Извештаи за бодувани проекти ќе се користат за следење на Програмата со цел да се процени дали доставените и одобрени проекти се во согласност со сетот оперативни цели за оваа мерка.

Проекти со 0 поени не можат да се одобрат за поддршка.

44 Населени места наведени во Анекс 2 од оваа програма
45 Општински населени места кои се лоцирани на растојание од повеќе од 50 km од општинскиот центар

9. Интензитет на поддршката

Вкупните јавни расходи (75% ЕУ фондовите + 25% национално кофинансирање) нема да го надминат плафонот од:

- 100% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите[46]
- 50% од вкупните прифатливи трошоци за проекти кои генерираат приходи.

За да се добие поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци, предложени за инвестициски проект, изнесуваат 10 000 евра.

Максималните вкупни прифатливи трошоци по инвестициски проект ќе бидат 3 000 000 евра за проекти на руралните општини и 500 000 евра за проекти на јавните претпријатија.

Корисниците можат да поднесат неколку проекти во рамките на оваа мерка, во текот на периодот на спроведување на програмата, под услов претходните проекти да биле успешно финализирани, односно конечната исплата е примена

10. Индикативен буџет

Табела 43: Индикативен финансиски план

Година	Вкупни прифатливи трошоци	Јавни расходи					
		Вкупно		ЕУ придонес		Национален придонес	
	EUR	EUR	%	EUR	%	EUR	%
1	2=3+9	3=5+7	4=3/2	5	75%	7	25%
2014	-	-	#DIV/0!	-	#DIV/0!	-	#DIV/0!
2015	-	-	#DIV/0!	-	#DIV/0!	-	#DIV/0!
2016	533.333	533.333	100%	400.000	75%	133.333	25%
2017	1.200.000	1.200.000	100%	900.000	75%	300.000	25%
2018	2.666.667	2.666.667	100%	2.000.000	75%	666.667	25%
2019	3.733.333	3.733.333	100%	2.800.000	75%	933.333	25%
2020	4.000.000	4.000.000	100%	3.000.000	75%	1.000.000	25%
Вкупно	12.133.333	12.133.333	100%	9.100.000	75%	3.033.333	25%

11. Индикатори

- Број на поддржани проекти (60);
- Број на корисници кои инвестираат во производство на обновлива енергија(5);
- Број на работни места создадени во претежно рурални области (бруто) (100);
- Вкупна инвестиција во физички капитал (12 милиони евра).

12. Административна процедура

Минималните чекори на административната постапка за спроведување на оваа мерка се елаборирани во делот 8.2 од оваа Програма. Оваа мерка ќе се спроведува во согласност со внатрешните постапки за управување и контрола воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од НАО и одобрени од Комисијата.

[46] Член 61 of ЕУ регулатива бр 1303/2013 на Европскиот парламент и Советот од 17 декември 2013 со кој се пропишуваат заедничките одредби на Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд, Европскиот кохезионен фонд, Европскиот фонд за земјоделство и рурален развој и Европскиот фонд за поморство и рибарство кои се опфатени со Заедничката стратешка рамка и одредуваат општите одредби за Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд, Европскиот кохезионен фонд и се заменува Регулативата на Совет бр 1083/2006

Сите проекти мора да бидат подготвени во согласност со правилата за надворешна помош на Комисијата содржани во Финансиската регулатива. За таа цел, примената на ПРАГ може да се прилагоди на спецификите на националното законодавство за јавни набавки на начин на кој ќе се почитува главниот принцип на Договорот, како што е: транспарентноста, пропорционалноста, еднаквиот третман, недискриминацијата, и треба да обезбеди стабилно финансиско управување (вредност за пари).

Во случај корисникот да нема капацитет за вршење на јавните набавки во согласност со правилата за јавни набавки кои се применуваат за оваа мерка, јавните набавки може да се прават, во име на крајниот корисник, а од страна на централизиран надлежен јавен орган (ќе се одлучи во текот на акредитацијата на оваа мерка).

13. Географски опсег

Инвестициите поддржани со оваа мерка мора да се во рамки на територија на населени места кои имаат помалку од 10 000 жители, кои што се наведени во Прилог 5 на програмата.

Мерка: ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИТЕ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ

Правна основа

- Член 2(1) ЕУ регулатива Бр 236/2014 на Европскиот Парламент и Европскиот Совет од 11 Март 2014, за општи правила и процедури за спроведување на инструментите на ЕУ за финансирање на надворешни активности
- Член 27 (1) од ИПАРД Секторската спогодба;
- Анекс 4 од ИПАРД Секторската спогодба

1. Образложение

Иако структурата на руралната економија е разновидна, а трговските услуги и производство имаат поголем процент на додадена вредност, земјоделството и натаму останува главен извор на приходи за руралните жители. Земјоделските активности сами по себе, не се во можност да обезбедат соодветни приходи за руралните жители, поради структурни одложувања; затоа, се предвидува разновидност на приходите од земјоделството, со воведување на разновидни економски активности во руралните средини. Најновите трендови на опаѓање на вработувањата во земјоделството, шумарството и рибарството на национално ниво, со недостиг на соодветни опции за наоѓање вработување во други сектори за оние земјоделци кои ја намалуваат земјоделската дејност или престануваат да се занимаваат со земјоделска дејност, претставуваат ризик за развој на руралните средини. На подолг рок, постои очекување дека сопствениците на малите фарми се оние кои се изложени на ризик за престанок со нивните активности, поради притисокот од комерцијалното земјоделство и развојот на преработувачкиот сектор и пазарните синџири, кои наметнуваат строги барања за квалитет.

Претприемништвото во руралните области е попречено со недостиг на капитал и недоволен пристап за развој на бизнисот. Ограниченият инвестициски потенцијал на руралните актери, неразвиени форми на разновидна соработка, недостигот на информации и консултации за предностите на претприемничките активности, ориентацијата на услугите во локалниот пазар, малата побарувачка на стоки и услуги кои се должат на понискиот стандард на живеење на руралното население, го попречува создавањето на бизниси и развојот во руралните средини.

Обезбедувањето на услуги во руралните области е далеку зад обезбедувањето на услуги во урбаните области. Конкурентноста на земјоделството и руралните средини е ограничено со несоодветениот квалитет и пристапувањето до основната инфраструктура и услуги за економијата и руралното население. Обезбедувањето услуги е исто така и показател за квалитетот на животот на руралното население.

Така, поддршката за започнување нов бизнис и развој на формираните микро и мали претпријатија е важен инструмент за подобрување на конкурентноста и создавање работни места во руралните средини. Потребна е поддршка за да се унапреди економското миље на руралните средини (во кој доминираат трговски активности и изградба) со други стопански дејности и услуги кои пак создаваат работни места и кои значително го подобруваат квалитетот на животот, особено за младото население во руралните подрачја.

Потенцијалот на туризмот во руралните средини е недоволно искористен иако постои зголемена побарувачка за рурален туризам кај домашните туристи, како и кај странските туристи кои се во посета за да ги истражуваат природните, културните и традиционалните убавини на земјата. Руралниот туризам е економски сектор за растеж, кој создава можност за диверзификација на активностите на лицата со ангажман во земјоделството, исто така за дополнителни приходи, зголемување на вработеноста на руралното население и промовирање на нивното претприемништво. Согласно Националната стратегија за рурален туризам 2012 – 2017 година, развојот на руралниот туризам се предвидува преку: развој на типични објекти за рурален туризам, развивање на активности на отворен простор, развој на активности кои се поврзани со обичаите, занаетчиството, типичните видови на храна и подобро управување со природните ресурси.

Потребна е помош во креирањето разновидни рекреативни услуги во руралните подрачја, создавање и модернизација на сместувачки капацитети и објекти за исхрана, вклучувајќи и кампови и/или места за престој или кампирање во руралните подрачја.

Оттука, целта на мерката е да се обезбеди поддршка за инвестиции во руралните подрачја насочени кон формирање и развој на алтернативни економски активности во руралните подрачја, промовирање на претприемништвото и деловен развој за не-земјоделски производи, подобрување на пристапот до услугите за земјоделските домакинства и руралното население и промовирање на руралниот туризам.

2. Општи цели

Севкупната цел на оваа мерка е поттикнување на вработувањето по критериумот на нови работни места, одржување на постоечките работни места, а со тоа подигнување на нивото на економска активност во руралните подрачја, подобрување на квалитетот на животот и спречување на раселувањето од руралните подрачја. Диверсификацијата е неопходна за пораст, вработување и одржлив развој во руралните подрачја, а со тоа таа придонесува на подобриот територијален баланс, како на економски, така и на социјален начин.

2.1. Специфични цели

- Да се одржат земјоделските активности во руралните подрачја преку овозможување на одредени услуги;
- Развивање и промовирање на услугите и активностите на руралниот туризам;
- Развивање на не-земјоделски микро и мали претпријатија на основа на локални ресурси и поврзаност со подобрување на квалитетот на живеење во руралните подрачја;
- Да се зачуваат и развијат традиционалните занаетчиски активности;
- Да се промовира претприемништвото во руралните подрачја;

- Да се зголеми потрошувачката на енергија од обновливи извори на енергија.

3. Поврзаност со други мерки во програмата и со националните мерки

Конкретно, оваа мерка е поврзана со мерките „Инвестиции во физички средства за земјоделските домакинства“ и „Инвестиции во физички средства кои се однесуваат на преработката и пласманот на земјоделските производи и производи од риба“. Под мерката „Инвестиции во физички средства за земјоделските домакинства“, поддршката треба да се дава за примарно земјоделско производство и инвестиции за преработка на фарма и директен маркетинг на сопственото производство на земјоделските стопанства. Мерката „Инвестиции во физички средства кои се однесуваат на преработката и пласманот на земјоделските производи и производи од риба“ промовира инвестиции во одбрани приоритетни сектори од Анекс 1. Во меѓувреме, под мерката „Диверзификација на фармите и деловен развој“ поддршката треба да се доделува за производство на производи од Анекс 1, т.е. сектори за производство и додавање вредност на земјоделските производи, рибарството и шумарство, како и производство на други земјоделски производи кои не се наведени во Анекс 1 од Договорот. Мерката „Диверзификација на фармите и деловен развој“ ја дополнува мерката „Инвестиции во физички средства за земјоделските домакинства“ бидејќи таа ги поддржува инвестициите во не-земјоделски активности и обем од активности за давање услуги на земјоделското население во руралните подрачја и за потпомагање на земјоделското производство. Со приближувањето на овие две мерки тие во најголема мера придонесуваат кон зголемен приход за земјоделските домаќинства од не-земјоделски активности и обезбедување на земјоделски услуги.

Поддршката во рамките на оваа мерка е надополнета со мерките "Советодавни услуги" и "Подобрување на обуката" кои имаат за цел да им помогнат на руралните жители во обезбедувањето на информации за развој на бизнисот. Координацијата со мерките "Советодавни услуги" и "Подобрување на обуката" ќе ја подобри професионална стручност и знаењето на кандидатите, особено во спроведувањето на оваа мерка.

Мерката "Диверзификација на фармите и развој на бизниси" се дополнува со инвестиции во јавните патишта за поврзување, обезбедување на електрична енергија, водоснабдување и канализациони системи во руралните области под мерката "Јавни инвестиции во физички средства" како клучни за зголемување на конкурентноста на економијата во руралните средини и квалитетот на животот на руралното население.

Оваа мерка е прилагодена за спроведување и е во тесна врска со мерката "Спроведување на стратегии за локален развој - ЛЕАДЕР пристап", откако е вклучена како дел од оваа Програма. Во случаите каде што се основани стратегиите за локален рурален развој, проектите поддржани во рамките на оваа мерка ќе бидат прифатливи доколку се потврди дека се во согласност со овие стратегии од страна на надлежните локални акциони групи (ЛАГ).

Обемот на помош која се доделува во рамките на оваа мерка нема да има преклопување со обемот на помош која се доделува под националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

ИПАРД Агенцијата ќе биде одговорна за проверки, со цел избегнување на двојно финансирање помеѓу Програмата и националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Секој инвестициски проект од ИПАРД Програмата, која може да подпаѓа под опфатот на националните шеми за поддршка, ќе биде проверен заради можно двојно финансирање, пред тој да се одобри (проектот и конечната исплата). ИПАРД Агенцијата ќе се осигура дека идното двојно финансирање се избегнува со тоа што овластеното службено лице, пред исплата, ќе стави јасен печат на ИПАРД врз добиените фактури.

Телото за Управување е одговорно за следење на поврзаните национални политики, активностите во секторите земјоделство и рурален развој на донаторски и меѓународни финансиски институции, за да ја провери нивната комплементарност и да се избегне преклопување на ниво на Програма.

Секторот за интеграција во ЕУ при МЗШВ е одговорен за следење на договорите поврзани со друга ИПА поддршка која се доделува за земјоделството и руралниот развој а со тоа таа е одговорна за проверка на можно преклопување во случај на барање на ИПАРД Агенцијата.

4. Крајни Корисници

4.1. Видови корисници

Следниве видови на корисници можат да аплицираат и да ја користат поддршката од оваа мерка:

I. Физички лица
II. Правни лица
III. Задруги

I. Физички лица регистрирани во Единствениот регистар на земјоделските стопанства и кои живеат во рурална област или имаат регистрирано економска активност во рурална област како што се:

- Физичко лице кое е регистрирано како занаетчија во Регистарот на занаети, според Законот за занаети за активности за кои е предложена инвестицијата.
- Физичко лице кое е регистрирано како угостител во Регистарот за угостители согласно Законот за угостителство, за активностите за кои е предложена инвестицијата.
- Физичко лице кое е регистрирано како трговец поединец во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва.
- Физичко лице регистрирано во Единствениот регистар на земјоделските стопанства како претставник на земјоделско стопанство, или друг член на земјоделското домаќинство кои живеат на истата адреса која е седиште на земјоделското стопанство и може да биде во урбана или рурална област.
- Физичко лице регистрирано како индивидуален земјоделски производител во Регистарот на земјоделски производители во МЗШВ или во Пензискиот фонд. Индивидуалениот земјоделски производител е регистриран како семејно земјоделско стопанство во Регистарот на фарми и неговото/нејзиното седиште може да биде во урбана или рурална област.

Физички лица кои предлагаат нови инвестиции за стапување во економските активности во руралните области (на пример за самовработување) се прифатливи за поддршка во рамките на оваа мерка, предмет на исполнување на специфичните барања на крајот на инвестицијата, особено ако тој/таа:

- поседува докажани професионални способности преку стручно образование или стручна обука или друг професионално признат сертификат за одделна стопанска не-земјоделска дејност.
- се обврзе да води сметководствени книги за индивидуални економски активности во текот на спроведувањето на проектот,
- се обврзе дека на крајот на инвестицијата (пред поднесување на конечното барањето за исплата) тој / таа ќе ја регистрира економската активност како занаетчија, угостител или трговец поединец или правно лице во општината каде што се наоѓа рурална област.

II. Правни лица кои се регистрирани во Централниот регистар и кои се основани или работат во рурални средини и се претпријатија кои вработуваат помалку од 50 лица и имаат годишен обрт кој не надминува 10 милиони евра и/или нивниот годишен биланс на состојба, вкупно не надминува 43 милиони евра, што одговара на моменталната дефиниција за мали и средни претпријатија дадени во Препораката на Комисијата 2003/362/ЕЗ. Правните лица основани надвор од руралните средини, можат да бидаприфатливи, доколку поддржаната економска активност се наоѓа во рурална област.

Проценката на големината на претпријатијата се врши од страна на ИПАРД Агенцијата. Новоформираните претпријатија ќе се оценуваат врз основа на изразување на нивната очекувана големина која се очекува да се постигне како што е предложено во деловниот план.

III. Задруга која е регистрирана како таква во Централниот регистар, во согласност со Законот за задруги која првенствено се занимава со земјоделска дејност, собирање на шумски производи, преработка на земјоделски и шумски производи, маркетинг на земјоделски производи и/или услуги поврзани директно со земјоделски и шумски активности.

4.2. Ограничувања и разграничување

Со цел подобро да се таргетира инвестициската поддршка и да се постигне разграничување помеѓу мерките во рамките на оваа Програма, крајните корисници ќе бидат предмет на следниве ограничувања според подобноста на инвестициските активности во рамките на оваа мерка:

1. Земјоделските стопанства и задругите претставувани од правни лица нема да бидат подобни за поддршка на инвестициите за преработка и маркетинг на земјоделски производи, бидејќи оваа поддршка е обезбедена под мерка "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи".
2. Поддршка не може да се даде на правни лица во случај кога нивниот капитал содржи јавен орган или органи или кога повеќе од 25% е во сопственост на државата. Во одредени случаи каде што се смета за соодветно, врз основа на националното законодавство, Телото за Управување може да побара од Комисијата да одлучи преку доставување на образложено барање.
3. Правни лица - мали и средни претпријатија кои се занимаваат со производство на прехранбени производи во приоритетните сектори под мерка "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" нема да бидат прифатливи за инвестициска поддршка за обновлива енергија (биомаса, ветер, сончева енергија, хидраулична, геотермална итн. и/или преку обработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса, опфатени со Анекс I од Договорот) за производство на енергија за сопствена потрошувачка во рамките на оваа мерка бидејќи оваа поддршка можат да ја користат во рамки на мерката "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи".

5. Заеднички критериуми за прифатливост

5.1. Општи барања за поддршка

1. Барателот - физичкото лице, при аплицирање за поддршка треба да биде регистрирано како претставник на семејно земјоделско стопанство или негов член во Регистарот на земјоделски

стопанства на МЗШВ и во Регистарот на земјоделски производители на МЗШВ или во Пензискиот фонд во случај на индивидуален земјоделски производител.

2. Барателот – Занаетчија, при поднесување на барањето за поддршка, ќе поднесе документ дека е регистриран во регистарот на занаетчии за вршење на економска активност која се однсува на проектот пред датумот на поднесување на пријавата.

3. Барателот - Физичко лице регистрирано за угостителство (вклучително и одредбите за туристичко сместување) при аплицирање за поддршка, доставува документ дека е регистриран во Регистарот за угостителство пред датумот на поднесување на пријавата .

4. Барателот - физичко лице кое предлага нови инвестиции за стапување во економски активности во руралните области (на пример за самовработување) доставува правна или нотарска изјава за обврската за регистрирање на економската активност како занаетчија, угостител или трговец поединец во општината каде што рурална област се наоѓа пред поднесување на конечното барање за исплата.

5. Барателот - Правно лице мора да биде регистрирано како такво во Централниот регистар, пред датумот на поднесување на пријавата.

6. Барателот – земјоделската задругата мора да биде регистрирана како задруга во Централниот регистар, пред датумот на поднесување на пријавата.

7. Барателот-земјоделската задруга која се занимава со земјоделска дејност мора да биде признаена како таква, во согласност со Законот за Земјоделски задруги и да е регистрирана во Регистарот на Земјоделски задруги на МЗШВ пред датумот на поднесување на пријавата.

8. Сите барателиморада достават барање придружено со збир на потребни документи и технички предлог-проект или деловен план како дел од барањето.

5.2. Национални стандарди кои треба да се почитуваат

Корисникот мора да ги исполнува релевантните национални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравје, и заштита при работа на крајот на реализацијата на инвестицијата.

Во однос на специфичните поддржани економски активности ќе се применуваат следниве минимални национални стандарди:

- За корисниците поврзани со руралниот туризам, ќе се однесуваат барањата од националното законодавство за туризам, угостителство и безбедност на храна;
- За корисниците поврзани со обработка на храна вклучително и преработка на шумски производи, ќе се однесуваат барањата на националното законодавство за безбедност на храна;
- За корисниците поврзани со собирање на шумски производи, (освен преработка на шумски производи) ќе се применуваат барањата од националното законодавство за шумарство;
- За корисниците поврзани со занаетчиство ќе се применуваат условите од националното законодавство за занаетчиство;
- За корисниците поврзани со ветеринарните услуги, ќе се применуваат барањата од националното законодавство за ветеринарно здравство;

- За проекти поврзани со производство на производи за заштита на растенијата и / или ѓубрива, ќе се применуваат условите од националното законодавство за здравјето на растенијата и ѓубрива;
- За производство на козметички производи ќе се применува националното законодавство за безбедност на козметичките производи;
- Така, заради целите за имплементација на оваа мерка, документот кој потврдува почитување на важечките национални минимални стандарди, претставува задолжителен дел од конечното барање за исплата.
- Документот кој потврдува почитување на важечките национални минимални стандарди треба да се издадени од страна на следниве надлежните органи:
- Агенција за храна и ветерина за почитување на јавното здравје во согласност со Законот за безбедност на храната кој се применува за целото производството на храна и угостителство и Законот за безбедност на козметички производи за инвестиции за непрехранбените производи и производството и Законот за ветеринарно здравство за инвестиции во ветеринарните служби во рамките на оваа мерка.
- Општински еколошки органи или Министерство за животна стредина и просторно планирање (МЖСПП) за стандарди за заштита на животната средина во согласност со Законот за заштита на животната средина (за инвестиции поврзани со изградба на нови објекти, предмет на барањата од законодавството за градба)
- Министерство за Економија и/или Министерство за животна стредина и просторно планирање за производство на енергија од обновливи извори, предмет на барањата од законодавството енерија
- Инспекторатот за труд за постигнување на стандарди за заштита.

Издавањето на документи за проценка на усогласеноста на проектот во однос на важечките национални минимални стандарди мора да се направи и врз основа на претходна проценка на предлог проектот и од самиот барател каде што е соодветно. Ако таква проценка е веќе извршена од страна на надлежните органи во претходните шест месеци од денот на поднесување на барањето, овие документи ќе се разгледуваат и од страна на ИПАРД Агенцијата.

Формирана е цела ажурирана листа на национални стандарди кои се во сила и таа ќе се ажурира и одржува од страна на ИПАРД Агенцијата од значење за прифатливите инвестициски активности и приоритетниот сектор во рамките на оваа мерка. ИПАРД Агенцијата ќе ја објавува листата редовно, секогаш кога ќе се забележи промена. Ажурираната листа ќе биде дел од Упатството за корисници.
Каде што е соодветно, ИПАРД Агенцијата може да добие документ за проценка на усогласеноста или потврда за почитување на важечките национални минимални стандарди службено, односно преку пристап до електронска евиденција или писмено преку барање до надлежните органи одговорни за соодветните стандарди. Листата на документи кои го потврдуваат почитувањето на важечките национални минимални стандарди кои ИПАРД Агенцијата ги добива службено ќе бидат дел од Упатството за корисници.

5.3. Економската оправданост на земјоделското стопанство

Помошта може да се додели на корисниците (со исклучок на научните институции и институции за обука), кога нивните тековни инвестициски проекти покажуваат финансиски/економси опстанок. Економската и финансиската одржливост ќе се оценува врз основа на Технички предлог-проект или Деловен план.

Во случај кога има проекти кои имаат вкупен прифатливи буџет под 50 000 €, изгледите за финансиска одржливост мора да се демонстрираат преку Предлог Технички Проект кој ги содржи предвидените податоци за показателите за финансирање во однос на генерирање доволно приход за да се исполнат оперативните трошоци и должнички обврски.

Во случај на проекти кои имаат вкупен прифатливи буџет од над 50 000 €, изгледите за економска остварливост мора да се демонстрираат преку Деловен план во кој се презентира дека акционерскиот капитал на претпријатието и неговите акции во однос на ликвидноста и средствата ги задоволуваат оперативните трошоци и, каде што е применливо, ќе се овозможи раст додека се одржува база на ресурси. Деловниот план мора да содржи детален опис на планираните инвестиции и активности. Исто така, деловниот план мора да покаже на кој начин спроведувањето на проектот ќе доведе до подобрување на вкупните перформанси на деловна активност преку презентација на можноста за финансиска и економска одржливост.

Барателот мора да ги покаже перспективите за континуитет на работењето во текот на најмалку пет години по реализација на инвестицијата.
Проценката за финансиската/економската одржливост и изгледите за остварливост ќе ја утврдува ИПАРД Агенцијата. За да обезбеди избор на највисок квалитет на проекти во однос на финансиската/економската одржливост, ИПАРД Агенцијата во консултација со Телото за Управување може да ја утврди најниската/највисоката вредност за проценка на финансиските и економските критериуми за одржливост.

Со шаблони за Предлог технички проект, Деловен план и инвестициски план придружени со упатства белешка за пополнување на обрасците и најниска / највисока вредност на финансиските и економските критериуми одржливост со методологијата на пресметка се изготвува и објавува од страна на ИПАРД Агенцијата, како дел од специфичните пакети за барањата по мерката.

5.4. Други општи критериуми за прифатливост

1. Инвестициите мора да се реализираат на имот кој е во сопственост на барателот. Во случај на инвестициски проекти, кои се реализираат на имот кој не е во сопственост на барателот,мора да се достави договор или друг документ за поддршка за да се докаже правото на користење на имотот кој е засегнат од инвестицијата, за период од најмалку 7 години од денот на аплицирање за поддршката.

2. Барателот - физичко лице треба да обезбеди потврда, документ за докажаување на професионалните компетенции за одделна економска не-земјоделска дејност со најмалку средно образование или високо образование или стручно образование и стручна обука со диплома / уверение.

3. Кандидатите кои не ги исполнуваат горенаведените вештини и компетенции, на крајот на инвестицијата треба да обезбедат сертификат за обука кој е издаден од страна на релевантните стручни институции за обука, едукативни и истражувачки институции или јавни советодавни услуги, вклучувајќи ја листата на присуства на модули за обука во врска со инвестициите.

4. Најмалку едно одговорно лице на индивидуалниот зејоделски производител, правното лице или земјоделската задруга треба да е во редовен работен однос или да биде ангажиран под договор со времетраење од не помалку од 5 години. Физичките лица треба да бидат постојано вработени како трговци поединци, занаетчии или угостители. Во случај на нови

инвестиции овој услов мора да се постигне пред поднесувањето на конечното барање за исплата, односно откако инвестицијата се активира.

6. Посебни критериуми за прифатливост

1. Проекти кои се однесуваат на инвестициите во изградба/реконструкција на објекти за туристички цели во руралниот регион мора да се градат со прилагодување на стилот со традиционалната архитектура на руралните области, која може да се покаже преку Техничките цртежи и дизајн од страна на овластени архитекти, поддржани со фотографски докази за постоечкиот традиционален градежен стил.

2. Во случај ако инвестициите во руралниот туризам и/или угостителството се предложени од физичко лице, постигнатиот капацитет за внатрешно сместување треба да биде не повеќе од 10 соби во кои треба да се сместат најмногу 20 луѓе (со исклучок на дополнителни кревети за деца), за сместување на отворено, капацитетот кој ќе го постигнат треба да биде од најмногу 10 сместувачки единици или да се сместат 30 гости истовремено и да се послужат 50 луѓе.

3. Во случај на предлог за инвестиции во руралниот туризам и/или угостителството предложени од страна направни лица, постигнатиот капацитет за внатрешно сместување не смее да биде повеќе од 20 соби (за да се сместат најмногу 50 луѓе), капацитетот за сместување на отворено мора да биде од најмногу 30 сместувачки единици или да се сместат 90 гости истовремено и да се послужат најмногу 70 гости со храна.

7. Прифатливи трошоци

7.1. Вид на прифатливи инвестиции

Поддршка ќе биде дадена за инвестиции во физички средства за воспоставување/модернизација на алтернативно земјоделско производство на фарми за зголемување на потенцијалот на земјоделското стопанство. Поддршка ќе биде доделена за предложени инвестиции за диверзификација на економските активности во руралните области кои се однесуваат на шумарството и преработка на храна, а не се поддржани во рамките на мерките "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства" и "Инвестиции во физички средства во врска со обработката и маркетинг на земјоделски и рибни производи "и чиј краен производ не е во Анекс I од Договорот (како што е прикажано во Прлог 13 од Програмата).

Поддршка на инвестициите во рамките на оваа мерка, исто така, се однесува на производство, обезбедување на услуги во земјоделството и руралните области, развој на занаетчиските активности, угостителство и рурален туризам.

Поддршка, исто така ќе бидат доделена за производството и користењето на енергија од обновливи извори и растенија за производство и продажба на обновливи извори на енергија (биомаса, ветер, сонце, хидраулика, геотермална итн), со капацитет на производство поголема од годишната самостојна потрошувачка.
Областите на поддршка се прикажани детално во следните оддели од Точка "7. Прифатливи трошоци ":

7.2. Приоритетни сектори

Мерката е отворена за области од диверзификација и развој на бизнисот, како што следи:
1. Алтернативно земјоделско производство, вклучувајќи

- Одгледување на печурки и тартуфи

- Хортикултура (расадници и одгледување на цвеќе и цветни папки, украсни растенија, дрва)
- Производство на семенски и саден материјал
- Одгледување на зајаци
- Одгледување на полжави
- Одгледување на птици за јајца и месо - патки, гуски, мисирки тетреби, ноеви, емуа и бисерки
- Одгледување на дивеч
- Пчеларството
- Одгледување на растенија, семиња, и други зачини и ароматични растенија
- Насади на дрвја за дрвена граѓа и био-маса (брзо растечки)
- Аквакултурни фарми за слатководна риба.

2. Производство на прехранбени производи и пијалаци, освен млеко и млечни производи, месо и месни производи (вклучувајќи јајца и живина); овошје и зеленчук (вклучително компир, печурки и мешункасти култури); житарици, мелничарски и скробни производи; растителни и животински масла и масти; шира од грозје, вино и оцет;

3. Производство на не-земјоделски производи

4. Развој на занаетчиски активности, кои се занимаваат со економски активности во согласност со Правилникот за начинот на определување на активности кои можат да се вршат со занаетчиство.

5. Обезбедување на услуги во земјоделството, вклучувајќи

- Воспоставување и унапредување на ветеринарните служби
- Воспоставување и реновирање на работилници за одржување и поправка на земјоделска механизација, машини и опрема
- Воспоставување на услуги за изнајмување на земјоделска механизација и машини

6. Развој на услуги за руралното население, вклучувајќи

- Услуги за поправка и одржување
- Услуги за теренско одржување
- Услуги за грижа на домашни миленичиња
- Услуги за престој и нега (домови за стари лица, за рехабилитација, итн)
- Услуги за дневно згрижување на деца
- Обука и образовни центри за било која професија, хоби или самостојно развојна цел, спорт и рекреација, услуги за поддршка на образование, информатички центри
- Транспортни услуги
- Кино, локална радиодифузија

7. Промоција на руралниот туризам, вклучувајќи

- Туристичка сместување – сместување во внатрешен простор (соби, апартмани, Ноќевање и појадок, само-угостителски колиби) и сместување на отворено (кампови, бунгалови, камп-приколки)
- Угостителска дејност (готвење и служење на храна)
- Комбинирани услуги - сместување и угостителски услуги
- Обезбедување на соби за дегустација / продажба за директен маркетинг на производите
- Рурални музеи (згради и изложбени предмети за разгледување на историски, природни, традиционални, образовни, земјоделски и др добра од руралните области, како и ботанички и зоолошки градини)

- Обезбедување на простории за семинари и обуки, едукативни фарми
- Обезбедување на рекреативни активности за туристите.

8. Производство и продажба на обновливите извори на енергија, вклучувајќи

- Соларна енергија, ветер, вода, геотермална енергија;
- Преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса, освен биомаса од рибни производи
- Преработка на земјоделски производи за производство на био-гориво
- Преработка на шумски биомаса
- Производство на енергија од обновливи извори за потребите на приоритетните сектори во точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, и 7 т.е. за сопствена потрошувачка.

7.3. Примери на прифатливи трошоци

1. Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имот кој се користи за прифатливите економски активности *(како што се: згради за одгледување/производство, магацини, објекти за услуги, сместување, угостителство и др),* помошни објекти *(на пример складишта за суровини, објекти за подготовка на материјал, продажни места , санитарни барања итн),* вклучувајќи ги и оние кои се користат за безбедност, за заштита на животната средина *(на пример третман на отпад, магацини за биомаса, недвижен имот за третман на вода/отпадни води, итн)* и потребна опрема.

2. Набавка и / или инсталирање на нови машини, земјоделска механизација и опрема / инструменти, поврзани со прифатлива економска активност.

3. Набавка на наменски транспортни резервари и приколки за превоз на суровините и / или аутпути (како приколки со ладење за превоз на производство, транспорт на опрема за биомаса, итн);

4. Набавка на повеќегодишни дрвја и растенија (со исклучок на садни семиња, саден материјал и мицелиум), вклучувајќи медоносни дрва (за производство на мед), билки, семиња, и други зачинести и ароматични растенија, дрва за граѓа, кратки нискостеблени и други брзо-растечки видови дрвја за био енергетски цели, украсни растенија и украсни дрвја (вклучувајќи и помошни постројки);

5. Набавка и / или инсталирање на нови машини и / или опрема за заштита на животната средина (енергетска ефикасност, контролирани климатски услови, третман на отпад и нус-производи и валоризација, третман на отпадна вода/канализација, преработка на животинска или растителна примарна и секундарна биомаса итн.), вклучувајќи и обезбедување на електрична енергија и/или греење со користење обновливи ресурси;

6. Развој на инфраструктурата, вклучувајќи изградба и реконструкција на патишта за внатрешно поврзување, патеки, инсталации за снабдување со електрична енергија, водоснабдување и канализациони системи, пумпни станици, артески бунари, оградување итн. и подобрување на надворешните области на имотот на корисникот, за задоволување на потребите на економските активности и услуги;

7.4. Прифатливите трошоци се ограничени на:

(а) Материјални вложувања

- Набавка на градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти
- Набавка на нови машини и опрема
- Набавка на нова земјоделска механизација
- Набавка на повеќегодишни садници (освен хибриди)

(б) Не-материјални вложувања (поврзано со расходите под точка а)

- Постигнување согласност со меѓународно признаени стандарди како што се:
  - Воведување на системи за управување во претпријатијата (на пример - ISO 9000:2005; ISO 9001:2000; ISO 14001:2004 (EMAS); ISO 900; ISO / TR 10013:2001; ISO 19011:2002; ISO 27001; вклучувајќи ИТ -основни системи, итн);
  - Подготовка за сертификација под HACCP (Анализа на опасност на критични контролни точки);
  - За исполнување на Добра производна пракса (ДПП) во претпријатијата.
- Стекнување на патентни права и лиценци
- Компјутерски софтвер вклучувајќи софтверски лиценци
- Инсталација на машини и опрема (со исклучок на механичар)
- Услуги за изградба / реконструкција (вклучувајќи технички надзор)

(в) Општи трошоци (поврзани со трошоците во точка (а) и (б)

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и придружни студии
- Подготовка на Деловен план: Пресметки на трошоци, анализи, анализи на пазарот, маркетинг анализи
- Подготовка на проценка на животната средина
- Управување со проекти

(г) Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект, кои се под надлежност на крајните корисници

- Билборди
- Плакети
- Налепници, и др

Прифатливите трошоци треба да бидат детално наведени во Листата на прифатливи трошоци како што е прифатено од Комисијата по Одлуката за усвојување на Програмата.

Детални правилата за прифатливите трошоци, неприфатливите трошоци и правилата за потекло се наведени во Дел 8.1 од Програмата.

8. Критериуми за избор

Со цел да се осигури дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката за прифатливите проекти ќе се доделуваат бодови според следните приоритети:

Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со <u>заштита на животната средина</u>:

- Инвестиции за воспоставување и модернизација на постројките за производство на енергија од обновливи извори *(на пример биогас, соларна енергија, ветерници, геотермална енергија, итн)* **(20 бодови)** или

- Инвестиции за воведување на производство на енергија од обновливи извори *(на пример биогас, соларна енергија, ветерници, гео-термалната енергија, итн)* за потребите на барателот **(15 бодови)**

ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 20 бодови

Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со <u>создавање на работни места:</u>

- Проекти за промовирање самовработување и/или вработување на членовите на семејството (10 бодови) или
- Проекти за промовирање работни места во руралните средини (5 бодови)

ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 10 бодови

Приоритет ќе се даде на проекти кои се спроведуваат во <u>руралните подрачја:</u>

- доколку инвестицијата е лоцирана во општините со рурални центри (30 бодови) или
- доколку инвестицијата е лоцирана во планински рурални подрачја (20 бодови)
- доколку инвестицијата е лоцирана во национални паркови (10 бодови) или
- доколку инвестицијата е лоцирана во населбите во непосредна близина на културно наследство или археолошки локалитети назначени во согласност со Законот за заштита на културното наследство (10 бодови)

ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 40 бодови

Приоритет ќе се даде на барателите:

- физички лица - рурални жители вклучени во неземјоделско производство **(20 бодови)** или
- физички лица кои претставуваат семејно земјоделско стопанство **(15 бодови)**
- микро и мали претпријатија со седиште во село **(10 бодови)**
- физичкоти лица - кои имаат најмалку 18 а помалку од 40 години на денот кога барањето за поддршка е поднесено или жени (или претставник на микро претпријатија) **(10 бодови)**

ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 30 бодови

ВКУПНО БОДОВИ: 100 поени

Бодирањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање, во случаи кога бараниот износ за финансиска поддршка од пристигнатите пријави е надвор од достапниот финансиски буџет кој е одреден за оваа мерка.

Извештаите за рангираните проектите ќе се користат за Програмата за следење со цел да се процени дали проектите и одобренијата се во согласност со збирот на оперативните цели за оваа мерка.

Проект со 0 поени може да се одобри во случај кога бараниот износ за финансиска поддршка е понизок од достапниот буџет за финансирање на оваа мерка и се исполнети условите за прифатливост.

9. Висина на поддршка

Вкупните јавни трошоци (75% фондовите на ЕУ + 25% национално кофинансирање) нема да ја надминуваат границата од 65% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите.

За добивање поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци за предложен инвестициски проект е 3000 евра.

Максималните вкупни прифатливи трошоци предложени за инвестициски проект нема да надминуваат бидат 1 000 000 евра. Во случај на инвестициски проект за постројки за производство и продажба на енергија произведена од обновливи извори максималните прифатливи трошоци неможе да надминат 3 000 000 евра.

Барателите можат да поднесат инвестициски проекти со вкупни прифатливи трошоци кои ги надминуваат максималните ограничувања за инвестицискиот проект, но бараната поддршка не смее да ги надмине границите на максимално прифатливите трошоци утврдени за оваа мерка и помошта ќе биде одобрена во рамки на тие граници.

Максималната помош која може да биде доделена на еден корисник под оваа мерка е 1 500 000 евра за целиот период на спроведувањето на Програмата.
Корисниците може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата, под услов максималната вкупна подршка да не биде надмината и претходните проекти да бидат успешно завршени, односно конечната исплата да биде примена.

10. Индикативен буџет

Табела 1: Индикативен финансиски план

Година	Вкупно прифатливи трошоци	Јавни трошоци						Приватни придонеси	
		Вкупно		Придонес на ЕУ		Национален придонес			
	EUR	EUR	%	EUR	%	EUR	%	EUR	%
1	2=3+9	3=5+7	4=3/2	5	6=5/3	7	8=7/3	9	10=9/2
2014	820.513	533.333	65%	400.000	75%	133.333	25%	287.179	35%
2015	820.513	533.333	65%	400.000	75%	133.333	25%	287.179	35%
2016	1.025.641	666.667	65%	500.000	75%	166.667	25%	358.974	35%
2017	1.230.769	800.000	65%	600.000	75%	200.000	25%	430.769	35%
2018	1.641.026	1.066.667	65%	800.000	75%	266.667	25%	574.359	35%
2019	1.723.077	1.120.000	65%	840.000	75%	280.000	25%	603.077	35%
2020	2.461.538	1.600.000	65%	1.200.000	75%	400.000	25%	861.538	35%
Вкупно	**9.723.077**	**6.320.000**	**65%**	**4.740.000**	**75%**	**1.580.000**	**25%**	**3.403.077**	**35%**

11. Индикатори

- Број на поддржани проекти;
- Број на земјоделски стопанства / претпријатија кои развиваат дополнителни или разновидни извори на приходи во руралните области;
- Број на корисници кои инвестираат во обновливи извори на енергија;
- Вкупна поддржана инвестиција во физички капитал од страна на корисниците (евра);
- Број на нови работни места (бруто).

12. Административна постапка

Минималните чекори на административната постапка за спроведување на оваа мерка се елаборираат во Дел 8.2 од оваа Програма. Оваа мерка ќе се реализира согласно внатрешните процедури за управување и контрола, воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од страна НАО и одобрени од страна на Европската Комисија.

13. Географски опсег на мерката

Поддржаната инвестиција од оваа Мерка може да се примени во руралните подрачја наведени во Анекс 1 на оваа Програма.

Мерка 501 ТЕХНИЧКА ПОМОШ

Правна основа:

- Член 2 (1) од Регулативата (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11-ти март 2014 со која се утврдуваат заедничките правила и процедури за спроведување на инструментите на Унијата за финансирање надворешни акции
- Член 27 (1) од ИПАРД Секторска Спогодба;
- Анекс 4, од ИПАРД Секторска Спогодба.

1. Образложение

Мерката опфаќа обезбедување на техничка помош (ТП) и поддржува трошоци кои се поврзани со спроведувањето на Програмата.

Мерката за техничка помош ги обезбедува потребните ресурси за ефикасно управување и спроведување на оваа програма. Таа ќе се користи само за активности поврзани со подготовката, управувањето, следењето, евалуацијата, информативните и контролните активности поврзани со Програмата.

Целите на оваа мерка треба да ја покријат подготовката, управувањето, следењето, евалуацијата, административната поддршка, информациите и комуникацијата, вмрежувањето, како и контролата и ревизорските активности.

Мерката за техничка помош, исто така може да се користи за поддршка на активности за намалување на административниот товар за корисниците и активности за зајакнување на капацитетот на националните тела/ институции и корисниците, со цел да управуваат и користат средствата.
Овие дејствија може да се однесуваат на претходните и следните програмски периоди.

2. Општи Цели

Општата цел е да се поддржи економскиот, социјалниот и територијалниот развој, со цел кон паметен, одржлив и инклузивен раст преку развој на физички капитал во земјата.

2.1. Специфични цели

Целта на оваа мерка е да помогне особено во спроведувањето и следењето на програмата и нејзините можни последователни модификации. Во прилог на оваа цел, целите вклучуваат:
- Обезбедување на поддршка за следење на програмата;
- Обезбедување соодветен проток на информации и публицитет;
- Поддршка на студии, посети и семинари;
- Обезбедување на поддршка за надворешна експертиза;
- Обезбедување на поддршка за оценување на Програмата;

- Обезбедување на поддршка за идно спроведување на Национална Мрежа за Рурален Развој.

3. ПОВРЗАНОСТ СО ДРУГИ МЕРКИ ВО ПРОГРАМАТА И СО НАЦИОНАЛНИТЕ МЕРКИ

Оваа мерка ќе обезбеди покривање на потребите за техничка помош за сите мерки на програмата.
Поточно, поддршката во рамките на оваа мерка ќе го дополнуваат спроведувањето на мерките "Советодавни услуги" и "Подобрување на обуката" пред истите да бидат вклучени во Програмата, односно пред да почне нивната реализација, преку поддршка на активностите за намалување на административниот товар за корисниците и активности за зајакнување на капацитетот на корисниците да управуваат и да ги користат средствата (обуки, советодавна поддршка итн)

Оваа мерка е добро прилагодена за имплементација, во тесна врска со мерката "Имплементација на стратегии за локален развој - ЛЕАДЕР пристап", откако таа ќе се вклучи како дел од оваа програма, ќе ги поддржи активностите за стекнување на вештини и анимирање на жителите на ЛАГ територии. Ова ќе се врши преку организирање на состаноци, одржување на семинари, обуки и јакнење на капацитетите на потенцијалните членови на ЛАГ и жителите на ЛАГ територии, поддршка на информации и промотивни активности во врска со методата ЛЕАДЕР, вклучувајќи мрежни активности, поддршка идентификување и поставување на ЛАГ, со поддршка на изготвувањето на стратегиите за локален развој, територијални анализи, студии, консултација и експертска поддршка, итн.

Обемот на помош која се доделува во рамките на оваа мерка нема да има преклопување со обемот на помош која се доделува под националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

4. КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

Корисникот на активности во рамките на оваа мерка е Телото за Управување како што е опишано во делот 11.1. "Опис на Оперативната структура (телото за Управување и ИПАРД Агенцијата) и нивните главни функции" на оваа Програма.

5. ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИФАТЛИВОСТ

Прифатливите трошоци се базираат на реалните трошоци кои се поврзани со имплементацијата на ко-финансираното работење и мора да се однесуваат на исплати извршени од страна на крајниот корисник, кои ќе бидат поддржани со примени фактури или др. сметководствени документи со еднаква правна вредност.

Сите проекти мора да бидат подготвени во согласност со правилата за надворешна помош на Комисијата содржани во Финансиската регулатива. За таа цел ПРАГ (Практичен водич за процедури за контрактирање на надворешна подршка на ЕУ) може да се прилагоди на спецификите на земјата-корисник. Сепак, јавните набавки може да се направат од страна на крајниот корисник, преку централизиран надлежен јавен орган.

Прифатливите трошоци ќе бидат пријавени во контекст на годишниот извештај. Трошоците може исто така да се темелат и на износи со рамна стапка (како што се на пример дневниците), во согласност со условите и стапките кои важат во земјата за слични дејства, кога не е вклучено ЕУ - кофинансирање. Сите трошоци во однос на експерти и другите учесници ќе бидат ограничени на оние од и оние кои одат до земјите кандидати и земјите-членки.

Во оваа мерка нема да се прифаќаат активностите кои се финансирани или се предвидени да бидат финансирани во рамките на твининг договорите и други проекти поддржани со другите компоненти на ИПА.

Техничката помош за поддршка во поставувањето на системи за управување и контрола се прифаќаат пред почетното "доверување на задачи за имплементација од буџетот", за трошоците настанати по 1 јануари 2014 година.

6. ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ

Дејствувањето е оправдано под услов да е покриено со индикативен "Годишен План за Техничка Помош, кој претходно е одобрен од страна на Комитетот за следење. Годишниот план ќе се разложи во следниве категории:

1. подготвителни активности.;
2 .активности за управување.;
3. активности за следење;
4. активности за евалуација;
5.активности за административна поддршка.;
6. информатички и комуникациски активности.;
7. активности за вмрежување, и
8. активности на контрола и ревизија.

Прифатливите трошоци може да бидат дополнително наведени во листата на прифатливи трошоци.

6.1 Тип на прифатливи активности

Во рамките на оваа мерка, се прифаќаат следниве активности, под услов тие да се покриени со индикативен акциски план за техничка помош:

а) Трошоци за состаноци на Комитетот за Следење, вклучувајќи ги трошоците за сите експерти и другите учесници, каде што нивното присуство се смета за неопходно за да се обезбеди ефикасна работа на Комитетот.

б) Други трошоци кои се неопходни за исполнување на обврските на Комитетот за следење, а кои потпаѓаат под следниве категории:

- стручна помош за да се разгледаат и прегледаат основите и индикаторите на програмата;
- експерти за да помогнат или да даваат совети на Комитетот за Следење во врска со спроведувањето и функционирањето на договорите за мониторинг;
- трошоци поврзани со состаноците и задачи на работните групи;
- семинари.

в) Трошоците за информирање и кампањи за публицитет, вклучувајќи трошоци за печатење и дистрибуција.

г) Трошоци за преведување и толкување предвидени како одговор на барањата од страна на Комисијата, без вклучување на оние кои се потребни согласно примената на рамковните, секторските и финансиските договори.

д) Трошоци поврзани со посети и семинари. За секоја посета и семинар ќе биде потребно на време да се поднесе извештај во писмена форма до Комитетот за следење.

ѓ) Трошоци поврзани со "стекнување на вештини" за да се подготват потенцијалните ЛАГ за спроведување на мерката "Подготовка и спроведување на стратегии за локален рурален развој - ЛЕАДЕР пристап".

е) Трошоци поврзани со подготовката, или насочувањето на имплементација, на мерки во програмата за да се обезбеди нивната ефективност, вклучувајќи ги оние мерки каде што примената е предвидена во подоцнежна фаза.

ж) Трошоци за евалуација (проценка) на програмата.

з) Трошоци поврзани со воспоставувањето и работењето на национална мрежа за поддршка на координацијата на активностите за подготовка и спроведување на стратегиите за локален рурален развој. Исто така може да се покриваат трошоците поврзани со идното формирање на националната мрежа за рурален развој во согласност со правилата на земјите-членки на ЕУ, како и трошоци поврзани со учеството во Европската мрежа за рурален развој.

s) Поддршка за плата, во која се зема во предвид нивото на платите на пазарот на трудот со цел да се задржат вработените и да се изгради/продолжи „know-how“ во администрацијата. Воведувањето на овој трошок може да се направи единствено по претходна согласност од страна на Комисијата и може да биде ограничен со време.

и) Трошоци поврзани со поставување на специфични делови на системот за управување и контрола, со цел да се зголеми ефективноста и ефикасноста преку краткорочни конкретни активности.

6.2. Примери на прифатливи активности:

1. Активности поврзани со организирање на состаноци и функционирање на Комитетот за следење на програмата (КС) и неговите работни групи, вклучувајќи ги и трошоците на членовите на КС/работни групи и трошоците за експертите и другите учесници чие присуство е потребно за МК и/или неговите работни групи, за ефикасно вршење на нивните функции;
2. Извршување анализи, студии, истражувања и други технички извештаи од надворешните стручни лица кои се потребни за целите за ефикасно управување на програмата од страна на Телото за управување, Мониторинг Комитетот и/или неговите работни групи, и ИПАРД Агенцијата. Собирање статистички информации и аналитички податоци во врска со области од политиката на програмата каде што се интервенира, со цел да се обезбеди висок квалитет на известување.
3. Подготовка и дистрибуција на информации за помош во рамките на програмата, вклучувајќи:

- Подготовка на информативни и рекламни материјали
- Дизајн, печатење и дистрибуција на материјали (документи, извештаи, упатства, постери, брошури, флаери, приручници, упатства, правила, итн) за промоција на мерките и практични аспекти на програмата и имплементација на проектот;
- Производство и дистрибуција на информативни и едукативни парчиња, нивно емитување и објавување во електронските и печатените медиуми, медиуми на отворен простор, интернет промоции.
- помош за подготовка и спроведување на комуникациски план како што е наведено во Дел 15 од оваа програма, вклучувајќи и настани за публицитет, за тоа како да се пристапи до мерките на Програмата и да се спроведуваат проектите, како и за постигнување на нејзините цели и приоритети (како што се семинари со социо-економски партнери и потенцијални корисници, надворешна експертска поддршка за понатамошен развој и пречистување на комуникацискиот план и понатамошен развој и одржување на веб-страниците на МЗШВ и ИПАРД Агенција кои се посветени на програмата за обезбедување на информации за потенцијалните корисници во однос на можностите да се добие поддршка и за резултати од спроведувањето на програмата;
- организирање на ад-хок настани за публицитет кои се поврзани со програмата, а кои се покренуваат на барање на потенцијалните корисници или социо-економски партнери и кои директно се применуваат од страна на администрацијата на МЗШВ;

4. Висок стандард на услуги за преводи и толкување за потребите на Програмата;
5. Организација и учество во тренинг активности за администрација која е ангажирана во управувањето со програмата, спроведување, контрола, мониторинг и евалуација, вклучувајќи и соработка помеѓу ТУ и слични институции од земјите-членки на ЕУ, вклучувајќи се што се однесува од комуникацискиот план;

6. Развој, инсталација, надградба и одржување на компјутеризирани системи за управување, следење и евалуација (вклучувајќи хардвер и софтвер), како и ангажирање на надворешни ИТ експерти за овие задачи;
7. Тековна, среднорочна и ex-post евалуација на програмата, вклучувајќи студии, анализи, собирање на податоци и др за целите на ex-ante;
8. Ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013;
9. Дополнителни исплати за постојаниот персонал кој е ангажиран во задачи кои се директно поврзани со управувањето, следењето, евалуацијата и контролата на програмата и утврдени во описот на работните места на овие вработени.
10. Трошоците за вработување и персоналот за дополнителен персонал во ТУ и ИПАРД Агенција кои се потребни со цел да се зајакне капацитетот на администрацијата, кои се ангажирани во управување, спроведување, контрола, следење и оценување на Програмата
11. Учество на администрацијата ангажирана во управување на Програмата на техничките состаноци со службите на Европската комисија и во комисии на ЕК / работни групи за кои немаа надоместок од ЕК.
12. Трошоци поврзани со поставување и функционирање на националната мрежа за рурален развој (вклучувајќи ги и нејзините придонеси, членство и сродни трошоци за учество во работата на Европската мрежа за рурален развој), како што е опишано во делот 9 од оваа Програма.
13. Ангажирање на консултанти/организации/експерти за извршување на краткорочните и долгорочните задачи и активности кои се однесуваат на програмата за управување, под целосна одговорност на Телото за Управување. Ќе се ангажираат надворешни експерти така што и тие ќе помогнат во подготовката, спроведувањето и следењето на спроведувањето на постоечките и новите мерки;
14. Активности во врска со градење на капацитети и подготовка на стратешките и програмските документи за следниот програмски период (пост 2020).
15. Трошоци поврзани со "стекнување на вештини" за подготовка на потенцијалните ЛАГ-ови за спроведување на мерката "Подготовка и спроведување на стратегии за локален рурален развој - ЛЕАДЕР пристап".

7. ВИСИНА НА ПОДДРШКА

Висината на подршка, (Висина на финансирање), изразена како дел од јавната поддршка во прифатливи трошоци изнесува до 100%, каде што стапката на придонесот на ЕУ е 85%, а 15% е национален придонес.

Пред-финансирањето може да биде обезбедено од националниот придонес, но во никој случај не се смета како трошок кој треба да биде надоместен од страна на Комисијата.

8. ИНДИКАТИВЕН БУЏЕТ

Табела 47 : Индикативен финансиски план

Година	Вкупно прифатливи трошоци	Јавни трошоци					
		Вкупно		Придонес од EU		Придонес од државата	
	EUR	EUR	%	EUR	%	EUR	%
1	*2=3+9*	*3=5+7*	*4=3/2*	*5*	*85%*	*7*	*15%*
2014	235.294	235.294	100%	200.000	85%	35.294	15%
2015	235.294	235.294	100%	200.000	85%	35.294	15%

2016	235.294	235.294	100%	200.000	85%	35.294	15%
2017	282.353	282.353	100%	240.000	85%	42.353	15%
2018	470.588	470.588	100%	400.000	85%	70.588	15%
2019	658.824	658.824	100%	560.000	85%	98.824	15%
2020	705.882	705.882	100%	600.000	85%	105.882	15%
Total	**2.823.529**	**2.823.529**	**100%**	**2.400.000**	**85%**	**423.529**	**15%**

9. ИНДИКАТОРИ

- БРОЈ НА ПОДРЖАНИ АКТИВНОСТИ (120)

  • Број на промотивни материјали за општи информации на сите заинтересирани страни (летоци, брошури и сл) (200.000);
  • Број на јавни кампањи (20);
  • Број на поддржани експертски задачи (25);
  • Број на работилници, конференции, семинари (25);
  • Број на состаноци на Комитетот за следење (14);
  • Број на студии за изработка и спроведување на мерките на програмата (4);
  • Број на извештаи за Програмата за евалуација (7);
  • Број на поддржани активности за руралните мрежи (10);
  • Број на потенцијалните ЛАГ-ови кои ќе бидат подржани (5)

  Збирот на индикатори треба да завршен со збир на активности вклучени во "Технички годишен план за помош", онака како што е одобрено од страна на КС.

10. АДМИНИСТРАТИВНА ПРОЦЕДУРА

Телото за Управување секоја година изготвува индикативен акциски план за активности предвидени со мерката за техничка помош кои се доставуваат до Комитетот за следење на ИПАРД, на одобрување.

Оваа мерка ќе се спроведува во согласност со внатрешните постапки за управување и контрола воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од страна на НАО и "доверени задачи за спроведувањето на буџетот" од страна на Комисијата.

Сите проекти мора да бидат подготвени во согласност со правилата за надворешна помош на Комисијата, содржани во Финансиската регулатива. За таа цел примената на PRAG може да се прилагоди на спецификите на националното законодавство за јавни набавки и на тој начин да се почитуваат главните принципи на Договорот, како на пример: транспарентност, пропорционалност, еднаков третман, недискриминација и треба да обезбеди стабилно финансиско управување (вредност за пари).

Договорите (освен договорите за персонал, дневници и други трошоци пониски од 2 500 евра) треба да се доделат по реализирање на соодветните постапки за јавни набавки.

Во случај корисникот да нема капацитет за вршење на јавните набавки во согласност со правилата за јавни набавки кои се применуваат за оваа мерка, јавните набавки може да бидат направени во корист на крајниот корисник, од страна на централизиран надлежн јавен орган (тоа да се одлучи во текот на акредитацијата на оваа мерка).

11. ГЕОГРАФСКИ ОПСЕГ НА МЕРКАТА

N / A

12. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Активностите за техничка помош поддржани во рамките на програмскиот период 2014-2020 може да се однесуваат на претходните и последователните програмски периоди. Затоа, техничката помош која е наменета за програмскиот период 2014-2020 може да се користи за да се олесни на пример, затворање на претходните програмски периоди, особено во однос на ex-post евалуација на програмите 2007 – 2013 или подготовка за програмирање за периодот по 2020 година.

9. Национална мрежа за рурален развој

Националната мрежа за рурален развој (НМРР) во земјата ќе работи во согласност со националниот контекст и политиката на рурален развој, како и административната и социјалната култура на заинтересираните страни на локално, регионално и национално ниво. Националната мрежа за рурален развој ќе му биде партнер на МЗШВ во одредување на приоритетите во руралниот развој и промените кои треба да се направат во оперативните политики со цел подобрување на ефектот од нејзиното спроведување; подобрување на дијалогот со граѓанското општество и проширување на своето учество во процесот на донесување одлуки; како и во процесот на планирање, програмирање, следење и спроведување на политиката за рурален развој.

Организации и јавни институции кои се составен дел на НМРР
Главниот принцип за учество во НМРР е организирано и репрезентативно членство на организациите и институциите кои работат на одржлив локален и регионален развој, унапредување на вработеноста и подобрување на квалитетот на живот во руралните средини. Другиот главен принцип кој го предодредува типот на учесниците во мрежата се однесува на застапеноста на сите групи на потенцијални корисници во рамките на Програмата.

Привремено, учесниците во НМРР можат да се поделат во две категории:
1. Организациите што ги застапуваат различните категории на потенцијални примателиод ИПАРД, со директен или индиректен интерес во примената на мерките од Програмата.

1.1. Организациите што ги претставуваат потенцијалните примателипод целите 1 и 2 од мерките[47] се земјоделските здруженија, земјоделски комори, групи на производители и здруженија на земјоделски задруги, здруженија на сопственици на приватни шуми; подрачни организации за преработки; непрофитни организации за заштита на животната средина, агро-екологија и шуми; земјоделски, шумарски и рурално истражувачки институти; образовани институции; организациите за обука во земјоделскиот и шумарскиот сектор.

1.2. Организациите што ги претставуваат потенцијалните примателипод целите 3 и 4 од мерките[48] се руралните општини; здруженија на општините; локални, регионални или национални непрофитни организации и нивните мрежи; невладините организации кои работат во доменот на одржлив локален развој и руралните средини, вклучувајќи ги и организациите кои работат за интересите на припадниците на малцинските групи, жени, млади, деловните производители и филијали на организации кои работат во руралните средини; занаети, невладини организации во областа на руралниот туризам, заштита на животната средина, културното наследство; социјална заштита. Организациите што ги претставуваат потенцијални примателиза цел 3, особено за *ЛЕАДЕР,* се Локалните акциони групи и нивната неформална мрежа; останати локални примателипод стратегиите за локален развој.

[47] Види дел 6.2.1 и дел 6.2.2 од оваа Програма
[48] Види дел 6.2.3 и 6.2.4 од оваа Програма

2. *Администрација*: МЗШВ, ИПАРД Агенцијата, АПРЗ и нивните регионални и локални структури; другите министерства и агенции и нивните регионални структури поврзани со развојот на руралните средини; општини и градски совети.

Постапка и временски распоред за утврдување на НМРР:
НМРР ќе биде отворена и транспарентна со цел да се овозможи учеството на сите репрезентативни организации на засегнатите страни со директен или индиректен интерес во руралниот развој. Постапката за упис во НМРР ќе биде по пат на отворен јавен повик и во јавен регистар.

Процесот за воспоставување на НМРР ќе започне во 2015 година со обезбедување на техничка помош финансирана од ИПА ТАИБ за поддршка на Телото за управување за основање на НМРР и функционирање[49]. Основната задача на проектот за техничка помош е подготовка на концептот за создавање на НМРР земајќи го во предвид изборот помеѓу две можни опции: (1) Може да се воспостави во рамките на администрацијата - Телото за Управување или (2) целосна или делумна надворешна соработка преку еден или неколку договори. Првата опција претпоставува постоење на внатрешен институционален капацитет, додека вториот претпоставува подготвеност на локалните актери за вмрежување за рурален развој. За спроведување на оваа задача, ќе се изврши детален преглед на постоечките институции и напорите за вмрежување. За предложениот концепт треба да се направи консултација со релевантните заинтересирани страни, а по одобрувањето, ќе се даде дополнителна поддршка за изработка на сет на правни документи и процедури за воспоставување и функционирање на НМРР во согласност со усвоената опција.
Понатаму, стратегијата на НМРР за 2014-2020 ќе биде подготвена преку идентификација на тематски области на работа и Акциски план за 2014-2020 година. Основните категории на активности на кои треба да се обрати внимание во акциониот план (но нема да се ограничени) ќе бидат:
- Идентификација, анализа и обезбедување на информации во врска со добри практики (на различни теми вклучени во Стратешките насоки на ЕК, Националниот стратегиски план и ИПАРД програмата: иновации, обновливите извори на енергија, вработување во руралните средини);
- Идентификација и размена на искуства и знаења поврзани со административни правила, процедури и механизми применети во рамките на ИПАРД програмата;
- Обезбедување информации за корисниците на мрежата - потенцијалните корисници на мерките во рамките на ИПАРД програмата;
- Подготовка и водење на семинари за обука и обезбедување стручна поддршка за развој на капацитетите за потенцијалните корисници;
- Организација на истражување за потребите на ИПАРД Програмата;
- Помош во процесот на градење и зајакнување на капацитетот на ЛЕАДЕР ЛАГ;
- Претставник на Националната рурална мрежа во рамките на Европската рурална мрежа.

Избраните активности од Акцискиот план ќе се спроведуваат на пилот-ниво. Техничката помош ќе резултира со формирање на НМРР и постигнување на нејзиното функционирање, овозможувајќи му на Телото за управување да ја поддржи НМРР преку мерката за техничка помош во рамките на оваа програма и овозможување на ИПАРД Агенцијата да ги контролира и проверува плаќањата. Овие резултати се планирани да се постигнат до средината на 2016 година. Обезбедувањето на обемни информации за можностите презентирани од страна на НМРР, а од тука и мотивацијата за активно приклучување и учество на заинтересираните социо-економски партнери ќе биде промовирана со поддршка на техничката помош преку 8 регионални работилници.

Управување со активности поврзани со НМРР

[49] ИПА ТАИБ Проект со проектно фише"Земјоделство и орурален развој" 2010 "Вовед на нови ИПАРД мерки кои треба да се спроведат под ИПАРД II" (планиран почеток во јануари 2015, планиран крај во јуни 2016)

Стратешките одлуки за активностите поврзани со НМРР треба да се донесат од страна на Мониторинг Комитетот за ИПАРД II. Мониторинг Комитетот за ИПАРД II ќе одлучи за видот на информациски/комуникациски средства кои ќе се користат, форумите кои треба да се водат, обемот на тематска работа која треба да се врши под покровителство на НМРР. Овие ќе бидат поставени во Акцискиот план имплементиран од страна на "контакт-точка" или "управувачка единица" за НМРР под надзор на Телото за управување.

Техничката поддршка, оперативната и информациска координација помеѓу учесниците во НМРР ќе се врши преку "Контакт-точка"/"Управувачка единица", која ќе ги обезбеди потребните човечки ресурси и експерти потребни за спроведување на акцискиот план на НМРР. Надворешниот орган кој ќе ја преземе оваа функција ќе биде избран од страна на Телото за управување, по спроведена конкурентна тендерска постапка. Додека да се избере таква организација/единица, задачите за координација во однос на НМРР и нејзините врски со Европската мрежа за рурален развој (ЕМРР) и подготвителните работи за утврдување на Акцискиот план ќе бидат направени од страна на Телото за управување.

Прифатливи трошоци

Работењето на НМРР ќе биде финансирано од мерката за техничка помош, под оваа програма, а ќе бидат покриени следниве видови на трошоци:

- Избор на контакт-точка/Управувачка единица;
- Оперативно работење на управувачката единица на НМРР, вклучувајќи воспоставување на средства за комуникација, размена на платформи и др.;
- Подготовка на Акциски план и негова имплементација.

Буџет за НМРР

Буџетот ќе се користи за покривање на трошоците потребни за да се води мрежата и трошоците за спроведување на Акцискиот план. Буџетот наменет за поддршка на мрежата ќе биде дефиниран во 2016 година и вклучен како модификација на Програмата. Сепак, сумата за покривање на трошоците потребни за да се води мрежата (контакт-точка/управувачка единица) не смее да надмине 25% од целокупниот буџет на НМРР.

10. ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОМПЛЕМЕНТАРНОСТА НА ИПАРД СО МЕРКИТЕ ФИНАНСИРАНИ ОД ДРУГИ (НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ) ИЗВОРИ

10.1. Критериуми за демаркација на ИПАРД со поддршката во рамките на други области на ИПА политиката

Најблиската интеракција на оваа Програма се очекува со Програмата и активностите поврзани со регионалната конкурентност во туризмот, животната средина и транспортот. Ќе се воспостави тесна координација помеѓу Телото за управување, МЖСПП, Министерство за транспорт и врски и Министерство за локална самоуправа на ниво на програмирање и со ИПАРД Агенцијата на ниво на проект (потенцијална размена на извештаи за податоци за избраните проекти за финансирање).

Критериумите за демаркација со секторите од областа на транспортот и животна средина и локална и регионална конкурентност во рамките на областите на ИПА политиката за "социо-економски и регионален развој" ќе се засноваат на следниве основни принципи:

1) според видот на засегнати територии - урбани/рурални;
2) од големината на населбите/општините;
3) според видот на корисниците;
4) по вид и/или големина на активности избрани во рамките на секоја политика;
5) преку воспоставување на механизми за административна координација на програмско ниво за да се обезбеди конзистентност.

Инвестициискиот дел од активностите на регионалната конкурентност ги надополнува и има многу блиски врски со приоритетните области “промовирање на рамномерен територијален рурален развој" и "трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и руралните средини" на оваа Програма (види дел 6.2.3 и 6.2.4 од оваа Програма). Работењето во рамките на програмата/активностите во смисла на локална и регионална конкурентност ќе се фокусира на подобрување на јавното образование, здравствената заштита, инфраструктурата поврзана со бизнисот на регионално и на национално ниво кое е надвор од опсегот на интервенциите од оваа програма.

Општиот критериум за демаркација на активности кои потенцијално спаѓаат во рамките на регионалната конкурентност и оваа Програма, ќе биде според типот на засегнатата територија. Активностите на регионалната конкурентност ќе ги покријат регионите на NUTS 3 ниво (8 статистички региони) и урбаните агломерациски области (градовите и нивните околни населби), додека оваа Програма ќе ги покрие локалните административни единици во LAU 1 и LAU 2 (види список во Анекс 1, Анекс 2, Анекс 3 и Анекс 5 на оваа Програма).

Програмите поврзани со еколошките активности и оваа Програма поддржуваат заеднички активности во собирање и третман на отпадни води и системи за справување со отпад. Од тука, критериумите за демаркација помеѓу активностите од областа на животната средина и активностите од оваа Програма поврзани со отпадни води и управување со отпад, ќе бидат согласно големината на населените места и општините и согласно видовите на засегнатите територии. Еколошките активности ќе ги поддржат јавните инвестиции во собирањето и третманот на отпадните води за големите агломерации (еквивалентно на >10 000 население) во чувствителните области и нивните сливови и во согласност со *UWWTD*[50]Директивата 91/271/ЕЕЗ; и поддршка на инвестициите во интегрираните системи за управување со отпад на регионално ниво, во согласност со Рамковната директива за отпад 2000/60/ЕЗ[51]. Оваа програма

[50] Директива на Советот 91/271/ЕЕЗ од 21 Мај 1991 која се однесува на урбаниот третман на отпадните води
[51] Директива 2000/60/ЕК на Европскиот Парламент и на Советот, од 23 октомври 2000 за воспоставување на активност на Заедницата во полето на политиката за вода

ќе ги покрива административните единици на LAU 2 до 10 000 жители според последниот попис на населението (види списокот во Анекс 5 од оваа Програма).[52]

Во врска со поддршката поврзана со постапките за ублажување на климатските промени кои спаѓаат во опсегот на активности за животната средина и оваа Програма, критериумите за демаркацијата ќе бидат според видот на примателите, како и големината на активностите. Програмите кои се однесуваат на животната средина ќе го поддржат воведувањето на обновливите извори на енергија и технологиите за ниска емисија, енергетска ефикасност, активности за намалување на ризиците од катастрофи во индустријата и инвестиции кон "позеленување" на индустријата, додека оваа Програма поддржува активности за воведување на обновливите извори на енергија за сопствена потрошувачка на примателите и инвестиции во фабрики за обновливи извори на енергија со вкупни прифатливи трошоци до 3 милиони евра (трошок за основање на 1 MW централа). Управување на речните корита и други активности за заштита од поплави и спречување на лизгање на земјиштето надвор од населените места може да се еколошки активности предвидени за спроведување од страна на МЖСПП, бидејќи оваа Програма го поддржува овој тип на активности на ниво на една населба во обемот на одговорноста на општината во која се наоѓа населбата.

Програми/активности поврзани со транспортната инфраструктура и оваа Програма поддржуваат слични јавни активности кои ќе бидат демаркирани според типот на активноста и/или големината на избраните активности. Така, активностите поврзани со транспортната инфраструктура ќе поддржуваат големи проекти за патната инфраструктура, вклучувајќи ги и регионалната патна инфраструктура, автопати, главните коридори, железници и поврзана инфраструктура. Оваа програма ќе поддржува инвестиции во локалната патна инфраструктура и некласифицирани патишта и друга патна инфраструктура, што е во надлежност на локалните самоуправи како примачи. Транспортните инвестиции ќе се спроведуваат од страна на државните јавни претпријатија одговорни за патни или железнички јавни услуги или Министерство за транспорт и врски, додека во рамките на оваа Програма општините ќе спроведуваат инфраструктурни проекти за придобивки за населените места, локалните бизниси и целокупниот локален развој.

Демаркацијата со ИПА активности, поврзани со културата, ќе се постигне преку типот на активности, бидејќи оваа Програма ќе поддржува инвестиции во локалните капацитети и области од културен интерес за населените места, додека проектите за културни споменици од национално значење на целата територија на земјата ќе се обезбедат преку друга ИПА помош поврзана со активности за зачувување на културното наследство.

Активностите, кои потенцијално спаѓаат во рамките на ИПА регионалната конкурентност, ќе ги поддржат општините (и нивните здруженија); Министерството за култура, туристичките здруженија и јавните тела кои управуваат со културните споменици од национално значење, додека примателите на туристичките активности во рамките на мерките од оваа Програма може да бидат само регистрирани земјоделски производители, физички лица кои се занимаваат со економски активности во руралните средини и руралните микро и мали претпријатија за приватни туристички активности во руралните општини.

Критериуми за демаркација, во врска со развојот на човечките ресурси во областа на ИПА политиката "социо-економски и регионален развој", ќе биде врз основа на видот на примателите, како и за видот и/или бројот на избраните активности.

Поддршката за стручна обука, во рамките на оваа Програма, е поврзана со земјоделството и шумарството и е само за земјоделските производители, сопственици на шуми, како и за оние

[52] Во случај на национален попис на населението спроведен во периодот на времетраење на Програмата, Телото за управување ќе ја ревидира листата согласно резултатите од пописот, не подоцна од еден месец од датата на издавање на официјалните резултати од ДЗС.

кои се вработени во нивните задруги. Сите други видови на стручна обука ќе бидат поддржани од страна на активностите на ИПА развој на човечки ресурси (вклучително и за оние кои се вработени во секторот за преработка на храна, како и обука која е потребна за да се промовира економска диверзификација во руралните средини во сектори освен земјоделство/шумарство, независно од тоа дали обученото лице е вклучено во земјоделскиот/шумарскиот сектор или не).

Во рамките на активностите за градење на капацитети под ИПА вклучени се активности за обука на локалните и регионалните власти во однос на општите принципи во врска со добивање на финансиска помош од ИПА фондовите на ЕУ, како што се јавните набавки, ревизија, проверка на трошоците, финансиски менаџмент и контрола, хоризонталните начела, итн.

Со цел избегнување на двојно финансирање и ефикасно управување и следење на ИПА фондовите, властите планираат да постават Систем за менаџмент на информации. СМИ се заснова на клиент/сервер платформа и обезбедува пристап до сите органи од програмата (на пример, тела за управување, посредни тела, платежните агенции, членовите на комитетот за следење) и до централната база на податоци за проекти на Секторот за централно финансирање и склучување на договори во Министерството за финансии. Системот ќе биде достапен за сите институции што се вклучени во управување, спроведување, мониторинг на финансиските инструменти на ЕУ во земјата.
Ќе се обезбеди и вкрстено застапување на претставниците од Телото за управување и разни ИПА Мониторинг Комитети со цел да се олесни координацијата меѓу различните програми и финансиските инструменти на ЕУ.

Во врска со активностите за техничка помош за градење на капацитетите во рамките на ИПА, поврзани со земјоделството и руралниот развој, Секторот за ЕУ интеграција при МЗШВ е одговорен за следење на договорите во врска со останатата ИПА поддршка која се доделува во областите за земјоделство и рурален развој и на тој начин е одговорен за вкрстена проверка на можно преклопување во случај на барање на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата. Секторот за ЕУ интеграција при МЗШВ мора да ги вклучи и Телото за управување и ИПАРД Агенцијата во процесот на планирање на ИПА помошта во најголема можна мера со цел да се избегне какво било потенцијално преклопување меѓу проектните активности и оваа Програма и да се таргетира помошта за да одговара на активностите од оваа Програма.

Телото за управување е одговорно за следење на останатите активности поврзани со ИПА во областите за земјоделство и рурален развој, со цел вкрстено да ја провери нивната комплементарност и да се избегне преклопување на ниво на Програмата.

10.2. Надополнување на ИПАРД со други донатори и МФИ инструменти

Што се однесува до активностите на релевантни донатори и МФИ во областа на земјоделството и руралниот развој, Секторот за меѓународна соработка при МЗШВ е одговорен за следење на договорите и на тој начин е одговорен за вкрстена проверка на можно преклопување во случај на барање на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата.

Телото за управување е одговорно за следење на активностите на поврзаните донатори и МФИ во областа на земјоделството и руралниот развој, за да направи вкрстена проверка на нивната комплементарност и да го избегне преклопувањето на ниво на програмата. За таа цел, Телото за управување и Секторот за меѓународна соработка при МЗШВ ќе разменат плански и програмски информации и ќе обезбедат застапеност во поврзани управни или мониторинг комитети на проектите и оваа Програма.

Секторот за меѓународна соработка при МЗШВ ќе ги вклучи и Телото за управување и ИПАРД Агенцијата во процесот на планирање на донаторска и помош од МФИ во најголема можна мерка за да се избегне какво било потенцијално преклопување меѓу активностите на проектот и оваа Програма и да се таргетира помош за да одговара на активностите од оваа Програма.

ИПАРД Агенцијата ќе обезбеди да се избегнат идните двојни финансирања од донатори и активностите на МФИ со ставање на јасен "ИПАРД" печат на примените фактури или други финансиски документи од страна на овластено службено лице, пред да се изврши било какво плаќање според оваа Програма.

10.3. Критериуми за демаркација и комплементарност на ИПАРД мерките со националната политика

Обемот на помош која се доделува во рамките на оваа Програма нема да се поклопува со обемот на помошта доделена во рамките на националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Ова ќе се постигне на ниво на програма и на ниво на проект.

Телото за управување е одговорно за следење на соодветните национални политики во областа на земјоделството и руралниот развој, односно да направи вкрстена проверка на нивната комплементарност и да го избегне преклопувањето *на ниво на Програмата*. Секогаш кога се идентификуваат потенцијалните преклопувања во применетите мерки, Телото за управување ќе го извести министерот за да се избегне таквата ситуација.

ИПАРД Агенцијата е одговорна за спроведување на националните мерки во земјоделството и руралниот развој. Оттука, таа ќе биде одговорна за вкрстени проверки во базите на податоци со цел да се избегне двојно финансирање помеѓу Програмата и националните шеми за поддршка за земјоделство и рураленият развој *на ниво на проект*. Секој проект во рамките на ИПАРД Програмата, што потенцијално може да падне во опсегот на националните шеми за поддршка, ќе биде проверен за можно двојно финансирање пред негово одобрување (за време на избор на проектот и одобрување на исплати).

11. ОПИС НА ОПЕРАТИВНАТА СТРУКТУРА, ВКЛУЧИТЕЛНО СЛЕДЕЊЕ И ПРОЦЕНКА

Оперативната структура за да се воспостави во согласност со член 10 од Рамковниот договорот за програми за рурален развој, треба да биде претставена преку следните посебни органи што дејствуваат во тесна соработка:

(а) Тело за управување, јавен орган со активност на национално ниво, овластен за подготовка и спроведување на програми, вклучувајќи избор на мерки и публицитет, координација, евалуација, мониторинг и известување за предметната програма и раководен од страна на висок државен службеник со посебни надлежности; и

(б) ИПАРД Агенција, со надлежности од слична природа како платежните агенции во земјите-членки која ќе биде одговорна за публицитет, избор и одобрување на проекти, како и авторизација, контрола и евиденција на преземените обврски и плаќања и извршување на плаќања.

11.1. Опис на Оперативната структура (Тело за управување и ИПАРД Агенција) и нивните главни функции

11.1.1 Тело за управување

Во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој МЗШВ е надлежен орган за управување и координација на политиките за рурален развој.

Секторот за управување со ИПАРД фондовите во рамките на МЗШВ е административна единица која дејствува како Тело за управување (ТУ) на оваа програма определено во согласност со член 10 од Рамковниот договор, со одговорности за спроведување на активности на управување во однос на следење, евалуација и известување за спроведувањето на програмата, координација на работата на Комитетот за следење на ИПАРД II, како и спроведување на активности на публицитет како дел од функциите за имплементација.

Телото за управување со ИПАРД е одговорно за ефикасно, ефективно и правилно управување и спроведување на Програмата. Телото за управување е особено одговорно за:
а. изработка на ИПАРД II Програмата и сите измени и дополнувања на истата;
б. контрола и проверливост на мерките утврдени во соработка со ИПАРД агенцијата;
в. избор на мерки во ИПАРД II програмата;
г. потврдува постоење на соодветна ажурирана национална правна основа за имплементација на ИПАРД II;
д. следење и помагање на работата на Комитетот за следење на ИПАРД II, особено преку обезбедување на документи потребни за следење на квалитетот на спроведувањето на ИПАРД програмата;
ѓ. изготвување на годишни извештаи и по нивното разгледување од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II доставување на истите до Комисијата;
е. воспоставување, одржување и ажурирање на систем за следење, известување и информирање;
ж. публицитет на Програмата во согласност со условите за публицитет на ЕК.

Телото за управување има одговорност во улога на секретаријат на Комитетот за следење и изготвување на документи кои се потребни за работа на Комитетот за следење. ТУ ќе изготвува годишни и финални извештаи за спроведувањето на програмата и по консултации со ИПАРД Агенцијата, а по одобрение од Комитетот за следење на ИПАРД II, ќе ги доставува до Комисијата, Националниот ИПА координатор (НИПАК) и НАО.

Раководителот на Телото за управување е назначен висок државен службеник со посебни одговорности за извршување на функции на управување со ИПАРД II програмата. Раководителот на Секторот за управување со ИПАРД фондовите е раководител на административната единица која дејствува како Тело за управување и ја помага активноста на управување и одговорностите на раководителот на Телото за управување. Улогата на Секретаријат на Комитетот за следење е доделена на одделение во рамките на Секторот за управување со ИПАРД фондовите одговорно за координација на Комитетот за следење на ИПАРД II. Секретаријатот е управуван од страна на раководителот на Одделението и одговара пред раководителот на Секторот за управување со ИПАРД фондовите. Секретаријатот е одговорен за целокупната координација на програмско ниво и обезбедува административна поддршка на Комитетот за следење како и на неговиот претседател.

На **стратешко ниво**, **управувањето со програмата** ќе биде поддржано преку работата на Комитетот за управување со програмата, формиран од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (министерот). Со Комитетот за управување со програмата ќе претседава Министерот и ќе се состои од претставници на сектори во МЗШВ кои се директно поврзани со спроведување на Програмата, како и директорите на ИПАРД Агенцијата, Агенцијата за храна и ветерина, АПРЗ и јавните претпријатија и други институции поврзани со спроведувањето на Програмата вклучувајќи и потенцијални корисници на средства. Одделение во рамките на Секторот за управување со ИПАРД фондовите ќе биде овластено да дејствува како секретаријат на Комитетот за управување со програмата. Комитетот за управување со програмата ќе има редовни средби, најмалку две годишно.

На **оперативно ниво функциите на Телото за управување** се извршуваат од страна на одделенијата во рамки на Секторот за управување со ИПАРД фондовите, организирани за исполнување на функции на управување (програмирање, следење, евалуација, известување,

координација на работата на КС) и публицитет. Организационата структура на Телото за управување е разработена во правилата за внатрешната организација на МЗШВ кои ги донесува министерот. За ефикасна работа на Телото за управување, од страна на раководителот на ТУ, ќе бидат подготвени и предложени пишани оперативни процедури кои ќе треба да бидат одобрени од страна на министерот, а се предмет на добивање на претходна согласност (национална акредитација) од страна на Националниот координатор за авторизација. Организацијата и функционирањето на Телото за управување е предмет на акредитација од страна на Националниот координатор за авторизација согласно определени критериуми за акредитација наведени во Секторскиот договор.

Спроведувањето на програмата се врши од страна на **Телото за управување и ИПАРД Агенцијата**. **Блиската соработка меѓу Телото за управување и ИПАРД Агенцијата** и обезбедување на соодветен проток на информации е потврдена преку посебен договор/согласност потпишан од страна на раководителите на двете страни во кој/а сите конкретни обврски/делегирани/поделени функции/активности во врска со спроведувањето на Програмата се опишани во детали. Содржината и периодичноста на известувањето од страна на ИПАРД Агенцијата до Телото за управување исто така е наведено во договорот.

Телото за управување е вклучено во спроведувањето на мерките "Имплементација на стратегиите за локален развој - ЛЕАДЕР пристап", "Унапредување на обуките" и "Техничка помош".

Обврските и одговорностите меѓу Телото за управување и ИПАРД Агенцијата во спроведување на одредени мерки во рамките на оваа програма ќе бидат предмет на посебни договори за соработка.

Телото за управување може да делегира дел од своите задачи на друго тело. Кога делови од задачите на ТУ се делегирани на друг орган, Телото за управување ја задржува целосната одговорност за ефикасноста и точноста на управувањето и спроведувањето на овие задачи.

11.1.2 ИПАРД Агенција

Со цел за спроведување на Програмата и исплатата на средства, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе делува како ИПАРД Агенција. ИПАРД Агенцијата се основа како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице со седиште во Скопје[53]. Агенцијата ги извршува активностите во рамките на нејзините овластувања врз основа на начелата на законитост, стручност, професионалност, одговорност, ефикасност и транспарентност.

За целите на спроведување на Програмата ИПАРД Агенцијата добива акредитација од националниот координатор за авторизација и "доверување на задачи за реализација на буџетот" од страна на Европската комисија. Начинот и постапката за добивање на акредитација од националниот координатор за авторизација поблиску се уредуваат со Секторскиот договор и во Владините подзаконски акти, додека начинот и постапката за добивање на "доверување на задачи за реализација на буџетот" од страна на Комисијата се уредува со билатерални договори меѓу земјата и Европската унија (Рамковен договор, Секторски договор и договорите за финансирање).

ИПАРД Агенцијата меѓу другото ќе ги исполнува и следниве активности за спроведување и плаќање:

a. подготовка на повици за користење на средства и објавување на начинот и условите за прифатливост и користење на средства;

[53] Закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сл.весник 72/2007; 5/2009

б. избор на проекти што ќе се спроведуваат во согласност со критериуми и механизми применливи за ИПАРД II програмата, како и во согласност со националните и релевантните правила на Унијата;
в. утврдување на обврските од договорот во писмена форма меѓу ИПАРД Агенцијата и крајниот корисник на средства вклучувајќи информации за можните санкции во случај на не-исполнувањето на тие обврски и каде што е потребно издавање на одобрение за започнување со работа;
г. извршување на исплати како и поврат на средства од крајниот корисник;
д. извршување на контроли на лице место за да се утврди прифатливоста пред и по одобрување на проектот;
ѓ. вршење на проверки за да се потврди дека пријавените трошоци, всушност, се направени во согласност со применливите правила, производите или услугите се во согласност со одлуката за одобрување и барањата за исплата од страна на крајните корисник се правилни. Овие проверки треба да ги опфаќаат финансиските, административни, технички и физичките аспекти на проектите, како што е соодветно;
е. активности за следење за да се потврди напредок на проектите кои се спроведуваат;
ж. известување за напредокот на мерките кои се спроведуваат споредбено со индикаторите;
з. осигурува дека крајните корисници се свесни за придонесот на Европската Унија за проектот;
s. обезбедува извештаи за неправилности;
и. обезбедува да Националниот координатор за авторизација, Националниот фонд и Телото за управување ги добијат сите информации потребни за да ги извршуваат своите задачи.

Со ИПАРД Агенцијата раководи директор, кој го именува и разрешува Владата. Именувањето на директорот се врши врз основа на неговата/нејзината стручност и компетентност. Мандатот на директорот трае четири години.
Функциите на ИПАРД Агенцијата се поделени во три основни функции за плаќање:

1. Авторизација и контрола на финансиските обврски и плаќања - да се утврди дека износите кои треба да се исплатат на корисниците се во согласност со правилата на Унијата, вклучувајќи ги и административните контроли и контрола на лице место;
2. Извршување на плаќања - да се исплати авторизираниот износ на корисникот (или неговиот/нејзиниот претставник), или во случај на руралниот развој, деловите за ко-финансирање од Унијата и националниот буџет;
3. Сметководство за превземени обврски и плаќања - да ги зачува/евидентира сите плаќања од посебни сметки на ИПАРД Агенцијата за ИПАРД трошоци во форма на информативен систем.
4. Управување со долгови - да ги зачува/евидентира сите износи во книга на должници вклучувајќи нерегуларности.

Со цел да ги исполни овие функции, ИПАРД Агенцијата е структурирана на таков начин што ќе се обезбеди јасно разграничување на правата и обврските на сите оперативни нивоа и поделбата на четирите функции споменати погоре.

11.2. Опис на системите за мониторинг и евалуација

Системот за мониторинг/следење и евалуација/проценка има за цел да обезбедува на институциите и заинтересираните страни, ангажирани во управувањето со програмата и нејзиното спроведување, прецизни информации за резултатите и влијанијата на програмата, како би се овозможило носење на релевантни управувачки одлуки.

Напредокот, ефикасноста и ефективноста на ИПАРД II програмата во однос на нејзините цели ќе се мери со индикатори кои се однесуваат на почетната ситуација како и напредокот во однос на финансиското извршување во согласност со член 51 од Секторскиот договор. Оттука, преку мониторингот/следењето ќе се собираат информации за буџетските инпути, активности/финансирани инвестиции и непосредните резултати од проектите. Индикаторите

можат да бидат дополнети, каде е релевантно, со ограничен број на дополнителни показатели специфични за Програмата.

Целокупната одговорност за следењето на Програмата е во Секторот за управување со ИПАРД фондовите, како и Телото за управување и Комитетот за следење на ИПАРД II. Во рамките на задачите за следење Телото за управување и Комитетот за следење на ИПАРД II ќе ги следат ефикасноста и квалитетот на спроведувањето на програмата и ќе поднесуваат извештаи до Комитетот за следење на ИПА II и до Комисијата за напредокот на мерките.

Мониторинг активностите ќе бидат врз основа на показателите претставени во програмата. ИПАРД Агенцијата ќе ги направи потребните аранжмани за да се изгради систем за следење на таков начин што ќе собира, контролира и обезбеди давање на податоци (влез/излез/цел) до Телото за управување за мониторинг цели. Податоците собрани од страна на ИПАРД Агенцијата треба да бидат пренесени во договорен компатибилен формат за системот на мониторинг на Телото за управување каде што податоците ќе бидат собрани и ќе произведат мониторинг табели со индикатори. Телото за управување треба да укаже до ИПАРД Агенцијата во однос на потребни податоци за мониторинг, дефинирање на податоци и периодичноста на доставување на податоците. Во исто време треба да биде договорена и формата и периодичноста на собирање на податоци од корисниците од страна на ИПАРД Агенцијата. Обрасци на табели за известување за мониторинг индикаторите ќе бидат подготвени од страна на Телото за управување до ИПАРД Агенцијата. Табелите за индикаторите за следење кои ќе ги бара Телото за управување ќе бидат обезбедени од страна на Комисијата.

Што се однесува до контекст индикаторите, Телото за управување ќе ги дефинира во консултација со Државниот завод за статистика, а по потреба и со други добавувачи на податоци ќе се договори формата, начинот и периодичноста на прибирање и обезбедување податоци за “baseline” индикаторите и индикаторите за руралните подрачја. Доколку релевантни податоци по сектори и региони не бидат обезбедени или не се во употреблив формат, преку мерката "Техничка помош" може да се обезбеди поддршка за истражувања. Што се однесува на контекст индикаторите кои не се целосно достапни во почетна фаза на имплементација на програмата, а особено за индикаторите за животната средина, ќе бидат преземени понатамошни напори да во системот за следење се вклучат некои индикатори што поцелосно ќе го прикажат контекстот, резултатите и влијанијата на Програмата.

Програмата ИПАРД II ќе биде предмет на ex-ante и ex-post, а каде што се смета како соодветно од страна на Комисијата и на времени евалуации кои ќе ги спроведуваат независни оценувачи под надлежност на Телото за управување. Проценката може да се врши на политичко, стратешко, тематско, секторско, програмско и оперативно ниво, како и на национално или регионално ниво. Комисијата ќе развие методи на евалуација, вклучувајќи стандарди на квалитет и објективни и мерливи показатели кои треба да се следат од страна на Телото за управување.

Евалуацијата/проценките треба да го испитуваат:

- степенот на искористеност на ресурсите
- ефективноста и ефикасноста на програмирањето
- социо-економското влијание и влијанието на дефинираните цели и приоритети.

Ефикасноста на мерките на ИПАРД Програмата ќе се проценува врз основа на нивното целокупно влијание врз:

а. придонесот за подготовка на земјата за имплементација на acquis communautaire во врска со заедничката земјоделска политика и сродните политики;

б. придонесот кон одржлива адаптација на земјоделскиот сектор и руралните средини во земјата

в. целите на ИПАРД II програмата.

Проценките/евалуациите треба да ги опфаќаат целите на ИПАРД II програмата и да имаат за цел да се извлечат поуки за политиката за рурален развој. Тие треба да ги идентификуваат факторите кои придонесуваат за успехот или неуспехот на спроведувањето на ИПАРД II програмата, вклучувајќи ја и одржливоста на активностите и идентификација на најдобри практики. Извештаите од проценката треба да ја образложуваат применетата методологија и да вклучуваат оценка на квалитетот на податоците и наодите.
Евалуацијата на оваа програма ќе се врши со ангажирање на надворешна евалуациска експертиза финансирана преку мерката "Техничка помош", а во согласност со планот за евалуација кој треба да биде изработен од Телото за управување во согласност со член 56 од Секторскиот договор. Планот за евалуација ќе биде поднесен до Комитетот за следење на ИПАРД II не подоцна од една година по усвојувањето на ИПАРД II програмата од страна на Комисијата.

Планираната содржина на планот за евалуација е:
- Управување и координација на проценката/евалуацијата: задачи од страна на Телото за управување за тоа кој да ја организира и спроведе евалуацијата, опис на процедури, актери;
- теми за проценка/евалуација (ex-ante, тековна - на различни теми, екс-пост);
- опис на податоци и информации кои се потребни за да се спроведе евалуација, ако нема податоци на располагање превземање активности за да се обезбеди достапност на податоци;
- временски распоред: да се планира времето за планираните проценки според планираните фази за спроведување на програмата;
- комуникација на проценките кои треба да бидат достапни за јавноста;
- Ресурси во однос на човечките ресурси, административни потреби и финансиски ресурси кои се потребни за да се обезбеди спроведување на проценки/евалуација.

Телото за управување ќе поднесува извештај секоја година за резултатите постигнати во рамките на планот за евалуација до Комитетот за следење на ИПАРД II, со копии до Ревизорското тело. Резиме од активностите ќе биде вклучено во годишниот извештај за Програмата.

Квалитетот и импликациите на проценките ќе бидат оценувани од страна на Телото за управување, Комитетот за следење на ИПАРД II и Комисијата и ќе бидат јавно објавени.

Податоците од мониторингот на програмата и извештаите за тековните и среднорочни евалуации треба да му помогнат на Телото за управување во подготвувањето на збирни извештаи за напредокот во имплементацијата на Програмата.

Напредокот во спроведувањето на програмата ќе биде пријавуван до Комисијата на годишно ниво преку годишни извештаи за спроведување, како и преку конечниот извештај изготвен од страна на Секторот за управување со ИПАРД фондовите и одобрен од страна на Комитетот за следење на ИПАРД. Содржината на извештаите ќе биде во согласност со членот 59 став (5) од Секторскиот Договор.

Годишните извештаи треба да се доставуваат до 30 јуни секоја година, а првиот ќе биде доставен до 30 јуни 2016 година. Годишните извештаи за спроведување ќе ја опфаќаат претходната календарска година и треба да содржат податоци кои се однесуваат на претходната календарска година и кумулативни финансиски податоци за следење на целиот период на спроведување на ИПАРД II програмата, како и збирните табели за следење.

Телото за управување треба да изготви финален извештај за имплементација на ИПАРД II програмата. Конечниот извештај се доставува најдоцна шест месеци по крајниот датум за прифатливост на трошоците од ИПАРД II програмата во согласност со член 29 (4) од Рамковниот договор. Конечниот извештај за спроведување на Програмата за ИПАРД II треба да ги покрие целиот период на спроведување и ќе го вклучува последниот годишен извештај за спроведување.

11.3. Планиран состав на Комитетот за следење

Телото за управување во согласност со член 52 од Секторската спогодба ќе го воспостави Комитетот за следење на ИПАРД II.

Комитетот за следење/мониторинг (МК) на ИПАРД II ги надгледува ефикасноста и квалитетот на спроведувањето на програмата во однос на програмските цели и затоа треба да ги анализира резултатите од ИПАРД II програмата особено постигнувањето на целите поставени за различни мерки, како и напредокот на искористување на финансиските средства за тие мерки врз основа на информациите обезбедени од страна на Телото за управување.

Комитетот за следење/мониторинг (МК) особено:
- треба да се консултира во рок од четири месеци по одлуката за одобрување на Програмата за критериумите за избор на активности кои ќе бидат финансирани. Критериумите за избор ќе се ревидираат во согласност со потребите за програмирање;
- периодично го разгледува напредокот кон постигнување на специфичните цели на програмата, врз основа на документите доставени од страна на Телото за управување;
- ги проверува резултатите од спроведувањето, особено остварувањето на целите за секоја оска и тековните проценки;
- ги разгледува и одобрува Годишниот извештај за остварениот напредок и конечниот извештај за напредокот пред да се испратат до Комисијата;
- може да му предложи на Телото за управување корекции или разгледување на Програмата во насока на постигнување на определени цели или подобрување на нејзиното управување, вклучувајќи го и финансиското управување;
- ги разгледува спроведените проценки/евалуација на ИПАРД II програмата;
- ги разгледува и одобрува планот за видливост и комуникации и сите последователни ажурирања на планот;
- треба да биде консултиран за активностите поддржани со техничка помош од ИПАРД II програмата. Секоја година разгледува и одобрува индикативен годишен акциски план за спроведување на активности за техничка помош, вклучувајќи индикативни износи за потребите на информирање;
- го разгледува и одобрува секој предлог за измена и дополнување на финансискиот план на Програмата.

Комитетот за следење ќе биде воспоставен со одлука од страна на Владата или министерот. Комитетот за следење на оваа програма ќе се воспостави најдоцна во рок од три месеци по усвојување на програмата од страна на Комисијата (односно од денот на издавање на решението на Комисијата за одобрување на оваа Програма).

Комитетот за следење ги вклучува сите клучни партнери за руралниот развој (со право на глас):
- економските и социјалните партнери;
- надлежните регионални, локални и други јавни органи;
- Европската комисија, по сопствена иницијатива, може да учествува во работата на Комитетот во советодавна улога;
- други соодветни тела на граѓанското општество, невладините организации (вклучувајќи ги и еколошките организации и оние кои се одговорни за промовирање рамноправност).

Комисијата, оперативната структура, НАО и НИПАК ќе учествуваат во работата на Комитетот за следење на ИПАРД II без право на глас.

Предвидено е дека институциите членови на МК од ИПАРД програмата 2007-2013 ќе ја формираат основата на МК на оваа програма. Со МК ќе претседава назначени висок

претставник од МЗШВ (заменик министерот или државниот секретар) преку одлука на министерот. Заменик- претседател ќе биде раководителот на Телото за управување.

МК ќе работи врз основа на Деловник за работа кој треба да се донесе на првиот конститутивен состанок (претпоставено ќе се одржи во пролетта 2015 година). МК ќе се состанува најмалку два пати годишно, во пролет и есен. Ад-хок (итни) состаноци може да се закажат доколку има итни прашања за разгледување. На пролетниот состанок МК треба да го разгледува напредокот постигнат во претходната година и да го одобри извештајот за спроведување на програмата за таа година. На есенскиот состанок МК ќе го разгледува напредокот постигнат заклучно со 30 јуни во тековната година. Доколку е неопходно МК да одлучи по одредено прашање пред датумот на одржување на следниот редовен состанок, треба да биде организирана писмена постапка.

Телото за управување ќе ги објавува сите финални одлуки од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД II програмата на својата веб-страна.

12. ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА СТРУКТУРАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Распределбата на функциите и одговорностите на структурите, органите и телата се во согласност со одредбите за индиректно управување со ИПА II средства согласно член 10 од Рамковниот договор.

Следните тела и надлежни органи се предвидени за управување и спроведување на ИПАРД програмата:

12.1. Национален ИПА координатор (НИПАК)

Националниот ИПА координатор е функција востановена во капацитетот на заменик претседателот на Владата задолжен за ЕУ интеграции како главен партнер на Комисијата за целокупниот процес на: стратешко планирање, координација на програмирање, мониторинг на имплементација, евалуација и известување на ИПА II помошта.
Во согласност со Анекс А од Рамковниот договор, НИПАК е должен:

(а) да презема мерки со цел соодветно постигнување на целите утврдени во активностите или програмите за кои се доверени задачи за спроведување на буџетот во текот на спроведувањето на претпристапната помош.

(б) да го координира изготвувањето на план за евалуација во консултација со Комисијата претставувајќи ги активностите за проценка кои треба да се превземат во различни фази на имплементација.

НИПАК, исто така, е должен да настојува администрацијата на ИПА II да ги превзема сите неопходни чекори за да се олесни спроведувањето на ИПА II програмите.

Спроведувањето на функциите на НИПАК е поддржано од страна на секретаријат воспоставен во административните единици/сектори/одделенија во Секретаријатот за европски прашања (НИПАК Секретаријат).

12.2. Национален службеник за авторизација (НАО)

Согласно член 9 од ИПА II регулативата за спроведување[54], НАО носи целосна одговорност за финансиското управување со ИПА II помошта и за обезбедување законитост и регуларност на

[72] Регулатива на Комисијата за спроведување (ЕУ) бр 447/2014 од 2 мај 2014 година за посебните правила за спроведување на Регулативата (ЕU) бр 231/2014 на Европскиот парламент и на Советот за основање на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II)

трошоците. Функциите на НАО се претставени во капацитетот на висок државен службеник во Министерството за финансии.

НАО дејствува како единствен соговорник со Комисијата за сите прашања поврзани со ИПАРД.

НАО ги проценува сите предложени промени во спроведувањето или во постапките за исплати предложени од оперативната и управувачка структура. НАО ја информира Комисијата, со примерок до Ревизорското тело, за сите значајни промени, вклучувајќи ја и проценката на НАО, со соодветно објаснување, образложение и придружни документи за проверка и одобрување пред нивното спроведување.

Согласно член 10 од Рамковниот договор за целите на спроведување на своите функции НАО воспоставува управувачка структура составена од Национален фонд (НФ) и канцеларија за поддршка на НАО.

НФ е тело во рамки на Министерството за финансии и има централни буџетски надлежности и дејствува како централен буџетски субјект. НФ е задолжен за задачите на финансиско управување со помошта во рамките на ИПА, под одговорност на НАО. НФ ќе го поддржи НАО во исполнување на неговите/нејзините задачи, особено во смисла на управување со ИПА II сметките и финансиското работење и ќе биде задолжен за задачите на финансиско управување со помошта од ИПА II, под одговорност на НАО.

НФ особено е одговорен за организирање на банкарските сметки, барање средства од Комисијата, овластување на трансферот на средства од Комисијата за оперативните структури или крајните корисници, враќање на средства во буџетот на Унијата по добивање на налози за повраток на средства издадени од страна на Комисијата и за финансиско известување до Комисијата.

Надлежен орган	Име на институција	Раководител на органот/телото	Адреса	Телефон	Е-пошта
Национален ИПА координатор	Секретаријат за Европски прашања	Г-дин. Фатмир Бесими (Д-р.)	Кеј Димитар Влахов бр.4, 1000 Скопје	+389 (0) 2 3200 104	cabinet@sep.gov.mk
Национален офицер за авторизација	Министерство за финансии	Г-ѓа Сузана Пенева	Ул. Даме Груев бр.14, 1000 Скопје	+389 (0) 2 3255 300	suzana.peneva@finance.gov.mk
Национален фонд	Министерство за финансии	Г-дин Фатмир Адеми	Ул. Даме Груев бр.14, 1000 Скопје	+389 (0) 2 3255 300	fatmir.ademi@finance.gov.mk
Тело за управување	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	Г-ѓа Мргарита Делева	Ул. Аминта трети бр.2, 1000 Скопје	+389 (0) 2 3134 447	margarita.deleva@ipard.gov.mk
ИПАРД Агенција	Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој	Г-дин Тони Димовски	Бул. Трета македонска бригада бр.20, 1000 Скопје	+389 (0) 2 3097 452	toni.dimovski@ipardpa.gov.mk
ИПА Ревизорско тело	Ревизорско тело за ревизија на претпристапната помош	Г-ѓа Лепосава Апостоловска Велинов	Ул. Васил Главинов бр. 12/1, ТЦЦ Плаза, 1000 Скопје	+389 (0) 2 3215 621	ipa_aa@aaipa.gov.mk

13. РЕЗУЛТАТИ ОД КОНСУЛТАЦИИТЕ ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ И ОДРЕДБИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ ВЛАСТИ И ОРГАНИ, КАКО И СООДВЕТНИТЕ ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ И ЕКОЛОШКИ ПАРТНЕРИ

13.1. Усвоени одредби за здружување на соодветните државни органи, тела и партнери

Во согласност со член 55 од Регулативата за спроведување на ИПА II[55], програмирањето на помош во земјоделството и руралниот развој треба да биде подготвено во тесна консултација со сите соодветни заинтересирани страни (социо-економските партнери како што е дефинирано од страна на националното законодавство во овој случај).

Сите соодветни заинтересирани страни за оваа Програма се компетентни државни, регионални, локални и други јавни органи, економските и социјалните партнери и сите други соодветни тела кои го претставуваат граѓанското општество, невладините организации, вклучувајќи ги и еколошките организации, претставници на малцинските групи, заинтересирани страни и тела одговорни за промовирање на еднаквоста помеѓу мажите и жените.

Процесот на подготовка на Програмата беше спроведен во надлежност на Телото за управување, во соработка со ИПАРД Агенцијата и во постојана консултација со сите релевантни заинтересирани страни.

Прифатен е петонасочен пристап за процесот на консултации.

1) Тековни консултации преку постојани подсекторски групи

Постојани подсекторски групи ќе бидат воспоставени во согласност со член 22 од Законот за земјоделство и рурален развој за да се обезбеди постојан и структуриран начин на соработка рамо-до-рамо помеѓу администрацијата и партнерите за да се подготват програмски документи за земјоделство и рурален развој. Тековната консултација се води во пишана форма и на состаноци. Предвидена е секретаријатска поддршка за овие групи од страна на релевантните одделенија при МЗШВ (на пример, за овошје и зеленчук, вино и грозје, за млеко и месо).

Консултацискиот процес на подготовка на програмата преку постојани потсекторски работни групи, започна во декември 2013 година, преку писмена дистрибуција на предложените ИПАРД II методолошки упатства и обрасци на фишеа за мерки (подготвени од страна на Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој и преведени од страна на Телото за управување). Исто така, беа организирани два круга на состаноци. Првиот круг состаноци беа со цел да се дефинира *SWOT* анализата и да се консултираат членовите за ажурираната анализа на подсекторот. Вториот круг од консултациите беше заради консултации за првичниот предлог на техничките фишеа за мерките што беа доставени во писмена форма до сите членови. Секретаријатот на потсекторските групи за овошје, вино, млеко и месо обезбеди континуирана и структурирана соработка со Телото за управување во изготвувањето на документот за програмирање.

Подобрениот предлог на фишеата на предложените мерки беа испратени за коментари/предлози до сите членови на постојаните потсекторски групи во периодот од 10-ти до 15 јули.

2) Работилници за заинтересираните страни

Работилниците за заинтересираните страни, со кои претседава министерот и со учество на заинтересираните страни, беа формирани да дебатираат и да создадат широк консензус на основните аспекти на политиката за рурален развој во периодот 2014-2020 година и програмскиот документ за ИПАРД 2014-2020 година. На 9-ти и 11 јули 2014, две работилници за заинтересираните страни се одржаа во седиштето на МЗШВ, каде се дискутираше за

[55] КОМИСИСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА (ЕУ) Бр. 447/2014 од 2 Мај 2014 за специфичните правила за имплеметација на Регулативата (ЕУ) бр. 231/2014 на Европскиот Парламент и на Советот за формирање на Инструмент за претпристапна помош (ИПА II)

првичните услови и барања на избраните мерки. Пред работилниците, беа доставени предлог фишеа за мерки до сите поканети учесници (109). Првата работилница, која се одржа на 9 јули 2014 година, беше наменета за земјоделските производители и руралното население, како потенцијални корисници на мерката "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства" и мерка "Диверзификација на фарми и развој на бизнисот". Сите социо-економски партнери (земјоделски здруженија, стопанските комори, туристички асоцијации, институти за земјоделско образование и истражувачки институти) беа учесници. Работилницата на 11 јули беше наменета за прехранбената индустрија, како потенцијален корисник на мерката "Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи". На оваа работилница, сите регистрирани компании за преработка на храна (според *регистрите на АХВ*) беа поканети како и здруженијата на преработувачи на храна (самостојно или како дел од стопанските комори).

3) Јавни форуми

Преку Советот за земјоделство и рурален развој ("Агро-совет") ќе се одржат два јавни форума - еден за финалната нацрт програма и еден откако програмата ќе биде одобрена. Состанокот на Советот за земјоделство и рурален развој ("Агро-совет"), основан од страна на Владата, беше свикан на 30 Септември 2014 година за да се разговара за предложената стратегија на програмата, избор на мерки, распределба на буџетот на програмата и предложените критериуми за прифатливост. Состанокот на Советот беше предводен од страна на министерот, во присуство на директорот на ИПАРД Агенцијата и раководителот на Телото за управување.

Стратегијата на оваа Програма и краткиот опис на избраните мерки се објавува на интернет страната на МЗШВ[56] каде се поканува јавноста да даде забелешки за избраната стратегија, дистрибуција на финансискиот план и мерки и активности кои треба да бидат поддржани во детален опис.

Од јавноста е побарано да даде свое мислење преку обезбедување на одговори на следниве прашања:

1. Дали избраните сектори за поддршка, како и видот на прифатливи инвестиции, соодветствуваат со реалните потреби?
2. Дали општите и посебните услови во мерките се остварливи и реални?
3. Дали предложената инвестициска вредност (минимална и максимална) во мерките одговара на потребите?
4. Дефиницијата на корисниците сосема одговара на фактичката состојба во земјоделскиот сектор и руралните средини?
5. Дали алокацијата на буџетот по мерка е прифатлив и се смета дека истиот може соодветно да се искористи?
6. Кои други мерки треба да се вклучат во Програмата?
7. Предлози/сугестии за подобрување на искористеноста на достапните ИПАРД фондови.

4) Консултации преку дискусии во фокус групи

Во периодот август-ноември 2014, беа реализирани круг на состаноци на фокус групи каде се таргетираат различни под-сектори со цел да бидат поддржани од ИПАРД 2014-2020, и тоа на секторско ниво, месо, млеко, житарици, овошје и зеленчук, занаетчии, вино, итн., со учество на економските оператори - потенцијални корисници на помош во рамките на оваа Програма.

5) Меѓувладини консултации

Во периодот јуни - јули 2014, Телото за управување одржа одвоени средби со ИПАРД Агенцијата, НАО/НФ и *АХВ* за верзијата на Програмата од 30.05.2014. Покрај средбите, ИПАРД Агенцијата обезбеди детални коментари фокусирани на фишеата на мерките (на 04.07.2014), како и *АХВ* (на 07.11.2014). Забелешките дадени од страна на ИПАРД Агенцијата и *АХВ* се земени во предвид.

[56] www.mzsv.gov.mk

Стратегијата на програмата, финансискиот план и избраните мерки официјално влегоа во меѓувладините консултации во средината на јуни 2014, како што беше предвидено во агендата на владиниот економски совет (под претседателство на премиерот) на 10 јули, 2014. Документот беше дискутиран на Економскиот совет на 24 јули со заклучоци дека треба повторно да се разгледа заедно со резултатите од целокупниот процес на консултации.

13.2 Избор на партнери за процесот на консултации – преглед

Државните органи, економските и социјалните партнери, тела кои го претставуваат граѓанското општество, вклучувајќи еколошки партнери, како и образовни и истражувачки организации, биле и понатаму ќе бидат вклучени во процесот на консултации.

Деталниот список од консултираните партнери е даден во Прилог 7 од оваа Програма.

13.3. Резултати од консултациите - преглед

Преглед на резултатите од консултациите кои се одржани до сега се дадени во Прилог 8 од оваа Програма.

14. РЕЗУЛТАТИ И ПРЕПОРАКИ ОД *ПРЕТХОДНАТА* (EX-ANTE) ПРОЦЕНКА НА ПРОГРАМАТА

14.1. Опис на процесот

Екс-анте оценувањето на нацрт-програмата беше спроведено во периодот од април 2014 - јули 2014 година од страна на тим од три меѓународни експерти, ангажирани со поддршка на ЕУ фондовите[57]. Методологијата која се користеше ги следи постапките утврдени во "Предлог упатство за екс-анте оценувањето", издадена од Генералниот директорат за земјоделство при ЕК во февруари 2014. Прелиминарниот извештај за екс-анте евалуацијата беше заснован на верзијата на Програмата од мај 2014 и нејзините последователни подобрувања во јуни 2014. Конечниот екс-анте извештај ќе биде финализиран во септември 2014. До тој датум, тимот за оценување треба да ги разгледа наодите од тековна проценка на ИПАРД Програмата 2007-2013 и да ја спореди новата програма ИПАРД II наспроти препораките добиени од заклучокот за време на континуираното оценување. Покрај тоа, тимот за оценување ќе ја разгледа НСЗРР 2014-2020 за да ја оцени стратегијата на програмата и нејзиното соодветствување со националните цели. Понатаму, тимот за оценување ќе продолжи да се состанува со широк спектар на релевантни заинтересирани страни кои се вклучени во развојот и спроведувањето на земјоделството и/или програми за рурален развој и проекти во земјата. Планирана е и теренска посета за да се сретнат корисниците на средства и да се оцени релевантноста на предложената програма во контекст на актуелната состојба во земјоделскиот сектор и руралните средини.

Ќе се направи преглед на достапноста на податоци за квантификација на листата на заеднички содржински индикатори за земјоделска/секторска анализа од страна на тим за оценување и на Телото за управување ќе му се обезбеди поддршка за формирање на мониторинг индикатори.

14.2. Преглед на екс-анте препораките

Генерално, нацрт програмскиот документ беше оценето дека е презентиран во многу јасен и конзистентен стил, дефинирајќи транспарентна црвена линија помеѓу потребите, целите и предложените интервенции и затоа претставува значителна рамка за понатамошен развој.

Анализата на состојбата во Програмата треба да биде зајакната со споредбени податоци од соседните земји и ситуацијата во ЕУ како би ги поддржала заклучоците, како што се "ниските приноси од житни култури", "вработеност во земјоделството", учеството на земјоделството во БДП, итн.

SWOT анализата се однесува на главните структурни компоненти на руралните подрачја и треба да доведе до соодветено и кохерентно рангирање на разликите што треба да се решат. Сегашната *SWOT* анализа ги дава програмските области на интервенција и не е инклузивна за целокупната состојба и потенцијалот за развој. ЕТ подготви матрица на вкрстена референтност која ги споредува *SWOT* анализата со основната анализа. Препораките за подобрување на *SWOT* се наведени од страна на оценувачите и се доставени за разгледување до Телото за управување.

SWOT анализата издвои голем број на потреби кои треба да се решат од страна на Програмата. Релевантноста на потребите за интервенции се чини соодветно, иако некои подобрувања може да се направат преку вклучување/зајакнување на специфични потреби за интервенции во поспецифични изрази наместо општи извештаи.

[57] Евалуација на ИПАРД Програмата и ЕУ помошта за секторот за земјоделство и рурален развој, (Договор N°2014 / 338197)

Општата оценка е дека фишеата за мерки, исто така, се правилно подготвени. Посебни препораки се специфицирани за секоја мерка. Во принцип, препорачливо е да се определат приоритетни критериуми, особено за мерки кои имаат широк обем на потенцијални приматели. Во поглед на Програмата "потреби за интервенција", се чини дека одредени мерки треба да се објават што е можно поскоро - особено оние кои придонесуваат за појаки капацитети на проектно управување со потенцијални таргетирани примачи, или оние кои имаат бенефит "колективни интереси" (обука, консултантски услуги, стекнување вештини, ЛЕАДЕР пристапот).

Техничката и советодавна поддршка треба да се фокусира и на создавање на ефикасна мрежа на приватни консултанти кои можат да им помогнат на корисниците во подготовка на проектните апликации. Административниот товар за услугите на ИПАРД Агенцијата, која раководи со оценувањето на предлог-проектите, може да се намали доколку документацијата што ја добиваат е согласно правилата. Покрај тоа, тимот за оценување ќе работи на оценување на административниот товар врз примателите и административниот товар врз ИПАРД Агенцијата кои произлегуваат од тековната ИПАРД Програмата 2007-2013 за имплементација на процедури и правила. Ова се оценува врз основа на интервјуа со кандидатите (одобрени и одбиени) и преглед на управната постапка применувана од страна на ИПАРД Агенцијата наспроти правилата за прифатливост на Програмата. Резултатите од оваа тековна евалуациска активност ќе бидат дел од финалниот екс-анте извештај.

Треба да се има на ум искуството со ИПАРД I кога се размислува за процедури за спроведување на програмата, со цел да се избегнат проблемите од минатото. Особено: а) треба да се обезбеди целосна транспарентност на постапките за спроведување: во однос на листата на прифатливи трошоци и детализирани причини за одбивање на проекти; б) постигнување на општите и оперативните цели на Програмата секогаш треба да се смета како приоритет, наместо да се концентрира само на постигнување на целта поврзана со "искористување на средствата предвидени за мерките". Недостатокот на "интерес" за одредена мерка или под-сектор во мерките би можело да биде прашање на недоволна информираност, лошо насочена кон потенцијалните корисници, или недоволниот пристап до почетен капитал; в) постапките мора да се поедностават колку што е можно повеќе за да се намалат трошоците на апликантите/приматели на помош.

Се чини дека е неопходна поблиска соработка меѓу Телото за управување и ИПАРД Агенцијата со цел да се обезбеди неопходната ефикасност на процедурите кои се користат за време на фазата на имплементација. Соодветната поставеност на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата и нивните интеракции е од суштинско значење за успешно остварување на целите на програмата. Специфична техничка обука на релевантниот персонал во голема мера може да помогне во спроведувањето. Политиката на задржување мора правилно да се постави и можноста за “покачување" на платите треба да се смета како опција за задржување на квалификуваниот персонал.

Прелиминарните наоди и препораки на оценувачите се дадени како Прилог 6 на оваа програма.

15. Публицитет, видливост и транспарентност во согласност со ИПА законодавството

Публицитетот и комуникациите на оваа Програма ќе се вршат во однос на планот за видливоста и комуникациските активности подготвени од страна на Телото за управување, а усогласени со Комисијата.

Овој план на видливост и комуникација ќе биде оценет од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II при што ќе се наведат:

- Целите и целните групи;

- Содржината и стратегијата на мерките за комуникација и информирање, наведувајќи ги мерките што треба да се преземат;
- Нивниот индикативен буџет;
- Административните сектори или тела кои се одговорни за спроведување;
- Критериуми кои треба да се користат за да се оцени влијанието на мерките за информирање и публицитет во однос на транспарентноста, информираноста за програмите на ИПАРД II и улогата на Унијата.

Овој план кој го покрива целиот период на ИПАРД II програмата се спроведува преку годишна листа на активности, преку превземени иницијативи и оние кои треба да се превземат, во однос на информирање на јавноста за улогата на ЕУ во ИПАРД II програмата и неговите резултати.

Телото за управување е одговорно за целокупниот мониторинг и имплементација на планот за комуникација и видливост и подготвува извештаи за напредокот во однос на спроведувањето на информативни и рекламни активности. Претседавачот ќе поднесе извештај за резултатите од активностите за видливост и комуникација на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД II и ќе приложи до членовите на Комитетот примери на такви активности.

Со цел да се обезбеди транспарентност во врска со поддршката во рамките на оваа програма, ИПАРД Агенцијата ќе биде одговорна за објавување на листата на поддржани активности и корисници со помошта од ИПА II, во согласност со условите утврдени во член 23 (2) на Рамковниот договор. Во однос на форматот на публикацијата, истата ќе биде достапна во табеларен приказ, кој овозможува податоците да бидат подредени, пребарани, извлечени, споредливи и лесно објавливи на интернет, на пример во CSV или XML формат. Листата на операции ќе биде достапна преку еден веб-сајт или на еден веб портал. Листата на активности треба да ги содржи следните податоци области:

- Име на примачот (само за правни лица, физичките лица не се именуваат);
- Назив на активноста/операцијата;
- Резиме на работата/ операцијата;
- Датум на започнување на реализација на проектот;
- Краен датум за извршување на работата (се очекува датум за физичко завршување или целосно спроведување на активностите);
- Вкупните прифатливи трошоци наменети за работа;
- Стапката на Унијата за кофинансирање, по приоритетни оски;
- Поштенски код; или друг соодветен индикатор за локација;
- Земјата;
- Име на категорија на интервенција за работа;
- Датум на последно ажурирање на листата на операции.

Листата на операции и корисници се ажурира најмалку на секои шест месеци.

Во согласност со член 23 (3) од Рамковниот договор, само договори за јавни набавки кои се предмет на "меѓународен јавен повик за тендерска постапка ќе се подготвуваат и испраќаат до Комисијата за објавување.

ИПАРД Агенцијата е исто така одговорна и за преземање на активности за публицитет односно да ги информира корисниците на ИПАРД II во однос на придонесот на ЕУ, објавување на Повици во рамките на оваа програма, подготовка и објавување на Упатството за корисници во однос на роковите и условите за прифатливост, вклучувајќи информации за договорни обврски и можни санкции во случај на непочитување на овие обврски. Покрај тоа, ИПАРД Агенцијата треба редовно да ја ажурира и објавува листата на "чести прашања и одговори" и "најчести грешки при аплицирање". ИПАРД Агенцијата ја одржува својата сопствена база на податоци на видливост и комуникациски активности. За сите превземени дејствија во согласност со планот за видливост и комуникација, ИПАРД Агенцијата периодично го известува Телото за управување.

Во однос на имплементацијата на видливоста и комуникациските активности треба да се ангажираат независни професионални организации, преку мерката за Техничка помош во рамките на оваа програма. Професионална експертиза може да се обезбеди преку мерката за техничка помош за понатамошен развој и подобрување на целокупниот пристап, содржината и информациските канали, за да се користат во рамките на планот за видливост и комуникација, и да им помогне со својата ефикасна испорака.

Националната мрежа за рурален развој, исто така, може да биде вклучена во спроведувањето на видливоста и комуникациските активности. Телото за управување, исто така, може да вклучи и други органи и партнери да делуваат како информациски релеи - локалните и регионалните власти, професионалните организации, економските и социјалните партнери, невладините организации (особено тела кои работат на заштита на животната средина).

15.1. Активности предвидени за информирање на потенцијалните корисници, професионалните организации, економски, социјални и еколошки партнери, телата вклучени во промовирање еднаквост меѓу мажите и жените и невладини организации за можностите кои ги нуди програмата и правила за добивање пристап до финансиски средства.

Телото за управување ќе има за цел да ја насочи употребата на следниве активности во однос на информирање со цел да се осигура дека тие ќе стигнат до целната публика:

Интернет

Континуирано, целосно и сеопфатно информирање за Програмата ќе се реализира преку објавување на веб страната на Програмата (www.ipard.gov.mk). Овој сајт ќе биде организиран така да содржи цел спектар на прифатливи активности во рамките на мерките, како и целосниот текст на Програмата. Веб-сајтот исто така, ќе биде редовно ажуриран со детални информации за напредокот во спроведувањето на програмата, вклучувајќи ги и потребните насоки за добивање на документи од други институции во врска со спроведувањето на мерките. Веб-страницата ќе вклучува совети/линкови до корисни информации во врска со Програмата. Веб-сајтот исто така ќе се користи и за објавување на извештаи за реализација на активностите предвидени со Планот за видливост и комуникација (на пример распоредот за одржување на семинари, работилници, веб-издаваштво на печатени материјали, упатства за работење, итн)

Информативни точки

Сите заинтересирани страни со цел добивање на повеќе информации во врска со можностите понудени во рамките на програмата и процесот на имплементација, да имаат пристап до помош во форма на информативни материјали и стручни консултации, преку посебна канцеларија за информации во рамките на МЗШВ и преку регионални/подрачни канцеларии на АПРЗ.

Посебно внимание ќе биде ставено на широката циркулација на печатените материјали и користење на локалните медиумите во случај на рурални средини каде пристапот до Интернет се уште е ограничен.

15.2 Активности предвидени за информирање на корисниците за придонесот на ЕУ

Треба да се подготват и упатства за корисниците во рамките на мерките на Програмата, со цел да се олесни процедурата за аплицирање. Упатствата ќе бидат предмет на контрола по секој повик со цел да се подобрува квалитетот на истите и да бидат разбирливи за потенцијалните корисници.

Телото за управување ќе се погрижи сите информации и активности за публицитет да ги содржат следниве задолжителни елементи:

- о Европското знаме во согласност со графичките стандарди, како и објаснување на улогата на Европската заедница.
- о Сите публикации за програмата мора да содржат јасна индикација на насловната страница за учеството на ЕУ, како и амблемот на Заедницата, доколку се користат националните или локални амблеми. Ова исто така важи и за информации кои се даваат по електронски пат.

Следниве активности ќе бидат дел од договорните обврски на примателите/корисниците на средства, со цел да се обезбеди информирање и публицитет:

- Ако проектот поддржан од Програмата е во вредност од над 50 000 евра, корисникот треба да постави информативен плакат;
- Информативен плакат, исто така, мора да биде инсталиран на локациите на ЛАГ финансирани од мерката "Имплементација на стратегиите за локален развој - ЛЕАДЕР пристап".
- Подигање на билборд во близина на објектот во случај на иневстиција над 500 000 евра.

Конкретните правила за видливост за оваа програма ќе се применуваат откако ќе бидат подготвени од страна на Телото за управување и усогласени со Комисијата, тие ќе бидат составен дел од Упатството за корисници. Исполнувањето на правилата за видливост ќе биде предмет на обврските од договорот помеѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата и понатаму предмет на контроли. Трошоците ги сноси крајниот примач за обезбедување видливост на инвестициите и активностите во рамките на оваа програма и истите ќе бидат предмет на кофинансирање како општи трошоци (види дел 8.1.5 од оваа Програма).

15.3. Активности за информирање на јавноста за улогата на ЕУ во програмите и резултатите од него

Телото за управување треба да се погрижи дека општата јавност и потенцијалните корисници се информирани во однос на програмата, како и придонесот на ЕУ со добиената поддршка.

Со цел да ја информира јавноста за улогата на ЕУ, информациите ќе бидат обезбедени по пат на:

Информативни семинари

Информативните семинари, односно "инфо-денови" ќе се одржуваат низ целата земја. Можностите за поддршка во рамките на Програмата ќе бидат презентирани на потенцијалните корисници, вклучувајќи:

- о условите за аплицирање и критериумите за соодветност/ прифатливост;
- о потребни документи за аплицирање по мерки;
- о информации за дизајнот и содржината на бизнис-план;
- о имињата и адресите на локални експерти од МЗШВ, ИПАРД Агенцијата и соодветните служби во врска со спроведувањето на Програмата

Печатење на информативни материјали

Телото за управување, ИПАРД Агенцијата и партнерските организации ќе објавуваат различни технички материјали - брошури, летоци, билтени и други печатени материјали за да се олесни спроведувањето на Програмата (за корисниците) и да информираат за резултатите од програмата (за јавноста).

Мас медиуми

Телото за управување ќе обезбеди соодветни печатени материјали и објави за печатот, ТВ и радио каналите поврзани со програмата, како што се:

- о изработка на информативни видеа;
- о учество на експерти од Телото за управување/ИПАРД Агенцијата во специјализирани ТВ или радио емитувања;

- обезбедување на информации со цел да се помогне објавувањето на материјали - статии и интервјуа за печатени изданија

16. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НЕ- ДИСКРИМИНАЦИЈА

Принципот на еднаквост е земен во предвид при подготовката на Програмата, во согласност со одредбите кои произлегуваат од Уставот, при што основните слободи и правата не можат да бидат дискриминирани по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, материјален или социјален статус.

Спроведувањето на Програмата нема да толерира никаква дискриминација кон потенцијалните корисници врз основа на религијата, етничката припадност, пол или телесна попреченост. Еднакви можности ќе се почитуваат и во составот на Комитетот за следење на ИПАРД и Техничките комисии за проценка на проекти и на други места, каде што е потребно.

При изборот на проекти приоритет ќе се даде на проекти предложени од страна на жените. Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените е особено загрижен што земјата заостанува во прогресот со статусот на жените од руралните средини, како и на етничките жени кои не се мнозинство, особено ромски и албански жени. Останува заклучокот дека руралните жени во земјата, како и жените од етничките малцинства и натаму остануваат во ранлива и маргинализирана положба, посебно во однос на пристапот до образованието, здравството, вработувањето и учество во политичкиот и јавниот живот (CEDAW Комитетот, 2006).

Инвестиции во обезбедување пристап за лица со попреченост се поддржани во рамките на проекти од областа на руралното сместување и рурални услуги. Проекти поднесени од страна на жени ќе имаат приоритет во однос на доделувањето на поени за рангирање. Каде што е можно, во рамки на програмата, податоци за показателите за следење ќе се собираат на основа на бројот на мажи и жени кои учествуваат или/остваруваат корист директно од Програмата. Овие податоци ќе бидат проследувани до Комитетот за следење.
Покрај тоа, евалуациите на Програмата ќе го утврдат степенот на еднакви можности кој е остварен во спроведувањето на проектите, мерките или Програмата.

17. ТЕХНИЧКИ И СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ

Со цел да се осигура дека соодветна техничка и советодавна функција е достапна за поддршка на потенцијалните корисници која може да се применува во рамките на оваа програма, Телото за управување заедно со експерти од ИПАРД Агенцијата ќе организираат семинари, курсеви и обуки на обучувачи. Овие обуки ќе се состојат од детален опис на сите прифатливи инвестиции (активности по мерки, информации за инвестирање), можностите за аплицирање за финансиска помош, критериуми за поддршка и сите документи кои треба да бидат обезбедени од страна на кандидатите.
Овие семинари, курсеви и обуки ќе бидат насочени кон:

- агенции и регионалните канцеларии на МЗШВ и АПРЗ
- единиците на локалната самоуправа
- членови на невладини организации;
- асоцијации на производители;
- комори на земјоделството;
- комерцијалните банки;
- други социо-економски партнери и организации кои ги претставуваат потенцијални примачи во рамките на Програмата.

За приватни консултанти ќе бидат организирани специјални курсеви за да им обезбедат детални информации за програмата и да се подготват квалитетни апликации. Јавни информативни e-mail адреси на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата ќе бидат објавени и ќе се воспостави бесплатна телефонска линија за помош при изготвување на апликации. Во двата случаи, Телото за управување и ИПАРД Агенцијата, на прашањата поставени од страна на заинтересираните кандидати ќе одговорат во рок од 24 часа во зависност од сложеноста на прашањето. По секој повик ИПАРД Агенцијата ќе ја сумира и објавува листата на најчестите грешки и список на најчесто поставуваните прашања (вклучувајќи и одговори). Листите ќе се дискутираат во текот на курсевите и семинарите организирани за приватни советници и вработените во АПРЗ. Телото за управување и ИПАРД Агенцијата континуирано ќе се трудат да обезбедат стручни совети на корисниците во зависност од мерката како и упатства за корисниците. АПРЗ ќе стави посебен акцент на обезбедување поддршка за земјоделските производители и помош во текот на подготовката на пакетот за апликација.

Трошоците за организирање и спроведување на обуките и слични материјали за обука, ќе бидат финансирани во рамките на мерката за техничка помош во рамките на оваа програма. Постои можност за ангажирање на професионална експертиза во рамките на мерката за техничка помош за развој на материјали за обука.

18. АНЕКСИ

Анекс 1: Листа на рурални подрачја

Општина	**Населени места определени како руралните области (Ло 2)** Листа на населено место на ниво на општината со ≤ 30 000 жители (попис 2002)
Аеродром	Село: Долно Лисиче
Арачиново	Села: Арачиново, Грушино, Мојанци и Орланци.
Берово	Град: Берово и селата: Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово.
Битола	Села: Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково, Велушина, Габалавци, Гопеш, Горно Егри, Горно Оризари, Граешница, Дихово, Доленци, Долно Егри, Долно Оризари, Дргарино, Драгожани, Драгош, Древеник, Ѓавато, Жабени, Злокуќани , Кажани, Канино, Карамани, Кишава, Кравари, Крклино, Кременица, Крстоар, Кукуречани, Лавци, Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Магарево, Маловиште, Метимир, Меџитлија, Нижеполе, Ново Змирново, Облаково, Олевени, Оптичари, Орехово, Оштрец, Пешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино, Свињиште, Секирани, Снегово, Средно Егри, Српци, Старо Змирново, Стрежево, Трн, Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец.
Богданци	Град: Богданци и селата: Ѓавато, Селемли и Стојаково
Боговиње	Села: Боговиње, Горно Палчиште, Горно Седларце, Долно Палчиште, Јеловјане, Камењане, Жеровјане, Новаци, Ново Село, Пирок, Раковец, Селце Кеч, Синичане и Урвич.
Босилово	Села: Бориево, Босилово, Гечерлија, Дрвош, Еднокуќево, Иловица, Моноспитово, Петралинци, Радово, Робово, Сарај, Секирник, Старо Балдовци, Турново, Хамзали и Штука
Брвеница	Села: Блаце, Брвеница, Волковија, Гургурница, Долно Седларце, Милетино, Радиовце, Стенче, Теново и Челопек.
Бутел	Села: Визбегово, Љубанци, Љуботен и Радишани
Валандово	Град: Валандово и селата: Ајранли, Аразли, Бајрамбош, Балинци, Баракли, Башали, Башибос, Брајковци, Булунтули, Вејсели, Градец, Грчиште, Дедели, Ѓулели, Јосифово, Казандол, Кочули, Марвинци, Пирава, Плавуш, Прстен, Раброво, Собри, Татарли, Терзели, Удово, Чалакли и Честево
Василево	Села: Ангелци, Варварица, Василево, Висока Маала, Владиевци, Градошорци, Доброшинци, Дукатино, Едрениково, Кушкулија, Нивичино Нова Маала, Пиперево, Радичево, Седларци, Сушево, Требичино и Чанаклија.
Вевчани	Село: Вевчани.
Велес	Села: Башино Село,Белештевица, Бузалково Ветерско Горно Каласлари, Горно Оризари, Долно Каласлари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуњиште, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Ораовец, Отовица, Раштани, Рлевци, Рудник, Селп, Сливник, Сојаклари, Сопот, Црквино, Чалошево и Џидимирци
Виница	Град: Виница и селата: Блатец,Виничка Кршла, Градец, Грљани, Драгобраште, Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Лаки, Лески, Липец, Пекљани, Трсино и Црн Камен.
Врапчиште	Села: Врановци, Врапчиште, Галате, Градец, Горјане, Добри Дол, Gjurgjevishte Ѓурѓевиште, Зубовце, Калиште, Ломница, Неготино-Полошко, Ново Село, Пожаране, Сенокос и Топлица
Гази Баба	Села: Брњарци, Булачани, Гоце Делчев, Идризово, Инџиково, Јурумлери, Раштак, Синѓелиќ, Смиљковци, Стајковци, Страчинци, Црешево и Трубарево.
Гевгелија	Град: Гевгелија и селата: Богородица, Габрово, Давидово, Кованци, Коњско, Моин, Милетково, Миравци, Мрзенци, Негорци, Ново Коњско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума.

Гостивар	Села: Балин Дол, Беловиште, Бродец, Вруток, Горна Бањица, Горно Јеловце, Горна Ѓоновица, Дебреше, Долна Бањица, Долно Јеловце, Долна Ѓоновица, Железна Река, Здуње, Корито, Kunovo, Лакавица, Лешница, Мало Турчане, Мердита, Митрој Крсти, Падалиште, Печково, Симница, Србиново, Сушица, Страјане, Равен, Речане, Трново, Тумчевиште, Кафа, Форино, Чајле и Чегране.
Градско	Села: Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Двориште, Долно Чичево, Згрополци,Кочилари, Куридере, Ногаевци, Подлеш, Свеќани, Скачинци, Убого и Уланци.
Дебар	Град: Дебар и селата: Баниште, Бомово, Гари, Горно Косоврасти, Долно Косоврасти, Коњари, Кривци, Могорче, Осој, Отишани, Рајчица, Селокуќи, Спас, Татар Елевци, Трнаник, Хаме и Џепиште
Дебарца	Села: Арбиново, Белчишта, Ботун, Брежани, Велмеј, Волино, Врбјани, Годивје, Горенци, Горно Средоречје, Грко Поле, Долно Средоречје, Злести, Издеглавје, Климештани, Лактиње, Лешани, Мешеишта, Мраморец, Ново Село, Оздолени, Оровник, Песочани, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Сошани, Требеништа, Турје и Црвена Вода.
Делчево	Град: Делчево и селата: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Драмче, Звегор, Илиово, Киселица, Косово Дабје, Нов Истевник, Очипала, Полето, Разловечкото, Селник, Стамер, Стар Истевник, Тработивиште, Турија и Чифлик
Демир Капија	Град: Демир Капија и селата: Барово, Бесвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевец и Чифлик.
Демир Хисар	Град: Демир Хисар и селата: Бабино, Базерник, Бараково, Белче, Боиште, Брезово, Вардино, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Зурче, Загориче, Зашле, Кочиште,Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Растојца, Света, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суво Grlo, Суводол, Утово и Церово.
Дојран	Села: Дурутли, Ѓопчели, Куртамзали, Николиќ, Нов Дојран, Органџали, Севендекли, Сретеново, Стар Дојран, Фурка, Црничани, Чаушли и Џумабос.
Долнени	Села: Бело Поле, Браилово, Вранче, Горно Село, Гостиразни, Дабјани, Дебреште, Десово, Долгаец, Долнени, Дреновци, Дупјачани, Жабјани, Житоше, Забрчани, Заползани, Зрзе, Костинци, Кошино, Кутлешево, Лажани, Локвени, Мало Мраморани, Маргари, Небрегово, Новоселани, Пешталево, Рилево, Ропотово, Сарандиново, Секирци, Сенокос, Слепче, Демирхисарско, Сливје, Средорек, Стровија и Црнилиште.
Ѓорче Петров	Села: Волково, Грачани, Кучково, Никиштане, Ново Село и Орман
Желино	Села: Горна Лешница, Групчин, Добарце, Долна Лешница, Желино, Копачин Дол, Ларце, Луковица, Мерово, Ново Село, Озормиште, Палатица, Рогле, Седларево, Стримница, Требош, Церово и Чифлик.
Зелениково	Села: Вразале, Градовци, Гумалево, Дејковец, Добрино, Зелениково, Ново Село, Орешани, Пакошево, Палиград, Смешница, Страхојадица, Таор и Тисовица.
Зрновци	Села: Видовиште, Зрновци, и Мородвис
Илинден	Села: Ајватовци, Бујковци, Бунарџик, Бучинци, Дељадровци, Илинден, Кадино, Марино, Миладиновци, Мралино, Мршевци и Текија
Јегуновце	Села: Беловиште, Вратница, Зилче, Јажинце, Јанчиште, Јегуновце, Копанце, Орашје, Подбреѓе, Прељубиште, Раотинце, Ратае, Рогачево, Сиричино, Старо Село, Туденце и Шемшово.

Кавадарци	Град: Кавадарци и селата: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче, Ваташа, Возарци, Галиште, Гарниково, Глишик, Горна Бошава, Грбовец, Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгозел, Драдња, Дреново, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево, Куманичево, Мајден, Марена, Мрежичко, Праведник, Резаново, Радња, Раец, Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец.
Карбинци	Села: Аргулица, Батање, Вртешка, Голем Габер, Горни Балван, Горно Трогерци, Долни Балван, Долно Трогерци, Ебеплија, Јунузлија, Калаузлија, Карбинци, Кепекчелија, Козјак, Крупиште, Курфалија, Кучилат, Кучица, Мал Габер, Мичак, Муратлија, Ноември Караорман, Оџалија, Припечани, Прналија, Радање, Руљак, Таринци и Црвулево.
Карпош	Села: Бардовци и Горно Нерези
Кисела Вода	Села: Драчево и Горно Нерези
Кичево	Град: Кичево и селата: Кнежино, Лазаровци, Мамудовци, Осој, Раштани, Трапчин Дол, Атишта, Бигорски Доленци, Вранештица, Дупјани, Карбуница, Козичино, Крушница, Миокази, Орланци, Патец, Рабетино, Речани- Челопечко, Светораче, Стаорец, Челопеци, Белица, Брждани, Видрани, Големо Церско, Горна Душегубица, Горно Добреноец, Долна Душегубица, Долно Добреноец, Другово, Ехлоец, Иванчишта, Извор, Јаворец, Јудово, Кладник, Кленоец, Козица, Лавчани, Малкоец, Мало Церско, Манастирско Доленци , Подвис, Попоец, Пополжани, Пространье, Свињиште, Србјани, Цер, Бачишта, Букојчани, Горно Строгомиште, Грешница, Длапкин Дол, Долно Строгомиште, Зајас, Kolari, Колибари, Лешница, Мидинци, Речани - Зајаско, Тајмиште, Арангел, Бериково, Гарани, Зубрино, Јагол, Доленци, Ново Село, Осломеј, Папрадиште, Поповјани, Премка, Србица, Стрелци, Туин, Црвивци и Шутово.
Конче	Села: Габревци, Гарван, Горна Враштица, Горни Липовик, Дедино, Долна Враштица, Долни Липовик, Долни Радеш, Загорци, Конче, Лубница, Негреновци, Ракитец и Скоруша.
Кочани	Град: Кочани и селата: Безиково, Бели, Вранинци, Горни Подлог, Горно Градче, Главовица, Грдовци, Долни Подлог, Долно Градче, Јастребник, Kostin Дол, Лешки, Мојанци, Небојани, Нивичани, Ново Село, Оризари, Пантелеј, Пашаџиково, Полаки, Пресека, Прибачево, Припор, Рајчани, Речани, Тркање и Црвена Нива.
Кратово	Град: Кратово и селата: Близанци, Вакуф, Горно Кратово, Димонце, Емирица, Железница, Живалево, Каврак, Кетеново, Кнежево, Којково, Коњух, Крилатица, Куклица, Куново, Луково, Мушково, Нежилово, Пендак, Приковци, Секулица, Страцин , Талашманце, Татомир, Тополовик, Трновац, Туралево, Филиповци, Шлегово и Шопско Рударе.
Крива Паланка	Град: Крива Паланка и селата: Бес, Бастево, Борово, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак, Дрење, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Лука, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Моздивњак, Нерат, Огут, Осиче, Подржи Коњ, Станци, Телминци, Трново и Узем.
Кривогаштани	Села: Бела Црква, Боротино, Воѓани, Врбјани, Годивје, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Мирче Ацев, Обршани, Пашино, рувци, Подвис и Славеј.
Крушево	Град: Крушево и селата: Алданци, Арилево, Белушино, Бирино, Борино, Бучин, Врбоец, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Јакреново, Милошево, Норово, Острилци, Пресил, Пуста Река, Саздево, Свето Митрани и Селце.
